Универзитет „Св. Климент Охридски"- Битола
Факултет за безбедност - Скопје

Цане Т. Мојаноски
Марјан Николовски
Драгана Батиќ
Никола Дујовски
Марјан Ѓуровски
Гордана Ристевска - Димитровска
Агим Нухиу
Ајтен Рамадани

# ФУНКЦИОНИРАЊЕТО НА БЕЗБЕДНОСНИОТ СИСТЕМ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ВО УСЛОВИ НА ВОНРЕДНА И КРИЗНА СОСТОЈБА - СТУДИЈА НА СЛУЧАЈ

ФУНКЦИОНИРАЊЕТО НА БЕЗБЕДНОСНИОТ СИСТЕМ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ВО УСЛОВИ НА ВОНРЕДНА И КРИЗНА СОСТОЈБА-СТУДИЈА НА СЛУЧАЈ

www.fb.uklo.edu.mk

ISBN 978-608-4828-58-7

Скопје, 2021

**УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ“ – БИТОЛА**
**ФАКУЛТЕТ ЗА БЕЗБЕДНОСТ – СКОПЈЕ**
**UNIVERSITY „ST. KLIMENT OHRIDSKI“ – BITOLA**
**FACULTY OF SECURITY - SKOPJE**

Ул. „Идризово“ б.б.
1000 Скопје
Поштенски фах 103

Faculty of security
PO Box 103 -Skopje

☎ +389 (2) 2546-211
Факс/fax: +389 (2) 2545-070

**Цане Т. Мојаноски, Марјан Николовски, Драгана Батиќ, Никола Дујовски, Марјан Ѓуровски, Гордана Ристевска -Димитровска, Агим Нухиу, Ајтен Рамадани**

# ФУНКЦИОНИРАЊЕТО НА БЕЗБЕДНОСНИОТ СИСТЕМ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ВО УСЛОВИ НА ВОНРЕДНА И КРИЗНА СОСТОЈБА - СТУДИЈА НА СЛУЧАЈ

**СКОПЈЕ, 2021 ГОДИНА**

Издавач: Факултет за безбедност – Скопје
За издавачот: вонреден проф. д-р Никола Дујовски

Рецензенти:
1. проф. д-р Томе Батковски
2. вонреден проф. д-р Александар Иванов

Лектор: Елена Георгиевска
Корица: Кемал Рушид

Техничка обработка: Цане Т. Мојаноски
Печати: „Ван Гог“ – Скопје
Тираж: 100 примероци

Истражувачки проект:

**„Функционирањето на безбедносниот систем на Република Северна Македонија во услови на вонредна и кризна состојба - студија на случај“**

Истражувачки тим:
проф. д-р Цане Т. Мојаноски – раководител на тимот,

главни истражувачи:
проф. д-р Марјан Николовски
проф. д-р Драгана Батиќ
вонреден проф. д-р Никола Дујовски,
вонреден проф. д-р Марјан Ѓуровски

Соработници на проектот:
проф. д-р Гордана Ристевска-Димитровска
д-р Агим Нухиу
д-р Ајтен Рамадани

Наставно- научниот совет на Факултетот за безбедност – Скопје, врз основа на рецензијата објавена во Билтенот на Универзитетот број 481 од 01.04.2021 година, со Одлука број 08-208/3 од 22.04.2021 година, одлучи да се објави трудот како научно-истражувачка студија.

© Сите права се задржани

# СОДРЖИНА

Вовед ..................................................................................................... 1
Мисија на проектот..................................................................................... 2
Теоретско определување на предметот на истражувањето ...................... 3
Безбедносен систем, вонредна состојба, пристапи и концепти ............... 3
Карактеристики на безбедносниот систем на ......................................... 4
Република Северна Македонија ................................................................. 4
Безбедносна состојба на криза.................................................................... 6
Вонредна безбедносна состојба................................................................... 8
Психосоцијален аспект на кризната состојба предизвикана од вирусот Ковид-19 ........................................................................................................ 11
Цели на истражувањето.............................................................................. 16
Појдовни претпоставки на истражувањето .............................................. 17
Методолошки пристап на истражувањето ............................................... 18
Научна и општествена оправданост на истражувањето .......................... 22

ФУНКЦИОНИРАЊЕ НА БЕЗБЕДНОСНИОТ СИСТЕМ ВО УСЛОВИ НА ВОНРЕДНА СОСТОЈБА

Вовед ..................................................................................................... 25
Активности на МВР за справување со Ковид-19..................................... 27
Одлуки на Владата на Република Северна Македонија за кризна состојба, вонредна состојба, забрани за движење, влез и излез во државата и друго ..................................................................................................... 29
Уредување на уредби со законска сила кои се однесуваат на постапувањето на надлежностите на Министерството, одлуки и упатства..................................................................................................... 31
Воведување на телефонска линија и електронска адреса за потребите на граѓаните ................................................................................................ 31
Заштита на вработените - набавки и донации на заштитни средства и опрема ..................................................................................................... 32
Преземени мерки на Министерството ...................................................... 33
Полициски час............................................................................................. 35
Користење на заштитна опрема за спречување на ширење на болеста. 46
Безбедносната состојба и влијанието на Ковид-19 врз вкупниот криминал ................................................................................................... 48
Приказ на состојби и движење на вкупниот криминалитет .................. 49
ЗАКЛУЧОК ................................................................................................. 52

СТУДИЈА НА СЛУЧАЈ „РАБОТЕЊЕТО НА ОПШТИНСКИОТ ШТАБ ЗА ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ - КУМАНОВО ВО УСЛОВИ НА ВОНРЕДНА СОСТОЈБА“

Набљудување........................................................................................ 56
Интервју.............................................................................................. 64
1) Локална самоуправа ........................................................................ 86
2) Здравствен систем: .......................................................................... 87
3) Систем на рано предупредување .................................................... 89
Координација........................................................................................ 91

ПСИХОСОЦИЈАЛЕН АСПЕКТ НА КРИЗНАТА СОСТОЈБА ПРЕДИЗВИКАНА ОД КОВИД-19

Теоретските концепти поврзани со стресот, ......................................... 95
справувањето и резилиентноста ............................................................ 95
Типови на стрес .................................................................................... 97
Справување со стрес ............................................................................. 98
Резилиентност како одговор на стресните животни настани .............. 101
Психосоцијална помош и поддршка .................................................... 106
Истражувачки дел ................................................................................ 108
Влијанието на Ковид-19 врз менталното здравје на здравствените работници, полициските службеници и припадниците на Армијата на Р. С. Македонија........................................................................................ 108
Опис и психометриските карактеристики на инструментите ............. 110
Резултати.............................................................................................. 111
Стрес и психосоцијална поддршка на професионалците ..................... 121
Грижата за професионалците - препораки ........................................... 123
Врсничка (колегијална) поддршка ....................................................... 124
Модел за психолошка прва помош и психосоцијална поддршка ........ 126
Заклучок ............................................................................................... 129

ГРАЃАНСКИ ОДГОВОР НА КРИЗАТА

Пандемијата и економскиот развој ....................................................... 134
Ставовите на испитаниците за пандемијата .......................................... 135
Пандемијата и информирањето ............................................................ 144
Пандемијата и социјалната исклученост .............................................. 147

Пандемијата и партиските субјекти ...................................................... 159
Пандемијата и верските заедници ......................................................... 163
Пандемијата и невладините организации ............................................... 166
Како се однесуваа граѓаните? ................................................................. 168
Граѓанските погледи за справување со Ковид-19 ................................. 170
а) Совети поврзани со начинот на справувањето со вирусот Ковид-19 ............................................................................................................. 171
б) Совети поврзани со задачите на државните органи .......................... 174
в) Совети поврзани со тоа како да се постапува .................................... 176
г) Совети поврзани со идеи како да се надминат конкретни прашања 178
д) Совети поврзани со лични впечатоци и искуства ............................. 179
ѓ) Ставови за анкетата, нејзините слабости и предлози во врска со неа ........................................................................................................... 182
Односот меѓу науката и политиката ...................................................... 184
Научивме ли нешто од коронакризата? ................................................. 186

ЗАКЛУЧОЦИ И ПРЕПОРАКИ ............................................................. 195

БИБЛИОГРАФИЈА ................................................................................ 205

Од рецензијата ........................................................................................ 213

**ТАБЕЛИ, ГРАФИКОНИ, СЛИКИ, ПРИЛОЗИ**

Табела број 1. Телефонски повици и поставени прашања на воспоставената линија и електронска-адреса во МВР ........................... 32
Табела број 2. Издадени решенија за изолација и потпишани изјави за самоизолација и непочитување на истите во периодот 23.3.2020 - 12.5.2020 година .................................................................................. 34
Табела број 3. Поднесени кривични пријави по членовите 205 и 206 од Кривичниот законик по сектори за внатрешни работи за периодот 12.3.2020 – 12.4.2020 година, ................................................................. 42
Табела број 4. Поднесени кривични пријави по членовите 205 и 206 од Кривичниот законик по сектори за внатрешни работи за периодот 13.4.2020 - 12.5.2020 година ................................................................ 42
Табела број 5. Поднесени кривични пријави по членовите 205 и 206 од Кривичниот законик по сектори за внатрешни работи за периодот 13.5.2020 - 12.6.2020 година ................................................................ 42

Табела број 6. Поднесени кривични пријави по членовите 205 и 206 од Кривичниот законик по сектори за внатрешни работи за периодот 13.6.2020 - 22.6.2020 година ........................................................ 43
Табела број 7. Вкупен криминалитет во периодот 12.3 - 12.4.2020 година ........................................................ 49
Табела број 8. Кривични дела за периодот 12.3-12.4.2020 година без кривичните дела од членовите 205 и 206 од Кривичниот законик ........ 50
Табела број 9. Стапка на криминалитет и покарактеристични кривични дела од 12.3 до 12.4.2020 година ........................................................ 50
Табела број 10. Кривични дела по СВР и стапка на криминалитет по СВР, споредено за периодот 13.4 - 12.5.2020 со периодот 12.3 - 12.4.2020 година ........................................................ 51
Табела број 11. Покарактеристични кривични дела споредено за периодот 12.3.-12.4.2020 година со периодот 13.4.-12.5.2020 година ... 52
Табела број 12. Испитаници според пол и занимање ........................... 112
Табела број 13. Испитаници според видот на работното ангажирање 112
Табела број 14. Испитаници според ниво на анксиозност и работен статус ........................................................ 113
Табела број 15 Исптаници според ниво на депресивност и работен статус ........................................................ 113
Табела број 16. Испитаници според симптоми на пострауматско стресно нарушување и работен статус ........................................................ 114
Табела број 17. Нивото на резилиентноста (отпорност во справувањето со тешкотии) ........................................................ 114
Табела број 18. Што најмногу Ви помага во оваа ситуација? ............. 117
Табела број 19. Испитаници според регионална припадност............. 136
Табела број 20. Испитаници според степенот на образование........... 136
Табела број 21. Испитаници според возраст ........................................ 137
Табела број 22. Според Ваше мислење, дали и колку пандемијата со вирусот Ковид- 19 можеше да се предвиди и превенира? ................... 138
Табела број 23. Оценки на испитаниците за можноста да се превиди пандемијата со вирусот Ковид 19........................................................ 139
Табела број 24. Ставови на испитаниците, колку состојбите со појавата на пандемијата можат да се предвидуваат и превенираат? ................. 140
Табела број 25. Навреме преземавме мерки .......................................... 141
Табела број 26. Вкрстени одговори на испитаницте на прашањата: дали и колку пандемијата со вирусот Ковид-19, можеше да се предвиди и и дали навреме преземавме мерки........................................................ 141
Табела број 27. Дали имате доволно информации (сознанија, знаења) за справување со вирусот Ковид-19? - сум информиран/а од: -.............. 144
Табела број 28. Дали имате доволно информации (сознанија, знаења) за справување со вирусот Ковид-19? - сум информиран/а од: -.............. 146

Табела број 29. Како ја поднесувате состојбата на социјална исклученост (изолираност)? ... 148
Табела број 30. Според Вас, дали воведувањето на вонредната состојба ги оправда очекувањата? ... 149
Табела број 31. Меѓугрупните разлики за оценките на прашањето: Според Вас, дали воведувањето на вонредната состојба, ги оправда очекувањата? - Multiple Comparisons ... 151
Табела број 32. Според Вас, дали воведувањето на вонредната состојба ги оправда очекувањата? * Возраст (три групи) Crosstabulation ... 152
Табела број 33. Меѓугрупните разлики за оценките на прашањето: Според Вас, дали воведувањето на вонредната состојба ги оправда очекувањата? - Multiple Comparisons ... 153
Табела број 34. Оценете која од посочените институции, како ги извршува задачите за време на вонредната состојба? (со 1 слабо, со 5 одлично): ... 154
Табела број 35. Просечни оценки на одговорите која од посочените институции, како ги извршува задачите за време на вонредната состојба? ... 155
Табела број 36. Оценете која од посочените институции, како ги извршува задачите за време на вонредната состојба? (со оценка 1 слабо, со 5 одлично) -Inter-Item Correlation Matrix ... 155
Табела број 37. Како ги оценувате ефектите од досегашното справување со вирусот Ковид- 19? ... 156
Табела број 38. Како ги оценувате ефектите од досегашното справувањето со вирусот Ковид-19? * Возраст (три групи) Crosstabulation во % ... 157
Табела број 39. ANOVA - Како ги оценувате ефектите од досегашното справувањето со вирусот Ковид- 19? ... 158
Табела број 40. Меѓугрупните разлики за оценките на прашањето: Како ги оценувате ефектите од досегашното справување со вирусот Ковид-19? - Multiple Comparisons ... 158
Табела број 41. Како го оценувате однесувањето и придонесот во справувањето со вирусот Ковид-19, на следните субјекти? - Посебно на: ... 159
Табела број 42. Просечни оценки за однесувањето и придонесот во справувањето со вирусот Ковид-19, на следните субјекти? - Посебно на: ... 160
Табела број 43. Како го оценувате однесувањето и придонесот во справувањето со вирусот Ковид-19, на следните субјекти? - Inter-Item Correlation Matrix ... 161

Табела број 44. Како го оценувате однесувањето и придонесот во справувањето со вирусот Ковид-19, на следните субјекти? - Посебно на: ........................................................................................ 165

Графикон број 1. Непочитување на мерката за забрана на движење во периодот 23.3.2020 - 12.4.2020 година.................................................... 33
Графикон број 2. Дали имате доволно информации (сознанија, знаења) за справување со вирусот Ковид-19? - сум информиран/а од:............ 145
Графикон број 3. Како ја поднесувате состојбата на социјална исклученост (изолираност)? ................................................................ 149
Графикон број 4. Оценете која од посочените институции, како ги извршува задачите за време на вонредната состојба? (со 1 слабо, со 5 одлично):.................................................................................... 154
Графикон број 5. Како го оценувате однесувањето и придонесот во справувањето со вирусот Ковид-19, на следните субјекти? - Посебно на: ........................................................................................ 160
Графикон број 6. Како го оценувате однесувањето и придонесот во справувањето со вирусот Ковид-19, на следните субјекти? - Посебно на: ........................................................................................ 166
Графикон број 7. Како го оценувате однесувањето и придонесот во справувањето со вирусот Ковид-19, на следните субјекти? - Посебно на: ........................................................................................ 167

Прилог број 1. Основа за интервју.......................................................... 66

Слика број 1. Видови безбедносни состојби............................................. 5

## Предговор

Наставно-научниот совет на Факултетот за безбедност - Скопје, по иницијатива на вонредниот проф. д-р Марјан Ѓуровски, на седницата одржана на 27 април 2020 година, донесе Одлука бр.08269/5 од 27 април 2020 година и го усвои истражувачкиот проект под наслов: **„Функционирањето на безбедносниот систем на Република Северна Македонија во услови на вонредна и кризна состојба - студија на случај“** и го утврди составот на истражувачкиот тим:

проф. д-р Цане Т. Мојаноски
проф. д-р Марјан Николовски
проф. д-р Драгана Батиќ,
вонреден проф. д-р Никола Дујовски
вонреден проф. д-р Марјан Ѓуровски

Во текот на истражувачките активности кон проектот се приклучија и соработниците:

проф. д-р Гордана Ристевска -Димитровска
д-р Агим Нухиу
д-р Ајтен Рамадани

По завршувањето на истражувачките активности понуден е Извештајот од истражувањето.

Скопје, 27.1.2021 година

За истражувачкиот тим:
професор д-р Цане Т. Мојаноски

# Вовед

Република Северна Македонија во почетокот на 2020 година се соочи со сериозна закана од пандемија со коронавирусот. Светската здравствена организација го класифицира новиот коронавирус како глобална здравствена опасност во светски размери и поради тоа прогласи пандемија на светско ниво. Во тој период во екот на пандемијата, Собранието на Република Северна Македонија беше распуштено, поради претходно договорен датум за одржување на предвремени парламентарни избори, по предлог на Владата, претседателот на Република Северна Македонија прогласи вонредна состојба на цела територија на Републиката врз основа на членот 125 од Уставот.

Како општествено одговорна институција Факултетот за безбедност преку истражувачкиот тим, активно се вклучи во истражувачки проект со повеќе научнофундирани инструменти заради согледување на недостатоците во функционирање на институциите (на централно и локално ниво) и предлагање на мерки за подобро функционирање и справување со пандемијата Ковид-19.

Од детектирање на првиот позитивен случај во февруари 2020 година, Владата на Република Северна Македонија воведе рестриктивни мерки кои подразбираа полициски час, целосен карантин на граѓаните за време на викендите до средината на месец мај. Овие мерки даваа ефект, бидејќи секојдневно имаше по 20 нови случаи . Во јуни 2020 година, веднаш по верските празници, започна вториот, посериозен бран со околу 150 случаи на ден, за да од октомври започне уште потежок период, со по илјада заболени и со голем број на смртни случаи.

Цел на проектот е да се утврдат евентуалните критични области во безбедносниот систем на Република Северна Македонија во кои се потребни елементи за позитивна промена, меѓу другото и во делот на кризниот менаџмент и заштита и спасување. Воедно да се дојде до предлози и можни решенија за градење ефикасен безбедносен систем каде интегрален дел е управувањето со кризи и заштитата и спасување во Република Северна Македонија и, секако, креирање на соодветна безбедносна политика.

Безбедносниот систем на Република Северна Македонија во своите задачи ја има превенцијата во контекст на намалување на ризиците од катастрофи и обединување на превентивните активности на сите институции кои се инволвирани со системот за управување со кризи и системот за заштита и спасување.

Проектот треба да одговори на прашањата за кои постои интерес во научната и општествената јавност од предизвикување и начинот на справување со последната пандемија, опасности и ризици во Република Северна Македонија.

Во проектот треба да се актуализира расправата за генералното функционирање на системот за рано предупредување и справување со ризиците од кризи и катастрофи како составен дел на безбедносниот систем на Република Северна Македонија.

## Мисија на проектот

Проектот ќе го разгледа концептот за кризен менаџмент и заштита и спасување на Република Северна Македонија, со цел да се дојде до предлози и можни решенија за градење ефикасен безбедносен систем каде интегрален дел е управувањето со кризи и заштита и спасување во Република Северна Македонија и, секако, креирање на соодветна безбедносна политика.

Безбедносниот систем на Република Северна Македонија во своите задачи ја има превенцијата во контекст на намалување на ризиците од пандемии и катастрофи и обединување на превентивните активности на сите институции кои се инволвирани со системот за управување со кризи и системот за заштита и спасување.

Во годишниот извештај на Програмата за развој на Организацијата на Обединетите нации за човековиот развој, во 1994 година беше понуден и генералниот концепт на заштита, според кој заштитата на териториите од надворешна агресија премногу долго ги маргинализираше легитимните грижи на обичните луѓе за кои секогаш од висок интерес била заштитата од специфични закани, како што се невработеноста, криминалот, гладот, болестите, политичката репресија и еколошките катастрофи. UNDP понуди сосема нова парадигма, која предлагаше идеологија која треба да биде концентрирана на луѓето (people-centered), наместо дотогашната идеологија концентрирана на државата (state-centered). Следејќи ја логиката на тој пристап беа конципирани седум групи на закани за луѓето: економски, здравствени, еколошки, персонални, политички, закани за заедницата и за храната.

Традиционално, безбедносната политика во минатото беше базирана на одбраната на границите и на задржување (containment) на заканите што доаѓаат од надвор. Меѓутоа, оваа стратегија, која тргнуваше од прилично тесната дефиниција на националните интереси на државите, не е повеќе реалистична во светот што е поврзан како никогаш порано. На новата архитектура на Европа ѝ треба ново разбирање на феноменот на безбедноста и во тие рамки не е возможно

концептот на безбедност на луѓето (human security) да биде заобиколен. Во овој контекст, можно е да се препознаат три основни мотиви за неговото етаблирање во новата Европа: првиот е моралноста затоа што целиот европски проект е конципиран врз заедничките морални вредности и верувања, вториот е легалитетот на кој се повикуваат серија меѓународни документи, но, пред сѐ членовите 55 и 56 од Повелбата на Организацијата на Обединетите нации за универзалното почитување на човековите права, а Европа е неспорниот водач во светот при воспоставување на универзалната правда, и третиот е прагматичниот интерес на државите што се членки да учествуваат во спречување на заканите независно од местото на иницирање затоа што тие во глобализираниот свет можат брзо да пристигнат и до нивните територии. Всушност, примарноста на човековите права е тоа што го разликува пристапот на безбедност на луѓето (human security) од традиционалните концепти поврзани со државата.

## ТЕОРЕТСКО ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА ПРЕДМЕТОТ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

### Безбедносен систем, вонредна состојба, пристапи и концепти

Безбедносниот систем, како посебен сектор во државата и општеството, исто така, е многу сложена творба, ако се имаат предвид функциите кои треба да ги извршува гломазната организација во поглед на кадровскиот капитал и технички средства*. Сложеноста се изразува и во поглед на системската поставеност, од една страна, како посебна хомогена целина, а, од друга страна, како дел од целината на општествениот систем. **Безбедносниот систем** и во поглед на финансиите претставува сериозен партиципиент во националниот буџет на државата. Поради овие причини државата кога го ,,крои", овој систем мора да води сметка и за балансот помеѓу трошоците за негово одржување и функционирање, од една страна, и ефектите од неговата работа во поглед на создавањето на нужен степен на безбедносна стабилност, од друга страна. Доколку не се има предвид тоа, големите**, гломазни и скапи безбедносни системи можат сериозно да го оптоварат националниот буџет и на тој начин да се претворат во загрозувачи (дестабилизатори) на економската моќ на државата.**

---

* Текст на професор д-р Марјан Николовски.

***Безбедносниот систем е целина составена од повеќе меѓусебно поврзани делови, кои складно функционираат во организациска и функционална смисла***

***Тоа се :***

***1. безбедносното право (правни норми) со кои се уредуваат безбедносните односи и состојби во општеството и државата;***

***2. институциите и органите кои вршат безбедносни функции (органи од јавниот сектор, органите од приватниот сектор и невладини организации од граѓанскиот сектор) ;***

***3. мерките со кои се разрешуваат безбедносните прашања (превентивни и репресивни);***

***4. безбедносната култура, востановени правила, норми и практики на граѓаните, во однос на примената на безбедносните стандарди, како и во развивањето на самосвеста и самозаштитата.***

Безбедносниот систем припаѓа во групата општествени системи и претставува множество од многу елементи кои сочинуваат една целина во поглед на структурата и функцијата. Единството на овој систем во однос на неговата структура се гради врз меѓусебната поврзаност на организациските елементи и институции, а во поглед на функцијата единството се гради врз вредносниот систем на државата и општеството којшто е основен предмет на заштита и безбедност од единствениот безбедносен систем (Спасески, Ј., 2009: 305-315).

Во земјите членки или кандидати за влез во Европската Унија при воспоставувањето на безбедносниот систем треба да се почитуваат најмалку два принципа:

а) безбедносниот систем да одговара на политичкиот систем утврден со Уставот на земјата и

б) безбедносниот систем да се усогласи со системите на земјите членки на заедницата, односно со процесите за создавање на безбедносен систем на Европската Унија.

## Карактеристики на безбедносниот систем на Република Северна Македонија

Општеството и државата како макросоцијални средини се создадени да функционираат складно и во процесите за создавање поволни услови да можат да се задоволуваат општите и индивидуални интереси и потреби. Но, како што е познато, тие во процесите на нивното функционирање се изложени и на бројни деструкции и загрозувања од природата, од техничко-технолошките процеси, од поединци и групи од сопствената

социјална средина и од деструкции кои потекнуваат од странство. Ваквата реалност ја детерминира потребата во општеството и државата да се изгради и воспостави безбедносен систем кој ќе се грижи за безбедноста, слично како што функционира имунолошкиот систем кај човекот кој е одговорен да го штити од различни видови заболувања.

Безбедносниот систем во државата претставува сложен механизам со специфична организираност и функционалност. Тој може да се каже дека се наоѓа во постојана трансформација, приспособување и усовршување со политичкиот систем утврден со Уставот на земјата. Но, тоа не значи дека тој е променлив и на штета на неговата функција. Напротив има елементи што се трајни, што претставуваат столб на системот, а има и **менливи** елементи кои можат и треба да се менуваат и надоградуваат во зависност од општествените, политичките и економските реформи.

Безбедносниот систем на државата претставува нејзин интегрален дел, вграден во неа, како негов имунолошки систем што ќе го обезбедува нејзиното опстојување, нејзината безбедност, во функција на обезбедување на „нормални“ услови за слободен, демократски и безбедносен живот на граѓаните и вкупно на сите други функции на државата. Државата и граѓаните го прифаќаат и практикуваат како сопствен неделив дел, како природна нужност, а не како нешто туѓо, далечно или како сила спротивставена на нив. Од особено значење е да се развива свеста кај граѓаните дека безбедносните институции и припадниците на тие институции работат за нивните интереси, права и должности. Затоа, тој систем треба да е чуван, поддржуван и негуван од нејзините граѓани, во спротивно можно е да дојде до загрозување на државата, нејзините граѓани и на целиот безбедносен систем. Светската практика потврдува дека во голем број земји се случувало отуѓување на безбедносниот систем.




***Слика број 1. Видови безбедносни состојби***

Државната заедница во континуитет е изложена на различни видови на опасности. Задача на безбедносните служби е да дејствуваат превентивно, односно во континуитет да ги следат потенцијалните ризици, да ги детектираат слабите точки на општеството кои би можеле да бидат искористени и потенцијалниот ризик да премине кон закана и загрозување. Со превентивното дејствување безбедносните служби прибираат релевантни сознанија и податоци од интерес за националната безбедност, подготвуваат безбедносни процени и го насочуваат безбедносниот систем да се фокусира за покривање на слабите точки и да оневозможи потенцијалните ризици да се развијат и да ги загрозат виталните интереси на државата.

Во зависност од степенот на опасностите од ризиците, заканите и загрозувањето во општеството и државата можат да бидат воведени посебни режими на однесување и преземање на посебни мерки. Такви состојби можат да бидат следниве видови:

**а) вонредна состојба,**
**б) кризна состојба (криза),**
**в) воена состојба.**

## Безбедносна состојба на криза

1. **Поим:**
   Кога ќе го спомнеме зборот **криза** мислиме на тоа дека се случила реска промена и тоа:
   - во економијата - потрес предизвикан од хиперпродукција;
   - во политиката - владина криза кога нема мнозинска поддршка;
   - во здравството - криза од епидемија со големи размери;
   - кај човекот - душевна криза и слично.

Според D. E. Venger, американски социолог, кој посебно ги проучувал кризите, истата ја дефинира на следниов начин: „Социјалниот систем се наоѓа во состојба на криза кога неговата институционална и традиционална структура би била во зголемен обем разорна (разнебитена), неутрализирана или повеќе не е колективно дефинирана од страна на припадниците на системот како погоден (прикладен) водител на нивното однесување.“ [1]

[1] Спасески, Ј., Николовски, С., Герасимоски, С. „Безбедносни системи“ - Прилог кон учењето за националните безбедносни системи, Факултет за безбедност - Скопје, стр. 184.

2. **Дијагностицирање -** е постапка кога врз основа на одредени мерења, обезбедени оперативни сознанија и одредени анализи се дава процена на моменталната безбедносна состојба.

Добар и ефикасен начин да се открие кризата е преку превентивната дијагностика, која доволно точно (веродостојно) ќе ја определи опасноста преку неопходните методи и средства за мерливост.

3. **Прогнозирање** - врз основа на сознанијата со кои се располага се дава безбедносна прогноза за идните случувања на безбедносен план.

4. **Планирање -** врз основа на дијагностицирање на актуелната безбедносна процена, како и безбедносното прогнозирање на идните случувања кои видови и интензитет на заканите можат да ги загрозат виталните интереси, се подготвува план на мерки и активности, насочување на безбедносните институции за превенирање и оневозможување на загрозувања од пошироки размери.

5. **Преземање мерки** (превентивни и репресивни)

Причините кои можат да предизвикаат вонредна состојба и криза можеме да ги поделиме во три големи групи:

а) **Природни појави**

- Геофизички појави - земјотреси, вулкански ерупции, поплави , временски непогоди и слично.
- Биолошки појави - големи епидемии на болести кои се закануваат со масовно изумирање на луѓето и слично.

б) **Технички фактори** – големи сообраќајни несреќи (катастрофи), експлозии, масовни пожари, нуклеарни несреќи и слично.

в) **Социјални појави** – економски кризи, политички кризи, масовен глад на населението, вооружени судири, војни и слично.

Кризната состојба во законодавството на Република Северна Македонија е регулирана со посебен Закон за управување со кризи од 2005 година. Криза е состојба со која се загрозени основните вредности, трајните и виталните интереси и цели на државата, односно се загрозени уставниот поредок и безбедноста. Според законското решение **кризна состојба е состојба предизвикана од ризици и опасности кои можат да ги загрозат добрата, здравјето и животот на луѓето и животните и**

**безбедноста на републиката за чија превенција или спречување е потребна употреба на поголем обем на ресурси.** Кризна состојба се прогласува кога истата претставува ризик по добрата, здравјето и животите на луѓето и животните или опасност по безбедноста на Републиката или на нејзин дел. Владата го определува подрачјето зафатено со кризна состојба и соодветно на тоа ги активира механизмите за разрешување на кризната состојба. За донесената одлука, Владата веднаш го информира Собранието и претседателот на Република Северна Македонија. Владата за активностите поврзани со нејзината одлука а во рок од 48 часа усно, а подоцна и писмено го известува Собранието и претседателот на Републиката. Владата најдоцна за 30 дена по завршувањето на активностите околу кризната состојба подготвува и доставува писмен извештај до Собранието и претседателот на Републиката. Ако кризната состојба продолжи да трае подолго од 30 дена, Владата треба да побара од Собранието продолжување на рокот или да предложи прогласување на воена или вонредна состојба. Собранието и претседателот во секое време може да побараат устен или писмен извештај за состојбата во областа за управување со кризи (наведи извор).

Прогласувањето на кризна состојба може да биде на цела територија или на одреден регион. На почетокот на кризата со пандемијата со коронавирусот Ковид-19, кризна состојба беше прогласена во општините Дебар и Центар Жупа. При прогласување на кризна состојба **надлежен** орган и кој треба да постапува е Центарот за управување со кризи, додека при прогласување на вонредна состојба надлежна за раководење и координирање со вонредната состојба е Владата.

При прогласување на кризна состојба на целата територија ќе треба да се основаат **кризни штабови**, што значи ангажман на голем број лица, што не е препорачливо конкретно за коронавирусот како закана, затоа што препораките на Светската здравствена асоцијација и на Владата на Република Северна Македонија е почитување на дистанца меѓу луѓето и забрана за собирање во поголеми групи.

## Вонредна безбедносна состојба

**Поим:**

Пред да се обидеме да ја дефинираме вонредната состојба потребно е да појасниме што е тоа социјална средина, општествена заедница или социјален систем, затоа што вонредната состојба се однесува на некоја конкретна социјална средина. Според американскиот

социолог А. Barton „социјален систем е заедница на луѓе поврзани преку одреден степен на интеракции и меѓузависност, но и одреден степен на независност од надворешниот свет, „социјалниот систем ја вклучува и географската единица на соседството, но и одреден степен на независност од надворешниот свет“. Социјалниот систем ја вклучува и географската единица на соседството, но и социјалната средина на соседството.[2]

Кога постои вонредна состојба сé уште не настапила кризата, која и не мора да се случи доколку со институциите и соодветни средства се разрешат проблемите кои ја предизвикале вонредната состојба: земјотреси, поплави и пожари, **масовни болести, епидемии,** социјални немири и слично. Овде треба да се напомни дека во секоја криза е содржана вонредна состојба, а, пак, во секоја вонредна состојба може да има криза за оние луѓе и околина во која се случила (настанала) појавата која ја предизвикала вонредната состојба.

Според членот 125 став 1 од Уставот на Република Северна Македонија се утврдува дека вонредната состојба настанува кога станува збор за ризици како што се вооружена акција против државата од страна на внатрешни или надворешни елементи, природни непогоди, граѓански немири, **епидемија**, економски кризи, генерален штрајк.

Во ставовите 2, 3 и 4 од Уставот се предвидува дека **вонредна состојба** прогласува Собранието по предлог на претседателот на државата, Владата или најмалку 30 пратеници. Вонредната состојба се прогласува со двотретинско мнозинство, може да трае до 30 дена, со можност за повторно продолжување.

Во услови кога Собранието не може да се состане, како што е случајот кај нас поради распуштање на Собранието и подготовки за предвремени парламентарни избори, претседателот по предлог на Владата, може да донесе одлука за прогласување на вонредна состојба на целата територија на земјата и има обврска Одлуката да ја поднесе до Собранието на потврдување штом тоа ќе може да се состане.

Со членот 126 од Уставот при постоење на вонредна состојба Владата во согласност со Уставот и закон донесува уредби со законска сила. До завршување на вонредната состојба, сите одлуки на Владата ќе може веднаш да се ефектуираат. На пример, Владата ќе може да донесува уредба: за ново задолжување на државата, за ребаланс на буџетот, за прераспределување на буџетските средства од една во друга област, за упатување повеќе пари во здравството, за помош на стопанството, и

[2] Спасески, Ј., Николовски, М., Герасимоски, С., „Безбедносни системи“, Факултет за безбедност, Скопје 2010, стр. 183.

слично, сé со цел насочување на сите сили и средства за надминување на состојбите кои се предизвикани со ширење на коронавирусот Ковид-19.

Во услови на вонредна состојба **реални се опасностите** од огромна концентрација на моќ во извршната власт (**извршна и законодавна**), може да се суспендираат определени вообичаени функции на Владата, владините агенции да спроведуваат планови за подготвеност за опасност.

Владата би можела да преземе мерки за да се превенираат и санираат економските последици кои неизбежно ќе бидат големи при што Владата мора да одговори соодветно. Во услови кога Собранието е распуштено, државата е во кризна, а не во вонредна состојба, при што на Владата и се врзуваат рацете во кој било обид да одговори адекватно на еден непредвидлив развој на ситуацијата кој можеби наложува мерки кои не се предвидени во постојните законски рамки.

Во услови на вонредна состојба мандатот на претседателот на Републиката, Владата, судиите на Уставниот суд и на членовите на Републичкиот судски совет се продолжува за време на траењето на вонредната состојба. Кратко кажано, претседателот како врховен командант ќе може да суспендира дел од владините функции и повеќе надлежности да пренесе на себе.

Прогласувањето на вонредна состојба на целата територија на Република Северна Македонија е како резултат на ширење на корона вирусот Ковид-19 во повеќе градови во државата. Институциите во државата треба да се спротивстават со опасност од противник кој не познава и признава ниту Устав, ниту закон, ниту, пак, каква било владина уредба. Не признава ни Конвенција за човекови права ниту, пак, каков било меѓународен закон или правен лек. Ги признава единствено биолошките закономерности и лековите за коишто човештвото денес очајно се бори да ги открие што е можно поскоро во борбата против ова зло.

Со прогласување на вонредна состојба доаѓа до ограничување на човековите права и слободи, што е неизбежно, сé со цел надминување на епидемијата која секојдневно одзема човечки животи. Конвенцијата за човекови права на Советот на Европа предвидува лепеза на заштита на човековите права, кои во „нормални“ услови се неприкосновени и претставуваат задолжителна обврска на секоја земја потписничка. Но што вели Конвенцијата за услови на вонредна состојба во една земја членка на Советот на Европа, во којашто Република Северна Македонија е полноправен член уште од ноември 1995 година?

Неколку члена од Конвенцијата јасно предвидуваат права и слободи, но со јасно укажување дека во услови на **вонредна состојба** работите не се толку едноставни и истите трпат одредени модификации.

На пример, членот 9, којшто се однесува на слободата на мислење и верските слободи, вели „*секој човек има право на слобода на мислите, совеста и верата. Ова право ја вклучува слободата за промена на верата и убедувањето, како и слободата за изразување на својата вера или убедување, сам или заедно со другите, јавно или приватно, преку богослужба, поука, проповеди, верски обреди и ритуали*." Членот 11 се однесува токму на правото на слобода на содружување и собирање „*секој човек има право на слобода на мирно собирање и здружување со други*". Со прогласувањето на вонредна состојба во Република Северна Македонија определени одлуки задираат во горенаведените членови. Секако, дека тие одлуки се во прилог токму на справување со епидемијата која директно ги загрозува човековите права и слободи и претставува повисок државен интерес во сегашните услови на ширење на епидемијата. Но, исто така, Конвенцијата, во членот 15, предвидува отстапување од претходните одредби во случај на прогласување на **вонредна состојба**. Имено, во тој член се предвидува дека секоја држава, која го користи ова право на отстапување, е должна за преземените мерки и за причините што го предизвикале нивното преземање, целосно да го информира генералниот секретар на Советот на Европа, што е обврска на институциите на Република Северна Македонија, за во перспектива државата да не се соочи со тужба за прекршување на човековите права и слободи пред Судот во Стразбур.

## Психосоцијален аспект на кризната состојба предизвикана од вирусот Ковид-19

Појавата на глобалната заразна епидемија, како што е заканата од заразата со SARS-CoV2, предизвикува страв и неизвесност и силно влијае врз однесувањето на јавноста[*]. Во ситуацијата во која се наоѓаме сега, целиот развиен свет, вклучувајќи ја и нашата држава се соочува со слична ситуација: инфекција од вирусот, кој е опасен и сè уште непознат, болест, пренатрупаност на здравствениот систем, неизвесност во врска со тоа до кога ќе трае кризата, како ќе заврши, како државата и поединците ќе се справат со економските и други загуби.

Заради намалување на ширењето на вирусот и болеста, односно заради заштитата на здравјето на населението, се воведуваат вонредни превентивни мерки. Тие значително го менуваат животот на поединецот и заедницата, што дополнително предизвикува стрес и закана по менталното здравје. Мерките на самоизолација, социјална дистанца, ограниченост на движењето, учење од дома, работа од дома и губење на

[*] Текст на проф. д-р Драгана Батиќ.

работното место се само некои од промените во животната рутина која бара приспособување на сите жители. Се работи за кризен настан кој е нов, непознат и со кој се зафатени цели држави, континенти и луѓе.

Постојат настани како овој, кои се од таков интензитет, што го прекинуваат вообичаениот начин на живот на поединци или групи на луѓе и претставуваат закана за адекватно физичко и ментално функционирање. Кога ќе се случат, ваквите настани ја рушат илузијата за безбедноста на светот во кој живееме и нè соочуваат со сопствената ранливост и минливост. Постојат три психолошки концепти поврзани со ваквите настани: стрес, траума и криза. Не навлегувајќи подлабоко во теоретската расправа за сличностите и разликите на овие термини, во функција на предлогот за ова истражување, ќе ги објасниме поимите стрес и криза.

Стресот се однесува на секоја промена на која човек мора да се приспособува. На стресните настани, кои патем секојдневно дејствуваат, луѓето реагираат со стресни реакции, чиј интензитет зависи од личната процена на заканата и штетноста на стресниот настан, како и од успешноста на механизмите на соочување со стрес кај секој поединец. Со оглед на тоа што стресот се објаснува и како односот на човекот и околината, постојат индивидуални разлики во реагирање на стресот. Лазарус ова го нарекува когнитивна процена на загрозувачката ситуација. Според него, когнитивните процеси секогаш се присутни и тие претставуваат интервенирачка варијабла помеѓу стресот и реакцијата на него. *Стресот, всушност, не е ниту само стимул, ниту реакција на него, туку претставува однос на човекот и околината кој се проценува како заканувачки и загрозувачки (Лазарус, 1984).*

Доколку ситуацијата се процени како загрозувачка, таа субјективно може да биде проценета како: загуба/повреда, закана и предизвик. Најголема стресна вредност имаат оние промени кои означуваат загуба.

*Стрес е секоја ситуација или настан кој го загрозува животот или здравјето, се заканува со загуба на близок или на нешто што е од животна важност за нашата егзистенција и интегритет. (Ayalon,1992).*

Во ситуацијата во која се наоѓаме, присутни се сите овие елементи: можноста за загрозување на животот и здравјето, на нас и нашите блиски, но и на сé она што ни е важно за егзистенцијата и интегритетот: работата, животната рутина, начинот на живот, вредностите (дружење, патување, купување), како и заканата од економска природа.

Доживувањето на стрес е чувство на вознемиреност кое се јавува како резултат на перцепција на заканата и се манифестира во однесување, телесни симптоми и/или емоционални реакции.

Кризен настан е изненаден и редок настан кој дејствува вознемирувачки или стресно на повеќето луѓе. Психолошка криза е психичка состојба предизвикана од кризен настан и се манифестира преку реакции кои можат да се јават непосредно, во текот на самиот настан, но и како одложени реакции. За сегашната криза е карактеристично што не е еднократен настан, туку трае подолго време и никој не знае кога ќе заврши, што дополнително го зголемува стресот. Луѓето имаат чувство дека не можат сами да го совладаат стресот користејќи се со вообичаените механизми на соочување. Заради тоа, личноста во криза може да биде ранлива, преплавена со чувства, мисловно збркана, што доведува до дезорганизација на однесувањето и го отежнува решавањето на кризната ситуација. Доколку кризниот настан потрае подолго време, тој може да има кумулативен ефект врз личноста. Како вообичаени психолошки реакции на криза се јавуваат: когнитивни (грешки во заклучување, тешко донесување на одлуки, слаба концентрација, заборавање), емоционални (напнатост, исплашеност, анксиозност, чувство на беспомошност, безизлезност и губење на контрола) телесни или физиолошки реакции (физички немир, тешкотии на успивање и спиење) и реакции на однесувањето (бесмислени активности, нагли промени на одлуки и блокираност на однесувањето). Тие, во повеќето случаи се нормални и минливи, со позитивен исход, а само кај мал број на луѓе можат да бидат интензивни и долготрајни и да попримат форми кои бараат стручна психолошка или медицинска помош. Повеќето луѓе после кризата ќе закрепнат релативно бргу и ќе живеат како и пред тоа, а можеби и поквалитетно. Во психологијата на кризата се вели дека кризната реакција е нормална реакција на ненормални околности. Меѓутоа, кризата може да доведе и до развој или влошување на менталните нарушувања како што се депресивни и анксиозни нарушувања, како и посттрауматско стресно нарушување.

Кога се зборува за стрес, траума и криза еден од најважните поими поврзан со нив е *хомеостазата (рамнотежата*) помеѓу индивидуата и надворешната средина и нејзиното нарушување. Во кризна ситуација, со нарушена рамнотежа и присуство на силно чувство на ранливост, се јавува и чувството на губење на контрола, преплавеност со чувствата и когнитивни тешкотии, така што е исклучително важно да се дејствува во функција на пружање на прва психолошка помош. Целта на психосоцијалната поддршка е повторно воспоставување на изгубената рамнотежа.

*Психосоцијалната помош и поддршка или психосоцијалната интервенција* е процес на психичко и социјално зајакнување на секој поединец, неговото семејство и социјалната околина, со цел во себе и во својата непосредна околина да пронајде или да стекне сили и начини за успешно соочување со стресот и успешно надминување на кризата, како и постапно градење на нормален, психички здрав и квалитетен живот, без штетни последици за него и за другите (Ајдуковиќ, 1995). Психосоцијалната помош или интервенција секогаш има превентивен карактер, односно има за цел да ја спречи или редуцира патологијата. Со психосоцијалната интервенција се опфатени жртвите на трауматски настани, како и „скриените жртви", како што се членовите на семејството на жртвата, помалку настраданите лица, а помош треба да им се овозможи и на медицинските лица, доброволците и професионалците, кои, исто така, биле учесници во трауматската ситуација. Основната поставка на психосоцијалната интервенција е дека луѓето изложени на стрес се нормални луѓе, кои немаат психолошки нарушувања од порано, но стресните искуства на кои се изложени влијаат тие да бидат ризична популација во поглед на менталното здравје.

Психосоцијалната помош и поддршка се однесува на активностите што еднакво ги опфаќаат и психолошките и социјалните потреби на индивидуата. Овој вид поддршка им помага на поединците и заедниците да ги надминат психолошките трауми и да ги обноват социјалните релации по некоја вонредна состојба или по некои критични настани. Таа може да им помогне на луѓето да направат промена во начинот на којшто се доживуваат себеси, па наместо да се чувствуваат како пасивни жртви на настаните, да почувствуваат дека се активно вклучени во сопственото спасување и спасувањето на другите.

Кризните настани можат да го нарушат нормалниот животен тек на неколку нивоа: на индивидуално ниво, на семејно ниво (релациско ниво), на ниво на заедницата и пошироко – на ниво на општеството. На секое од овие нивоа, настаните ги нарушуваат заштитните механизми, зголемувајќи го ризикот за појава на различни проблеми, и ги зголемуваат постојните проблеми на ниво на социјална неправда и нееднаквост. Психолошките и социјалните проблеми во итни случаи се значајно меѓусебно поврзани, но може да се случи едните да бидат поизразени во однос на другите .

Во секоја криза, па и оваа, луѓето се засегнати на различни начини и имаат потреба од различни видови поддршка. Еден од клучните принципи за обезбедување достапност до соодветна поддршка е системот на МЗПСП (Ментално здравје и психосоцијална поддршка), според кој е потребно да постои слоевит систем за давање на психосоцијална поддршка што би ги задоволил потребите на различните

групи поединци. Сите слоеви се важни и идеално би било да се имплементираат последователно еден по друг (IASC Reference Group for Mental Health and Psychosocial Support).

Во ситуацијата во која се наоѓаме, многу е важно државата (преку менаџерите на институциите) да води сметка за сите свои граѓани. Исто така, од големо значење е да ја негува благосостојбата на луѓето од кои зависат животите на другите луѓе вклучувајќи ги претходно наведените професии. Стресот и реакциите на стрес може да ги оневозможат да си ја вршат работата и можат да си наштетат на себеси. Затоа е важно да се обезбеди психосоцијална помош и поддршка.

Кризните настани и кризите не смеат да се потценуваат. Целата држава е ставена пред тест: како да се реагира безбедносно, по кој протокол и како да се ублажат и намалат болеста и загубите, но и како да се зачува физичкото и менталното здравје на сите луѓе, особено на оние кои се во ситуација заради својата професија да бидат најмногу изложени на стресот во оваа кризна ситуација.

Во најголемиот дел од истражувачката литература за психолошкиот стрес централни се две теми: а) за последиците од стресот по менталното и физичкото здравје и б) благосостојбата и резистентност (отпорност) при соочувањето со стресот. Во однос на првата тема, истражувањата понудиле значајни докази за непожелните исходи поврзани со стресот. Од друга страна, паралелно со овие истражувања, се појавил интерес за справувањето со стресот, односно како да се ублажат негативните последици. Тие, главно, биле насочени кон регулирање на негативните емоции и вознемиреност, за кои се знае дека предизвикуваат штета по физичкото и менталното здравје (Фолкман, 2016).

Значајно внимание се посветува на истражувањето на процесите кои придонесуваат за одржување на благосостојбата при стресни ситуации, како и процесите што придонесуваат за закрепнување по кризните настани.

**Задачите на овој дел на истражувањето ќе опфатат:**

а) индивидуален одговор на кризата, односно како населението реагира, дали во овој период на социјална изолација и прекин на животната рутина известуваат за некои психички тешкотии како што се зголемена анксиозност, депресивност и трауматизираност, од една страна, и дали и во која мера, индивидуите покажуваат отпорност на кризната ситуација, од друга страна. Планирано е во овој дел да се дадат онлајн (online) скали на стратификуван примерок: лекари, сестри, припадници на полицијата, војската, студенти и други граѓани.

б) општествен одговор на кризата во областа на психосоцијалната поддршка на населението, ризичните групи и професионалците.

## ЦЕЛИ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

Главна цел е да се изврши научна дескрипција и да се разгледаат актуелните пристапи во превенцијата, справувањето со пандемијата Ковид-19 и обновата од закани, ризици, природни непогоди и непогоди настанати од природата и човекот, со посебен акцент на плановите за вонредни ситуации и продолжување со работата опфатени преку студии на случај и анализи.

**Целта на психосоцијалниот аспект од истражувањето е:**

**I Функционирање на системот за психосоцијална поддршка за[3]:**

1. населението;
2. лицата во карантин и во изолација;
3. професионалците кои најмногу се изложени на стрес, а кои се во функција на граѓаните (здравствените работници, полицијата, вработените во маркетите, волонтерите на Црвен крст и други невладини организации, инспекторите на санитарна инспекција и др.) и водење сметка за нивната безбедност и благосостојба при работењето;
4. лица на високи функции чии одлуки влијаат врз сите поединци во државата.

Притоа, се планира да се спроведе полуструктурирано интервју со:

1. луѓето кои биле и се во карантин (полициски службеници, лекари и други лица);
2. менаџерите и учесниците во психосоцијалната поддршка на владини и невладини институции и нивната комуникација.

**II Процена на психичката состојба на населението**

Процена на психичката состојба на населението и професионалци помагатели (пред сѐ, медицински персонал и полицијата) со примената на онлајн скали.

[3] Текст на професор д-р Драгана Батиќ.

**Задачи:**

Проектот треба да одговори на прашањата што предизвикуваат интерес во научната и општествената јавност од предизвикување вонредна состојба и начинот на справување со последната вонредна состојба во земјата па преку катастрофална поплава во градот Скопје и други општини во Република Северна Македонија, како и одговори на други прашања.

Во рамките на проектот ќе се направат интервјуа со инволвираните лица кои носат одлуки и од практиката со цел генерално функционирање на системот за рано предупредување и справување со ризиците од кризи и катастрофи како составен дел на безбедносниот систем на Република Северна Македонија.

Факултетот за безбедност - Скопје ќе продолжи на овој начин со проектот да дава придонес во развојот на научната мисла, а на носителите на одлуки на државно ниво да им помогне, со цел да ги надминат практичните проблеми со кои се соочуваат.

## ПОЈДОВНИ ПРЕТПОСТАВКИ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО:

Бидејќи станува збор за Студија на случај на актуелен случај, за кој да се утврдува индикаторска рамка, истражувачкиот тим се определи за неколку појдовни хипотези кои во основа ќе имаат насочувачки карактер во однос на идентификацијата на основните процеси и на создавањето на претпоставки за примена на определени истражувачки постапки и инструменти, во насока на обезбедување соодветна евиденција*.

Во таа смисла, во истражувањето се поаѓа од претпоставката дека ќе се утврдат основните фактори за ефикасно функционирање на кризниот менаџмент во вонредна и кризна состојба, односно да се создаде евиденција за нив и да се оцени нивното влијание врз успешното имплементирање на концептот за заштита и спасување. Посебен фокус ќе се стави на евидентирањето и оценувањето за тоа кои од основните концепти за управување со кризи се најпогодни и најприменливи во безбедносниот систем на Република Северна Македонија; како и кои се евентуалните критични области во безбедносниот систем на Република Северна Македонија во кои се потребни елементи за позитивна промена во делот на кризниот менаџмент и заштита и спасување за секојдневно функционирање, во услови на криза и вонредна состојба.

* Текст на професор д-р Цане Т. Мојаноски.

# МЕТОДОЛОШКИ ПРИСТАП НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

Методолошкиот пристап е условен од теоретскиот пристап. Истражувачката постапка е условена од истражувачките прашања што ќе се поставaт. Како, на пример, како транзитираше системот од вообичаена, со нормативниот поредок, утврден во кризната состојба на еден дел од подрачјето на земјата, до воведувањето на вонредната состојба?

Во овој дел се опишани активностите на државните органи, определени со закон **како преминуваат од една во друга состојба**. Притоа се изврши опис на функционирањето, пред, за време на преминувањето во кризна и потоа во вонредна состојба. Овде се изврши глобално набљудување и евидентирање на преземени бројни активности на државните органи одделно и на сите заедно. Набљудувањето се вршеше на неколку нивоа. Прво, дел од истражувачкиот тим беше ангажиран на непосредно следење на примената на мерките на државните органи, посебно работата на Централниот штаб, Оперативниот штаб и реализацијата на полицискиот час на подрачјето на Град Скопје. Во работата на локалниот штаб на Општина Куманово беше применет обликот на чист набљудувач. Имено, член на истражувачкиот тим од овој град, беше вклучен како постојан набљудувач на работата на ова тело. За тоа беа информирани членовите на Штабот и беше донесена таква одлука. Ваквите активности на непосредно и партиципативно набљудување на членовите на истражувачкиот тим им овозможи да имаат непосредна можност изворно да ги следат и набљудуваат процесите, да се информираат и да можат да вршат идентификација на индикаторите. Притоа, како истражувачки инструменти **беа применети Протоколот за набљудување, записнички белешки** и **чек листа**.

Во истражувањето беа реализирани **онлајн интервјуа. В**о последните децении тие имаат сè поширока примена, особено со масовната употреба на компјутерите и интернет-услугите. Онлајн (*online)* интервјуата се спроведуваат во реално време (синхроно интервју) или во нереално време (асинхроно интервју). Станува збор за две варијации на *онлајн(online)* интервјуа: чет (chat) - (разговарање, допишување) и e-mail интервју (интервјуирање по пат на електронска пошта). Беше применето **синхроното интервјуирање** кое се одвива во реално време со користење на услугите од GogleMeet. За подетални оцени на функционирањето на органите беа извршени бројни **интервјуа** со носители на државни и други одговорни функции. Истражувачкиот тим реализираше интервју со претседателот на Републиката, со претседателот на Владата, а одделни членови реализираа интервју со

министерот за внатрешни работи, со министерката за одбрана, со дополнителниот заменик-министер за внатрешни работи, со директорот на Бирото за јавна безбедност, со членови на Оперативниот штаб на Министерството за внатрешни работи. Во Општина Куманово беа извршени бројни интервјуа, со градоначалникот и членовите на Општинскиот штаб. Во интервјуата беше користено слободното интервју, особено со носителите на највисоките државни функции. Со останатите функционери беше применувано насочено интервју со кое се проценуваа состојби, ситуации и односи. Во таа смисла се обезбедени ставови, оцени и согледувања, кои се во функција на градењето на основата на анализата. Исто така, беше применето и структурираното интервју, особено кај одделни носители на оперативни задачи.

Бројот на прашањата во интервјуата не беше мал. Исто така, како истражувачка техника се примени и **чек листа**, посебно за оние положби каде постоеја јасно утврдени оперативни задачи и каде имаше поголем број на извршители.

Во истражувањето беше применето интервјуто како истражувачка постапка за собирање на податоци, во овој случај, сознанија, мислења, погледи и ставови од соговорниците, кои во истражуваниот период вршеа определени јавни, одговорни и со закон определени функции, положби и задачи. Всушност, беше применето ***длабинско интервју***. Тоа интервју се спроведува лице в лице. *Интервјуто лице в лице* се користи и како посебен облик на директно интервјуирање. Беше спроведено *онлајн интервју* со помош на платформата GoogleMeet. Со него испитувачот директно се обраќа на испитаникот со цел да добие непосреден одговор. На тој начин може да се добие дополнително објаснување и да се види реакцијата од испитаникот и неговите ставови, со цел истите подлабоко да се проучат и прибележат (Мојаноски, 2012). При водењето на интервјуто се обезбедуваат етички стандарди и се почитува волјата на испитаникот, да одбегне прашање или да го напушти интервјуто. Испитувачот има обврска (за снимените разговори) да обезбеди транскрипт кој се доставува до испитаникот за увид и согласност. Испитаниците се поттикнуваат да одговараат спонтано, слободно да го изразуваат своето мислење, да реагираат на прашањата на испитувачот и полесно ги артикулираат своите идеи. Тоа е така затоа што суштината на ***длабинското интервју*** не е ограничено со крут формат на структурираниот квантитативен прашалник и во него истражувачот има директна можност да бара разјаснување на секој недоволно јасен исказ на поставените дополнителни прашања. При водењето на овој облик на интервју, за да се постигне длабочина на одговорот и објаснувањето, се води сметка за адекватно користење на различните начини на

дополнителни потпрашања (Мојаноски, 2015, стр. 414). Постапката кај ова интервју е таква што на почетокот испитувачот го поставува иницијалното прашање и го охрабрува испитаникот да одговара слободно. Секоја следна интервенција на испитувачот е вообичаена и е условена од одговорот кој го добил. Веднаш по почетниот одговор, кој најчесто се однесува на „површното ниво", истражувачот ги користи помошните прашања со кои се поттикнуваат продлабочените одговори на испитаниците. Испитувачот, исто така, може да ги поттикне испитаниците да се изјаснат и за работите кои самиот ги смета за релевантни, а кои не се опфатени со прашањата (Đurić, 2013, стр. 185).

Составен дел на истражувачките активности беше прибавувањето на информации од државните органи за текот, степенот и динамиката на извршувањето на активностите на органите надлежни според Законот и врз тие основи се изврши **секундарна анализа на податоците**. Овде беа применети аналитичко-синтетичкиот метод, методот на компарација и структурна, функционална и генетичка анализа. Исто така, беа следени информации (соопштенија, пишани, аудио и видеоматеријали, особено дистрибуирани преку прес-службата на Министерството за внатрешни работи) за текот, видовите и содржината на активностите на државните органи и посебно на овој државен орган. Тие се предмет на анализа, преку контекстуална интерпретација на податоците. Во таа смисла е применета и **дискурзивната анализа** како истражувачка постапка за обработка (интерпретација) на медиумскиот контекст и интерпретација на податоците.

Истражувачкиот тим оствари комуникација и соработка со невладините организации (Црвен крст, хуманитарни и други здруженија, директни акции на граѓаните – доброволни, волонтерски и други *ад хок* иницијативи).

Во собирањето на податоци беа применети и **методот набљудување,** со примена на **листите за евиденција,** структурираното интервју во облик на социодемографска анкета, во облик на електронско интервју.

Во текот на реализацијата на истражувањето беше применет **електронски прашалник** изработен на платформата GoogleForms. Ваквите облици се нарекуваат и **онлајн анкета**. Тој прашалник помага во унапредувањето на работата, согледувањето на положбата на вработените во процесот на работењето и слично. Со прашалникот успешно можат да се испитуваат вработени, затвореници, граѓани, родители, деца, ученици и студенти. Испитувањето со помош на прашалник е мошне **економично**. За кратко време може да се анкетираат поголем број субјекти и така да се дојде до исклучително важни податоци (Supek, 1981, стр. 132).

Тоа е истражувачки инструмент кој овозможува да се собираат податоци и други сознанија преку веб-страница или е-пошта, за ставовите на испитаниците за начинот на справувањето со вирусот Ковид-19. Со помош на анкетирањето се собираат два вида податоци:

- ❖ елементарни податоци – материјални податоци, лични и други податоци (на пример, број на нешта, година, место на раѓање, висина на плата, брачна состојба, државјанство, податоци за автомобил: марка, боја, кубикажа...);
- ❖ ставови – ставовите на испитаниците за работите, поединците, процесите, напросто речено за сѐ и сешто.

Податоците беа собирани преку интернет-мрежата (со испраќање по е-пошта, или со креирање на прашалник на веб (web)-страница на некој од веб(web)-провајдерите итн. (Мојаноски, 2015, стр. 418).

Граѓаните како субјекти (учесници) во кризната состојба. Овде беа применети неколку истражувачки постапки. Прво, во облик на социодемографска анкета електронски беше спроведен психолошки тест, за стравот и начинот на справување со стравот и стресот. Потоа, беше извршена анализа на податоците од Психолошкото советување.

За општото граѓанство беше конструиран и применет електронски анкетен Прашалник, со ограничени прашања (електронски) и истиот беше испраќан преку електронска пошта, преку Viber и Facebook.

Во истражувачката практика се применуваат комбинирани облици на интервјуа, кои во практиката се нарекуваат анкети. Комбинирањето на начините на собирање на податоци е за да се подобри квалитетот на податоците. Комбинирани пристапи се применуваат при комплексни национални анкети и со чувствителни групи испитаници. Тие се користат како одговор за справување со ситуациите на отсуство на одговори. Се смета дека со комбинирањето на начините на собирање на податоци (на пример, по телефон, факс, е-пошта/веб-страница) може да се обезбеди што е можно повеќе одговори на поставените, особено на чувствителните (индивидуална, семејна, политичка и друга природа) прашања и што тие можат да се приспособат според потребите и спецификите на проектот (Intervjua).

Онлајн **прашалникот** е инструмент што се применува при постапката анкетирање. Со него се собираат разновидни податоци од областа на безбедноста и полициското работење. Во нашето истражување тој беше применет за ставовите на граѓаните, за начинот на справување со пандемијата предизвикана со вирусот Ковид-19. Со него беа опфатени 459 испитаници. Исто таков облик беше применет и за

собирање на податоци за ставовите на граѓаните за функционирањето на приватното обезбедување во услови на криза. Со него беа опфатени 93 испитаници. Третиот облик на онлајн инструмент во облик на група психолошки тестови беше применет за определени целни групи. Со него беа опфатени 303 испитаници.

Во текот на истражувањето, беа интервјуирани претседателот на Републиката, претседателот на Владата, министерот за внатрешни работи, министерот за одбрана, директорот на Бирото за јавна безбедност, носители на должности и функции во Кризниот штаб.

Во рамките на проучувањето на функционирањето на Општина Куманово, беа извршени интервјуа со градоначалникот и членовите на Штабот.

Беа извршени интервјуа со лица кои биле во карантин (самоизолација) и по излегувањето од карантинот.

## НАУЧНА И ОПШТЕСТВЕНА ОПРАВДАНОСТ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

Општественото и научното значење на ова истражување тргнува од самите очекувања за функционирањето на безбедносниот систем на Република Северна Македонија во услови на вонредна и кризна состојба. Истражувањето беше димензионирано да даде научен одговор како функционираат составните делови на системот – кои се неговите предности, а кои се неговите слабости? Исто така, внимание заслужува и пристапот за анализа не само од аспект дека научната оправданост се заснова на анализа на податоци, туку и преку управувањето со ризикот како суштински елемент на управување со сторители и жртви на кривични дела.

Во последните години серијата природни непогоди и сериозни безбедносни ризици и закани предизвикани од човекот, од политички и од хуманитарен карактер, како и последната вонредна состојба ги зближија заедниците, државите и релевантните организации во рамките на меѓународната заедница да пристапат посериозно во градењето пристап и во креирањето капацитети за справување, а сѐ во рамките на активностите поврзани со превенцијата (подготвеноста), справувањето, обновата и управувањето со кризите.

Покрај глобалната пандемија во изминатиот период имавме настани поврзани со поплавите во Европа кои го земаа својот данок во човечки животи и предизвикаа огромна материјална штета од неколку десетици милијарди евра. Воедно, низата земјотреси покажаа дека

развиениот свет сè уште е ранлив на ефектите од природните непогоди. На природните непогоди се надоврзуваат серијата закани и опасности од политички и хуманитарен карактер, а токму бегалската криза предизвикана со војните во Авганистан, Сирија и Ирак и последните терористички напади во Париз (2015) покажаа дека кризниот менаџмент е многу повеќе од теоретски концепт базиран на неолиберализмот и од условеното декларирање на сили и капацитети.

Општествената оправданост на ова истражување е повеќенаменска. Прво, ги согледа постојните услови, можности и организација и функционирањето на безбедносниот систем на Република Северна Македонија во услови на вонредна и кризна состојба со намера да се придонесе во зајакнувањето на општата безбедност и сигурност на граѓаните. Од друга страна, нуди основи за креирање на политики и решенија за подобро функционирање на безбедносниот систем во услови на вонредна и кризна состојба. Оправданоста е значајна и заради фактот што научно истражување на дадената тема не постои. Станува збор за актуелна состојба во која тешко можат да се предвидат идните однесувања и очекувања на безбедносниот систем. Токму заради тоа станува збор за истражување чиј резултат е хевристички и од тој аспект резултатите до кои се дојде се од особено општествено значење.

Научната оправданост на истражувањето се состои во фактот што мултидисциплинарниот пристап во истражувањето придонесе кон добивање на нови теоретски и емпириски сознанија, кои можат практично да бидат искористени во научната теорија. Добиените научни знаења овозможуваат и го унапредуваат креирањето на пристапот во функционирањето на безбедносниот систем во услови на вонредна и кризна состојба. Научниот резултат е хевристички, тој по теоретскиот концепт и начинот на обработка на функционирањето на безбедносниот систем во услови на вонредна и кризна состојба, е без соодветни искуства и се остварува како актуелен („жив“) случај чија извесност е непозната. Токму затоа научните сознанија имаат особено значење не само во идентификацијата на процесите и прашањата, туку и во градењето на соодветен методолошки и истражувачки пристап за функционирањето на безбедносниот систем во услови на вонредна и кризна состојба.

# ФУНКЦИОНИРАЊЕ НА БЕЗБЕДНОСНИОТ СИСТЕМ ВО УСЛОВИ НА ВОНРЕДНА СОСТОЈБА

## ВОВЕД

Појавата и брзото ширење на вирусот Ковид-19, кои претставуваат закана по јавното здравје на глобално ниво, како и објавувањето на процената на Светската здравствена организација (СЗО) од 11 март 2020 година, со која вирусот Ковид-19 беше окарактеризиран како пандемија, создаде бројни предизвици за заштита на животот и здравјето на граѓаните во целиот свет*. Примената на мерките за заштита и справување со вирусот кои се преземаа на национално ниво, директно се одразија на начинот на постапување на институциите во јавниот сектор, негативно дејствуваа на економските текови и работата на приватниот сектор и го променија вообичаениот живот на граѓаните.

Соочувајќи се со кризата предизвикана од пандемијата на коронавирусот, за првпат се соочивме и со воведување на вонредна состојба на територијата на целата држава. Воведувањето вонредна состојба се покажа како неопходна мерка за да можат државните органи да функционираат нормално, особено ако се има предвид дека во тоа време државата беше во чувствителен период во кој Собранието беше распуштено и беа распишани предвремени парламентарни избори за 12 април оваа година. Во такви услови, сите институции во државата работеа со ограничувања, особено во делот на почитувањето на Законот за спречување на корупцијата, Законот за јавни набавки, вработувањата во јавниот сектор итн.

Првенствената цел на воведувањето на вонредната состојба беше да се помогне на здравствениот систем, побрзо и на поедноставен начин да се донесуваат одлуките поврзани со заштитата на здравјето на граѓаните. Станува збор за здравствена криза и пандемија која му се заканува на целиот свет. Политичарите само ги почитуваат барањата и укажувањата на здравствените власти и вонредната состојба е воведена како неопходен чекор во борбата со новиот вирус Ковид-19.

Во вонредна состојба, Владата носи брзи и ефикасни одлуки за да дејствува најдобро што може, во нашиот случај во тесна соработка со здравствените работници и членовите на Главниот координативен кризен

---

*Текст на: вонреден проф. д-р Никола Дујовски, д-р Агим Нухиу, д-р Ајтен Рамадани.

штаб.

Сепак, животот треба да продолжи колку што е можно понормално, а Владата има обврски да ги регулира сите прашања кои имаат значење за општествениот и економскиот развој. Затоа, беа донесени уредби кои го регулираат образованието, финансиите, економијата, царините, транспортот итн. Беше донесена и Уредба со законска сила за ставање во мирување на сите подготвителни дејствија поврзани со организирањето на изборите. Ова овозможи да бидат ослободени повеќе ресурси, да се спроведуваат потребните набавки, а за да се обезбедат потребните ресурси, пред сè, во сферата на здравството.

На самиот почеток на вонредната состојба, а благодарение на системот кој добро се организира за одговор на кризата, немаше некои поголеми нарушувања на економските текови, граѓаните оправдано можеа да се чувствуваат сигурни. Ова особено е значајно за перцепцијата на ризикот која е присутна кај граѓаните. Работата на институциите е токму и во таа насока. Да се прави добра и квалитетна анализа на ризикот, но и да се влијае на перцепцијата која е особено значајна и сега, а ќе биде уште позначајна по завршувањето на здравствената криза и враќањето на нормалната состојба во државата.

За жал, како што одминуваше кризата, така започнаа да се забележуваат сериозните недостатоци на системот за управување со кризи, на разликите во ставовите (често политички) кај членовите на Владата, која во тој период функционираше како техничка влада за подготовка и спроведување на изборите.

Следењето на состојбите и заканите кои се одвиваа во светски размери, навремено ги активираа механизмите за заштита на јавното здравје и јавната безбедност во Република Северна Македонија, при што во почетокот истите резултираа со преземање на активности за зајакната контрола на граничните премини и определување на превентивните мерки за изолација и самоизолација на лицата кои доаѓаат од ризичните земји, а откако беа регистрирани првите случаи на заразени и заболени лица во државата, мерките за заштита и справување со вирусот Ковид-19, резултираа со постепено затворање на границите и воведување на повеќе сетови на рестриктивни мерки со кои се ограничуваат слободите и движењето на граѓаните.

Паралелно со новонастанатите обврски, а ценејќи го карактерот и доменот на полициските работи, Министерството за внатрешни работи (МВР) продолжи континуирано да ги извршува основните функции за заштита на јавниот ред и мир и одржување на целокупната безбедносна состојба, при што посветено работеше и во делот на откривањето и спречувањето на криминалот во останатите области.

Имајќи ги предвид одлуките на Владата и потребата од координација на активностите помеѓу различните ресори, МВР формира координативно тело во рамките на Министерството, кое на дневна основа ги следеше задолженијата од Владата и ги делегираше активностите внатре во различните оддели во полицијата.

Интензитетот на заканите по јавното здравје и динамиката на новонастанатите состојби кои директно произлегуваа од продолженото влијание и ширење на вирусот Ковид-19, во услови на глобална пандемија и воведување на вонредни мерки за заштита, условија продолжување и на времетраењето на вонредната состојба во Република Северна Македонија.

## Активности на МВР за справување со Ковид-19

Заради координација на активностите и задачите на организациските единици на Министерството во насока на спречување на внесување и ширење на Ковид-19, на 14 март 2020 година, формирано е Координативно тело. На работните состаноци на ова тело донесени се вкупно 220 заклучоци, кои во најголем дел се однесуваат на спроведување на одлуките и уредбите на Владата на Република Северна Македонија, координација на активностите помеѓу Министерството за внатрешни работи и Армијата на Република Северна Македонија, соодветна прераспределба на човечките ресурси во Министерството во согласност со потребите, одлуки за набавка и распределба на заштитни средства и опрема, како и одлуки по специфични прашања од граѓани и вработени во МВР.

Исто така, заради навремено следење на преземените мерки на Министерството креирана е апликација со податоци и прегледи кои претставуваат официјална статистика за преземените мерки и активности на полицијата во врска со вирусот Ковид-19.

По прогласувањето на вонредна состојба на територијата на Република Северна Македонија поради коронавирусот Ковид-19, на 21март 2020 година формиран е Оперативен штаб во кој партиципираат претставници од Министерството за внатрешни работи и Министерството за одбрана, односно од Армијата на Република Северна Македонија, чија задача е да ги координира мерките, активностите и задачите на организациските единици во Министерството и силите и средствата на Армијата, а со цел ефикасно спроведување на препораките, заклучоците и одлуките што ги носи Владата на Република Северна Македонија (Владата) во услови на прогласена вонредна состојба.

Министерството за внатрешни работи партиципира и во Координативното тело за прибирање и размена на информации за

спроведување на мерките за спречување на појавата, раното откривање, спречување на ширење и сузбивање на коронавирусот (Ковид-19) формирано на 28 февруари 2020 година, од страна на Министерството за здравство, преку кое се координираат активностите на секторите за внатрешни работи во Министерството, во услови на прогласена вонредна состојба, а се спроведоа и превентивни активности во делот на едукација и подигање на свеста на полициските службеници за заштита од вирусот.

Исто така, Министерството за внатрешни работи спроведе активности и преку Главниот штаб на Центарот за управување со кризи (ЦУК) кои се однесуваа на прогласената кризна состојба на подрачјето на општините Дебар и Центар Жупа. Во таа насока се изготви Акциски план за постапување на институциите во рамките на Системот за управување со кризи како и процена на потребните материјално-технички средства за Министерството за постапување во услови на прогласена кризна состојба.

Министерството за внатрешни работи, особено припадниците на полицијата како носители на полициските овластувања и должности за заштита на граѓаните и државата, презедоа активности за заштита со зголемен степен на готовност и брзо дејствување. Адаптирајќи се на новонастанатите состојби и почитувајќи ги одлуките на Владата, Министерството интензивно соработуваше со надлежните институции и континуирано преземаше активности за зачувување на јавната безбедност во вонредни услови.

Почитувањето на здравствените прописи и спроведувањето на одлуките на надлежните државни органи кои се поврзани со заштитата и спречувањето на вирусот Ковид-19, беа врвен приоритет на Министерството за внатрешни работи, но, истовремено, континуирано се следеа и анализираа севкупните безбедносни состојби, вклучувајќи ги и трендовите на криминалот. Извршеното мобилизирање и насочување на ресурсите дадоа позитивни резултати, односно обезбедена е соодветна поддршка на здравствениот систем, а општата безбедносна состојба во услови на прогласена вонредна состојба е стабилна со опаѓачки трендови на регистрираниот криминал.

Во рамките на овие активности беше подготвено Упатство за начинот на однесување на работниците во Министерството за внатрешни работи во услови на прогласена вонредна состојба предизвикана од појавата на коронавирусот Ковид-19, со препораки за спречување на внесување и ширење на коронавирусот.

Потоа беа подготвени џебни флаери во кои се пропишани мерките за заштита на полициските службеници од Ковид-19, а беа преземени и низа превентивни мерки и активности кои беа насочени кон едукација и подигање на свеста на полициските службеници за заштита од вирусот.

На Четириесеттата седница на Владата на Република Северна Македонија одржана на 13 април 2020 година, по предлог на Главниот координативен кризен штаб за обезбедување на целосна координација во врска со спречување на внесување на ширење на Ковид-19, донесен е заклучок дека не е потребно продолжување на кризната состојба на подрачјата на општините Дебар и Центар Жупа, особено имајќи ги предвид моменталните здравствени состојби постигнати преку постоење на кризната состојба.

## Одлуки на Владата на Република Северна Македонија за кризна состојба, вонредна состојба, забрани за движење, влез и излез во државата и друго

Во насока на управување со состојбите и менаџирање на стратешко ниво, Владата донесе повеќе одлуки чие спроведување е во делот на надлежноста на Министерството за внатрешни работи и истите се објавени во „Службен весник на Република Северна Македонија“, почнувајќи од 12 март 2020 година.

Во согласност со одлуките на Владата, забрането е одржување и собирање на масовни собири и настани на отворен и затворен простор, секаков вид на јавни и приватни собири, културни, информативни, спортски настани и манифестации, потоа забрана за работа на угостителските објекти, кафетерии, барови, ресторани, клубови, казина, спортски обложувалници, собирање во група на повеќе од пет лица, во паркови и на други јавни места и јавни површини.

Исто така, со одлука на Владата затворени се сите копнени гранични премини за проток на патници и возила кон соседните земји освен за влез и транзит на товарни возила, претставници од дипломатскиот кор во Република Северна Македонија, како и за други лица за кои Министерството за внатрешни работи ќе даде дозвола по претходно мислење од Главниот координативен кризен штаб. Затворени се и аеродромите, освен Меѓународниот аеродром - Скопје, каде се дозволени летови за државни, воени, хуманитарни, болнички, карго и летови без патници со претходна најава до аеродромскиот оператор ТАВ Македонија.

Од страна на Владата донесена е и мерка за спроведување задолжителен државен карантин во период од најмалку 15 дена од денот на пристигнувањето во Република Северна Македонија за сите државјани на Република Северна Македонија затекнати во странство кои ќе бидат вратени во државата со хуманитарни летови.

Сите наведени мерки беа приспособени според моменталната

состојба и развојот на болеста во државата, па во текот на вонредната состојба забележано е олабавување на мерките, но и повторно затворање на одредени економски оператори, а забраните и ограничувањата за движење на граѓаните беа донесувани и во зависност од интензитетот на очекуваното движење.

Во насока на управување со состојбите и менаџирање на стратешко ниво, Владата донесе повеќе одлуки чие спроведување е во делот на надлежности на Министерството за внатрешни работи и истите се објавени во „Службен весник на Република Северна Македонија", во периодот од 13 април до 12 мај 2020 година. По истекот на претходно прогласената вонредна состојба, на 16 април 2020 година, од страна на претседателот на Република Северна Македонија, донесена е нова одлука за прогласување на вонредна состојба на територијата на Република Северна Македонија за период во траење од 30 дена.

**Со одлуките на Владата на РСМ за забрана на работа** на угостителските објекти, кафетерии, барови, ресторани, клубови, казина и спортски обложувалници, од страна на полицијата во координација со Државната пазарна инспекција, во периодот од 13 април до 12 мај 2020 година извршени се 6.233 контроли со Државната пазарна инспекција, при што е констатирано дека девет угостителски објекти не ги почитувале мерките (по два на подрачјето на СВР Тетово, СВР Скопје, СВР Штип и СВР Охрид и еден на подрачјето на СВР Струмица).

**Со одлуките на Владата на РСМ за забрана на движење** констатирано е дека мерката не ја почитувале вкупно 1.773 лица, од нив приведени или лишени од слобода се 1.299 лица, опоменати се 36 лица, а во останатите случаи, обезбедени се податоци на лицата и следуваат дополнителни мерки.

**Со одлуката на Владата на РСМ за самоизолација,** која се однесува за лица вратени од странски земји, изјави за самоизолација им се издадени на 1.936 лица, а во самоизолација се вкупно 821 лице. Извршени се 31.829 контроли на лица во самоизолација, при што е утврдено дека 27 лица не ги почитувале изјавите. Издадени се вкупно 2.808 решенија за изолација, а моментално во изолација се вкупно 699 лица. Досега се извршени 21.013 контроли на лицата во изолација, а од нив само осум не ги почитувале решенијата.

**Со одлуката на Владата на РСМ за задолжителен државен карантин** од странски земји се вратени вкупно 1.433 лица и сместени во објекти наменети за државен карантин. Во 17 објекти за државен карантини моментално се сместени 454 лица.

## Уредување на уредби со законска сила кои се однесуваат на постапувањето на надлежностите на Министерството, одлуки и упатства

Во првиот месец од воведувањето на вонредната состојба, по предлог на Министерството за внатрешни работи донесени се шест уредби со законска сила за времетраење на вонредната состојба кои се однесуваат на забрана за одржување на јавни собири на територијата на Република Северна Македонија (Закон за јавни собири), потоа продолжување на важноста на личните карти и патните исправи чиј рок е истечен (Закон за лична карта и Закон за патни исправи), можност за странец кој краткорочно престојува на наша територија со или без виза, да остане на територијата и по истекот на краткорочниот престој, а се продолжува важноста на дозволите за привремен и постојан престој чиј рок на важење е истечен (Закон за странци). Потоа, утврдено е траењето на приправничкиот стаж на полицаец приправник во траење од пет месеци за оние кои имаат склучено договор за вработување во Министерството на 1 ноември 2019 година и за останатите вработени во Министерството со статус приправник (Закон за внатрешни работи), додека во делот на сообраќајот, обуките за возачки испит се одложуваат, а продолжува важноста на возачката дозвола чиј рок е истечен и документите утврдени за спроведување на обуките во автошколите (Закон за безбедност на сообраќајот на патиштата).

Покрај ова, министерот за внатрешни работи донесе Упатство за начинот на постапување на припадниците на Армијата на Република Северна Македонија при употреба на огнено оружје, а направени се измени во Упатството за начинот на постапување на организациските единици на Министерството надлежни за спроведување на постапка по поднесено барање за издавање на возачка дозвола и возачка книшка и Упатство за начинот за спроведување на постапката за издавање на лична карта со која се предвидува можност за МВР, возачката дозвола, возачката книшка и личната карта да ги доставува на адреса на живеење на граѓанинот.

## Воведување на телефонска линија и електронска адреса за потребите на граѓаните

За потребите на граѓаните, Министерството за внатрешни работи стави во функција телефонска линија на македонски и албански јазик, како и електронска адреса каде граѓаните добиваат соодветна информација во однос на функционирањето на услугите и сервисите на

Министерството, за правото на движење додека трае мерката за ограничено движење, пријавување на лица кои треба да бидат во изолација и самоизолација, поплаки за нејавувања на телефонските броеви од други институции, издавање дозволи за движење итн. Од воспоставување на телефонската линија и електронската адреса на 12 март 2020 година до 11 април 2020 година, регистрирани се 2094 јавувања и 189 прашања. Во периодот од 12 април 2020 до 12 мај 2020 година регистрирани се вкупно 420 јавувања и 20 прашања. Ова значи дека јавувањата и електронските прашања во вториот месец од прогласувањето на вонредната состојба бележат значително намалување.

***Табела број 1. Телефонски повици и поставени прашања на воспоставената линија и електронска-адреса во МВР***

| Период | Телефонски јавувања | Прашања поставени на електронска адреса |
|---|---|---|
| 12.3.2020 – 11.4.2020 | 2094 | 189 |
| 12.4.2020 – 12.5.2020 | 420 | 20 |
| **Вкупно:** | **2514** | **219** |

Извор: Министерство за внатрешни работи.

## Заштита на вработените - набавки и донации на заштитни средства и опрема

За заштита на здравјето и животот на полициските службеници преземени се низа мерки и активности за обезбедување со заштитни средства (маски, ракавици), опрема (скафандери, заштитни очила, топломери) и средства за дезинфекција (гел за раце, антибактериски сапуни, ECOSAL FORTE, Dezintal 0,2 %, Dezintal 5 % , medical gel и др.).

Дел од опремата е обезбедена со тековни договори на Министерството за внатрешни работи, а дел од нив се доделени како донации од страна на Министерството за здравство, Кинеската амбасада, амбасадите на Република Словенија, Унгарија, Мисијата на ОБСЕ во Скопје и други. Со цел обезбедување на соодветна заштита подготвено е Упатство за начинот на однесување на вработените во Министерството во услови на вонредна состојба предизвикана од појавата на Ковид-19 и препораки со цел спречување и ширење на коронавирусот, во кое соодветно е пропишано нивото на опрема и заштита кои ќе треба полициските службеници да ги имаат во зависност на типот и видот на работните задачи што ги извршуваат.



На 10 април 2020 година, во функција беа ставени и три телефонски линии на кои стручни лица - психолози, вработени во Министерството ќе им бидат на располагање за разговор и психолошка поддршка на полициските службеници и нивните семејства во насока на заштита на менталното здравје, а со цел справување со состојбата со вирусот.

## Преземени мерки на Министерството

Со одлуките на Владата **за забрана на работа** на угостителските објекти, кафетерии, барови, ресторани, клубови, казина и спортски обложувалници, од страна на полицијата во координација со Државната пазарна инспекција извршени се 6.062 контроли , при што е констатирано дека 72 угостителски објекта не ги почитуваат мерките (на подрачје на СВР Тетово - 31 објект, СВР Скопје - 22, СВР Охрид -11, СВР Струмица - 5, СВР Битола - 2 и СВР Куманово-1 објект).

**Што се однесува до забраната на движење,** констатирано е дека мерката не ја почитувале вкупно 2.191 лице, од нив приведени или лишени од слобода се 1.214 лица, опоменати се 345 лица, а во останатите случаи, обезбедени се податоци на лицата и следуваат дополнителни мерки.

***Графикон број 1. Непочитување на мерката за забрана на движење во периодот 23.3.2020 - 12.4.2020 година***







Извор: Министерство за внатрешни работи, Биро за јавна безбедност, Оддел за криминалистичко разузнавање и анализа, 19.5.2020 година.

Од табелата бр. 2 може да се забележи дека најголемо непочитување на мерките за забрана за движење се забележува во првите шест дена по воведувањето на мерката, што е и разбирливо имајќи предвид дека граѓаните сè уште не беа доволно информирани или навикнати на забраните и ограничувањата. Потоа, во втората и третата недела од спроведувањето на мерката се бележи значителен пад на констатираните прекршувања на мерките. Овој тренд на намалување продолжи да се забележува и во вториот и третиот месец од воведената вонредна состојба.

***Табела број 2. Издадени решенија за изолација и потпишани изјави за самоизолација и непочитување на истите во периодот 23.3.2020 - 12.5.2020 година***

| Период | Изолација | Изјави за самоизолација | Спроведени контроли | Констатирани прекршувања |
|---|---|---|---|---|
| 23.3-12.4/2020 | 2133 | 7670 | 62305 | 145 |
| 13.4-12.5/2020 | 1397 | 2692 | 21200 | 10 |

Извор: Министерство за внатрешни работи, Биро за јавна безбедност, Оддел за криминалистичко разузнавање и анализа, 11.5.2020 година.

Во периодот од 23 март 2020 до 12 април 2020 година **изјави за самоизолација** им се издадени на 7.670 лица, а во самоизолација биле вкупно 2.133 лица. Извршени се 62.305 контроли на овие лица, а утврдено е дека 145 од нив не ги почитувале изјавите. Во периодот од 13 април 2020 до 12 мај 2020 година издадени се вкупно 2.692 решенија за изолација, а во изолација биле вкупно 1.397 лица. Досега, се извршени 21.200 контроли на лицата во изолација, а од нив само 10 не ги почитувале решенијата.

И во однос на лицата на кои им се издадени решенија за изолација и кои потпишале изјави за самоизолација, се бележи значително намалување во периодот 13 април – 12 мај 2020 година во однос на периодот 23 март – 12 април 2020 година и тоа за речиси три пати. Во првите неколку денови по воведувањето на вонредната состојба беа реализирани голем број авионски летови од Европа кон Меѓународниот аеродром Скопје со кои преку хуманитарни летови беа вратени дома наши државјани кои беа затекнати низ Европа и светот. Најчесто станувaше збор за студенти кои студираат на Универзитетите во Европа или работници на привремена работа во странство. Покрај со хуманитарни летови, голем број граѓани се вратија во државата и преку копнените гранични премини. За сите нив во тоа време важеше обврската за двонеделен државен карантин, а во некој период и обврска за задолжителна самоизолација во своите домови.

Во однос на мерката за спроведување задолжителен државен карантин во период од најмалку 15 дена од денот на пристигнувањето во Република Северна Македонија, од странски земји вратени се вкупно околу 3.000 лица и сместени во објекти наменети за државен карантин. Дополнително на оваа бројка треба да се додаде и бројката на околу 800 македонски државјани кои беа сместени во државен карантин во периодот од 12 мај 2020 година, па сè до донесувањето одлука за престанок на задолжителниот државен карантин и потпишувањето Изјава за самоизолација.

## Полициски час

Директно поврзано со мерките за заштита на здравјето на граѓаните е и воведувањето на полицискиот час, кој го ограничи движењето, за различни категории граѓани во различен период од денот, но на целата територија на државата. Како реална потреба и пред се на предлог на надлежните во Министерството за здравство, воведен е полициски час, за првпат на целата територија на државата. Полицискиот час е мерка која во овој кризен период може многу да придонесе да се почитуваат одлуките на Владата за заштита на животот и здравјето на граѓаните. Веднаш по воведувањето на вонредната состојба, можеше лесно да се увиди дека препораките не се почитуваат, некаде дури и со сериозни прекршувања. Укажувањата граѓаните да останат дома, да не се групираат, да не патуваат надвор од државата, задолжително да се пријавуваат на влез во државата, да се самоизолираат, останаа само делумно почитувани.

Сепак, бидејќи станува збор за особено чувствително ограничување на слободно движење на граѓаните, потребно е малку повеќе да биде елабориран полицискиот час, онака како што е воведен во Република Северна Македонија и причината заради која се воведува. Иако се нарекува полициски час, тоа не значи дека Министерството за внатрешни работи и полицијата имаат доминантна улога во државата, ниту, пак, дека полициските структури раководат со тековите во општеството. Напротив, со воведувањето на полицискиот час се ставаат во функција капацитетите на повеќе државни органи заради заштита на здравјето на граѓаните.

Во теоријата полицискиот час е застапен многу малку, бидејќи станува збор за исклучително ретки ситуации кои се строго регулирани и пропишани само во највисоките правни акти во секоја држава или, пак, воопшто не се пропишани, туку се воведуваат во крајно неопходни ситуации. Полицискиот час воведен во Република Северна Македонија јасно беше предвиден за заштита на здравјето на населението. Слично

постапија и многу земји во Европа, како и речиси во целиот свет. Некои од земјите кои во почетокот на пандемијата успеаја да ја одржат на подносливо ниво состојбата со болеста и без воведување на полициски час, односно ограничување на движењето на граѓаните, се соочија со оваа потреба во есенскиот бран, како, на пример, Словенија.

Полицискиот час најчесто го воведува Владата со цел ограничување на слободното движење на граѓаните и забрана за задржување на јавни места. Во практиката, таму каде што е применета оваа мерка, најчесто била насочена кон заштита на безбедноста на граѓаните и минимизирање на можните последици од немирите или судирите меѓу граѓаните. Со воведувањето на полицискиот час, Владата гарантира дека забраната за движење ќе се почитува, а секој кој нема да се придржува кон забраната за движење или ограничувањето на собирање ќе биде приведен и казнет.

Практиката покажа дека полицискиот час се воведува ,главно, во ноќните часови, откако ќе завршат дневните рутински активности поврзани со работата, образованието и социјалните потреби на граѓаните. Ноќно време уличниот надзор е покомплициран и полициските службеници би имале тешкотии навремено да одговорат на сите потреби за зачувување на безбедноста, одржување на јавниот ред и мир, како и заштита на имотот на граѓаните.

Најчесто се забележани примери кога полицискиот час е воведен од „зајдисонце до изгрејсонце“. Токму во тој временски период од денот, во 80-тите година од XX век во Перу бил воведен полициски час заради заштита на населението од терористички напади и заради полесно справување со терористичките групи. По воведувањето на ограничувањето на движењето, полицијата имала доволно простор да дејствува и да ги разбие терористичките групи без да предизвика непотребни последици по недолжното население. Полицискиот час траел 27 дена, што се покажало сосема доволно да се смири состојбата и да се тргнат од улиците сите припадници на криминалите групи.

Во 2010 година, по разорниот земјотрес кој го погоди Чиле, бил воведен полициски час со цел да се спречат грабежите во настраданите подрачја, каде редовната контрола не била можна или била многу отежната. Ова е особено карактеристичен пример кога Владата вовела полициски час од 18:00 часот, па сè до 12:00 часот наредниот ден, односно вкупно 18 часа на ден. Оваа мерка се покажала како исклучително позитивна, затоа што полицијата за релативно кратко време успеала да воспостави контрола врз криминалитетот и да го заштити имотот и животот на граѓаните.

Во Кенија, во 2015 година, бил воведен полициски час по извршени повеќе терористички напади врз Кениската полиција, а од

страна на терористичката група Ал Шабаб. Полицискиот час бил воведен на голем дел од територијата на земјата (не во цела држава), со цел на сите места на кои се очекувало присуство и понатамошни активности на оваа терористичка група да се заштитат полициските службеници во редовното вршење на полициските работи и да се заштити недолжното население. По ова, полицијата извршила повеќе акции со цел разбивање на групата и воспоставување на мир во државата. Одредени активности биле преземани и во местата каде не бил воведен полициски час, а компаративните искуства покажале дека полицијата дејствувала многу поенергично и со поголем успех во местата каде движењето на граѓаните било забрането или во голема мера било ограничено.

Познати се и примери каде полицискиот час е воведуван само на локално ниво, па така, во Келн, Сојузна Република Германија, во 2014 година, една од локалните самоуправи во градот донела одлука за воведување полициски час за малолетни лица во периодот од 20:00 до 06:00 часот наредниот ден. Причината за воведувањето е во фактот што загрижувачки голем број на малолетници се задржувале до доцна во ноќта, се доведувале во алкохолизирана состојба или под влијание на дроги и други прекурзори, па потоа го нарушувале јавниот ред и мир, предизвикувале штета на имотот на државните и приватните објекти. Добар дел од тие малолетници воопшто не биле од локалната самоуправа каде се случувале овие немири, туку од поширокото подрачје на Келн, па дури и од други градови. Одлуката за воведување на забраната за движење на малолетните лица се покажала како особено корисна, бидејќи за помалку од две недели состојбата била вратена под контрола, лицата кои биле затечени во непочитување на забраната за движење биле санкционирани и состојбата повторно била вратена под контрола.

Во Република Северна Македонија, а во насока на заштитата на здравјето на граѓаните, полициски час за прв пат беше воведен на 22 март 2020 година (недела). Со Одлука на Владата се забрани движење на населението на целата територија на државата во периодот од 21:00 до 06:00 часот наредниот ден.

Со цел спречување на понатамошно ширење на вирусот на територијата на целата држава, Владата на Република Северна Македонија одлучи (https://vlada.mk/node/20641, пристапено на 21 април 2020 година):

1. Да се забрани движење на населението во Република Северна Македонија во временски период од 21:00 до 06:00 часот, а со цел спречување на ширење на заразната болест Ковид-19 и заштита на населението во Република Северна Македонија.

• Од оваа забрана се исклучуваат лица кои имаат потреба од итна медицинска помош/животнозагрозувачка состојба/лица на дијализа, исклучително во придружба на најмногу две лица.

• Доколку поради итноста на здравствената состојба возилото биде запрено од полициска контрола, дополнително ќе се евидентира и ќе се провери оправданоста на излегувањето и превозот до здравствената институција, преку приложување на медицинска документација по завршување на медицинскиот преглед. Ова е усогласен став со Министерството за внатрешни работи и е оперативно изводливо.

• Директорите на јавните здравствени установи ќе подготват список на вработени лица за кои се предвидува дека ќе имаат неопходна потреба за движење вон лимитираното време и ќе го дистрибуираат до Министерството за внатрешни работи или друго министерство/установа, со цел подготвување на специјални пропусници/легитимации за лицата кои ќе можат да се движат вон рестриктивните часови. Со тоа Министерството за внатрешни работи да има комплетен увид за временскиот период кога овие лица ќе се движат.

•Во контекст на постојните рестрикции за движење не се опфатени припадниците на Министерството за внатрешни работи, Армијата на Република Северна Македонија, противпожарните екипи и лицата вработени во комунална хигиена, кои во моментот се на работа во смена.

• Да се ограничи бројот на дежурните аптеки на територијата на градовите и да се назначат од Министерството за здравство или Агенцијата за лекови - МАЛМЕД или Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија одреден број на аптеки, кои ќе дежураат во рестриктивниот период, а во исто време да бидат локациски поврзани со дежурните здравствени институции. Пристапот до дежурните аптеки ќе се ограничи само на лица кои извршиле медицински преглед во здравствена установа, а како доказ за тоа ќе приложат медицински извештај од извршениот преглед.

• Да се задолжат такси-компаниите да воведат дежурства со ограничен број на возила и истите да бидат искористени исклучително за превоз кон/од болничка установа или аптека. Таксистите задолжително да користат лична заштитна опрема во возилото (заштитна маска и ракавици).

2. Се забранува движење на возила од јавен превоз од 21:00 до 06:00 часот.

3. Дежурни екипи на ЕВН, Водовод и канализација, Телекомуникациски служби и Топлификација смеат да се движат само по претходна најава на бројот 192 (на службите на Министерството за внатрешни работи).

4. Да се организира меѓуградскиот и јавниот превоз со ограничување на капацитетот за превоз на патници за 50 % во возилото, или со задолжително одржување на растојание од најмалку два метра меѓу патниците.

5. Се забранува собирање на населението во групи поголеми од 5 (пет) лица во период од 06:00 до 21:00 часот на јавни места и површини.

6. Директорите/управителите на погони/фабрики на сите институции се задолжуваат да го приспособат своето работно време и производството во согласност со забраната за движење во предвидениот период.

7. Во трговските објекти, аптеки и јавни установи кои даваат услуги за населението каде плаќањето и работата се одвива на каси или шалтери, да се ограничи присуството на граѓаните во согласност со бројот на каси, односно шалтери (колку каси/шалтери толку граѓани во исто време), односно врз основа на големината на објектот. Времетраењето на задржување во овие објекти го ограничуваат и одредуваат менаџерите на објектите.

По донесувањето на наведената Одлука, беше забрането движењето на граѓаните и за првпат во поновата македонска историја се воведе полициски час на целата територија на државата. Се разбира, основната цел беше заштита на здравјето на граѓаните, а воведената мерка беше на предлог на Комисијата за заштита од заразни болести, кои проценија дека пандемијата зема сериозен замав и мора да се преземе оваа „радикална“ мерка за да се намалат последиците по здравјето на граѓаните. Од друга страна, пак, мерката подразбираше загрозување на економијата и на финансискиот сектор во државата, забраната за работа на одредени економски оператори подразбираше финансиска нестабилност, губење на работни места, помалку приходи во буџетот. Затоа, во наредните неколку денови и недели беа воведени дополнителни појаснувања (ограничувања или ослободувања), за начинот на кој ќе се применуваат.

Веднаш се увиде дека голем број луѓе имаат работни обврски од рано наутро, па за да не се предизвикуваат непотребни компликации, веќе наредниот ден Владата ја промени одлуката и полицискиот час беше воведен од 21:00 до 05:00 часот наредниот ден.

Дополнителни мерки беа воведени за младите до 18 години и постарите од 67 години. Се забрани движењето на младите до 18 години од 21:00 до 12:00 часот, а на постарите од 67 години од 11:00 до 05:00 часот следниот ден. Тоа значи дека младите до 18 години ќе можат да се движат од 12:00 напладне до 21:00 часот, а возрасните над 67 години од 05:00 до 11:00 часот претпладне.

Сериозноста на мерките се огледа во податокот дека се прави сѐ за да се намали можноста за контакт помеѓу различните ризични категории, особено помеѓу малолетните лица како преносители и лицата постари од 67 години како најризична категорија. Непочитувањето на ограничувањето на движењето, значи сериозна одговорност за прекршителите и полицијата, на почетокот на пандемијата покажуваше соодветен одговор. Армијата беше вклучена и презема дел од надлежностите на полицијата, особено во обезбедувањето на „зелената линија" на државната граница и обезбедувањето на објектите од витално значење.

Сепак, првите неколку денови по воведувањето на полицискиот час, беа забележани бројни непочитувања, па дури и ситуации во кои полициските службеници требаше да преземаат и други полициски овластувања за да го регулираат почитувањето на забраната за движење.

За цело време на траењето на вонредната состојба и особено за време на полицискиот час, добро се регулираше движењето на лицата кои имаат професионални и работни обврски во времето додека трае забраната за движење и не се забележани поголеми проблеми или отстапувања. Дозволите за движење на државните и јавни службеници ги издаваат одговорните власти, а за вработените во реалниот сектор, работодавачот, за што се воспостави постојана комуникација со Министерството за внатрешни работи.

Општ е впечатокот дека оваа мерка наиде на одобрување кај граѓаните, некои дури и бараа заострување на ограничувањето на движење. Сепак, прашањето на намалување на бројот на прекршители, односно граѓани кои не ги почитуваат одлуките на Владата, е во директна корелација со заштитата на здравјето, но со помагање на системот полесно да функционира и да овозможи поквалитетни услуги во овој тежок период.

Во рамките на интензивните мерки што Министерството ги презеде во врска со состојбите и во согласност со одлуките на Владата на Република Северна Македонија, беа поднесени бројни кривични пријави против сторителите на кривичните дела од главата на Кривични дела против здравјето на луѓето. Полициските службеници преземаа мерки против сторителите на кривичните дела од членовите 205 и 206 од Кривичниот законик, и тоа:

**Пренесување заразна болест**

Член 205

(1) Тој што со кршење на прописи или наредби со кои надлежен орган определува прегледи, дезинфекција, издвојување на болни или некои други мерки за сузбивање или спречување на заразни

болести кај луѓето или со вработување или држење на лице кое боледува од заразна болест со вршење на полово дејствие или на друг начин, предизвика пренесување на заразна болест, ќе се казни со парична казна или со затвор до три година.

(2) Со казната од став 1 ќе се казни и тој што не постапува според прописите или наредбите од став 1 во поглед на сузбивањето или спречувањето на заразните болести кај животни кои можат да се пренесат на луѓето и со тоа предизвикува пренесување на заразна болест.

(3) Ако како последица од делото од став 1 е пренесена неизлечива заразна болест, сторителот ќе се казни со затвор од една до десет години.

(4) Обидот од делото од став 1 на овој член за пренесување на неизлечлива заразна болест е казнив.

(5) Тој што ќе ја загрози сигурноста на друг со лажна закана за пренесување или со ширење на невистинити тврдења за постоење на неизлечива заразна болест ќе се казни со парична казна или затвор до шест месеци.

(6) Тој што делото од ставовите 1 и 2 ќе го стори од небрежност, ќе се казни со парична казна или со затвор до шест месеци.

(7) Ако делото од овој член го стори правно лице, ќе се казни со парична казна.

**Непостапување според здравствените прописи за време на епидемија**

Член 206

(1) Тој што за време на епидемија на некоја опасна заразна болест не постапи според прописите или наредбите со кои се определуваат мерки за нејзиното сузбивање или спречување, ќе се казни со парична казна или со затвор до една година.

(2) Ако делото од овој член го стори правно лице, ќе се казни со парична казна.

Овие кривични дела во тоа време беа единствените правни можности за санкционирање на сторители на кривични дела кои не го почитуваа полицискиот час, односно забраните кои ги утврдуваше Владата за заштита на јавното здравје, како и за лицата кои со своето несовесно и неодговорно однесување ја пренесуваа заразната болест кај други лица. Министерството за внатрешни работи секојдневно преземаше бројни активности за да ги пронајде и фати сторителите на овие кривични дела, реагираше брзо и одговорно на прекршувањата и не дозволи масовно кршење на одредбите од Кривичниот законик.

Во продолжение ја претставуваме статистиката која МВР ја водеше по однос на поднесени кривични пријави по членовите 205 и 206

од Кривичниот законик.

***Табела број 3. Поднесени кривични пријави по членовите 205 и 206 од Кривичниот законик по сектори за внатрешни работи за периодот 12.3.2020 – 12.4.2020 година,***

| СВР | кривични пријави | член 205 | член 206 | сторители |
|---|---|---|---|---|
| СВР БИТОЛА | 89 | 16 | 73 | 93 |
| СВР ВЕЛЕС | 109 | 21 | 88 | 116 |
| СВР КУМАНОВО | 78 | 14 | 64 | 86 |
| СВР ОХРИД | 101 | 14 | 87 | 114 |
| СВР СКОПЈЕ | 276 | 62 | 214 | 298 |
| СВР СТРУМИЦА | 142 | 16 | 126 | 155 |
| СВР ТЕТОВО | 109 | 19 | 90 | 129 |
| СВР ШТИП | 140 | 20 | 120 | 158 |
| **Вкупно** | **1.034** | **182** | **852** | **1.149** |

Извор: Министерство за внатрешни работи, Биро за јавна безбедност, Оддел за криминалистичко разузнавање и анализа.

***Табела број 4. Поднесени кривични пријави по членовите 205 и 206 од Кривичниот законик по сектори за внатрешни работи за периодот 13.4.2020 - 12.5.2020 година***

| СВР | кривични пријави | член 205 | член 206 | сторители |
|---|---|---|---|---|
| СВР БИТОЛА | 91 | 9 | 82 | 83 |
| СВР ВЕЛЕС | 98 | 10 | 88 | 106 |
| СВР КУМАНОВО | 81 | 11 | 70 | 82 |
| СВР ОХРИД | 101 | 9 | 92 | 105 |
| СВР СКОПЈЕ | 214 | 32 | 182 | 221 |
| СВР СТРУМИЦА | 139 | 12 | 127 | 139 |
| СВР ТЕТОВО | 91 | 6 | 85 | 93 |
| СВР ШТИП | 137 | 16 | 121 | 142 |
| **Вкупно:** | **952** | **105** | **852** | **971** |

Извор: Министерство за внатрешни работи, Биро за јавна безбедност, Оддел за криминалистичко разузнавање и анализа.

***Табела број 5. Поднесени кривични пријави по членовите 205 и 206 од Кривичниот законик по сектори за внатрешни работи за периодот 13.5.2020 - 12.6.2020 година***

| СВР | кривични пријави | чл 205 | чл 206 | сторители |
|---|---|---|---|---|
| СВР БИТОЛА | 69 | 2 | 67 | 70 |
| СВР ВЕЛЕС | 78 | 7 | 71 | 79 |
| СВР КУМАНОВО | 71 | 4 | 67 | 75 |
| СВР ОХРИД | 116 | 5 | 111 | 118 |
| СВР СКОПЈЕ | 254 | 17 | 215 | 255 |
| СВР СТРУМИЦА | 121 | 5 | 116 | 121 |
| СВР ТЕТОВО | 72 | 2 | 70 | 76 |
| СВР ШТИП | 128 | 9 | 119 | 131 |
| **Вкупно:** | **909** | **57** | **846** | **925** |

Извор: Министерство за внатрешни работи, Биро за јавна безбедност, Оддел за криминалистичко разузнавање и анализа.

***Табела број 6. Поднесени кривични пријави по членовите 205 и 206 од Кривичниот законик по сектори за внатрешни работи за периодот 13.6.2020 - 22.6.2020 година***

| **СВР** | **кривични пријави** | **чл 205** | **чл 206** | **сторители** |
|---|---|---|---|---|
| СВР БИТОЛА | 12 | 4 | 8 | 19 |
| СВР ВЕЛЕС | 16 | 1 | 15 | 16 |
| СВР КУМАНОВО | 11 | 1 | 10 | 12 |
| СВР ОХРИД | 22 | 2 | 20 | 21 |
| СВР СКОПЈЕ | 31 | 2 | 29 | 31 |
| СВР СТРУМИЦА | 40 | 18 | 22 | 46 |
| СВР ТЕТОВО | 3 | 1 | 2 | 3 |
| СВР ШТИП | 33 | 2 | 31 | 33 |
| **Вкупно:** | **168** | **31** | **137** | **181** |

Извор: Министерство за внатрешни работи, Биро за јавна безбедност, Оддел за криминалистичко разузнавање и анализа.

Анализирајќи го периодот од 12 март до 22 јуни 2020 година, кога во Република Северна Македонија беше на сила вонредната состојба и се применуваа посебните мерки за заштита на населението од пандемијата со коронавирусот, можеме да констатираме дека Министерството за внатрешни работи секојдневно преземаше зајакнати мерки за контрола на забраната на движење и на почитувањето на изолацијата и потпишаните изјави за самоизолација од граѓаните. Во одреден период за време на вонредната состојба, за безбедноста и обезбедувањето на објектите во кои без сместувани лица во државен карантин, покрај полицијата се грижеше и Армијата на Република Северна Македонија. Сепак, најголемиот товар за спроведување на одлуките на Владата и другите надлежни органи, поврзано со полицискиот час, беше на полицијата.

Од презентираните податоци може да се забележи дека на почетокот од прогласувањето на вонредната состојба најголем број на сторени кривични дела има по членовите 205 и 206 од Кривичниот законик, но тој тренд малку или незначително се менува во наредните два месеца, за во последните десет дена пред укинувањето на вонредната состојба, да забележи позначителен пад. Тоа значи дека речиси за целото времетраење на вонредната состојба, граѓаните во слична мера не ги почитуваа прописите за заштита на населението.

Вкупниот број на поднесени кривични пријави поврзани со кривичните дела по членовите 205 и 206 од Кривичниот законик изнесува 3.063, од кои по членот 205 се поднесени 275, а по член 206 се поднесени 2.688 кривични пријави. Вкупно 3.226 лица се процесуирани пред надлежен јавен обвинител за понатамошна постапка.

Како што се развиваа настаните со болеста, така се менуваа и приспособуваа потребите за ограничување на движењето на граѓаните. Полицискиот час беше воведуван во зависност од епидемиолошката

состојба, но секогаш според препораките на здравствените власти, односно на Комисијата за заразни болести при Министерството за здравство. Хронолошки, во периодот од 22 март до 22 јуни 2020 година полицискиот час беше воведуван на следниот начин:

1. **22 март 2020 година** – забрана за движење на целата територија во државата во периодот од 21:00 до 06:00 часот.[4] Во овој период производствените погони и фабрики го продолжуваа своето производство организирано во смени за време и на полицискиот час, а работниците во време на забраната се движеа со посебни дозволи за вршење на сменска и ноќна работа. Оваа одлука беше донесена на Координативниот кризен штаб на Владата на Република Северна Македонија. Притоа е усвоена и содржината на дозволата и истата се задолжуваат да ја издаваат одговорните лица на компанијата. Во дозволата се наведуваат основните податоци за работникот, адресата на живеење, работното место и смената во којашто е ангажиран работникот. За валидност на дозволата се пополнува и називот на компанијата во којашто лицето работи, а треба да го содржи и меморандумот на компанијата како и потпис и печат од одговорното лице во компанијата. Овој документ е потврда за движењето на работникот во услови на полициски час и истата ќе треба да се приложи на увид до органите на државата. Дозволата за движење ќе важи исклучително за лицето на чиешто име е издадена. Препораките за организирање на работниот процес се следните:

- ✓ Во погоните каде непосредно се врши производниот процес да се лимитира бројот на вработени до таа мера работниците да бидат на растојание од 1,5 до 2 метра.
- ✓ Во самиот погон задолжително да се обезбеди средство за дезинфекција на рацете и работните површини.
- ✓ За време на работното време од страна на вработените да се почитуваат општите препорачани мерки за повисоко ниво на лична и општа хигиена (зачестено миење на рацете и дезинфекција со употреба на дезинфекциски средства на база на алкохол).
- ✓ Да се врши почесто проветрување на работните простории, односно повеќе пати во текот на денот и доколку е можно тоа (преку природна и вештачка вентилација).
- ✓ Еднаш неделно да се врши дезинфекција на сите работни простории, особено во погоните од овластена служба за тоа.

---

[4] Одлука на Владата на Република Северна Македонија од 21 март 2020 година број 44-2416/1.

- ✓ Во случај на непосреден контакт со позитивен лабораториски потврден случај на Ковид-19 (со или без симптоми), лицето веднаш да се изолира и да се пријави до надлежен Центар за јавно здравје.
- ✓ Во текот на работниот процес да се избегнува меѓусебен контакт на вработените лица од погоните , а особено со административните службеници.
- ✓ Во случај на потреба од административна работа, потпишувањето на хартиени документи да се спроведува исклучително преку едно одредено лице кое носи лична заштитна опрема на себе (заштитна маска и ракавици).
- ✓ Лицата задолжени за обезбедување на објектот, исто така, да носат лична заштитна опрема.
- ✓ Возачите, кои дистрибуираат готови производи, репроматеријали, хартиени документи, исто така, да носат лична заштитна опрема.
- ✓ Да не се одржуваат состаноци/колегиуми и истите да се спроведуваат по телефон или преку е-пошта.

Полицискиот час продолжи да се спроведува секој работен ден од 21:00 до 05:00 часот наредниот ден, а во сабота и недела истиот беше со важење од 16 часот до 5 часот наредниот ден. Во одредени периоди истиот беше воведуван секој ден во периодот од 16:00 до 5:00 часот наредниот ден, а потоа, во зависност од процената на Комисијата за заразни болести, беше приспособуван според потребите на епидемиолошката состојба. Па така, во периодот од воведувањето на полицискиот час тој се спроведуваше во различен временски период, имаше ситуации да трае од 21:00 до 05:00 часот наредниот ден, потоа од 19:00 часот до 05:00 часот наредниот ден, па од 16:00 до 05:00 часот наредниот ден. Покарактеристичните и подолги забрани за движење се наведени подолу. Претходно споменавме дека Владата донесе одлука да ги раздвои старосните групи кои се во најголем ризик од корона вирусот на начин што на лицата постари од 67 години (ризична група) им овозможи движење само во периодот од 05:00 до 11:00 часот секој ден, а на лицата помлади од 18 години (најголеми преносители на вирусот) им дозволи движење само во периодот од 12:00 до 15:00 часот. Уставниот суд по поведена постапка на 14 мај 2020 година одлучи да поведе постапка за оцена на уставноста на оваа забрана, со што автоматски ја укина истата. Од Уставниот суд укажаа дека не е спорен полицискиот час, туку ограничувањата според возрасната категорија. Ова значи дека со поведувањето постапка од Уставниот суд, прекина важноста на владината уредба за ограничено движење на младите и највозрасните. Па

така од Судот посочија дека и за оние под 18 и за оние над 67 години ќе важи полицискиот час како и за сите останати граѓани или во моменталното ограничување од 19:00 навечер до 05:00 часот наутро.

**Од 17 април 2020 година во 16:00 часот до 21 април 2020 година во 05:00 часот**, забрана за движење на сите граѓани на целата територија (Велигден).

Од 1 мај 2020 година во 14:00 часот до 3 мај 2020 година во 05:00 часот - забрана за движење на сите граѓани на целата територија (првомајски празници); –

**Од 23 мај 2020 година во 19:00 до 26 мај 2020 година до 05:00 часот,** забрана за движење на сите граѓани на целата територија (државниот празник Свети Кирил и Методиј).

Во овој период важеше целосно затворање со општа забрана за движење, освен за лицата кои имаа дозвола за тоа, како и за сопствениците на миленици во периодот од 08:00 до 08:30, од 15:00 до 15:30 и од 20:00 до 20:30 часот, но на оддалеченост не поголема од 200 метри од својот дом.

Полицискиот час кој, во најголемиот дел од изминатите два месеца, траеше од 19:00 до 05:00 часот, престана да важи од среда, 27 мај 2020 година. Одлуката за престанок на важноста на полицискиот час ја донесе Владата на препорака на Комисијата за заразни болести. Полицискиот час беше воведен на 22 март годинава заради заштита на здравјето на граѓаните, на економскиот систем и на државата. Речиси два месеца или 66 дена подоцна, состојбата со епидемијата беше под контрола, а бројот на активни случаи стабилен. Од тие причини, повеќе немаше потреба да се ограничува движењето на граѓаните.

По завршувањето на полицискиот час, имаше нов предлог од Комисијата за заразни болести, да се воведе полициски час во периодот од 22:00 до 05:00 часот наредниот ден, почнувајќи од 9 јуни 2020 година, но Владата процени дека за такво нешто нема потреба и не дозволи повторно ограничување на слободата на движење.

## Користење на заштитна опрема за спречување на ширење на болеста

Во однос на **носење лична заштита на лицето заради спречување на ширењето, сузбивање на заразната болест предизвикана од коронавирусот Ковид-19 и заштита на населението за време на вонредна состојба, Владата донесе Уредба со законска сила објавена во службениот весник на 22 април 2020 година** („Службен весник на Република Северна Македонија“, број 107 од 22

април 2020 година). **Со таа Уредба во членот 2 беше утврдено дека** „Секое домашно или странско физичко лице на територијата на Република Северна Македонија е должно да носи лична заштита на лицето при излегување надвор од својот дом, односно при движење на јавни места и површини од отворен и затворен тип, на пазари, во јавен превоз и при влез во затворени простори на оператори кои поради нивната природа на дејност претставуваат место на собирање на повеќе лица (државни институции, маркети, продавници, банки, пошти, чекални, здравствени институции и слично).“ По исклучок, лицето може да не ја носи личната заштита на лицето, ако:

- носи посебна лична заштита на лицето во рамките на извршувањето на нивните работни задачи;
- престојува во двор на станбена семејна куќа;
- вози велосипед или спортува на отворено како индивидуални спортски активности;
- патува во патничко моторно возило со лица со коишто лицето живее во заедница или домаќинство или
- се движи на јавни места и површини од отворен тип и целосно го одржува дозволеното минимално растојание од најмалку два метра од друго лице.

Беше предвидена и глоба во следниот износ:

- Глоба во износ од 20 евра во денарска противвредност, ќе се изрече за прекршок на секое домашно или странско физичко лице ако постапува спротивно на одредбите од членот 2 од оваа Уредба со законска сила;
- Глоба во износ од 2. 000 евра во денарска противвредност, ќе се изрече за прекршок на секое домашно или странско правно лице ако постапува спротивно на одредбите од членот 3 од оваа Уредба со законска сила;
- Глоба во износ од 500 евра во денарска противвредност, ќе се изрече за прекршок на секое одговорно лице во правното лице ако постапува спротивно на одредбите од членот 3 од оваа Уредба со законска сила.

По ова, Министерството за внатрешни работи подготви нов пропис за да се овозможи казнување на лицата кои нема да се придржуваат до одредбите на споменатата Уредба и започна примената на новата мерка со која голем број граѓани беа санкционирани со глоба од 20 евра за неносење лична заштитна опрема. Од донесувањето на Уредбата на 22 април до завршувањето на вонредната состојба на 22 јуни, за непочитување на обврската за носење на лична заштитна опрема се казнети вкупно 20.327 лица. Реално, Министерството за внатрешни

работи започна со казнување на 4 мај, односно имаше толеранција кон прекршителите и во првите неколку денови вршеше само предупредување на лицата. Тоа значи дека во време на точно 45 денови колку што се применуваше оваа мерка, просечно на ден се санкционираа речиси по 450 лица. На почетокот тој број беше за неколку пати поголем, па така, забележан е податок дека на 10 мај 2020 година, за неносење маска се казнети вкупно 973 лица. Сепак, општ е впечатокот дека оваа мерка не ги даде посакуваните резултати, односно граѓаните ја почитуваа мерката само кога мораа или повеќе заради неказнување отколку заради реалната заштита на јавното здравје.

## Безбедносната состојба и влијанието на Ковид-19 врз вкупниот криминал

Безбедносната состојба за време на прогласена вонредна состојба на целата територијата на Република Северна Македонија е стабилна, но истата се карактеризира со промени на криминалитетот по области, односно детектирани се промени во движењето на стапката на криминалот кај кривичните дела кои вообичаено се најзастапени на целата територија на Република Северна Македонија.

Најголем дел од регистрираниот вкупен криминал, отпаѓа на кривичните дела кои се поврзани со забраните за движење и почитувањето на останатите заклучоци, препораки и мерки за спречување на епидемијата.

Доколку од анализата ги исклучиме овие кривични дела, евидентно е дека стапката на останатиот криминал (што е редовно присутен на нашето подрачје) е намалена во однос на претходниот период, а трендот на намалување особено е изразен во делот на имотниот криминал, при што е евидентирана тенденција на намалување на тешките кражби кои вообичаено се најзастапени на нашето подрачје.

Анализата на неделните податоци за првиот месец по воведувањето на вонредната состојба, покажува дека постои обратно-пропорционален соодnos на кривичните дела кои се поврзани со непочитување на здравствените прописи во врска со Ковид-19, наспроти останатиот криминал. Имено, во првите три недели, кога е забележан подем и е зголемен интензитетот на мерките за почитување на здравствените прописи, вообичаено присутниот криминал има тренд на намалување во сите области, при што во третата недела истиот е доведен на минимално ниво. Во четвртата недела кај вообичаениот криминал е евидентирано постепено зголемување на бројот на извршени кривични дела, а кривичните дела кои се поврзани со почитување на здравствените прописи се намалени.

Во последната недела, забележан е тренд на зголемување на тешките кражби, а зголемен е и бројот на нападите на службените лица при вршење на работи на безбедноста. Во овој период посебно сензитивна е областа на семејното насилство , при што е евидентирано зголемување на пријавените поплаки, но не и на кривичните дела, а извршено е и едно убиство.

Во истиот период е забележан зголемен број содржини на интернет и на социјалните медиуми кои се поврзани со лажни вести за вирусот Ковид-19, потоа голем број на содржини кои имаат елементи на говор на омраза, како и содржини кои ја загрозуваат сигурноста спрема одредени лица.

Од стапувањето на сила на мерките за затворање на државните граници и забраната на движење, во областа на илегалната миграција забележан е тренд на намалување за 53,2 % на спречените обиди за илегални преминувања на границите со соседните земји, од кои најголем дел се спречени во втората и третата недела од месец март 2020 година.

Тренд на намалување е евидентиран и во делот на сообраќајните незгоди, а бројот на истите континуирано опаѓаат и во текот на последните три недели.

## Приказ на состојби и движење на вкупниот криминалитет

Во извештајниот период, на подрачје на територијата на Република Северна Македонија регистрирани се 2.194 кривични дела, а стапката на вкупниот криминалитет изнесува 105,5 на 100.000 жители. Најголем дел, односно 47 % од вкупниот криминал е поврзан со актуелната состојба и мерките кои се преземаат за спречување на **Ковид-19**, при што по оваа основа се регистрирани вкупно 1.039 кривични дела.

**Доколку од анализата ги исклучиме овие кривични дела, евидентно е дека** стапката на останатиот криминал изнесува 55,6 на 100.000 жители.

***Табела број 7. Вкупен криминалитет во периодот 12.3 - 12.4.2020 година***

| **Криминалитет** | **12.3.-12.4.2020** | **12.3.-12.4.2020 без член. 205 и 206** |
|---|---|---|
| **Вкупно кривични дела** | **2.194** | **1.155** |
| **Стапка на криминал на 100.000 жители** | **105,6** | **55,6** |

Извор: Министерство за внатрешни работи, Биро за јавна безбедност, Оддел за криминалистичко разузнавање и анализа.

Гледано по подрачја, најголем дел од вкупниот криминал (без кривичните дела против здравјето на луѓето) е извршен на подрачјето на СВР Скопје, СВР Битола и СВР Штип, при што стапката на криминал,

пресметана на 100.000 жители, е највисока во СВР Битола – 73,3, а потоа следат подрачјата на СВР Штип со 70,1 и СВР Скопје со 69,7.

***Табела број 8. Кривични дела за периодот 12.3-12.4.2020 година без кривичните дела од членовите 205 и 206 од Кривичниот законик***

| СВР | кривични дела за период од 12.3.- 12.4.2020 година без членовите 205 и 206 | стапка на криминал на 100.000 жители |
|---|---|---|
| *СВР СКОПЈЕ* | 459 | 69, 7 |
| СВР БИТОЛА | 192 | 73, 3 |
| СВР КУМАНОВО | 50 | 28, 4 |
| СВР ОХРИД | 80 | 37, 6 |
| СВР СТРУМИЦА | 100 | 58, 8 |
| СВР ТЕТОВО | 76 | 21 ,3 |
| СВР ШТИП | 135 | 70, 1 |
| СВР ВЕЛЕС | 60 | 44, 8 |
| РЦ за ГР | 3 | / |
| **ВКУПНО:** | **1.155** | **55,6** |

Извор: Министерство за внатрешни работи, Биро за јавна безбедност, Оддел за криминалистичко разузнавање и анализа.

Анализирајќи ги податоците според видот на делата, најзастапени се кривичните дела кои се поврзани со почитувањето на здравствените прописи и забраните кои се поврзани со спречување на Ковид-19, а потоа следуваат тешките кражби, кражбите и обидите за извршување на тешки кражби и делата со елементи на насилство.

***Табела број 9. Стапка на криминалитет и покарактеристични кривични дела од 12.3 до 12.4.2020 година***

| | 12.3.-12.4.2020 | 12.3.-12.4.2020 без членовите 205 и 206 |
|---|---|---|
| Вкупно кривични дела | 2.194 | 1.155 |
| Покарактеристични дела | | |
| Кражба | 164 | 164 |
| Тешка кражба | 515 | 515 |
| Кривични дела за семејно насилство | 79 | 79 |
| Тешка кражба во обид | 73 | 73 |
| Непостапување според здравствени прописи за време на епидемија | 1.034 | / |
| Стапка на криминал на 100.000 жители | 105,6 | 55,6 |

Извор: Министерство за внатрешни работи, Биро за јавна безбедност, Оддел за криминалистичко разузнавање и анализа.

Од страна на полициски службеници извршени се 2.819 контроли кај лица во изолација и самоизолација, при што е утврдено дека две лица не ја почитувале мерката за самоизолација.

По однос на забраната за движење во текот на изминатите 24 часа евидентирано е дека на ниво на целата држава 33 лица не ја почитувале забраната за движење, при што приведени/лишени од слобода се 18 лица, а за останатите се земени податоци и ќе следуваат соодветни мерки. Во државен карантин се спроведени 21 лице.

Во периодот на прогласувањето на втората вонредна состојба, забележани се слични бројки како и во периодот на првата вонредна состојба. Во извештајниот период, на подрачјето на територијата на Република Северна Македонија регистрирани се 2.035 (2.194) кривични дела, а стапката на вкупниот криминалитет изнесува 94,2 (105,5) на 100.000 жители. Најголем дел, односно 47 % од вкупниот криминал е поврзан со актуелната состојба и мерките кои се преземаат за спречување на **Ковид-19**, при што по оваа основа се регистрирани вкупно 952 (1.039) кривични дела. Доколку од анализата ги исклучиме овие кривични дела, евидентно е дека стапката на останатиот криминал изнесува 50,1 на 100.000 жители.

Гледано по подрачја, најголем дел од вкупниот криминал (без кривичните дела против здравјето на луѓето), како и претходниот период е извршен на подрачјето на СВР Скопје, СВР Битола и СВР Штип, при што стапката на криминал, пресметана на 100.000 жители, е највисока во СВР Скопје – 73,1 а потоа следат подрачјата на СВР Битола со 64,2 и СВР Штип со 62,3.

***Табела број 10. Кривични дела по СВР и стапка на криминалитет по СВР, споредено за периодот 13.4 - 12.5.2020 со периодот 12.3 - 12.4.2020 година***

| СВР | кривични дела за период од 13.4.до 12.5.2020 година без членовите 205 и 206 | стапка на криминал на 100.000 жители | кривични дела за период од 12.3.до 12.4.2020 година без членовите 205 и 206 | стапка на криминал на 100.000 жители |
|---|---|---|---|---|
| СВР СКОПЈЕ | 481 | 73,1 | 459 | 69, 7 |
| СВР БИТОЛА | 168 | 64,2 | 192 | 73, 3 |
| СВР КУМАНОВО | 49 | 27,9 | 50 | 28, 4 |
| СВР ОХРИД | 76 | 35,7 | 80 | 37, 6 |
| СВР СТРУМИЦА | 87 | 51,2 | 100 | 58, 8 |
| СВР ТЕТОВО | 55 | 15,5 | 76 | 21 ,3 |
| СВР ШТИП | 120 | 62,3 | 135 | 70, 1 |
| СВР ВЕЛЕС | 46 | 34,4 | 60 | 44, 8 |
| РЦ за ГР | 1 | / | 3 | / |
| **ВКУПНО:** | **1.083** | **50,1** | **1.155** | **55,6** |

Извор: Министерство за внатрешни работи, Биро за јавна безбедност, Оддел за криминалистичко разузнавање и анализа.

***Табела број 11. Покарактеристични кривични дела споредено за периодот 12.3.-12.4.2020 година со периодот 13.4.-12.5.2020 година***

| | 13.4.-12.5.2020 | 12.3.-12.4.2020 |
|---|---|---|
| Вкупно кривични дела | 2.035 | 2.194 |
| Покарактеристични дела | | |
| Кражба | 138 | 164 |
| Тешка кражба | 448 | 515 |
| Кривични дела за семејно насилство | 85 | 79 |
| Тешка кражба во обид | 70 | 73 |
| Непостапување според здравствени прописи за време на епидемија | 952 | 1034 |
| Стапка на криминал на 100.000 жители | 94,2 | 105,6 |

Извор: Министерство за внатрешни работи, Биро за јавна безбедност, Оддел за криминалистичко разузнавање и анализа.

Анализирајќи ги податоците според видот на делата, најзастапени се кривичните дела кои се поврзани со почитувањето на здравствените прописи и забраните кои се поврзани со спречување на Ковид-19, кои се во намалување од 8 %, потоа следуваат тешките кражби, кражбите и обидите за извршување на тешки кражби, кои во споредба со претходниот период, исто така, бележат намалување и делата со елементи на насилство кои се во пораст од 7,5 %.

## ЗАКЛУЧОК

Република Северна Македонија поминува низ најголемото искушение во поновата историја, впрочем како и сите земји во регионот, во Европа и во светот. Развојот на болеста директно ќе влијае на развојот на општеството, на економските текови, на капацитетите на безбедносниот систем во државата. Од вистински интерес за науката, но и за струката, е да се следи работата на институциите кои работат на справување со последиците од Ковид-19. Првенствено, станува збор за здравствениот систем, безбедносниот сектор и економските и финансиските институции.

Факултетот за безбедност се вклучи во следењето на активностите поврзани со работата на органите на безбедносен план, се следеа и анализираа одлуките и активностите на Главниот штаб формиран при Владата на Република Северна Македонија, Министерството за внатрешни работи, Министерството за одбрана и останатите безбедносни институции. Целта да се предложи текст кој ќе послужи како четиво со статистички податоци и анализи на реализираните активности и постигнатите резултати, делумно е остварен со истражувачкиот извештај за функционирањето на безбедносниот систем во услови на вонредна состојба.

Главниот штаб за справување со Ковид-19 формиран на почетокот на пандемијата значително придонесе за координација на активностите на државните институции, помогна за соодветен одговор на почетокот на вонредната состојба, ги одржуваше контактите со властите од регионот и Европа, особено во првите неколку недели кога беше неопходно да се вклучат политичките фактори за да се организираат хуманитарните летови и конвои за враќање на нашите државјани од странство.

Министерството за внатрешни работи и полицијата покажаа дека имаат институционален капацитет да се справат со предизвиците на пандемијата од безбедносен аспект. Иако Министерството за внатрешни работи функционираше во сложени услови, раководено од министер кој доаѓаше од редовите на опозицијата (поради избраната Влада за спроведување на предвремените избори), внатре во Министерството и во Бирото за јавна безбедност беше забележано високо ниво на соработка и координација. Истото може да се каже и за активностите и учеството на Министерството и во Владата, како и во работата на Главниот штаб. Не беа забележани поголеми отстапувања кои негативно би влијаеле на функционирањето на Главниот штаб во Министерството за внатрешни работи и на институцијата во целина.

Полицискиот час, за првпат прогласен на територијата на целата држава, беше сериозен предизвик и непознаница, како за граѓаните, така и за полициските службеници. Едноставно, ова се ситуации за кои полициските службеници ретко или никогаш не се подготвуваат ниту имаат обука како да постапуваат. Сите полициски службеници активно се вклучија во справувањето со последиците од пандемијата, со минимални последици по личното здравје и здравјето на граѓаните, ги преземаа сите неопходни мерки за заштита на здравјето. И самите беа изложени на непозната опасност, на многу високо професионално ниво ги извршуваа задачите и овозможија исполнување на плановите на безбедносните власти. Малиот број на поплаки на работата на полициските службеници говори за фактот дека почитувањето на законите, прописите за заштита на населението и човековите права и слободи не било доведено во прашање. Овој податок е од особено значење за севкупната состојба со одговорот на кризата, затоа што во вакви услови многу лесно може да се загрозат интересите на граѓаните и на институциите, токму од оние кои се најповикани да ги спроведуваат законите и прописите за заштита на здравјето.

Граѓаните со своето однесување, повеќе или помалку, соодветно и помогнаа на Владата во спроведувањето на мерките и одлуките за зачувување на здравјето на граѓаните. Големиот број на поднесени кривични пријави за непочитување на прописите за заштита на здравјето на населението може да се коментира и од аспект на непочитување на

институциите, како и од аспект на незнаење или немање доволно информации. Фактот дека од донесувањето на одлуката за задолжително носење на заштитна опрема (каде казната за физички лица е определена во висина на 20 евра), па до почетокот на декември се наплатени повеќе од 2,2 милиони евра е поразителен податок кој укажува на тоа дека граѓаните тешко се навикнаа на оваа мерка и барем во почетокот примената на мерката за носење маски беше навистина отежната (https://www.slobodenpecat.mk/graganite-shto-ne-nosat-maski-go-polnat-budhetot-dosega-inkasirani-22-milioni-evra/, пристапено на 7 декември 2020 година).

Координацијата помеѓу различните безбедносни институции само делумно се покажа како силна страна на системот. Министерството за внатрешни работи, Министерството за одбрана и Армијата на Република Северна Македонија, соработуваа на соодветно ниво, особено во Координативниот штаб на полицијата и армијата формиран во МВР. Прогласената вонредна состојба ја овозможи активната улога на Армијата во помагање на полициските структури кои работат на справување на последиците со пандемијата.

Стапката на криминалитет во време на вонредната состојба бележеше значително намалување, освен на кривичните дела од членовите 205 и 206 од Кривичниот законик. На почетокот на пандемијата, општиот криминалитет бележи сериозно намалување, за подоцна, бројките пополека да се враќаат во таканаречена нормала, со значително намалување на последиците од сторените кривични дела. Полицијата не ги намали своите активности во борбата против криминалот, истовремено зајакнувајќи ги активностите за спроведување на мерките за заштита на населението и за спроведување на полицискиот час на целата територија на државата.

# СТУДИЈА НА СЛУЧАЈ „РАБОТЕЊЕТО НА ОПШТИНСКИОТ ШТАБ ЗА ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ - КУМАНОВО ВО УСЛОВИ НА ВОНРЕДНА СОСТОЈБА“

Со оглед на фактот дека Собранието е распуштено, поради претходно договорен датум за одржување на предвремени парламентарни избори, по предлог на Владата, претседателот на Република Северна Македонија, на 18 март 2020 година за првпат прогласи вонредната состојба на целата територија на државата, врз основа на ***членот 125*** од Уставот[*]. Фактот што за првпат од нашата независност прогласуваме вонредна состојба на целата територија на Република Северна Македонија, укажува колку е сложена состојбата во која се наоѓаме и колку е голем ризикот за здравјето на сите граѓани. **Функционирањето на институциите во услови на вонредна состојба не е регулирано со посебна законска регулатива**. Врз основа на Законот за заштита и спасување[5] активиран е и Главниот штаб при Владата кој раководи со активностите за заштита и спасување од новонастанатата состојба на епидемијата со коронавирусот.

Членовите на Главниот штаб се стручни лица именувани од Владата, кои за време на ангажирањето во него имаат својство на упатени лица на работа во Дирекцијата. **Директорот на Дирекцијата е командант на Главниот штаб.** Одлука за активирање на Главниот штаб донесува директорот на Дирекцијата. Главниот штаб е оперативно-стручно тело на Владата.

Покрај Главниот штаб се организираат и подрачни организациона единици за заштита и спасување, како и регионални штабови кои раководат со регионалните сили за заштита и спасување.

Командант на Регионалниот штаб е раководителот на Подрачната организациона единица за заштита и спасување. Регионалните штабови се активираат со одлука на директорот на Дирекцијата.

Членови на регионалните штабови се вработените од Дирекцијата и стручни лица од органите на државната управа и јавните претпријатија, установите и службите. Членовите на регионалните штабови ги именува

[*] Текст на професор д-р Марјан Николовски.

[5] Закон за заштита и спасување „Службен весник на Р.С. Македонија“, бр. 36 од 10.6.2004 година.

директорот на Дирекцијата и за време на ангажирањето во нив имаат својство на упатени лица на работа во Дирекцијата.

Командантот на Главниот штаб за заштита и спасување за својата работа е одговорен пред Владата, а командантите на регионалните штабови се одговорни пред директорот на Дирекцијата.

Во Република Северна Македонија по прогласувањето на вонредната состојба, Владата донесе Уредба со законска сила со која се става во функција Законот за заштита и спасување и се активираат општинските штабови за заштита и спасување.

Во рамките на спроведувањето на научно-истражувачкиот проект „***Функционирање на безбедносниот систем на Република Северна Македонија во услови на вонредна и кризна состојба“- студија на случај,*** применети се повеќе истражувачки методи и на нив соодветните техники и инструменти за истражување.

Во конкретното истражување се одлучивме помеѓу останатите методи да ја примениме и методата на **студија на случај**, со цел непосредно вклучување на членовите на истражувачкиот тим и прибирање на податоци кои се неопходни во една поширока анализа на функционирање на безбедносните институции во услови на вонредна состојба.

Во студијата на случај, претходно се прибирани податоци, како и со лични контакти со добро информирани лица кои се директно вклучени во работата на работното тело кое е предмет на анализа, како и непосреден увид во состојбата на местото на случувањето. Во студија на случај на работењето на Општинскиот штаб за заштита и спасување во Куманово (во натамошниот текст - ОШЗС) како техника беше користено:

- ***Непосредно набљудување*** и
- ***Интервју***-(нестандардизирано интервју)

## Набљудување

Од методолошките наоди произлегува дека основната значајна карактеристика на **набљудувањето,** како начин на прибирање податоци е во тоа што на тој начин непосредно се доаѓа до изворни, автентични податоци, во моментот кога се донесуваат одлуките, без посредно добивање на податоците кои би можеле битно да бидат видоизменети. Тоа е една од основните предности на техниката на набљудување која е применета во анализата на случај во ова истражување. Исто така, факт е дека степенот на точноста на податоците добиени на тој начин е поголема од останатите начини на собирање на податоци. Постои

можност на запазување и опишување на однесувањето на сите членови и учесници во работењето на Штабот, на кој начин се создава можност да се добие реална претстава за сите околности кои имаат влијание во вкупното работење и, пред сè, начинот на донесување на одлуките.

Набљудувањето како техника во спроведување на истражувањето се нарекува и опсервација или уште попознат како **метода на посматрање**. Самата техника на непосредно набљудување овозможува примена на разновидни инструменти како протоколи за набљудување, или таканаречени листови за снимање, чек листи, забелешки, дневници и слично. Набљудувањето припаѓа на методи на научно собирање на податоци со непосредно сетилно забележување на појавата. Предност на примена на техниката на набљудување е тоа што набљудувачот лично, непосредно, сетилно ја забележува и евидентира појавата, но, сепак, не е возможно да се изостави субјективната компонента.

**Целта** на анализа на случајот во ова истражување е непосредно запознавање со начинот на работење на ОШЗС, подготовка и подготвување на анализи и донесување на заклучоци и препораки. Основна цел на ова истражување беше да се соберат објективни, односно целосно проверливи, системски и попрецизни искуствени податоци од разговор со самите членови кои ги донесуваат одлуките.

Членот на истражувачкиот тим кој го спроведува истражувањето непосредно учествуваше во работата на седниците на Општинскиот штаб за заштита и спасување раководена од градоначалникот на Општина Куманово. Членови на Општинскиот штаб за заштита и спасување се: лица вработените во Општината, претставници на здравствениот систем (Општа болница, Центарот за јавно здравје и Здравствениот дом - Куманово), претставници на Министерството за внатрешни работи, Армијата на Република Северна Македонија, командирот на Противпожарната единица, раководителите на јавните претпријатија за одржување на хигиена „Чистота и зеленило“, ЈП „Водовод“, ЈП „Пазариште“, раководителот на Центарот за управување со кризи - ЦУК, претставник на Дирекцијата за заштита и спасување (ДЗС), претставници на невладиниот сектор, Црвениот крст и други претставници на институции кои функционираат на подрачјето на Општината.

Од моментот на прогласувањето на вонредна состојба на целата територија на Република Северна Македонија од 18 март 2020 година, Советот на Општина Куманово одржа вонредна седница и донесе Одлука, за активирање на Општинскиот штаб за заштита и спасување. Уште на првата седница на ОШЗС, истиот донесе одлука секојдневно да заседава, да прибира информации поврзани со новонастанатата состојба со пандемијата предизвикана од вирусот Ковид-19. Општинскиот штаб

за заштита и спасување е еден од ретките во државата кој од самиот почеток, односно од моментот на прогласување на вонредната состојба, донесе одлука и **заседаваше секојдневно** сé со цел поголема контрола на епидемијата и пружање услуги на граѓаните на Општината во такви вонредни услови. Со седниците на Општинскиот штаб за заштита и спасување раководи градоначалникот на Општината, кој со Одлука на Советот на Општина Куманово, е назначен и за **командант на Штабот**. Претставниците на институциите кои учествуваат во работењето на Штабот имаат советодавна улога, но одлуките, заклучоците и препораките се во надлежност на командантот на Општинскиот штаб, односно на градоначалникот на Општината.

Одлуката на Штабот е секојдневно да заседава, откако е прогласена вонредната состојба и секојдневно да прави анализи и да предлага одлуки, заклучоци и препораки, кои се достапни за јавноста, на јавен увид преку веб-страницата на Советот на Општина Куманово. За поголема транспарентност и отчетност во работењето на ОШЗС сите одлуки и препораки кои ги има донесено секојдневно јавно се објавувани.

Со непосредното набљудување на повеќе седници на Општинскиот штаб за заштита и спасување можат да се издвојат одредени покарактеристични конкретни активности во работењето на Штабот, за кои сметаме дека имаат значење во направената анализа за функционирањето на институциите во услови на вонредна состојба, што е всушност и предмет на истражувањето.

Од страна на епидемиолозите на **Центарот за јавно здравје,** членовите на штабот секојдневно беа брифирани за состојбата со епидемијата со коронавирусот на територијата на Општина Куманово, за вкупниот број на инфицирани со Ковид-19, за вкупниот број на позитивни здравствени работници (лекари, медицински сестри, болничари, лаборанти и слично). Претставникот од Центарот за јавно здравје лекар-епидемиолог информира дека загрижува податокот за бројот на позитивни на коронавирусот кој во континуитет се зголемува во Општината, но, исто така, се зголемува и бројот на новоинфицирани од редот на здравствените работници и тоа речиси од сите одделенија на Општата болница - Куманово (Инфективно одделение, Гинеколошко-акушерското одделение, Интерно одделение, Хирургија, Рендген, како и двете лаборатории кои работат во рамките на болницата).

Голема е бројката на тестирани, околу 250, меѓу кои и медицински персонал за кои се чекаат повеќе денови за добивање на резултат од Центарот за јавно здравје - Скопје.

Од страна на директорот на Општата болница укажано е на огромниот проблем, пред сè, недостаток на медицински персонал

особено лекари и медицински сестри. Двајца епидемиолози кои работат по 24 часа го покриваат регионот на 6 општини и тоа: Куманово, Липково, Старо Нагоричане, Кратово, Ранковце и Крива Паланка.

Од претставникот на Центарот за управување со кризи (-**ЦУК)** предложено е подготвување на епидемиолошка карта на Општината со обележување на позитивните лица на Ковид-19, локација на лица кои се во изолација и самоизолација. На тој начин секојдневно ќе се ажурира картата и во секој момент ќе се знае за вкупниот број на позитивно инфицирани граѓани, нивната локација со што би се овозможило на надлежните институции да се фокусираат во тие делови од градот, со спроведување на анкети и детектирање на потенцијално новоинфицирани лица, позачестена дезинфекција во тие делови од градот, улиците, станбените згради и слично, сé со цел спречување на натамошно ширење на инфекцијата.

Претставникот на јавното претпријатие „Чистота и зеленило“ информира дека секојдневно се врши миење на главните улици во градот и се врши дезинфицирање на станбените објекти и локациите каде се детектирани лицата позитивни на Ковид-19. На сите влезови и излези од градот монтирани се пунктови за дезинфекција на сите возила кои влегуваат или го напуштаат градот. Самите пунктови постојано се дополнуваат со средства за дезинфекција и истите се обезбедени од припадниците на Министерството за внатрешни работи.

Секојдневно по завршување на верските обреди на градските православни и муслимански гробишта се врши нивно дезинфицирање од страна на вработените во ЈП „Чистота и зеленило“.

Претставникот на Министерството за внатрешни работи информира за прекршување на полицискиот час, нивна оцена е дека граѓаните, главно, го почитуваат полицискиот час, незначителен е бројот на лица спрема кои се поднесени обвиненија за прекршување на полицискиот час, а дел од прекршителите се и опоменати. Исто така, претставникот ги информира членовите на Штабот за вкупната бројка на лица од Општината на кои им се изречени решенија за изолација, државен карантин и самоизолација, како и редовните секојдневни контроли над истите за почитување на мерката.

Договорена е и методологијата на пријавување на граѓаните кои немаат дозволи за движење за време на полицискиот час, а имаат неопходна потреба да излезат од своите домови, да се јавуваат на дежурниот телефон во Општинскиот штаб кој е објавен на веб-страницата на Општината, а списокот од Општинскиот штаб за заштита и спасување електронски би се препраќал во дежурниот оперативен центар на Секторот за внатрешни работи -Куманово, за припадниците на

полицијата во секој момент да имаат ажуриран список на лица кои имаат одобрение за движење за време на полицискиот час.

Претставникот на Армијата на Република Северна Македонија(АРСМ) информира за ангажманот на припадниците на АРСМ во поддршка на полициските патроли за одржување на јавниот ред и мир на јавните површини, на простори каде вообичаено се забележува групирање на поголема група луѓе како што се аптеки, продавници и банки.

За санирање на таквата состојба, Општинскиот штаб секојдневно донесува одредени препораки и заклучоци. Во наредниот дел би издвоил еден дел од истите:

- Она што особено го загрижува Општинскиот штаб за заштита и спасување е континуирано зголемување на бројот на новоинфицирани лица на територијата на Општината а, пред сè, фактот дека има голема бројка на позитивни на коронавирусот од медицинскиот персонал, речиси, од сите одделенија, како и зголемената потреба од барање на медицинска услуга од страна на граѓаните во Општата болница во Куманово. Со оваа состојба се доведува во прашање функционалноста на болницата и сомнителниот квалитет во пружање на здравствените услуги на пациентите. Со цел спречување на внесување на вирусот преку пациентите и вработените во просториите на болницата, предложено е на влезовите на болницата и на одделенијата да се инсталираат кабини кои ќе вршат дезинфекција на сите лица кои ќе влегуваат во болницата, односно одделенијата, како на медицинскиот персонал така и на пациентите. На тој начин ќе се намалат можностите на позитивно инфицираните кои бараат здравствена услуга да влегуваат во просториите на болницата да ги инфицираат останатите, а, пред сè, медицинскиот персонал кој ја пружа здравствената услуга;

- Со оглед на оцената за сериозната состојба во функционирањето на болницата да се испрати барање до Министерството за здравство, Комисијата за заразни болести и Центарот за јавно здравје - Скопје, да даде приоритет на тестовите за сите земени брисеви на територијата на Општина Куманово за здравствените работници и воедно благовремено да го информира ЦЈЗ - Куманово, за позитивните и негативните резултати на тестовите, поради фактот што поголем број од брисевите коишто се испратени на анализа, резултатите не се добиваат навремено, со што се креира нереална епидемиолошка слика во Општина Куманово;

- Со оглед на сè поголемиот број позитивни резултати на здравствените работници, за само неколку дена новоинфицирани се 12 здравствени работници, речиси сите одделенија во болницата имаат персонал кој е позитивен, голем дел од персоналот е во изолација или самоизолација, со што се доведува во прашање **функционалноста** на одделенијата и на самата болница воопшто. Предлогот на Општинскиот штаб за заштита и спасување е до Комисијата за заразни болести да излезе на лице место, односно да ја посети Општата болница во Куманово, да направи стручна анализа и процена за функционалноста на секое одделение посебно, како и на болницата во целина и да излезе со писмен извештај за состојбата;

- Во моментот кога недостасува стручен здравствен кадар, а дел од истиот е инфициран и е во изолација, да се изнајде модус за поголем ангажман на матичните лекари и лекарите од секундарното здравство коишто имаат приватни специјалистички ординации. Предложено е да се одржи состанок со менаџментот на болницата и здружението на матичните лекари од Општината, кои имаат свои приватни општи и специјалистички ординации на територијата на Општината, во насока на поголем ангажман на матичните лекари во пронаоѓање - детектирање на лица кои имаат симптоми на Ковид- 19, со цел нивно тестирање, изолирање и спречување на натамошно ширење на вирусот. За таа цел **матичните лекари секојдневно треба да вршат телефонско јавување и анкетирање** на по еден член од семејство кои се пријавени кај тој матичен лекар со цел навремено откривање на лица со симптоми на вирусот и нивно тестирање, изолирање и натамошно лекување. На тој начин со вклучување на матичните лекари ќе се овозможи да се има увид на целата територија на Општината со позитивно инфицираните;

- Матичните лекари, како и приватните здравствени ординации од секундарното здравство да бидат контактирани и истите да се вклучат на испомош на болницата во пружање на медицинска помош на инфицираните лица кои се хоспитализирани на одделенијата во Општата болница -Куманово;

- Секоја вечер во 19 часот во просториите на Општинскиот штаб, претставници на матичните лекари, на Болницата и Центарот за јавно здравје да се состануваат, да ги презентираат најновите состојби со ширење на епидемијата, мерките кои се преземени од

нивна страна како и да договорат натамошни мерки и активности кои ќе бидат преземени од нивна страна во наредниот период;

- Општина Куманово да ја продолжи акцијата за прибирање на донации во пакети храна и средства за дезинфекција за социјално ранливите категории граѓани. За време на полицискиот час, претставниците на Општинскиот штаб за заштита и спасување заедно со волонтери од Црвениот крст -Куманово, да доставуваат пакети на социјално загрозените семејства;
- Да се побара од Министерството за труд и социјална политика да се вклучат во обезбедување на социјални пакети со средства за дезинфекција и прехранбени производи за сите социјално најзагрозени семејства на територијата на Општина Куманово, како и да достават список до Штабот за граѓаните од Општината кои спаѓаат во таа категорија и ги исполнуваат условите за добивање на социјална помош во храна и средства за хигиена;
- За време на полицискиот час продавниците за прехранбени производи кои се пријавиле во Општинскиот штаб ќе можат да работат со доставување на храна до потрошувачите **но исклучително по претходен повик и достава на домашна адреса** а истите не смеат да продаваат храна во нивните продавници. Наложено е на припадниците на полицијата да извршат контрола на истите продавници кои се пријавиле за таа намена, дали истите ги почитуваат препораките на Општинскиот штаб за заштита и спасување;
- Несметано да продолжи работата на аптеките и да се врши достава на потребните лекарства;
- Општинскиот штаб за заштита и спасување да стапи во контакт со сите претседатели на месни и урбани заедници со цел истите да достават список на најзагрозени семејства од нивните месни заедници. Истите во најкус можен рок да достават список до Општинскиот штаб за заштита и спасување за да може да се дистрибуираат социјалните пакети на најзагрозените социјални случаи;
- Општинскиот штаб за заштита и спасување веќе подолг временски период бара од Владата на Република Северна Македонија за издвојување на Општина Куманово и нејзината територија од рамката на општите мерки на Владата, кои важат за севкупната територија на Република Северна Македонија, со

дополнителна 14-дневна, 24-часовна изолација (карантин во посебни услови) со почитување на досегашните донесени мерки од Владата, како и дополнителни претходно јасно дефинирани постапки во ваква ситуација од страна на ОШЗС на Општина Куманово. Под посебни мерки коишто треба да важат во овие услови се: пунктови за контролирање на влез и излез во и надвор од градот, со- дополнителна дезинфекција на возила и патници кои влегуваат на територијата на Општина Куманово. Непречено обезбедување на амбулантна достава на храна до домаќинствата, во период на карантин и вклучување на поголем број на трговски оператори во постапката со претходно издадена дозвола од Општинскиот штаб за заштита и спасување. Разработување на Одлуката на Владата на Република Северна Македонија за мерки за земјоделците и сточарите и други стопански субјекти за непречено вршење на активности во период на карантин. Зајакнување на капацитетите на епидемиолошката служба со дополнителни човечки ресурси, како одговор на потребите, во зависност од епидемиолошката состојба. Дефинирање на начин и постапка на одлагање на комунален отпад на домаќинствата во кои има позитивни случаи на Ковид-19. Обезбедување на дополнителни количини на лична заштитна опрема на граѓаните на Општина Куманово и воведување мерка за задолжително носење маски и ракавици за сите лица на отворен простор. Воспоставување на континуиран медицински процес и процес на континуирана контрола на нови лица, бегалци влезени или фатени во процесот на криумчарење, а се или ќе бидат предмет на сместување во ТПЦ Табановце – Куманово, нивна изолација или евентуален карантин.

За одбележување е ангажманот на сите членови на Општинскиот штаб за заштита и спасување кои секојдневно заседаваат и преземаат мерки за спречување на ширење на епидемијата. Јавните институции сиот свој потенцијал (материјален и кадровски) го ставаат во функција на реализација на мерките донесени од ОШЗС. Советот на Општината по предлог на ОШЗС, донесе одлука и ги стави во функција дополнителните финансиски средства кои беа планирани како резерва, за реализација на дополнителните мерки за поуспешно справување со епидемијата на територијата на Општината. Граѓаните, транспарентно секојдневно, електронски беа информирани за состојбата со епидемијата на територијата на Општината како и активностите и работењето на членовите на ОШЗС. Истите имаа можност да се вклучат во работата на

Штабот преку искажување на своето мислење, давање свои предлози, идеи и сугестии.

## Интервју

Во анализа на случајот, покрај примена на техниката на непосредно набљудување применето е и интервју со дел од членовите на Општинскиот штаб за заштита и спасување. Врз основа на претходно обезбедените податоци за работењето на телото, подготвена е идејна скица, со инструментите, основа за интервју со претставниците на институциите – членови на Штабот, попис на извори на податоци и документи, елементи за квалитативна анализа на содржината на документите подготвени од ОШЗС, елементи за протокол на непосредно набљудување и листа на испитаници со кои би се спровело интервјуто.

При спроведувањето на интервјуто испитаниците ги искажуваат своите ставови за појавата која истражувачот ја евидентира, во конкретниот случај **работењето на ОШЗС во услови на вонредна состојба**. Со реализација на интервју со членовите на Општинскиот штаб за заштита и спасување со претходно подготвени сет на прашања во врска со работењето на локалните институции во услови на вонредна состојба, може да се добие претстава за методологијата на работа на самото тело, раководењето со Штабот, активности на секој член поединечно, брифирање како и начинот на анализа и донесување на одлуките. Со примена на двете техники паралелно евидентираните податоци се анализирани од страна на истражувачот.

Пред да започне спроведувањето на интервјуто, беше направен сет на прашања, како и селектирање на членовите на Штабот со кои ќе се спроведе самото интервју. Во спроведувањето на интервју излегувано е и надвор од претходно подготвените прашања во зависност од самиот соговорник. Не е природно, ниту, пак, спонтана состојбата да се одговара на претходно подготвените прашања за чувствителни области од делокругот на работа на институциите со чиј претставник се спроведува интервјуто.

Претставниците на Општинскиот штаб за заштита и спасување за целокупниот период на вонредната состојба секојдневно одржуваа седници, правеа анализи на дневните актуелни настани и предлагаа мерки и препораки за надминување на состојбата и поефикасно справување на институциите со епидемијата предизвикана од коронавирусот. За разлика од прашалниците во кои писмено се одговара на поставените прашања, во интервјуирањето од испитаниците се бара усно да одговараат (се води разговор) на прашањата на истражувачот. Како инструменти се користат: протокол за слободно интервју и посебен

лист на кој е поставена скицата или рамката за интервјуирање и протокол за врзано интервју со набележани прашања за испитаниците околу кои е воден разговорот и слично.

Примерокот што беше опфатен со интервјуто, беше намерен заради добивање на податоци поврзано со справување со коронавирусот, од конкретни лица носители на функции на ниво на локалната самоуправа а воедно се и членови на Општинскиот штаб за заштита и спасување.

Беа изведени вкупно 12 интервјуа во временски период од 9 април до 9 јуни 2020 година, период во кој институциите функционираа во услови на вонредна состојба. Пред да се спроведе интервјуто беа подготвени прашањата кои беа идентични за сите, дел од интервјуата беа спроведени **непосредно**, но дел од истите поради објективни причини (самоизолација на дел од лицата членови на Штабот кои се интервјуираат) е спроведено **електронски** преку електронската платформа Google Meet апликацијата. Во обработката на одговорите беа опфатени само оние прашања што имаа само општа индикативна вредност. За средување на податоците од интервјуто и на отворените прашања беше користена анализа на содржината. Анализата во основа ја зачувува автентичноста на податоците, бидејќи беше системска и целосна.

Пред да се започне со спроведување на интервјуто, претходеше фаза на подготовка и план за спроведување на дел од предвидените прашања кои се однесуваат на предметот на истражувањето. Селекцијата на прашањата е вршена на тој начин според принципот кој овозможува од предвидените прашања да се добијат плодни, длабински и конкретни одговори. При спроведувањето на интервјуто се водеше сметка за анонимноста на лицата со кои се спроведува интервјуто. Реализираното интервју беше индивидуално. Инструмент за водење на интервјуто беше потсетникот - основата за водење на интервју со однапред дефинирани прашања.

Примерокот што беше опфатен во интервјуто, беше намерен заради добивање на податоци од конкретните носители на функции во рамките на Општинскиот штаб, особено оние членови кои имаа раководни позиции во институциите на ниво на локална самоуправа а кои институции имаа значајна улога во функционирање во услови на вонредна состојба во справување со пандемијата предизвикана од вирусот Ковид-19.

За време на водење на интервју се применија облиците на насочување и спротивставување преку индиректно излагање, спротивни ставови во вид на прашање, правење концесии, повикување на други мислења и повторно изразување на идеја. Соговорниците беа охрабрени,

со оглед на фактот дека станува збор за научно-истражувачки проект, за слободно изнесување на информации и своите мислења за прашањата поврзани со активностите на нивните институции во справување со пандемијата. Според учеството, реализираното интервју беше индивидуално.

Откако беа добиени податоците од интервјуто, се пристапи кон анализа и обработка на податоците. Преку анализа на исказите, што ќе биде ограничена на дескриптивно ниво, по одредени прашања беше направена и нивна селекција и категоризација на податоците врз основа на издвојување на поуспешните, на специфичните и на репрезентативните податоци, а нецелосните и нејасните беа отфрлени.

Во следната фаза на анализата следуваше определување на тематската рамка за работа и преку процесот на апстракција и конкретизација се дојде до концептуализација, односно избор на неколку клучни теми околу кои се групирани податоците.

Тежиштето на самото интервју беше насочено на прибирање сознанија за мислењата на членовите на Општинскиот штаб за заштита и спасување за детектирање на недостатоци во нормативна, организациска, материјална смисла во функционирање на институциите во услови на вонредна и кризна состојба.

Со интервјуто беа опфатени членовите на Штабот вработени во институциите на локалната самоуправа, претставници на јавни претпријатија, претставници на државни институции како што се Дирекцијата за заштита и спасување, Центарот за управување со кризи, Министерството за внатрешни работи,Армијата на Република Северна Македонија и слично, како и експерти кои беа ангажирани од страна на Општинскиот штаб. **Евидентно беше дека испитаниците-претставници на државните институции и локалната самоуправа се порезервирани во изнесување на ставовите во однос на експертите и на испитаниците кои не се репрезенти на одредени функции.** Во излагањето што ќе следува ќе бидат изнесени општите констатации за ставовите на испитаниците во однос на поставените прашања и нивно кооперирање во тематски целини кои се совпаѓаат со претходно анализираните содржини.

### *Прилог број 1.* Основа за интервју

1. Која е вашата позиција, вашите обврски, место и улога во активностите на Општинскиот кризен штаб, дали тие претходно беа дефинирани и сега се реализираат?

2. Дали има јасно утврдена процедура на прогласување на вонредна состојба (кризна состојба и криза) и протоколи на дејствување со вклученост на сите институции и ресурси на републичко и локално ниво?
3. Дали има јасно дефинирани и потребни ресурси (материјални, финансиски, персонал) со кои располагате за функционирање во вонредна состојба пред појава на пандемијата и сега? Воедно, кои се ресурсите за кои сметате дека се неопходни за подобро функционирање на системот за одговор на кризи?
4. Како го оценувате системот за превенција и рано предупредување на безбедносниот систем на републичко и локално ниво во услови на вонредна состојба (кризна состојба и криза)?
5. Кои се силните и слабите страни на општинскиот кризен штаб во кој учествувате Вие, односно како ја оценувате координацијата на безбедносниот систем на локално и републичко ниво во услови на вонредна состојба (кризна состојба и криза)?
6. Дали институциите на Република Северна Македонија имаат стратегија, протоколи и политики соодветни за функционирање во вонредна и кризна состојба пред појавата на пандемијата со Ковид-19? Дали Република Северна Македонија има изградено соодветна процедура на постапување и одлучување?
7. Кои би биле Вашите предлози за подобрување на работата на телото во кое учествувате Вие и, генерално, безбедносниот систем. Кои се Вашите предлози и идеи за подобро, поефикасно справување во услови на вонредна состојба на целокупниот безбедносен систем?
8. Останати предлози и идеи.

1. ***Првото прашање во спроведеното интервју беше „Кои се Вашите обврски, место и улога во активностите на кризниот штаб, односно безбедносниот систем и дали тие беа претходно дефинирани и сега се реализираат***?“

Местото, улогата и активностите на Општинскиот штаб за заштита и спасување е регулирано со Закон за заштита и спасување донесен од Собранието на Р.С. Македонија од 2004 година. По ескалирањето на епидемијата со Ковид-19, Собранието претходно се самораспушти, а причина за тоа беа организирање на предвремени парламентарни избори и во тој момент истото не функционираше. Во таква состојба по предлог на Владата, претседателот на Р. С. Македонија, прогласи вонредна состојба во траење од 30 дена. Со оглед на фактот дека во Р. С. Македонија е прогласена вонредна состојба а не кризна

состојба, не постоеше законска основа за активирање на дејствување на општинските штабови за заштита и спасување. Владата беше принудена да донесе Уредба со законска сила со која Законот за заштита и спасување се става во функција. До донесување на таа одлука Општинскиот штаб за заштита и спасување (во понатамошен текст ОШЗС) имаше само симболична функција.

По донесување  Одлука на Владата за ставање во функција на Законот за заштита и спасување, Советот на Општина Куманово заседаваше и донесе Одлука Општинскиот штаб за заштита и спасување [6] да биде ставен во функција, односно истиот да се активира и да презема активности на ниво на локалната самоуправа за надминување на состојбата со епидемијата предизвикана од Ковид-19. Со Одлука на Советот на Општина Куманово градоначалникот беше поставен за командант на ОШЗС.

Во составот на Општинскиот штаб за заштита и спасување има постојани 7 членови кои се од редот на вработените во Општина Куманово, кои по предлог на градоначалникот ги избира Советот. Исто така, покрај постојаните членови на ОШЗС на седниците присуствуваат и надворешни членови и тоа:

- Претставник од Регионалниот центар за управување со кризи;
- Претставник на Дирекцијата за заштита и спасување;
- Претставник од Градската општа болница од Куманово;
- Претставник од Центарот за јавно здравје;
- Претставник од Здравствениот дом- Брза помош;
- Претставник од Противпожарната заштита;
- Претставник од Министерството за внатрешни работи;
- Претставник од Армијата на Р. С. Македонија;
- Претставник од Министерството за труд и социјална работа;
- Претставник од Јавното претпријатие „Водовод“;
- Претставник од Јавното претпријатие „Чистота и зеленило“,
- Како и други претставници од институциите од локалната самоуправа и поединци - експерти кои со своите активности и

[6] ОШЗС – Општиснки штаб за заштита и спасување.

експертизи можат да дадат свој придонес во работењето на ОШЗС.

На самиот почеток на прогласување на вонредната состојба се јави проблем во функционирање на Општинскиот штаб за заштита и спасување, затоа што Владата донесе мерка за ограничување на движење на граѓаните (полициски час) освен за припадниците на здравствениот систем, МВР и АРСМ, додека претставниците на ОШЗС не беа иземени од таа мерка. Со таа мерка се оневозможи работењето на ОШЗС со оглед на мерката, дека членовите на штабот не можат несметано да се движат, **што укажува на некоординираност помеѓу главниот Координативен штаб при Владата и општинските штабови за заштита и спасување.** Потребно е Владата пред да донесе одредена мерка, да направи консултација и прибирање на сознанија од терен, односно од единиците на локалните самоуправи и од нивните локални штабови и врз основа на таквите релевантни податоци и потреби на локалната самоуправа да се донесуваат одлуки кои ќе бидат во функција на намалување на епидемијата, но во исто време да овозможат непречено функционирање на органите и телата кои се директно надлежни за преземање на мерки за справување со таа потенцијална закана.

Од страна на претставникот на Дирекцијата за заштита и спасување е сугерирано во делот на составот на Општинскиот штаб за заштита и спасување. Според неговото мислење не може раководителот на Регионалниот штаб во Регионалниот центар за управување со кризи - Куманово кој воедно е и командант на Регионалниот штаб за управување со кризи, во кој Штаб членуваат и градоначалници на повеќе општини, воедно, да биде и член на Општинскиот штаб за заштита и спасување. Истиот смета дека ваквата поставеност доведува до одредени преклопувања, мешање на надлежностите и обврските и конфузии во системот за управување со кризи (па еве и во услови на вонредна состојба), и како таква може да доведе и до непотребни несакани последици и недоразбирања. А и може да се забележи лесно, дека во актуелнава состојба со справување со ризикот епидемија од заразна болест, во најголем дел улогата, обврските, надлежностите на РЦУК Куманово, ДЗС (ПОЗС) Куманово, па и други државни органи, (кои покриваат регион на три општини), некако беа префрлени на општинско ниво, и тоа само на Општинскиот штаб за заштита и спасување Куманово. РЦУК и ПОЗС Куманово, па и останатите две општини Липково и Старо Нагоричане, беа маргинализирани.

2. ***Дали има јасно утврдена процедура на прогласување на вонредна состојба (кризна состојба и криза) и протоколи на дејствување со вклученост на сите институции и ресурси на републичко и локално ниво***?

Во однос на утврдените процедури за државно и локално ниво за дејствување на институциите истите се разработени во Законот за управување со кризи и Законот за заштита и спасување. Локалната самоуправа врз основа на тие законски решенија има изработено:

- Процена на загрозување од природни и други непогоди (епидемии, поплави, пожари, земјотреси и слично);
- План за заштита и спасување од природни и други непогоди за подрачјето на Општината со мислење од Дирекцијата за заштита и спасување;
- Податоци за ангажирани правни и физички лица кои се вклучени во активностите на заштита и спасување за потребите на единиците на локалната самоуправа во услови на прогласување на кризна состојба;
- Подготвен е оперативен план за справување со пандемијата со вирусот Ковид-19;
- Документ за потврда дали се постапува со истите во услови на вонредна состојба;
- Одлука за формирање на просторни сили за заштита и спасување;
- Одлука за формирање на штабови за заштита и спасување, со членови на Штабот и раководење со истиот;
- Податоци за обезбедување материјални средства за лична и колективна заштита;
- Одлука за обезбедување финансиски средства за справување со природни непогоди и други несреќи.

**Градоначалникот** на Општината, а воедно и командант на Штабот укажува на несинхронизираност меѓу институциите од централно и локално ниво во услови на прогласена вонредна состојба. Во врска со законитоста на работењето на Општинскиот штаб за заштита и спасување на 11 април 2020 година, укажува дека е направен вонреден инспекциски надзор без посета на

ОШЗС, со насоки да се постапи со рок до 15 април 2020 година, а записникот е испратен електронски на 16 април 2020 година (што значи ден по рокот). Тој смета дека за поефикасна координираност помеѓу главниот и локалните штабови, се предлага одлуките на централно ниво да се донесуваат по претходно согледување на состојбите, анализите и предлозите од локалните штабови за заштита и спасување.

**Раководителот на Регионалниот штаб за управување со кризи** не се сложува со констатацијата дека постојат јасно утврдени процедури за дејствување на институциите во услови на прогласена вонредна состојба. Во законодавството на Р. С. Македонија никаде не е дефинирано како ќе функционираат институциите во услови на вонредна состојба, како ќе функционира раководењето, координацијата меѓу различните институции. За поефикасно функционирање на институциите и справување со ширењето на епидемијата, Владата донесе Уредба со законска сила за важење на Законот за заштита и спасување за периодот додека трае вонредната состојба. Врз основа на таа Уредба се активирани и општинските штабови за заштита и спасување во кој штаб активно учествува и раководителот на РШЦУК. Според Законот за заштита и спасување силите за заштита и спасување имаат постојан и резервен состав. Постојаниот состав на силите за заштита и спасување го сочинуваат вработените во Дирекцијата, тимовите и територијалните професионални противпожарни единици. Резервниот состав на силите за заштита и спасување го сочинуваат воените обврзници во резерва доколку не се ангажирани во Армијата на Република Северна Македонија и граѓаните кои имаат должност за учество во силите за заштита и спасување. Со силите за заштита и спасување и со другите учесници ангажирани во заштитата и спасувањето, раководат штабови за заштита и спасување. Командувањето со силите за заштита и спасување се заснова врз принципите на едностарешинство, субординација и единство во командувањето при употребата на силите и средствата и обврската за извршување на наредбите на претпоставениот старешина. Истиот предлага донесување на Закон за вонредна состојба каде детално ќе се уреди функционирањето на институциите во услови на вонредна состојба како и усогласување на законските решенија на Законот за заштита и спасување и Законот за управување со кризи.

Од анализа на повеќето од одговорите на ова прашање околу процедурите и функционирањето на институциите во услови на вонредна и кризна состојба, се чувствува разноликост во одговорите. Градоначалникот е на став дека како локална самоуправа формално ги имаат донесено сите одлуки и протокол за функционирање на

институциите. Се поставува прашањето дали тоа што формално е донесено е и контролирано и проверено или, пак, останува само како нормиран документ.

Се стекнува впечаток за судир на две или повеќе законски решенија или поточно недоречености во нив со што се доведува во прашање субординацијата и командувањето во услови на прогласување на вонредна состојба. Со самото тоа како заклучок се наметнува предлагањето на измени во нормативниот дел, со кое законско решение ќе бидат усогласени и Законот за управување со кризи како и Законот за заштита и спасување, на кој начин точно ќе се знае местото и улогата на секој субјект од вкупниот безбедносен систем, а од особена важност е единственото координирање и командување со целокупниот систем и неговите структурални потсистеми.

3. ***Дали има јасно дефинирани и потребни ресурси (материјални, финансиски, персонал) со кои располагате за функционирање во вонредна состојба пред појавата на пандемијата и сега? Воедно, кои се ресурсите за кои сметате дека се неопходни за подобро функционирање на системот за одговор на кризи?***

Што се однесува на финансиските средства за функционирање на институциите во услови на вонредна состојба предизвикани од епидемијата од Ковид-19, Советот на Општината донесе Одлука за активирање на 4,5 милиони денари финансиски средства кои биле чувани по основа на резерва а истите се активирани со Одлука на Советот на Општината наменети за финансирање активности на институциите за справување со Ковид-19, материјалните средства се од јавните претпријатија кои функционираат во Општината. Најмногу материјални средства, возила и опрема за дезинфекција се користени од ЈП „Чистота и зеленило“. Секојдневно се врши дезинфицирање на улиците и станбените влезови особено во оние делови каде се детектирани инфицирани лица со Ковид-19. Како мошне ефикасен метод на дезинфекција е методот на аеросолизацијата заради што се набавени трактори и атомизери за аеросолизацијата, исто така, набавени се во поголеми количини заштитни маски, ракавици и заштитна опрема. Со помош на Владата обезбеден е материјал од стоковите резерви и со помош на приватните конфекциски погони изготвени се заштитни маски во поголеми количини кои се делени по институциите а, исто така, и на граѓаните на неколку пунктови низ градот, сé со цел да се намалат опасностите од новоинфицирани со Ковид-19.

Од страна на претставниците на здравствениот систем (Општа болница - Куманово, Центар за јавно здравје) искажана е загриженост од

недостаток на персонал во медицинскиот центар, пред сѐ, лекари и медицински сестри, што особено е дојдено до израз по инфицирањето на медицинскиот персонал речиси од сите оддели на болниците и нивно ставање во изолација. Не е доволно набавка на опрема во справување со епидемијата, туку и поинаква долгорочна стратегија во изградба на кадар кој ќе биде оспособен и остручен да работи со таа апаратура и да врши навремено детектирање, прецизна дијагностика како и лекување на веќе инфицираните лица.

4. ***Како го оценувате системот за превенција и рано предупредување на безбедносниот систем на републичко и локално ниво во услови на вонредна состојба (кризна состојба и криза)?***

На ниво на локалната самоуправа функционираат локални совети за превенција, но истите во услови на прогласена вонредна состојба не се активирани. Во делот на системот за превенција и работењето на локалните совети за превенција, раководителот на Регионалниот центар за управување со кризи, има одредени забелешки за составот на Локалниот совет за превенција. Забелешките се во делот дека во работењето на Локалниот совет за превенција не е вклучен претставник од Центарот за управување со кризи кои професионално се ангажирани во континуитет во подготвување на процени и анализи од ризици и закани, кои ја загрозуваат безбедноста на граѓаните. Истиот предлага дека во локалните совети за превенција треба да има и претставник од Центарот за управување со кризи кој ќе има свој придонес во работењето на Советот и ќе предлага мерки за спречување на потенцијалните ризици.

Во рамките на Општинскиот штаб за заштита и спасување активиран е Социоекономскиот совет на Општината кој презеде активности на прибирање на хуманитарна помош во прехранбени продукти и средства за дезинфекција, подготвени се хуманитарни пакети и истите се делени во социјално загрозените семејства според евиденцијата на Подрачната единица на Министерството за труд и социјални работи. Во Социоекономскиот совет учествуваат и невладини организации како и хумани луѓе од градот а самиот Совет е предводен од успешен и докажан бизнисмен на месна индустрија од градот, кој во најголем дел и учествуваше со донација во прехранбени продукти во прехранбените пакети кои беа делени кај социјално загрозените семејства.

Од страна на претставникот на Министерството за внатрешни работи - Сектор за внатрешни работи Куманово, укажува на значењето на системот на рано предупредување, што на некој начин е битен сегмент

за да бидат помали последиците, но, за жал, недоволно се посветува внимание за превенција и рано предупредување и преземање на соодветните мерки (следење на показатели кои водат кон кризна состојба, анализи, обука, вежби и др.).

Во одговорите претставникот на **невладиниот сектор** укажува дека недоволно внимание се посветува на превенцијата и системот на рано предупредување. Истиот смета дека системот за превенција и рано предупредување на безбедносниот систем во одредена мера потфрли. Тоа го поткрепува со повеќе факти. Смета дека епидемиолозите како и Групата за процени во рамките на Центарот за управување со кризи не направија навремена и правилна процена за можното разорно дејство, конкретно на коронавирусот. Со оглед на тоа што светот е своевидно глобално село во кое во рок од 24 часа може да се премине од едната до другата хемисфера на земјата, надлежните институции мораа навремено да го предвидат коронавирусот како значаен ризик. Сметам дека со појавувањето на вирусот во Република Кина, на сите требаше да ни стане јасно дека набрзо би можел да стигне и на нашите простори. Јасно е дека вирусот не го поседувавме внатре, туку беше внесен од надвор. Затворањето на границите беше искористено како мерка дури откако вирусот влезе во земјата. Но, тогаш последиците веќе беа воочливи. Доколку системот за превенција и рано предупредување функционираше благовремено и со квалитетна процена, сите мерки ќе беа преземени многу порано и мислам дека на тој начин фаталните последици од вирусот ќе беа во значителна мера помали. Токму затоа сметам дека целата ситуација не беше сфатена сериозно од страна на институциите кои беа задолжени токму за справување со овој вид на закана.

5. ***Кои се силните и слабите страни на Општинскиот кризен штаб во кој учествувате Вие, односно како ја оценувате координацијата на безбедносниот систем на локално и републичко ниво во услови на вонредна состојба (кризна состојба и криза)?***

Според мислењето на првиот човек на Општинскиот штаб за заштита и спасување, за **слабите страни** во функционирањето на ОШЗС би тргнал од немање прецизно дефинирање на надлежностите, односно непостоење на законска регулатива која ги дефинира надлежностите на институциите во услови на вонредна состојба.. Штабот се раководеше со работење на Владата и донесување на нивните уредби кои имаа законска сила и Штабот ги спроведуваше секојдневните одлуки и препораки на Владата.

Како една од клучните недостатоци би ја навел координацијата на ОШЗС со органите на централната власт. Во ОШЗС има претставници на државните институции како што се: претставник на болницата, Центарот за јавно здравје, Брзата помош, Министерството за внатрешни работи, Армијата на Р. С. Македонија, тие иако се членови на Штабот, над нив нема ингеренции и наредбодателна функција командантот на Штабот, односно градоначалникот. За да биде успешна координацијата со сите институции потребно е целосна контрола и наредбодателна функција на командантот на ОШЗС. Сегашната функција на командантот и Штабот е да дава препораки на институциите како да постапуваат.

На почетокот на епидемијата Општинскиот штаб за заштита и спасување од Куманово, побара прогласување на кризна состојба на целата територија на градот во тој период, поточно средината на март имаше 100 позитивни и 5-6 починати, барањето не беше прифатено, така што по еден месец во градот имаше 350 инфицирани и 15 починати.

На исто мислење се и претставникот од МВР и ЦУК, дека нема успешна координација помеѓу Општинскиот штаб за заштита и спасување и Главниот штаб за заштита и спасување. Независно од Главниот штаб формирана е и посебна Комисија за координација од страна на Владата со која раководи вицепремиерот. Преголем е бројот на паралелни координативни тела кои меѓусебно се нефункционални и неусогласени.

Како силна страна во работење на Штабот според претставникот на ЦУК е тоа што, воедно, градоначалникот е и командант на Штабот и има можност да ги користи ресурсите на локалната самоуправа, да ги пренаменува средствата кои ќе бидат во прилог на спречување и намалување на опасностите од епидемијата предизвикана од коронавирусот. Но, од друга страна, пак, доколку се прогласеше кризна состојба а не вонредна, во тој случај командата нема да е градоначалникот и државната Дирекција за заштита и спасување ќе учествуваше со свои сили и средства за борба со епидемијата. Одлуките на Штабот за заштита и спасување мора да се спроведуваат од органите и телата на локалната самоуправа, сега Општинскиот штаб за заштита и спасување нема овластувања да дава наредби на институциите да постапуваат, бидејќи истите се вертикално субординирани.

Како **позитивна страна** во работење на Штабот би ја посочил неговата мобилност, секојдневната комуникација и заседавање, следењето на состојбата на терен, донесувањето предлози и заклучоци кои се одобруваат од членовите на Штабот. Сите членови на Општинскиот штаб за заштита и спасување се тестирани во два наврата. По вториот пат резултатите покажале дека 5 членови од ОШЗС се

позитивни на Ковид-19. Веднаш после тоа од страна на Државниот санитарен и здравствен инспектор издадени се Решенија за изолација на членовите на Општинскиот штаб за заштита и спасување со оглед на фактот дека истите секојдневно имале комуникација со 5 члена на Штабот кои се позитивни на Ковид-19. И покрај изолацијата на членовите на Штабот истиот продолжи да функционира онлајн со конференциска врска преку зум(zoom)-програмата, раководена од командантот на Штабот – градоначалникот кој, исто така, бил позитивен на тестот. И преку онлајн комуникацијата ОШЗС продолжи со работа и секојдневно ја следи состојбата на терен и донесува соодветни заклучоци кои ги соопштува на јавноста и ги препраќа до Главниот координативен штаб. Но, од друга страна, пак, доколку се прогласеше кризна состојба а не вонредна во тој случај командата нема да е на градоначалникот и Државната дирекција за заштита и спасување ќе учествуваше со свои сили и средства за борба со епидемијата. Одлуките на Штабот за заштита и спасување мора да се спроведуваат од органите и телата на локалната самоуправа, сега Општинскиот штаб за заштита и спасување нема овластувања да дава наредби на институциите да постапуваат, бидејќи истите се вертикално субординирани.

Претставникот на Министерството за внатрешни работи - Сектор за внатрешни работи - Куманово укажа на одредени слабости во координацијата на Општинскиот кризен штаб и воопшто координацијата на безбедносниот систем во Република Северна Македонија во услови на вонредна состојба ја оценува како слаба (недоволна). Според негово мислење не постои јасно дефиниран и точно утврден систем на командување и раководење со Општинскиот кризен штаб како и со безбедносниот систем во Р. С. Македонија во услови на вонредна состојба.

Од страна на претставникот на Центарот за јавно здравје сугерирано е во однос на координацијата на локално со републичко ниво, истата има повеќе слаби страни во однос на доставување на конкретни мерки навремени информации од горе кон долу. Повратни информации нема или не се навремени. Потребно е конкретизирање на насоките за натамошно дејствување од страна на Главниот штаб кон локалните штабови за заштита и спасување.

6. ***Дали институциите на Република Северна Македонија имаат стратегија, протоколи и политики соодветни за функционирање во вонредна и кризна состојба пред појавата на пандемијата со Ковид-19? Дали Република Северна Македонија има изградено соодветна процедура на постапување - одлучување?***

Ние денес како држава немаме посебен закон со кој се регулира функционирањето на институциите во услови на вонредна состојба. Вонредната состојба е регулирана со два члена од Уставот. Тоа укажува дека е неопходно за поефикасно функционирање на институциите на централно и на локално ниво за поуспешно справување со сите видови закани во наредниот период би препорачал носење на Закон за вонредна состојба, каде со закон ќе се уредат односите на функционирање на институциите, координација, надлежности, материјални, финансиски, персонални ресурси и слично.

Она што недостасува денес е ИНТЕГРАЛЕН НАЧИН НА УПРАВУВАЊЕ со сите институции кои се неопходни во услови на вонредна состојба.

Сега во моментот имаме претставник – член на Општинскиот штаб за заштита и спасување од Дирекцијата за заштита и спасување, која институција располага и користи државни ресурси, а истиот не дава никаков придонес во справување со епидемијата, не учествуваат со никакви ресурси освен што нивниот претставник присуствува на состаноците на ОШЗС. Единствена помош од Дирекцијата за заштита и спасување е денес по 42 дена од почетокот на кризата со донација во име на Владата со 35. 000 маски, кои Општината ги дели на вработените во институциите и на граѓаните. На некој начин Општината беше препуштена сама на себе да се справува со епидемијата која секој ден се заканувaше со сé поголема жестина.

Евидентен е критичкиот однос на првиот човек на Општинскиот штаб за заштита и спасување укажувајќи на скромниот придонес од страна на Владата кога се добиени три ролни материјал за изработка на заштитни маски, 3 тони натриумхиперхлорид, средство за дезинфекција и тоа преку лични релации во централната власт што **укажува на непостоење на системско координирање** и функционирање на централната и локалната власт.

Од страна на Владата ветено е но сé уште не е испорачано гориво од државните резерви, при што е дадена насока Општината од својот буџет да го плати ДДВ и акцизата која достигнува некаде околу 70 % од вредноста.

Од страна на Општината уште на почетокот на кризата поради недостаток на материјални средства (возила, опрема за дезинфекција и слично) упатено е барање до Владата, истата дава насоки дека барањето се упати до Дирекцијата за заштита и спасување, после повеќе денови доаѓа писмен одговор од Дирекцијата за заштита и спасување дека тие не располагаат со такви материјални средства и барањето да го пратиме до Заедницата на локална самоуправа – ЗЕЛС и преку нив да побараме таква опрема од другите општини. Додека ние писмено се допишувавме со институциите од централната власт епидемијата си го земаше данокот со нови инфицирани и нови починати.

Состојбата, особено, се влошуваше во Општата болница, каде инфицираните лица поради нестручен третман се прошетаа по одделенијата на болницата и го проширија вирусот кај незаштитениот медицински персонал кој се обидуваше да им пружи здравствена услуга. Речиси сите одделенија беа зафатени со инфицирани здравствени работници по што истите се упатуваа во изолација како и нивните колеги со кои биле во контакт така што се доведе во состојба да се размислува за функционалноста на болницата во целина.

Болницата и целокупниот медицински персонал пред започнувањето на епидемијата воопшто не беа подготвени за пружање на здравствена услуга во услови на епидемија. Не располагаа со протокол како треба да се однесуваат во такви услови, не располагаа со соодветна заштитна опрема, беше дозволено пациенти со Ковид слободно да се шетаат по одделенијата на болницата при што беа инфицирани и лекари и медицински персонал од повеќето одделенија. Не постоеше посебно одделение за прием и тријажа за инфицираните кое нешто подоцна се случи откако се преполови здравствениот персонал. Во почетокот лекарите сами се снаоѓаа со заштитна опрема за да си го заштитат своето здравје и здравјето на луѓето околу нив бидејќи истите секојдневно имаа контакт со инфицирани пациенти со Ковид-19.

Немаше протокол за постапување во услови на епидемија, исто така, обученоста на персоналот за работа во услови на епидемија беше на ниско ниво што резултираше со голем број на инфициран медицински персонал во тој прв налет на вирусот.

Не беа доволно јасни правилата за тестирање - дали може да се прави тест, на кои лица, на кој начин, место на тестирање и слично. Постоеше разногласие од страна на епидемиолозите околу препораките, збунетост на медицинскиот персонал а, исто така, и кај граѓаните.

Инволвирањето на политиката во целиот процес, во состојба кога е прогласена вонредна состојба и сите сили и ресурси на државата треба да бидат насочени за надминување на таквата состојба. Трка на

политичките партии да освојат по некој политички поен во услови на епидемија, пред претстојните предвремени парламентарни избори.

Претставникот на невладиниот сектор во голем дел се потврдува со мислењето на командантот на Штабот, со укажување на тоа што сите бевме затекнати од состојбата со коронавирусот, сметам дека институциите на Р. С. Македонија **немаат точно дефинирана стратегија, протоколи и политики,** кои би овозможиле ефикасно дејствување на целокупниот државен апарат, во насока на редуцирање на штетните последици кои можат да настанат за време на вонредна или кризна состојба.

Претставникот на Центарот за јавно здравје смета дека здравствениот систем има неколку оперативни планови и акциски планови кои се ревидираат непосредно во текот на вонредната и кризна состојба но не се соодветни пред појавата на пандемијата со Ковид-19, протоколите се донесуваа непосредно, односно се преведуваа од Светската здравствана организација (СЗО) и се покажа дека не се применливи спрема нашите капацитети. Истиот укажува да се почитуваат препораките и протоколите упатени од СЗО но со нивно адаптирање на реалните услови со кои располага нашиот здравствен систем.

7. ***Кои би биле Вашите предлози за подобрување на работата на телото во кое учествувате Вие и, генерално, безбедносниот систем, кои се Вашите предлози и идеи за подобро, поефикасно справување во услови на вонредна состојба на целокупниот безбедносен систем?***

Според раководителот на Регионалниот центар за управување со кризи потребна е целосна реорганизација и реформи во целокупниот безбедносен систем, не да се оди парцијално во реформи на безбедносно разузнавачки служби, парцијално реформи во полицијата, во Дирекцијата за заштита и спасување туку треба една стратегија која ќе го опфати целокупниот безбедносен систем и сите негови потсистеми.

Сега имаме **паралелизам и многу раководни и координативни тела** кои се троми, бирократски и нефункционални. Потребно е формирање на еден центар во кој ќе се соединат Центарот за управување со кризи (ЦУК), Дирекцијата за заштита и спасување (ДСЗ), итната медицинска помош, противпожарната заштита и одредени делови од Министерството за внатрешни работи и Армијата на Република Северна Македонија, како би можеле да зборуваме за единствена служба за заштита и спасување од сите видови опасности по здравјето и безбедноста на граѓаните.

Воведување на единствен европски број 122 за итни повици, кој ќе ја испрати пораката за помош до најблиската служба на тоа подрачје, во зависност од потребата. Иако уште пред десетина години дадена е согласност за воведување на овој единствен повикувачки број до ден денес тоа не е реализирано.

Од страна на претставникот на Дирекцијата за заштита и спасување (ДСЗ) укажано е на паралелизам и несинхронизираност на Центарот за управување со кризи и Дирекцијата за заштита и спасување во услови на вонредна состојба, **како и непостоењето на координација помеѓу Главниот републички штаб за вонредни состојби и општинските штабови.** Имено, најпрвин Владата на Република Северна Македонија мораше да донесе уредба за правно да го активира Законот за заштита и спасување. Тоа е незамисливо. Поради непостоењето на Закон за вонредна состојба, не се знаеше што точно треба да преземе Центарот за управување со кризи, а што Дирекцијата за заштита и спасување. Всушност, дојде до префрлување на топката во насока ЦУК спрема ДЗС и обратно, така што за одредени ситуации истите се изјаснуваа за ненадлежни. Тоа не би смеело да се случи. Наместо да постојат две законски решенија, а тоа се Законот за заштита и спасување и Законот за управување со кризи, таа област може да се инкорпорира во една област, со строго утврдени надлежности како и **субординација** во функционирањето и на двете институции. Ова би довело до голема ефикасност, бидејќи ќе го оневозможи избегнувањето на задачите, злоупотребувајќи ги правните празнини, а целиот систем за цивилна заштита би можел да функционира единствено, целисходно и непречено.

Од страна на претставникот на Центарот за јавно здравје предложено е симулациски вежби на локално ниво во зависност од видот на кризата како и едукација од експерти од сите области, како да се дејствува взаемно, да се координира со сите релевантни институции. Учесниците од засегнатите институции да бидат исклучително професионални, мотивирани, одговорни за да може да се подобри работата на телото. Се наметнува потребата барем еднаш квартално да се одржуваат средби меѓу учесниците било тоа да се од информативен карактер што се случува на локално ниво во случаи на вонредна или кризна состојба.

Според мислењето на првиот човек на Штабот, ОШЗС уште на 22 март 2020 година на самиот почеток на епидемијата на втората седница на Штабот врз согледувањата на состојбата во Општината предложи да се донесе кризна состојба на целата територија на Општина Куманово. Во таква состојба на прогласена криза имавме законска можност да го активираме Акцискиот план на Регионалниот центар за управување со кризи, во таков случај ќе располагавме со поголеми ресурси од локално

и државно ниво и немаше да се рашири епидемијата во овие размери во кои е денес.

Во услови кога нема Закон за вонредна состојба имаме Закон за управување со кризи и Закон за заштита и спасување, со нивно активирање и концентрација на материјалните и човечките ресурси треба да се постигне поголем успех во надминување на кризата, за што сведочи позитивниот пример за прогласување на кризна состојба во општините Дебар и Центар Жупа.

Во Акцискиот план со кој располагаме точно се прецизирани надлежностите на сите институции по кои треба да се постапува. Во таков случај би се вклучиле и:

- Дирекцијата за заштита и спасување со сиот свој капацитет и во делот на дезинфицирање на инфицираните реони,

- Министерството за внатрешни работи со дополнителни ресурси

- Армијата со дополнителни ресурси како и

- Локалната самоуправа со сиот свој капацитет

- Пошироки овластувања на ОШЗС.

Тие предлози на ОШЗС не беа прифатени, точно после еден месец на 23 април 2020 година добивме инструкции од директорот на Дирекцијата за заштита и спасување кој е назначен од страна на Владата како лице за „консолидирање“ на ОШЗС, за да ми каже дека имам широки овластувања како командант на ОШЗС и можам да барам ресурси од другите институции на ниво на локална самоуправа, нешто што ние веќе го работиме повеќе од еден месец.

Нашиот штаб функционира од самиот почеток на кризата и тоа секојдневно заседава, прави анализи и донесува одлуки и препораки. Во одредени општини сѐ уште не се активирани општинските штабови за заштита и спасување или нивните активности се сведени на минимум.

Во Општината покрај во останатите институции, Ковид-19 се појави меѓу згрижените и вработените во ЈП „Дом за стари - Зафир Сајто“, од Куманово. Во согласност со препораките на Владата, дадена е инструкција недостатокот на техничкиот персонал во домот за стари лица да биде надополнет со персонал од ЈУ Детска градинка „Ангел Шајче“ Куманово, но од страна на директорката бев информиран дека вработените одбиваат да бидат ангажирани во дом за стари лица бидејќи дел од нив биле инфицирани со Ковид- 19. Директорот на Домот за стари лица се обидел дел од администрацијата да ги ангажира да помогнат на

техничката служба, но од нивна страна бил одбиен со образложение дека тоа не е во согласност со законот. Обидувајќи се да распише тендер за ангажирање на приватно претпријатие за одржување на хигиена но поради обврската за распишување на тендер повторно наидува на тешкотии.

Сето ова укажува дека епидемијата со коронавирусот имплицира проблеми во функционирањето на државните институции, а, од друга страна, се јавува една општа **дискоординација** во функционирањето на државните институции.

Од страна на претставникот на Министерството за внатрешни работи укажано е на одредени тешкотии во дејствувањето на МВР во услови на вонредна состојба. Дополнително е отежнато со дејствувањето на таканаречениот „технички министер“ и „врзаниот потпис“ на раководниот работник со дополнителниот раководен работник. Оваа постапка дополнително и потполно непотребно го отежнува дејствувањето на МВР, којшто начин е пропишан да важи само во услови на избори и истиот не треба да важи во услови кога се работи за вонредна состојба. Ваквиот систем на раководење во Министерството е отежнато а особено кога станува збор за дејствување во услови на вонредна состојба.

8. ***Останати предлози и идеи кои не беа опфатени во интервјуто!***

Да се избегне политизација на случајот со епидемијата на Ковид-19, да се избегне прибавување на политички поени за парламентарните избори кои се очекуваат во наредниот период, денес во услови на вонредна состојба. Потребно е во рамките на Владата да биде формирано **едно стручно тело**, кое ќе биде составено од експерти во својата област, но не и лица кои се вработени во институциите кои директно - ресорно се поврзани со таа проблематика, каде ја даваат својата експертиза.

Комисија која ќе работи објективно, надвор од политичките влијанија, врз основа на својата експертиза, знаење и умеење, ќе дава совети, стручно мислење и препораки до Владата која ќе донесува одлуки со законска сила.

Денес Владата донесува одлуки врз база на мислење од Комисијата за заразни блести, истата Комисија е во рамките на Министерството за здравство. Министерот за здравство ги именува и разрешува членовите на Комисијата за заразни болести, кои, исто така, се од редовите на Министерството за здравство. Министерот за здравство е директно претпоставен, и членовите на Комисијата не можат објективно и непристрасно да одлучуваат и да даваат препораки кои би

биле спротивни на ставовите на министерот за здравство, плашејќи се за своето работно место и за својата кариера. Доколку се прифати другиот модел, формирање на Комисија составена од докажани лица - експерти во својата област, кои нема да зависат од Министерството ниту од министерот за здравство, нивните препораки и одлуки ќе бидат поиздржани, објективни без влијанија од ниедна страна и ќе препорачуваат на Владата да донесува објективни препораки кои ќе бидат во интерес на сите граѓани.

Таквата Комисија е во рамноправна положба со органот кој ве делегира и на рамноправна основа ќе можат да се изнесуваат аргументи со што ќе се носат објективни препораки и одлуки засновани на знаење, стручност, анализа која е вистинска формула за успешно справување со одредени потенцијални опасности.

Она што е неопходно е **интегриран систем на управување со институциите**. Потребно е сите институции да бидат насочени со сите ресурси кон надминување на заканата која е заедничка цел на сите.

Го повторуваме негативниот пример од конфликтот од 2001 година, каде, исто така, немавме интегриран систем на командување и имавме загуби и во составот на Армијата на Република Северна Македонија и во составот на Министерството за внатрешни работи. Со АРСМ раководи претседателот на државата, со МВР министерот за внатрешни работи а меѓу нив не постои интегриран систем на командување туку систем на дискоординација.

Денес имаме слична состојба на дискоординираност меѓу самите институции, префрлување на одговорност, непостоење на интегриран систем на управување со епидемијата, локалниот ШЗС предлага едни мерки, Централниот штаб не ги прифаќа и предлага други мерки. Задачите на локалните штабови треба да бидат егзекутивни, реално да ја скенираат состојбата и да ги пренесуваат информациите до Централниот штаб кој треба реално да биде потхрануван со реални, навремени и точни информации, на дневна, односно на часовна основа, затоа што состојбата се менува од час во час, како би можел Главниот штаб да донесува реални егзекутивни предлози и одлуки кои би имале ефект во дадениот момент. Доколку институциите не функционираат координирано, се овозможува ширење на вирусот а цената е рапидно зголемување на новоинфицирани како и починати лица.

Досегашниот период укажува на дисхармонија во функционирање на институциите, за што зборуваат повеќе факти. Општинскиот штаб за заштита и спасување на Куманово функционира од првиот ден на прогласување на вонредната состојба, во некои општини сè уште не се активирани штабовите за заштита и спасување. Во Општина Липково, Општинскиот штаб за заштита и спасување е

формиран пред десетина дена, а во таа Општина епидемијата рапидно расне, се зголемува бројот на новоинфицирани од Ковид- 19, а веќе се забележани и смртни случаи. Таквата состојба на нефункционирање на Општинскиот штаб за заштита и спасување, не преземање на навремени мерки може да доведе до ситуација на лесно префрлување на вирусот и во соседната Општина Куманово.

На ниво на државата фронтално се носат одлуки на затегнување и поригорозни мерки, за по неколку дена да се започне со олабавување на мерките. Главно, населението е дисциплинирано и ги почитува мерките, но под еден услов: ако му издадете јасна и конкретна наредба, народот почитува, но ако нема јасна и конкретна наредба, се однесува без правила, постои опасност од повторно ширење на епидемијата, затоа треба да се дејствува со конкретни и јасни мерки а не со препораки.

За да имаме поголем успех во справувањето со вакви и слични епидемии во иднина потребно е подготвување на закон, конкретни протоколи на функционирање на институциите како и конкретни акциски планови по кои ќе се постапува во случај на вонредна состојба предизвикана од конкретен вид на закана.

**Претставникот на Армијата на Република Северна Македонија** има впечаток дека припадниците и капацитетите и ресурсите на МО/АРСМ не се доволно искористени во оваа состојба, односно дека истите се користат на еден „декларативен“ начин (колку само да се каже дека се користат) без никаков реален ефект во целата новонастаната состојба.

**Предлози** :

- Не се доволно искористени (<u>воопшто не се употребени</u>) стационарните објекти на АРСМ (т.н. „стационар“) коишто постојат во секоја поголема касарна на АРСМ, опремена со медицински персонал, и со соодветни медицински капацитети и медицинска опрема на ниво на едно одделение во болница;

- Не се доволно искористени единиците на Атомско биолошко хемиска одбрана - АБХО капацитетите на АРСМ ;

- Не се доволно искористени персоналните капацитети на АРСМ (Курирско делење на пензии на пензионерите и лекови на хронично болни на домашна адреса по систем на -а -бе -це -де, на кој начин би се избегнале редиците пред банките, аптеките и слично кои во моментот претставуваат сериозни жаришта и пренесување на вирусот); и

- Не се доволно искористени останатите материјално-технички средства и ресурси на АРСМ (санитетски возила, транспортни возила, специјализирани технички возила и механизација – цистерни за вода и миење и дезинфекција на улици и јавни површини и слично).

**Претставникот на Центарот за јавно здравје** сугерира на одредени слабости во функционирањето на здравствениот систем, особено во Општата болница во Куманово која покрива 6 општини (Куманово, Липково, Старо Нагоричане, Кратово, Крива Паланка и Ранковце). Една од институциите којашто видно потфрли во оваа вонредна состојба е токму ЈЗУ „Општа болница“ Куманово – Институција којашто не требаше и не смееше да потфрли! Од двомесечната вонредна состојба (30 + 30 дена) директорот на ЈЗУ Болница - Куманово во два наврата се наоѓаше во задолжителни 14 + 14 дена изолација. Ова значи дека една од најважните институции, во услови на вонредна состојба, за половина време од нејзиното целосно траење беше оставена без главен и одговорен работник и истата беше препуштена да биде раководена од заменици и пониски раководни работници на одделенијата.

Речиси немаше оддел во болницата кој не беше инфициран со Ковид-19, така што голем дел од персоналот (лекари и медицински сестри) беше во изолација или самоизолација и се чувствуваше недостаток на медицински персонал за пружање на здравствени услуги во услови кога се зголемува потребата од тој вид на услуги. Ваквата состојба, сама по себе резултираше со видно опаѓање на будноста и агилноста на медицинскиот персонал на болницата што во крајна линија резултираше и со висока бројка на заразен медицински персонал при што во одредени моменти основната функција на болницата беше доведена во прашање .

Од страна на претставникот на Општината - задолжен за заштита и спасување беше сугерирано во наредниот период да се донесе Упатство за начинот на работа и одлучување на Главниот штаб, Регионалниот штаб како и општинските штабови за заштита и спасување (кое Упатство е укинато во 2009 год.) како и измени во Одлуката за утврдување на персоналниот и материјалниот состав на силите за заштита и спасување.

***Препораки и заклучоци врз основа на спроведеното непосредно набљудување и интервју со претставниците на ОШЗС- студија на случај:***

Во рамките на спроведување на научноистражувачкиот проект „***Функционирање на безбедносниот систем на Република Северна Македонија во услови на вонредна и кризна состојба“ студија на случај,*** применети се повеќе истражувачки методи и на нив соодветните техники и инструменти за истражување. Во анализа на случајот Оштински штаб за заштита и спасување - Куманово (ОШЗС), применети се техниките на непосредно **набљудување на работењето на (ОШЗС)** и **интервју со членовите на истиот**.

Врз основа на спроведените техники на непосредно **набљудување** како и **интервју со постојаните членови и надворешните членови на Штабот** може да изнесеме повеќе заклучоци и препораки во функционирањето на институциите на локално и централно ниво во услови на вонредна и кризна состојба.

## 1) Локална самоуправа

По прогласувањето на вонредната состојба на целата територија на Република Северна Македонија од страна на претседателот на државата, формирани се просторни сили за заштита и спасување со Одлука на Советот на Општина Куманово, но истите не се обучени за дејствување во услови на епидемија. Наместо да бидат ангажирани просторните сили, ангажирани се единиците на АРСМ и Противпожарната заштита на Општината, што укажува на фактот дека во наредниот период **е неопходно да се изготви план и да се пристапи во континуирано обучување на просторните сили на ниво на локална самоуправа за дејствување во услови на епидемија како и други видови на загрозување.**

- На локално ниво координацијата меѓу членовите на Општинскиот штаб е добра. Соодветно е евидентирана одговорноста и иницијативата на членовите на Општинскиот штаб за преземање на повеќе мерки како одговор на кризната состојба. Но јавните претпријатија во услови на вонредна состојба не работат, губат дел од редовните приходи бидејќи нивната работа е насочена на надминување на кризата предизвикана од епидемијата. Таквата состојба, кај јавните претпријатија, финансиски ќе може да се одржи релативно краток временски период бидејќи поради недостаток на финансиски средства институциите нема да можат да одговорат успешно во справување со кризата. Ваквата состојба

во подолг временски период би предизвикала проблеми во функционирањето и опстанокот на јавните претпријатија.

- Исто така, на ниво на локална самоуправа **недостасуваат ресурси** и тоа:

  а) **едуциран кадар** кој може активно да се вклучи во одговор на кризата предизвикана од епидемија,

  б) **материјални средства,** пред сѐ, специјални возила за дезинфекција, опрема за заштита, средства за дезинфекција и слично,

  в) **финансиски средства** кои би биле наменети за финансирање на активностите и материјалните средства за справување со епидемијата.

## 2) Здравствен систем:

Здравствените работници во Општата болница - Куманово на почетокот на епидемијата се соочија со сериозни проблеми во функционирањето. Би споменал дел од истите:

- Неадекватно обучен персонал за работа во услови на епидемија од пошироки размери;

- Недостаток на соодветна опрема за заштита при работа во услови на епидемија. Истото се аргументира со фактичката состојба на почетокот на епидемијата кога здравствените работници немаа соодветна заштитна опрема, поради што првично заболените пациенти кои беа инфицирани со Ковид - 19, се прошетаа низ сите оддели на Општата болница - Куманово, при што го инфицираа незаштитениот и необучениот медицински персонал на болницата. Општата болница во Куманово пружа здравствени услуги на повеќе општини од регионот: Куманово, Липково, Старо Нагоричане, Кратово, Ранковце и Крива Паланка. Како резултат на тоа, за краток временски период се појавија позитивно инфицирани медицински лица речиси од сите оддели на Општата болница, а голем дел од персоналот кој бил во контакт со позитивно инфицираните добиле решение за изолација. На тој начин Општата болница (која и пред епидемијата имаше недостиг на кадар) која е најповикана да пружа здравствена заштита, се доведе во состојба да работи со преполовен број на здравствен персонал, пред сѐ, лекари и медицински сестри. На самиот

почеток на епидемијата здравствениот персонал беше принуден сам да се справува со епидемијата според своите способности и можности, сами си купуваа заштитна опрема и се заштитуваа од позитивно инфицираните пациенти. Немаше некои прецизни насоки од страна на Министерството за здравство.

- На локално ниво нема јасно утврдени процедури и протоколи за дејствување со вклученост на институции и ресурси, освен акциски планови (кои со години не се ажурирани) за дејствување во кризна состојба. Во здравствениот систем се преведуваат протоколи од Светската здравствена организација кои се покажаа дека се неприменливи спрема нашите капацитети. Сето ова ја наметнува потребата од изработка на адекватни протоколи за дејствување на здравствениот систем и здравствените установи во Република Северна Македонија во согласност со протоколите на Светската здравствена организација. Исто така, неопходна е и едукација од експерти од сите области, симулациски вежби на локално ниво во зависност од видот на кризата како и протоколи за взаемно дејствување и координирање на сите релевантни институции. Учесниците од засегнатите институции да бидат исклучително професионални, мотивирани, одговорни за да може да се подобри работата на телото. Потребно е барем еднаш квартално да се одржуваат средби меѓу учесниците во телото. Овие средби би биле од информативен карактер и со цел да се разменат информациите за тоа што се случува на локално ниво, а е поврзано со вонредна и кризна состојба. Зголемената информираност би му овозможила на здравствениот систем адекватна и навремена заштита на здравствениот персонал и превентивно дејствување и заштита со кое би се спречило или намалило ширењето на епидемијата.

- За да се избегне влијанието на политиката врз работењето на Комисијата за заразни болести, потребно е да се зголеми нејзината автономност и истата да не е директно потчинета под Министерството за здравство. Со тоа ќе се елиминира влијанието на Владата или ресорниот министер во донесување на одредени одлуки или препораки. Комисија која ќе работи објективно, надвор од политичките влијанија, врз основа на својата експертиза, знаење и умеење, ќе дава совет, стручно мислење и препораки до Владата која ќе донесува одлуки со законска сила.

## 3) Систем на рано предупредување

Во делот на системот на рано предупредување потребно е постојано јакнење на свеста на граѓаните за граѓанска совесност и улога во превенција и рано препознавање, споделување на информации, јасен протокол и задачи со кои секој ќе го знае своето место, обврските и одговорностите, на прво место институциите а потоа и сите граѓани. Овие работи се учат од помала возраст и стануваат секојдневие на сите. Модел кој бил опфатен со поранешната Цивилна заштита во претходниот систем кога со планови и програми едуктивно и практично беа опфатени сите категории на граѓани. Во **Локалниот совет за превенција кој е раководен од градоначалникот нема претставник од Центарот за управување со кризи** на кој основна дејност му е да прибираат информации и да подготвуваат процени од разните видови ризици. Потребно е во наредниот период вклучување на претставник од ЦУК во работа на ЛСП како Советот би имал целосна анализа и процена на ризиците врз основа на што и би ја фокусирал својата активност за превенирање и надминување на таквата состојба. **Не задоволува системот за превенција и рано предупредување** на локално ниво во услови на вонредна и кризна состојба. Искуството покажа дека граѓаните почитуваат единствено ако е предвидена репресија (изрекување на глоби). **Потребно е планирана и организирана работа во делот на рано предупредување, континуирана едукација и укажување на опасностите со кои можеме сите да се соочиме до колку не се почитуваат препораките за заштита на епидемиите. Заради сеопфатноста и навременоста на едукацијата се препорачува воведување на адекватни наставни програми и модули од областа на цивилната заштита во наставните планови во основното и средното образование.**

**ПОСТОИ ПРАВЕН ВАКУУМ** ВО ДЕФИНИРАЊЕ НА ФУНКЦИОНИРАЊЕТО НА ИНСТИТУЦИИТЕ ВО УСЛОВИ НА ВОНРЕДНА И КРИЗНА СОСТОЈБА. Со оглед на фактот дека не постојат позитивни законски прописи за регулирање на функционирање на институциите во вонредна состојба, донесена е Уредба со законска сила од страна на Владата за важење на Законот за заштита и спасување, со што се премостува проблемот на законскиот вакуум. Овие факти укажуваат дека **е потребно подготвување на долгорочно законско решение за функционирање на институциите во услови на прогласена вонредна состојба,** каде прецизно ќе се одредат надлежностите на секоја институција на централно и локално ниво како

и подреденост-надреденост и координација на истите со што би се подобрила ефикасноста на системот на функционирање на институциите во услови на вонредна состојба. Во самото законско решение би се предвиделе поштироки овластувања на безбедносните институции со што ќе се овозможи поголема ефикасност на институциите во справување со опасноста која довела до прогласување на вонредна состојба. **Постои правен вакуум бидејќи ВОНРЕДНАТА состојба е регулирана единствено со два члена од Уставот и не постои Закон за вонредна состојба** кој ќе ги уреди подробностите во функционирање на институциите на државно и локално ниво во услови кога е прогласена вонредна состојба. Со прогласување на вонредна состојба не е предвидено ставање во функција на Законот за заштита и спасување и работа на Општинскиот штаб за заштита и спасување, поради што таквите проблеми мораше да се надминуваат со одлуки на Владата со законска сила. **Затоа е потребно донесување на Закон за вонредна состојба** кој правно ќе ги покрие празнините и недореченостите во функционирањето на институциите во услови на состојба предизвикана од различни видови на опасности, начинот на работа на локалните штабови и **нивните надлежности. Во ситуацијата која постои во моментов се поставува прашањето дали командантот на штабот во услови на вонредна или кризна состојба може да дава наредба на претставници на државни институции, до каде се овластувањата на командантот на штабот, на постојани членови на штабот како и надлежности на надворешните членови на штабот, доаѓа до преклопувања на надлежностите на општинските штабови за заштита и спасување и регионалните штабови за управување со кризи. Затоа со едно посебно законско решение треба да се разграничат тие надлежности и прецизно да се определат надлежностите на штабовите и на институциите.** Со Одлука на Владата во услови на прогласена вонредна состојба, се ограничи движењето на граѓаните освен за припадниците на здравствениот систем, МВР и АРСМ, додека претставниците на ОШЗС не беа изземени од таа мерка. Со таа мерка се оневозможи работењето и функционирањето на Општинскиот штаб за заштита и спасување бидејќи во согласност со мерката, членовите на Штабот не можат слободно да се движат, што укажува на некоординираност помеѓу Главниот координативен штаб на Владата и општинските штабови за заштита и спасување. **Потребно е Владата пред да донесе одредена мерка, да направи консултација и прибирање на сознанијата од терен, односно од единиците на локалната самоуправи и од нивните локални штабови** и врз основа на таквите релевантни податоци и потреби да се донесуваат одлуки кои ќе бидат во функција на

намалување на епидемијата но во исто време да овозможат непречено функционирање на органите и телата кои се директно надлежни за преземање и спроведување на мерките за справување со таа потенцијална закана.

Во самото законско решение треба да се предвидат претпријатија и трговски друштва кои се од витално значење за државата. Во истите треба да се подготват акциски планови за работа во вонредни услови врз основа на насоките од државните институции. Неопходно е склучување на договор меѓу претпријатијата и трговските друштва од витално значење и државните институции во кои правни акти би се дефинирале правата и обврските на едната и другата страна.

## Координација

Забележана е некоординираност и несинхронизираност на Главниот штаб и локалните штабови и во ОШЗС иако и во двете тела членуваат претставници на државните институции. Командантот на Локалниот штаб, единствено, може да ги слушне мислењата на Главниот штаб и да даде препораки. Потребно е ИНТЕГРАЛЕН НАЧИН НА УПРАВУВАЊЕ со сите институции кои се неопходни во услови на вонредна состојба. Во Штабот има претставник – член на ОШЗС од Дирекцијата за заштита и спасување, институција која располага и **користи државни ресурси**, но не дава никаков придонес во справување со епидемијата бидејќи државната институција ДЗС не учествува со никакви ресурси, освен што нивниот претставник присуствува на состаноците на ОШЗС, со оглед на фактот дека не е прогласена кризна состојба. **Постои некоординација и тромост на институциите во услови на вонредна состојба**, писмена комуникација и губење на драгоцено време во услови кога епидемијата си го зема данокот со рапиден раст на новоинфицирани и починати лица.

Потребна е целосна интегрирана реорганизација и реформи во целокупниот безбедносен систем, не да се оди парцијално во реформи на безбедносно-разузнавачките служби, парцијални реформи во полицијата, во Дирекцијата за заштита и спасување и слично. Таквата реорганизација треба да овозможи ефикасна координација на целокупниот безбедносен систем и сите негови потсистеми.

Сега имаме паралелизам и многу раководни и координативни тела **кои се троми, бирократски и нефункционални**. **Сметам дека е потребно да се формира еден центар во кој ќе се соединат Центарот за управување со кризи (ЦУК), Дирекцијата за заштита и спасување (ДСЗ), итната медицинска помош, противпожарната заштита и**

**определени делови од МВР и АРСМ,** како би можеле да зборуваме за единствена служба за заштита и спасување од сите видови опасности по здравјето и безбедноста на граѓаните. Уште во 2007 година („Службен весник на Република Македонија“, бр. 12 од 2007) донесена е Одлука за начинот и временскиот рок на **воспоставување на единствен европски број за итен повик Е-112 во Република Северна Македонија**. Во членот 3 од Одлуката се предвидува фаза на концептуално дефинирање на **единствениот европски број за итен повик Е-112** каде временскиот рок бил до 30 април 2007 година, додека фазата на имплементација треба да се спроведе до 30 септември 2008 година. Бидејќи роковите предвидени во Одлуката одамна се поминати, се наметнува прашањето до каде е имплементацијата на Одлуката и ставање во функција на единствениот европски број Е-112 кој функционира во сите земји членки на Европската Унија.

Во прилог на тромоста на институциите и недоволната координираност ќе наведам пример од Општинскиот штаб за заштита и спасување на Општина Куманово. Поради недостаток на материјални средства - возила, средства за дезинфекција кои средства се неопходни за дејствување на ОШЗС упатено е писмено барање до Владата, истата после неколку дена дава насоки барањето да биде упатено до Дирекцијата за заштита и спасување, за истата после неколку дена писмено да извести дека тие не располагаат со такви материјални средства и барањето да се препрати до Заедницата на локална самоуправа ЗЕЛС, и преку нив да се побара помош од другите општини. Додека траат преписките меѓу институциите епидемијата си го зема данокот со нови инфицирани и нови починати.

Да се донесе **Упатство за начинот на работа и одлучување на Главниот штаб, регионалните штабови како и општинските штабови за заштита и спасување**. Вакво Упатство е донесено во 2006 година, но сега не е во функција. Со таквото Упатство се утврдува начинот на работа и одлучување на регионалните штабови за заштита и спасување. Штабовите за настанатата состојба би се запознавале од различни извори и од различни нивоа и тоа од штабовите за заштита и спасување на единиците на локалната самоуправа, трговските друштва, јавните претпријатија, установите и службите. За потребите на штабовите би се подготвувала процена од потенцијалната опасност, оцена за можноста за справување со опасноста со користење на сопствените сили и средства кои треба и можат да се ангажираат за надминување на состојбата, како и предлог на мерки за надминување на настанатата состојба.

Да се предвидат методите на работа на штабовите и тоа: потполн, скратен и директен метод, начините на пренесување на наредбите и

задачите на командантите и командирите на единиците на заштита и спасување. Покрај подготвување на Упатство за работа на регионалните штабови да се изготви и Упатство за дејствување на Главниот штаб во кое ќе се предвидат: услови за негово активирање, начин на работа, прибирање на информации, анализа, донесување на одлуки, координација со локалните и регионалните штабови.

# ПСИХОСОЦИЈАЛЕН АСПЕКТ НА КРИЗНАТА СОСТОЈБА ПРЕДИЗВИКАНА ОД КОВИД-19

## Теоретските концепти поврзани со стресот, справувањето и резилиентноста

Стресот се доживува на секоја возраст и индивидуите на секоја возраст се обидуваат да се справат со него*. Прашањето кое се поставува и на лаиците и на истражувачите, не е дали може да се избегне стресот, туку како најефективно да се носиме со него, како составен дел од секојдневниот живот. Истражувачката литература за психолошкиот стрес, справувањето со стресот и здравјето, во последните неколку децении постојано расте и ги опфаќа различните нивоа на анализа, како што се микронивоата на геномот и клетките, па сè до макронивоата на општеството и културата. Новите технологии само ги поттикнуваат интердисциплинарните проучувања на овој феномен, кои отвораат пат за нови теоретски модели, нови хипотези и нови откритија.

Во најголемиот дел од истражувачката литература за психолошкиот стрес централни се две теми: а) за последиците од стресот по менталното и физичкото здравје и б) одржување на благосостојбата и резилиентност (отпорност) при соочувањето со стресот. Во однос на првата тема, истражувањата понудиле значајни докази за несаканите исходи поврзани со стресот. Од друга страна, напоредно со овие истражувања, се појавил интерес за справувањето со стресот, односно како да се ублажат негативните последици. Тие, главно, биле насочени кон регулирање на негативните емоции и вознемиреност, за кои се знае дека предизвикуваат штета по физичкото и менталното здравје (Фолкман, 2016). Во последно време значајно внимание се посветува на истражувањето на процесите кои придонесуваат за одржување на благосостојбата при стресни ситуации, како и процесите што придонесуваат за закрепнување по кризните настани, за што подоцна повеќе ќе стане збор.

Поимот „стрес“ се користел за означување на страдање, мака, неприлика, тегоба, несреќа или тага, уште во XIV век (Lusden 1981, според Lazarus&Folkman, 1984). Sely во 1936 година почнал да го употребува називот „стрес“, за да означи збир на усогласени телесни

* текст на: професор д-р Драган Батиќ и профсор д-р Гордана Ристевска -Димитровска

одбрани против штетните дразби од кој било вид, а оваа реакција на организмот ја означил како општ адаптационен синдром. Всушност, стрес не претставува само барање на околината (или како што Sely го нарекува стресор), туку претставува универзален склоп на реакции и процеси предизвикани со таквото барање.

Во последните триесетина и повеќе години, когнитивната теорија на стресот, процената и справувањето на Лазарус и Фолкман (Lazarus, Folkman, 1984) извршила клучно влијание врз истражувањето на психолошкиот стрес и справувањето. Додека *стресорот* претставува настан/и кој/и ни го загрозува/ат животот или животот на блиските, имотот и слично или настан кој може да го измени досегашниот живот, а кој може да е надворешен настан или внатрешно побарување, *стресот* претставува внатрешна состојба или доживување. Во оваа теорија на стресот се гледа како на динамична состојба, во која се нагласува односот помеѓу организмот и околината, нивното меѓусебно дејствување и повратна спрега. Од Лазарус започнува новата ера во развивањето на научниот пристап за стресот и справувањето, кој го третира поимот стрес како организирачки поим за разбирање на широкиот дијапазон на појавите кои се исклучително важни за приспособување. Во таа смисла, стресот не можеме да го сметаме за варијабла, туку за конгломерат кој се состои од бројни варијабли и процеси (Lazarus&Folkman,1984).

Со оглед на тоа што стресот се објаснува и како однос на човекот и околината, постојат индивидуални разлики во реагирање на стресот. Лазарус ова го нарекува когнитивна процена на загрозувачката ситуација. Според него, когнитивните процеси се секогаш присутни и тие претставуваат интервенирачка варијабла помеѓу стресот и реакцијата на него. *Стресот, всушност, не е ниту само стимул, ниту реакција на него, туку претставува однос на човекот и околината кој се проценува како заканувачки и загрозувачки (Лазарус, 1984).*

Процената на стресот се зголемува кога барањата на средината ги надминуваат ресурсите на индивидуата, особено во ситуации кои се важни за неа(Lazarus, Folkman, 1984). Одговорот на поединецот на стресот ќе зависи од самиот стресор, но и од личните карактеристики, од искуството на поединецот и од неговата мотивација, што значи дека личните особини на индивидуата во голема мерка дејствуваат на стресната ситуација, односно како тој реагира на стресорот, а неговиот одговор е во согласност со неговата лична интерпретација на ситуацијата. Процената на личноста е многу важен фактор, бидејќи секоја личност има различна реакција. „Когнитивните процени посредуваат помеѓу настаните и реакциите и се битни за психолошкото разбирање... Когнитивната процена рефлектира единствен и променлив однос кој се случува помеѓу некоја личност со одредени карактеристики

(вредности, обврски, стилот на перципирање и мислење) и околината, чии карактеристики треба да се предвидат и интерпретираат“ (Лазарус, Фолкман, 1984).

Во рамките на оваа теорија се зборува за примарна и секундарна когнитивна процена. Примарната процена е процена на барањата, а секундарната на ресурсите. Двете процени зависат од карактеристиките на личностите, на нивните социјални улоги, верувања, како и социјалните ресурси кои им се на располагање (Aldwin C., 1994).

Секундарната процена или „капацитетот на личноста“ се состои од справување со барањата на стресната ситуација, односно процената на социјалните, материјалните и личните ресурси, како и контролата која може да ја воспостави личноста со цел да се приспособи на новата ситуација и да воспостави рамнотежа. Некои психолози истражуваат и „терцијарни процени“, што се случуваат долго време по завршувањето на стресната ситуација. Понекогаш доаѓа до процес кој се нарекува „посттрауматски раст“(Tedeschi, Calhoun, 2006), или раст поврзан со стресот, односно стресната ситуација доведува до позитивна промена кај личноста. Притоа, некои од овие процеси се одвиваат свесно, но некои се случуваат на несвесно, автоматско ниво.

## Типови на стрес

Стресот може да се објасни поаѓајќи од неговата сериозност и траење. Терминот *траума* означува сериозни стресори кои содржат закана за живот или сведочење за смрт или тешки телесни повреди. Трауматските ситуации обично се случуваат ненадејно, даваат малку можност за лична контрола и може да им се случат на многу луѓе истовремено. Такви се: природните катастрофи, воените дејствија, технолошките катастрофи.

Постојат индивидуални трауми како што се силување, сообраќајни незгоди, смрт на близок, развод и слично. Овие животни настани се сериозни настани кои им се случуваат на индивидуите. Иако порано се сметало дека секоја промена, било да е позитивна или негативна е стресна (Holmes, Rahe, 1967), повеќето истражувачи се сложуваат дека примарно негативните настани се поврзани со лоши здравствени исходи (Zautra, 2003).

За хроничен стрес се сметаат и индивидуални стресори, како што се хронични болести, закани за можност за штета, неразрешени конфликти, долгорочна неизвесност, недоволни награди, како и структурни ограничувања како што се лишување од ресурси и ограничување на избори (сиромаштија, дисфункционални семејни односи, лоши работни услови и др.). Тука спаѓаат и секојдневните

стресори или непријатни случки, кои обично се помали и со ограничено траење (сообраќајни метежи, конфликти со семејството и пријателите и слично). Обично не влијаат врз лошите здравствени исходи.

## Справување со стрес

Во основа на проучување на справувањето се начините на кои луѓето реагираат и преку кои се справуваат со реалните стресори во секојдневниот живот. Тука спаѓаат конструктивните одговори како што се: решавање на проблемите, вложување напори, барањето помош, дистракција, а како неадаптивни одговори се беспомошноста, бегството, спротивставувањето, социјалната изолација и руминација.

Традиционалните модели на справување со стресот кои, главно, потекнуваат од психодинамската традиција на его психологија, нагласуваат особини и стилови, односно типови на личност кои дејствуваат како его структури, како релативно стабилни диспозиции за справување на овој или оној начин. Справувањето како поим се изедначува со успехот во адаптацијата, додека неуспешни или помалку успешни настојувања на справувањето се нарекуваат его одбрани. Се покажало дека проценувањето на особините на справување имаат скромна предикативна вредност .

За разлика од традиционалните модели на справување, кои нагласувале карактеристики на личност, кои се релативно трајни и одредуваат како личноста ќе се справи со стресната ситуација, Лазарус справувањето го разбира како процес, како резултат на процена на личноста дека нејзиниот однос со околината е променет. *„Справувањето се дефинира како трајно променливо когнитивно и бихејвиорално настојување на излегување на крај со специфични надворешни или внатрешни барања, кои се проценети како оптоварувачки, или како толку тешки што ги надминуваат ресурсите (можностите) со кои личноста располага“ (Лазарус, Фолкман, 1984).*

Трансакцискиот модел на Лазарус се состои од три елементи:

- Карактеристики на личноста кои се релативно трајни – особини, вредности, уверувања, цели, способности и слично, како и карактеристики на средината во која функционира личноста – барања, можности, но и пречки;

- Когнитивна процена на стесорот, која може да биде: *примарна* – оцена на важноста и значењето на стресниот настан и *секундарна* – процена на можностите за влијание на настанот кој ќе се процени како стресен *и*

- Справување – постојано променливи когнитивни и бихејвиорални напори со цел совладување на специфичните надворешни и/или внатрешни побарувања, кои личноста ги проценува како преголеми за сопствените сили. Притоа, постојано доаѓа до примена на разни *стратегии за справување* - со кои се настојува да се реши стресната ситуација или да се ублажат штетните последици, кои се менуваат зависно од односот помеѓу личноста и околината, а секоја промена на односот води до нова процена.

  Промената, пак, настанува како резултат на примената на стратегиите кои го променуваат степенот на стресност. Притоа, околината може да се јави како поддршка, но и како извор на стрес, а долгорочните последици како нови извори на стрес. Не постојат добри и лоши стратегии, тоа е резултат на процена, а последиците можат да бидат *краткорочни* – емоционални реакции и *долгорочни* – квалитет на живот и здравје.[7]

Според Лазарус, постојат две генерални ***стратегии на справување,*** а тоа се:

- *кон проблемот фокусирано справување* – целосна насоченост кон решавање на проблемот или сторување нешто да се избегне изворот на стрес, кое преовладува кога луѓето чувствуваат дека нешто може да се направи за да се реши проблемот и имаат контрола врз стресната ситуација,
- *кон емоциите фокусирано справување* – насоченост кон редуцирање или управување со негативните емоции и емоционалната нестабилност поврзана со стресната ситуација, а преовладува кога постои чувство дека стресорот е нешто што мора да се издржи. За првиот типично е преземање акција, а за вториот пасивизација.

Поаѓајќи од овој модел на справување, Карвер разработува 16 типа механизми на справување, од кои првите 5 се *„фокусирани кон проблемот"*, од 6 до 9 *„фокусирани кон емоциите"*, а последните 6 ги смета за емпириски претпоставки, кои се поврзани со одделните од теоретските стилови. Тоа се: 1. Активно справување - преземање активни чекори во обид да се отстранат или заобиколат стресорите или да се ублажат нивните последици; 2. Планирање - размислување за начинот на справување со стресот - доаѓање до стратегии за акција преку

[7]Mejovšek, M. (2002). Uvod u penološku psihologiju. Zagreb: Naklada slap i Edukacijsko-rehabilitacijski fakultet, Zagreb, str.35-62.

размислување за тоа какви чекори да се преземат за најдобро справување со проблемот; 3. Потиснување на компетитивните активности – апстрахирање или дистанцирање од други активности или процесирање компетитивни информации, за да не се одвлече вниманието со други настани, со цел поцелосно концентрирање и справување со стресорот; 4. Воздржување – чекање соодветна можност за дејствување, себезадржување за да не се издејствува избрзано; 5. Барање инструментална социјална поддршка - барање совет, помош или информации; 6. Барање емоционална социјална поддршка - добивање на морална поддршка, сочувство или разбирање; 7. Фокусирање и вентилација на емоциите - тенденција да се фокусира на она што е катастрофално или го вознемирува за да се искусат и вентилираат негативните чувства; 8. Бихејвиорално повлекување - намалување на напорот за справување со стресорот, дури и откажување од обидите за постигнување цели кои се поврзани со стресорот; 9. Ментално повлекување - широк спектар на активности кои служат одвлекување на вниманието од размислување за бихејвиоралната димензија или цел поврзана со стресорот, како, на пример, мечтаење, бегање преку спиење или губење време гледајќи ТВ; 10. Позитивна реинтерпретација и развој – претворање на стресните моменти во позитивна смисла; 11. Негација - одбивање да се верува дека стресорот постои или обид дека дејствува како стресорот да не е реален; 12. Прифаќање - прифаќање на реалноста дека постои стресна ситуација, но и прифаќање на моменталниот недостаток од активни стратегии за справување. Тоа значи дека ова е ефективна стратегија кога стресорот е нешто на што е неопходно да се приспособи, но не и кога истиот лесно може да се отстрани; 13. Религиско справување - тенденција на насочување кон религијата во стресни ситуации; 14. Хумор - тенденција за трансфер на стресорот во хумор и 15. Употреба на супстанции – склоност кон употреба на супстанции на зависност (на пример, алкохол, дроги и слично) при стресни ситуации.[8]

Справувањето не треба секогаш да се изедначува со овладување на средината, бидејќи има такви извори на стрес со кои не може да се овладее, па во одредени услови успешно справување е тоа што и овозможува на личноста толерирање, намалување, прифаќање или игнорирање на она со што не може да овладее.

---

[8] Carver, C.S., Scheier, M.F., & Weintraub, J.K.(1989).**Assessing coping strategies: A theoretically based approach**. *Journal of Personality and Social Psychology*, 56, 267-83.

## Резилиентност како одговор на стресните животни настани

Додека психологијата, како наука, во првите 100 години од своето постоење била насочена кон разбирање и ублажување на негативните состојби и појави, кои се однесуваат на индивидуи, групи па и општеството во целина, последниве децении фокусот се проширува и на „позитивни" карактеристики, искуства и односи. Промената на фокусот кон позитивните аспекти на човековата психа, сега претставува добро утврдена традиција во науката и практиката во психологијата, како и кај други општествени науки. Оваа историска промена концептуално се толкува како промена во парадигмата, во чија основа стои резилиентноста на личноста.

Резилиентност претставува способност за успешно совладување на животните тешкотии и релативно брзо закрепнување од стресот и значајни загуби, односно „способност на личноста да ја задржи состојбата на рамнотежа наспроти предизвиците" (Bonano, 2004). Мастен и Рајт велат дека: „човековата резилиентност се однесува на процесите или обрасците на позитивно приспособување и развој во контекстот на сериозни закани по животот или функционирањето на индивидуата" (Masten, Wright, 2010). Резилиентноста се смета за универзален капацитет, кој и овозможува на личноста, групата и заедницата да превенираат, минимизираат и да ги совладаат штетните ефекти на проблемите. Тоа е динамичен феномен на кого влијаат внатрешните карактеристики на индивидуите и различни надворешни општествени контексти, услови и можности.

Во основата на моделот на резилиентност е концептот на пластичност, кој укажува на тоа дека психолошката промена е можна и тогаш кога сериозно се менуваат условите во кои индивидуата живее, а кои за неа се премногу побарувани. Самиот збор „резилиентност" потекнува од францускиот и шпанскиот јазик, и се користи во инженерството, за да означи капацитет на материјалот да се врати во својата форма и покрај тоа што е деформиран под притисок. Во англискиот јазик се користи за опишување на човечките квалитети аналогни со оние во инженерството.

За да зборуваме за резилиентност, мора да постои нешто што претставува стрес, тешкотија на која личноста одговара така што го задржува доброто функционирање или го подобрува, односно укажува на тоа дека постои релативно добар исход иако индивидуата се наоѓа во ситуации кои носат голем ризик за развојот на психопатологијата. „Придвижувањето од моделот на болест, поврзано со стресот и

справувањето, кон поинтегративниот модел на позитивни влијанија претставува фундаментална промена во нашето разбирање за тоа како луѓето се приспособуваат и растат во нивната средина“ (Заутра, Рајх, 2016).

Со цел да се постигне подлабоко разбирање на конструкторот на резилиентност, истражувачите поставуваат неколку прашања: Кои се корените на резилиентноста? Како развиваме заштитни фактори што би ни помогнале да закрепнеме под неповолни услови? Кои патеки водат кон приспособување и благосостојба?

Резилиентноста, всушност, се состои од две компоненти: од потенцијалот да се биде отпорен и покрај тешките животни околности и од способноста за позитивна конструкција (градење на живот на позитивен начин). Во таа смисла, Заутра, Хол и Мари, идентификувале две првични карактеристики на резилиентноста: *закрепнувањето*, што е брзо и темелно, издржливоста *на целта* при соочување со стресот (Zautra, Hall, Murray, 2008). Еден од исходите на резилиентноста, според дефинициите на Заутра и соработниците е учењето на новини кој често се нарекува *раст.*

Резилиентноста се однесува на феномен на преовладување на стресот и тешкотиите и претставува редифинирање на здравјето како идеален концепт во кој нема проблеми и недостатоци, што не значи отсуство на проблемите, туку способност да се остане здрав наспроти нив. Имено, „тоа не подразбира дека резилиентното однесување ќе ѝ овозможи на личноста да ги реши сите проблеми во животот, туку значи, дека занимавајќи се со несекојдневни барања, високо резилиентните луѓе подобро се носат од луѓето со ниска резилиентност и дека тие, доколку ситуацијата не може да се реши, ќе бидат способни да продолжат со својот живот, компетентно и со помалку болка“ (Antonovski,1987).

Истражувањата на резилиентноста започнале на полето на развојната психологија, а се фокусирале врз идентификување на заштитните фактори кај децата, што им помагаат да функционираат добро, па дури и да напредуваат во развојот до возрасно доба и покрај изложеноста на раните неповолни животни искуства, како што се сиромаштијата, злоупотребата, разводот на родителите, менталната болест во семејството, природните катастрофи...). Започнува во 90-тите години, кога во своето лонгитудинално, проспективно истражување Garmezy и неговите колеги, кои проучувале деца на шизофрени родители, за да го детерминираат ризикот од развојот на менталните болести, утврдиле дека ризикот од развојот на болеста е голем (10 %), но, она што ги импресионирало било тоа што 90 % од овие деца покажувале завидно ниво на компетентност: добри односи со врсниците, успех во училиштето, посветеноста на сопствените цели. Заради тоа што

биле заинтересирани за факторите кои ги штитат, тие продолжиле со лонгитудиналните истражувања, со што е родена нова научна област на резилиентност. Од пионерското истражување на Garmezy интересот за оваа област пораснал, па последните децении преку лонгитудиналните истражувања се следеле големи групи на деца кои биле идентификувани како високоризични. Garmezy, Rutter, Werner и Antony го дале својот придонес во проучувањето на резилиентноста кај децата кои живеат во исклучително тешки околности, односно ја препознале важноста на овој концепт кој природно се случува. Клучниот наод е дека стапката на неприспособеност кај децата била значително помала отколку што би се очекувало според стандарден модел на фактори на ризик. Мастен смета дека факторите кои ја штитат индивидуата од стресот и го помагаат закрепнувањето се: здравата афективна поврзаност со родителите, цврстите врски со врсниците, поширокото семејство, училиштето). Ако ги погледнеме овие фактори, стануваме свесни дека тоа се некои предности кои се наоѓаат во секојдневниот, обичен живот или како што вели Мастен во „магијата на обичноста". „Човековите индивидуи се способни за резилиентност и закрепнување кога функционираат овие обични системи " (Masten, 2001).

Истражувањата на факторите кои го штитат менталното здравје и покрај тешките животни околности, придонеле за развојот на „позитивната психологија", која научно ја проучува позитивната страна на човековата природа, како и за развојот на програмите на интервенција и превенција, кои служат за подобри исходи кај ризичните деца. Потоа, истражувањата се прошириле и на приспособувањето и благосостојбата кај возрасните лица.

Истражувањата кај возрасните лица покажале дека луѓето имаат капацитет за позитивни промени и за развој барем на некои карактеристики на резилиентноста за време на својот живот. Така, Бонано, покажал дека повеќе од половина од примерокот на ужалени лица не се разликувале значајно во однос на вознемиреноста од лица што не биле ужалени, неколку месеци по загубата и без стручна интервенција (Bonano, 2005). Дури и во катастрофалните настани, како што е терористичкиот напад на Њујорк, барем една третина од луѓето кои изгубиле некој близок, навеле дека немаат никаков симптом или само еден на ПТСР (Bonano и соработници, 2007). Овие и слични наоди ја утврдиле секојдневната природа на резилиентноста како карактеристичен одговор на стресните искуства (Reich, Zautra, Hall, 2010). Истражувањето на Ристевска-Димитровска и соработниците на македонска популација на жени болни од рак на дојка, покажа дека резилиентноста може независно да придонесува за намалување на депресивноста и психолошкото страдање.

Како клучни фактори во приспособувањето се сметаат процесите на регулирање на емоциите во стресни ситуации, вклучително и при тагувањето по загуба на близок. При стресните ситуации, се очекува да се јават негативни емоции со кои личноста треба да се справи. Во таа смисла, истражувањата на реакциите на стрес биле насочени кон постоење и надминување на емоции како што се тага, анксиозност, лутина и др. Но, истовремено со овие истражувања започнале истражувања за значењето на позитивните емоции во зголемување на способноста на личноста да се справи со стресот, кои довеле до создавање на повеќе теоретски модели на справување и резилиентност. Така, во рамките на моделот на резилиентноста на двоен процес, кој го развила Штробе истражувајќи ги начините на справување со загубата на близок (Stroebe, Schut, 1999), таа заклучила дека лицето може да осцилира помеѓу стресорите „ориентирани кон загуба" во насока на процесирање на тагата, и, „ориентација кон закрепнувањето", кое подразбира избегнување на овие емоции. Адаптивното справување бара осцилација помеѓу позитивното и негативното (повторно) проценување, не само при загуба, туку и ориентирано кон закрепнување. Овој модел може да се примени и на кој било хроничен стресор, лицето може да осцилира меѓу двојни ориентации на справување, односно да се справи со стресот додека ја одржува благосостојбата. Всушност, „позитивните и негативните емоции се случуваат паралелно во процесот на стресот, дури и во најстрашните околности и независно придонесуваат кон адаптивни исходи"(Folkman, Moskowitz, 2000).

Во интегративниот модел на тагување, Бонано и Колтам идентификувале важен аспект од регулирањето на емоциите при тагувањето, кој го подобрува приспособувањето, а тоа е регулирање и одвојување на негативните емоции, како и зацврстување на позитивните емоции. Ова помага да се задржат релативно високите нивоа на функционирање и покрај загубата. Оваа перспектива нагласува дека позитивните емоции поттикнуваат приспособување (Bonanno &Kaltman, 1999).

Истражувањата во рамките на теоретскиот модел наречен Динамички модел на афектите (Zautra, Affleck, Tennen, Reich&Davis, 2005) посочуваат дека луѓето кои имале секојдневни позитивни емоции, имале пониска севкупна реактивност во однос на стресот, во споредба со оние со пониско изразени секојдневни позитивни емоции. Овие наоди се во согласност со другите истражувања што покажуваат дека секојдневните позитивни емоции го забрзуваат закрепнувањето од стресот (Moskowic, Folkman& Acree, 2003).

Кај резилиентните личности, при процес на тагување, присутна е емоционална сложеност (појава на позитивни емоции среде негативен афект), што не е случај кај пониско резилиентните личности. Истражувачите откриле дека присуството на поголема емоционална сложеност предвидува подобро приспособување при тагувањето (Zautra, 2005). Ваквите наоди наведуваат на потребата од негување на позитивни емоции при справување со стресот, што со време може да прерасне во автоматски процес при справување со некои идни стресори. Тука се наведуваат вештини на регулирање на емоциите уште од раното детство; стратегии за справување што поттикнуваат позитивни емоции (повторна позитивна процена, наоѓање придобивки, практики на медитација, вежбање). Според тоа, употребата на позитивни емоции може да се поистовети со учење на некоја вештина. За да се подигне резилиентноста, потребно е да се користат практики кои ќе поттикнуваат позитивни емоции, особено кога веќе е познато дека позитивните емоции (радост, гордост, среќа, надеж, заинтересираност, љубопитност) се поврзани со позитивни здравствени исходи. Активното култивирање на овие емоции ќе помогне во справување со сегашните и идни стресни настани.

Земајќи ги предвид овие истражувања, станува јасно дека духот на истражувањето на справување со стрес почна да се оддалечува од ексклузивниот фокус на негативниот афект кон признавање дека позитивниот афект може да има значајно уникатно влијание врз психолошкото и физичкото здравје на луѓето што се справуваат со стрес во животот.

Иако можеби се чини нелогично да се фокусираме на позитивниот афект во контекст на стресот, кога се очекува тој да предизвика негативен афект, па целите на психолошките интервенции треба да се насочат кон намалување на стресот и вознемиреноста, сепак, истражувањата последните децении покажале дека во контекст на стресните животни настани се јавуваат и позитивни афекти кои имаат корисни последици и можат да бидат цел на интервенциите. Така, една мета-анализа на влијанија на 51 интервенција што била насочена кон исходи поврзани со позитивни емоции посочила дека овие интервенции се поврзани со значајно подобрување на благосостојбата која опфатила мерки на позитивен афект, надеж, задоволство од животот, среќа) и намалување на депресијата (Sin, Lybomirsky, 2009). „Функциите на позитивниот афект стануваат особено важни во стресните околности бидејќи позитивниот афект може да спречи поединецот да се чувствува совладан, да поттикне поголема флексибилност на обидите за справување и, на крајот, да помогне при градење на резилиентност во

однос на стресот“ (Cohn, Fredrickson, Brown, Mikels& Conway, 2009 Moskowitz, 2010).

Уште еден теоретски модел на резилиентноста, тестиран на голем број на испитаници ширум светот, е „BASIC PH“. Оваа теорија широко се користи за процената на резилиентноста и во интервенцијата како модел за закрепнување.

BASIC Ph, интегративнен мултидимензионален модел на соочување чиј автор е Muli Lahad, предлага 6 модалитети за соочување со стресот кои се засноваат на 6 различни теории на личности кои историски играле важна улога во објаснувањето на адаптацијата на личноста на стрес. Врз основа на илјадници опсервации, утврдил дека секоја индивидуа има единствен начин на комбинирање на овие модалитети, при што претежно користи некои од следниве канали:

B (Belief) – верувања, вредносен систем, кој се однесува не само на религиски верувања туку и на политички или чувство на мисија или значење во она што се случува;

A (Affect) – афективност, чувства и расположенија подразбира користење и експресија на емоции: плачење, смеење, цртање, играње, пеење;

S (Social) - социјабилност, односи со другите, добивање на поддршка од група, вршење на задачи, преземање на улоги;

I (Imagination) – имагинативност и креативност што подразбира соочување преку фантазија, убави мисли, користење на предводена фантазија или замислување на можни решенија на проблемот со користење на имагинација;

C (Cognition) – когнитивност, решавање на конкретни проблеми, вклучува собирање на информации, решавање на проблеми, самонасочување, внатрешна конверзација и

Ph (Pysical) – физичка и физиолошка активност која се користи со користење на физичка експресија заедно со движењето на телото. Вклучува методи за релаксација, десензитизација, физички вежби и активности (Lahad, Shacham, Ayalon, 2013) .

Во понатамошната анализа на истражувачкиот дел ќе се обидеме дел од добиените резултати да ги толкуваме низ призмата на овој модел.

## Психосоцијална помош и поддршка

Во справување со стресот и развивање на резилиентноста не е неопходно поединецот да го прави тоа самостојно и спонтано, туку често

е потребно да се примени таканареченото потпомогнато справување, односно психосоцијална поддршка.

„Психосоцијална поддршка е процес на поттикнување на отпорноста на поединецот, семејството и заедницата која им олеснува да закрепнат од кризната ситуација и им помага со таквите настани да се справуваат во иднина... Овој пристап ги нагласува силата и способностите на поединецот, семејството и заедницата да закрепнат од кризната ситуација" (Hobfoll, 2007). Психосоцијалната поддршка секогаш има превентивен карактер, односно има за цел да ја спречи или редуцира патологијата. Основната поставка е дека луѓето изложени на стрес се нормални луѓе, кои немаат психолошки нарушувања од порано, но стресните искуства на кои се изложени влијаат тие да бидат ризична популација во поглед на менталното здравје. Со психосоцијалната поддршка треба да бидат опфатени жртвите на трауматски настани, како и „скриените жртви", како што се членовите на семејството на жртвата, помалку настраданите лица, а помош треба да им се овозможи и на медицинските лица, доброволците и професионалците, кои, исто така, биле учесници во трауматската ситуација.

Психосоцијалната помош и поддршка се однесува на активностите што еднакво ги опфаќаат и психолошките и социјалните потреби на индивидуата. Овој вид поддршка им помага на поединците и заедниците да ги надминат психолошките трауми и да ги обноват социјалните релации по некоја вонредна состојба или некои критични настани. Таа може да им помогне на луѓето да направат промена во начинот на којшто се доживуваат себеси, па наместо да се чувствуваат како пасивни жртви на настаните, да почувствуваат дека се активно вклучени во сопственото спасување и спасувањето на другите.

Ако тргнеме од биосоциоеколошкиот модел на Бронфербренер, „секој поединец е дел од пошироката околина, а неговата добросостојба зависи од тоа како функционираат нејзините системи. Секоја личност е дел од некој семеен, работен и непосреден социјален контекст, кој, пак, е дел од економскиот, политичкиот, образовниот и управниот систем, а кој, пак, е дел од некој културен систем, кој динамично се менува низ времето" ((Bronfenbrenner, Moriss, 1998). Во таа смисла, кризните настани можат да го нарушат нормалниот животен тек на неколку нивоа: на индивидуално ниво, на семејно ниво (релациско ниво), на ниво на заедницата и пошироко – на ниво на општеството. На секое од овие нивоа, настаните ги нарушуваат протективните механизми, зголемувајќи го ризикот за појава на различни проблеми, и ги зголемуваат постојните проблеми на ниво на социјална неправда и нееднаквост.

Сегашната криза се карактеризира со тоа што во исто време ги погодува повеќето системи во државата и тоа во целиот свет, така што се

одразува врз целокупниот живот на поединецот, заедницата и општеството во целина. Луѓето се чувствуваат загрозени затоа што ништо не функционира како порано: образованието, здравството, економијата, културата, патувањата, пандемијата влијае дури и врз начинот на одржување на ритуалите поврзани со среќни или тажни настани. Заради сето ова, на виделина избиваат психосоцијалните потреби на населението како што е грижа за себе и блиските во врска со иднината, што предизвикува вознемирувачки телесни, емоционални и когнитивни реакции кај дел од населението.

Во секоја криза, па и оваа, луѓето се засегнати на различни начини и имаат потреба од различни видови поддршка. Еден од клучните принципи за обезбедување достапност до соодветна поддршка е системот на МЗПСП (Ментално здравје и психосоцијална поддршка), според кој е потребно да постои слоевит систем за давање на психосоцијална поддршка што би ги задоволил потребите на различните групи поединци. Сите слоеви се важни и идеално би било да се имплементираат последователно еден по друг (IASC Reference Group for Mental Health and Psychosocial Support).

Заради сето ова, многу е важно државата (преку менаџерите на институциите) да води сметка за менталното здравје на сите свои граѓани. Исто така, од големо значење е да ја негува благосостојбата на луѓето од кои зависат животите на другите луѓе вклучувајќи ги претходно наведените професии. Стресот и реакциите на стрес може да ги оневозможат да си ја вршат работата и можат да си наштетат на себеси. Затоа е важно да им се обезбеди психосоцијална помош и поддршка, за што повеќе ќе стане збор во заклучокот на овој дел од истражувањето.

## Истражувачки дел

## Влијанието на Ковид-19 врз менталното здравје на здравствените работници, полициските службеници и припадниците на Армијата на Р. С. Македонија

Во делот на истражување кој го третира психосоцијалниот аспект на кризата со Ковид-19 нè интересираа два аспекта на реагирање на кризата: индивидуален и општествен. Индивидуален одговор на криза подразбира како населението реагира, дали во овој период на социјална изолација и прекин на животната рутина известуваат за некои психички тешкотии како што се зголемена анксиозност, депресивност и

трауматизираност и дали и во која мера индивидуите покажуваат отпорност на кризната ситуација; од друга страна, нѐ интересираше како општеството и институциите одговорија на кризата во областа на психосоцијалната поддршка на населението, а особено во однос на професионалците кои се вклучени во борбата со пандемијата, дали постои и како се применува системот за психосоцијална поддршка во нашата држава.

Според тоа, истражувањето има два дела: едниот, кој се темели на онлајн прашалникот (користи психолошки инструменти за процена), и вториот, кој се темели на опсервација, интервјуата со вработените во институциите (државни и невладини), како и политичарите од власта.

**Целта** на првиот дел од истражувањето е да се процени зачестеноста на психолошките проблеми и нивото на резилиентноста на здравствените работници и вработените во полицијата/армијата, кои за време на пандемијата се наоѓаа на првата линија во борбата со оваа болест, во споредба со резултатите на општата популација.

За таа цел е подготвен анонимен онлајн прашалник составен од повеќе скали за самопроцена кои мерат: анксиозност, депресија и ПТСП симптоми, како и степен на резилиентност .

Во истражувањето се користени следните психолошки инструменти:

- Скала за генерализирано анксиозно нарушување - Generalized Anxiety Disorder Scale-7 (GAD-7) Short Post-Traumatic Stress Disorder (PTSD);
- Rating Interview (SPRINT-8) ;
- Patient Health Questionnaire-9;
- Connor-Davidson Resilience Scale (CD-RISC-10).

Покрај овие скали, прашалникот содржи и демографски и други карактеристики на испитаниците (пол, образование, работен статус, со кого живеат, задоволството од економската состојба, дали престојувале во карантин или изолација), што нив лично најмногу ги загрижува во ситуацијата и опис на начините за справување со стресот од пандемијата, преку прашањата: Што најмногу Ве загрижува во врска со ситуацијата со коронавирусот? Што најмногу Ви помага во оваа ситуација? Дали сметате дека во време на оваа ситуација, некој води сметка за вас како професионалци, за вашето физичко и психичко здравје?

Ваквиот начин на собирање податоци (online) беше условен од ситуацијата, односно од избегнување на контактите, пред сѐ, и во таа смисла имаше свои предности. За релативно краток временски период беа опфатени поголем број на испитаници. Меѓутоа, свесни сме и за ограничувањата на ваквиот вид на собирање на податоци, а тоа е, пред сѐ, непостоење на контактот со испитаникот, можноста лице в лице да се

објасни целта на истражувањето, можноста да прашаат тоа што не им е јасно и слично.

Што се однесува до бројот на испитаниците, со оглед на тоа што прашалникот беше наменет, главно, за целните групи на професионалци кои се справуваа со пандемијата во изминатиот период, а не, главно, за општата популација, сметаме дека примерокот е репрезентативен и дека е доволен за да може да се извлечат некои заклучоци.

## Опис и психометриските карактеристики на инструментите

### Скала за генерализирано анксиозно нарушување - Generalized Anxiety Disorder Scale-7 (GAD-7)

Оваа скала за самопроцена се состои од 7 ајтеми, развиена е од страна на Spitzer и неговите колеги (2006), а мери генерализирано анксиозно нарушување. Првично е применувана во примарната здравствена заштита, со просечен скор 10, како оптимална точка за осетливост (89 %) и специфичност (82 %).

Лорен А. и соработниците (2017 година) ги проценувале психометриските својства на овој инструмент кај голем примерок од пациенти со нарушувања кои вклучуваат анксиозност и нарушено расположение и откриле дека просечен резултат од 10 е поврзан со добра чувствителност (79,5 %), но со лоша специфичност (44,7 % ) Нивната препорака е GAD-7 да не се користи за да се дијагностицира генерализирано нарушување на анксиозност во клинички услови, кога кај пациентите се присутни со коморбилно афективно нарушување. Студијата покажа силни психометриски својства во однос на доверливоста и валидноста.

Во истражувањето на општата популација спроведено од Löwe и неговите колеги во 2008 година, најдени се добри психометриски карактеристики, односно скалата се покажала како ефикасна за општата популација.

Во нашето истражување, скалата е избрана заради своите добри психометриски карактеристики и применливост на општата популација и заради тоа што е кратка.

### Short Post-Traumatic Stress Disorder (PTSD) Rating Interview (SPRINT-8)

Short Post-Traumatic Stress Disorder (PTSD) Rating Interview (SPRINT), претставува кратка самоописна скала со која се прави

глобална процена на посттрауматско стресно нарушување (ПТСН), која вклучува прашања со кои се проценуваат најважните симптоми на ПТСН како и соматските нарушувања, вулнерабилност и функционални нарушувања. Кај жртвите на траумата, скор од 14 до 17 се поврзува со 96 % дијагностичка точност, додека кај оние со посттрауматско стресно нарушување, високата точност кореспондира со скор од 11 до 13. SPRINT-8 има солидни психометриски карактеристики и претставува доверлива, валидна и хомогена мерка на посттрауматско стресно нарушување.

**Patient Health Questionnaire-9**

Patient Health Questionnaire-9 (PHQ-9) претставува инструмент од 9 ајтеми кој открива постоење на депресивни симптоми, кои се рангираат на скала од 0 до 27. Повисок резултат од 10 укажува на депресивно нарушување во студијата на Kroenke 2001. Во оваа студија скорот од 10 и помалку покажува осетливост од 88 % и специфичност од 88 % за големо депресивно нарушување ( major depressive disorder - MDD).

**Connor-Davidson Resilience Scale (CD-RISC-10)**

Connor-Davidson Resilience Scale (CD-RISC-10) е прашалник за самопроцена, кој се користи за процена на резилиентноста во генералната популација, примарна здравствена заштита, клинички контекст, како и во психијатриската средина. Скалата има добра релијабилност и валидност и во клинички и во вонклинички услови. Ајтемите се распоредени од 0 („воопшто не е точно“) до 4 („точно речиси цело време“), така што повисок тотален скор значи и поголема можност за справување со тешкотии.

## Резултати

Прашалникот го пополниле 304 испитаници, со просечна возраст од 34 години (минимум 18, а максимална возраст 66 години), од кои 69,1 % се жени и 30,9 % се мажи. Притоа, 102 (33,6 %) се здравствени работници (81,4 % жени и 18,6 % мажи); 78 (25,7 %) им припаѓаат на полициските/воените сили кои биле вклучени во справување со рестриктивните мерки (37,2 % жени /62,8 % мажи); 124 (40,7 %) и припаѓаат на општата популација (79 % жени и 21 % мажи) кои не биле директно вклучени во справување со болеста, или, пак, се заболени со Ковид-19 или со сомневање дека се заболени.

***Табела број 12. Испитаници според пол и занимање***

| | | Здравствени работници | Полиција, армија, затвор | Останати | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. Пол | женски | 83 (81,4 %) | 29 (37,2 %) | 98 (79 %) | 210 |
| | машки | 19 (18,6 %) | 49 (62,8 %) | 26 (21 %) | 94 |
| **Вкупно:** | | **102** | **78** | **124** | **304** |

***Табела број 13. Испитаници според видот на работното ангажирање***

| | Работно место | Број | Процент |
|---|---|---|---|
| Здравствени работници | 1. Доктор во болничка установа | 23 | 22,5 |
| | 2. Семеен/матичен доктор | 9 | 8,8 |
| | 3. Вонболнички доктор - специјалист | 11 | 10,8 |
| | 4. Медицинска сестра/техничар | 35 | 34,3 |
| | 5. Фармацевт | 4 | 3,9 |
| | 6. Здравство - друго | 20 | 19,6 |
| | Вкупно: | 102 | 100,0 |
| Полиција, армија, затвор | 7. Полиција | 66 | 84,6 |
| | 8. Армија | 6 | 7,7 |
| | 11. Затвор | 6 | 7,7 |
| | Вкупно: | 78 | 100,0 |
| Останати | 10. Центар за социјална работа | 6 | 4,8 |
| | 12. Јавен сектор - друго | 42 | 33,9 |
| | 13. Сопственик на среден или голем бизнис | 7 | 5,6 |
| | 14. Студент | 40 | 32,3 |
| | 15. Слободен уметник | 5 | 4,0 |
| | 16. Пензионер | 1 | ,8 |
| | 18. Невработен | 17 | 13,7 |
| | 19. Отпуштен од работа поради пандемијата | 6 | 4,8 |
| | **Вкупно:** | **124** | **100,0** |

Нивото на анксиозност (GAD-7 cut-off ≥10) е значајно повисоко кај здравствените работници 26,5 % отколку во општата популација 17,7 % и припадниците на полицијата и армијата 2,6 %($\chi^2$=18.233; df 2, p<0.001).

***Табела број 14. Испитаници според ниво на анксиозност и работен статус***

| | | Работен статус | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | Здравствени работници | Полиција, армија, затвор | Останати | Вкупно |
| Ниво на анксиознот | ниско ниво на анксиозност | 75 (73,5 %) | 76 (97,4 %) | 102 (82,3 %) | 253 |
| | изразена анксиозност | 27 (26,5 %) | 2 (2,6 %) | 22 (17,7 %) | 51 |
| **Вкупно:** | | **102** | **78** | **124** | **304** |

Депресивните симптоми се најзачестени кај општата популација 52,4 %, потоа доаѓаат здравствените работници 49 %, а кај полицијата и војската 25,6 %, но, потешка депресивна симптоматологија се сретнува кај здравствените работници 10,7 %, потоа кај општата популација 5,6 % и најмалку кај полициските/воените сили 3,8 % ($\chi^2$=18.316; df 4, p=0.001).

***Табела број 15 Исптаници според ниво на депресивност и работен статус***

| | | Ниво на депресивност | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | Без депресија | Лесна до умерена депресија | Средно тешка и тешка депресија | Вкупно |
| Работен статус | здравствени работници | 52 (51 %) | 39 (38,3 %) | 11 (10,7 %) | 102 |
| | полиција, армија, затвор | 58 (74,4 %) | 17 (21,8 %) | 3 (3,8 %) | 78 |
| | останати | 59 (47,6 %) | 58 (46,8 %) | 7 (5,6 %) | 124 |
| **Вкупно:** | | **169** | **114** | **21** | **304** |

Здравствените работници, исто така, имаат значајно почесто манифестација на посттрауматско стресно нарушување (SPRINT-8 cut-off ≥14) 33,3 %, потоа општата популација 30,6 % и на крај полициските/воените сили 16,7 % ($\chi^2$=6.845; df 2, p=0.033).

***Табела број 16. Испитаници според симптоми на пострауматско стресно нарушување и работен статус***

| | | Работен статус | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | Здравствени работници | Полиција, армија, затвор | Останати | Вкупно |
| Симптоми на постт-трауматско стресно нарушување | незначајно | 68 (66,7 %) | 65 (83,3 %) | 86 (69,4 %) | 219 |
| | значајно присуство на ПТСР симптоматологија | 34 (33,3 %) | 13 (16,7 %) | 38 (30,6 %) | 85 |
| **Вкупно:** | | **102** | **78** | **124** | **304** |

Резултатите од мултинационалната студија на Chew и соработниците, со 906 здравствени работници кои учествувале во истражувањето, се дека 48 (5,3 %) на скринингот покажале умерена до многу тешка депресија, 79 (8,7 %) умерена до екстремно тешка анксиозност, 20 (2,2 %) умерен до екстремно тежок стрес и 34 (3,8 %) умерено до сериозно ниво на психолошки дистрес.

Нивото на резилиентноста (отпорност во справувањето со тешкотии не се разликува кај трите групи).

***Табела број 17. Нивото на резилиентноста (отпорност во справувањето со тешкотии)***

| | | Работен статус | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | Здравствени работници | Полиција, армија, затвор | Останати | Вкупно |
| Ниво на резилиентност | многу ниско ниво на резилиентност | 11 (10,8 %) | 4 (5,1 %) | 11 (8,9 %) | 26 |
| | ниско ниво на резилиентност | 13 (12,7 %) | 10 (12,8 %) | 18 (14,5 %) | 41 |
| | средно ниво на резилиентност | 36 (35,3 %) | 23 (29,5 %) | 41 (33,1 %) | 100 |
| | високо ниво на резилиентност | 42 (41,2 %) | 41 (52,6 %) | 54 (43,5 %) | 137 |
| **Вкупно:** | | **102** | **78** | **124** | **304** |

Отворените прашања ни помогнаа да осознаеме што најмногу ги загрижува испитаниците и како тие се справуваат во сегашната ситуација. На овој начин тие добија можност да го искажат своето

мислење за ситуацијата, стравовите, начините како се справуваат со стресот, да додадат и тоа што не сме ги прашале.

На прашањето: **Што најмногу Ве загрозува во врска со пандемијата?** се издвојуваат неколку групи на одговори: неизвесноста околу пандемијата (уште колку долго ќе трае, дали ќе се вратиме во нормала, дали ќе се повтори, дали вирусот ќе мутира; неизвесност во врска со менување на досегашниот начин на живот); грижата за здравјето на најблиските и за сопственото здравје, личната безбедност, економската состојба, полицискиот час (кој предизвикува изолација и осаменост), грижата за образование: сопственото (кај студентите) и на децата (кај родителите).

Неизвесноста во врска со траењето на пандемијата, која го промени светот и неизвесноста околу враќањето во „нормала“, кое е загрозено од евентуалното мутирање на вирусот, зголемување на бројот на заболени, предизвикува чувство на страв, неизвесност за развојот на настаните, чувство на загрозеност на сопственото здравје и здравјето на семејството . Луѓето се загрижени за своите блиски, особено за возрасните и хронично болните, за своите деца, а најмногу се плашат да не изгубат некој близок: *„Ме загрижува продолжувањето на епидемијата на подолго време, заразување на членови од семејството (посебно постарите) заради нивните моментални хронични болести, можните последици и компликации“.*

Професионалците кои се во контакт со заболените стравуваат да не ги заразат блиските: *„Ме загрижува можноста де се заразам од вирусот, што е многу веројатно поради мојата работа и поради неможноста да ги спроведам сите протоколи кои ми се наложени заради немање на доволно пари и немање разбирање од моите претпоставени, според кои вирусот е надуена работа. Заразувајќи се се плашам дека ќе ги заразам моите најблиски а и моите пациенти и дека ќе бидам извор за понатамошно ширење на вирусот ...“. „Ме загрижува зголемениот број на заболени и ризикот да го пренесам вирусот дома бидејќи сум здравствен работник“.*

Економскиот аспект на пандемијата (невработеност, економски последици, економската несигурност на семејството, животот после кризата), исто така, предизвикува анксиозност кај испитаниците. *„Демотивирачки е. Сите околу мене се разочарани и уплашени“. ..„Ме загрижува економијата и последиците: стрес, нервози, сиромаштија“.*

Професионалците, кои се во постојан контакт со луѓе, стравуваат и за сопствената безбедност: *„Ме загрижува мојата безбедност како новинар“.*

Студентите, освен грижата за постарите, најмногу се окупирани со неизвесноста во врска со продолжување на своето образование, вклучувајќи ги и објективните и субјективните фактори.

*„Полагањето на факултет, дефинитивно, после сите овие стресови не знам како ќе биде".*

*„Ме загрижува одложувањето на обврските, потешкотии околу студирањето, недоволно услови за полагање во ваква ситуација, кога сите се насочени околу вирусот и повеќето се соочуваат со страв од вирусот, па поради тоа немам доволна концентрација за учење и обавување на обврските".*

Нешто помалку се споменуваат и затворените граници, особено важни за оние чиишто блиски живеат во странство: *„Татко ми е во Австралија и не може да си дојде, затворени се границите".*

*„Ме загрижува што поради затворените граници не можам да го видам мојот партнер и мојата фамилија".*

Но, иако поретко, се споменува и потребата за патувања, одмор, за „нормално живеење".

Една од работите кои предизвикуваат загриженост е недостиг на слобода, која произлегува од ограничување на слободата на движење заради вонредната состојба.

Добар дел од испитаниците се загрижени заради неодговорноста и непочитувањето на мерките со кои болеста може да се спречи или да се намали можноста за заразување, а со непочитување да се шири, така што наведуваат дека најмногу им пречи*: „неодговорноста кај луѓето во однос на заштитата"...„неодговорноста на луѓето и нивната себичност"...*

*„неодговорност на населението за сопственото здравје и ризикот од нов бран на заболени, како последица"..„ ирационално однесување на околината".*

Иако ретко, некои испитаници ја негираат болеста и изразуваат сомневање дека постои, дека ситуацијата со пандемијата е *„измислена и претставува вештачка криза"..„Ме плаши и мислата - што ако е лага сето ова".*

Постои свесност за тоа дека целата ситуација доста влијае на психичката состојба, личната и кај другите: *„ова е вид на потсвесна траума"..., „луѓето околу мене ми создаваат премногу стрес и напнатост"..., ме погодува „изолација и чувство на осаменост..." загрижен сум за „менталната состојба на мојата фамилија", „ за психичката состојба кај луѓето од мојата околина, видлива депресија, нетрпеливост" ...*

Пандемијата донесе многу промени во животот на луѓето за кратко време. Губење на рутината, недостиг од социјален контакт,

чувство на изолација од остатокот од светот, страв за сопственото здравје и здравјето на блиските, неможноста за работа која доведува до губење на приход, губење на работното место, недостиг на прави информации (бомбардирање со различни, често спротивни информации), карантинот, изолацијата и социјалното дистанцирање, одвоеноста од блиските ако се во странство, неизвесноста во однос на иднината, претставуваат стресори со кои се соочуваат нашите испитаници и кои за нив се вознемирувачки. Професионалците (здравствените работници, полицијата и др.) се во постојан ризик дека може да се заразат и болеста да ја пренесат на блиските што претставува континуиран и дополнителен стрес на целата ситуација.

На прашањето: **Што најмногу Ви помага во справување со пандемијата?,** при што можеле да заокружат повеќе одговори, испитаниците одговориле :

***Табела број* 18. *Што најмногу Ви помага во оваа ситуација?***

| | здравствени работници | полиција, армија, затвор | останати |
|---|---|---|---|
| Информираност | 55 (53,9 %) | 37 (47,4 %) | 55 (44,4 %) |
| Физичка активност (вежбање, пешачење, јога, релаксација) | 62 (60,8 %) | 64 (82,1 %) | 88 (71 %) |
| Креативни активности (медитација, сликање, пишување, шиење, плетење) | 24 (23,5 %) | 15 (19,2 %) | 46 (37,1 %) |
| Секс | 27 (26,5 %) | 41 (52,6 %) | 36 (29 %) |
| Активности во домот и домаќинството | 70 (68,6 %) | 40 (51,3 %) | 68 (54,8 %) |
| Религија и религиозни обреди | 10 (9,8 %) | 11 (14,1 %) | 11 (8,9 %) |
| Сознанието - надежта дека ова ќе заврши | 51 (50 %) | 24 (30,8 %) | 54 (43,5 %) |
| Работа, нови работни ангажмани | 41 (40,2 %) | 29 (37,2 %) | 29 (23,4 %) |
| Хумор | 52 (51 %) | 55 (70,5 %) | 67 (54 %) |
| Милениче | 22 (21,6 %) | 32 (41 %) | 39 (31,5 %) |
| Земање лекови за смирување | 9 (8,8 %) | 1 (1,3 %) | 3 (2,4 %) |
| Пушење цигари | 14 (13,7 %) | 11 (14,1 %) | 28 (22,6 %) |
| Алкохол | 14 (13,7 %) | 8 (10,3 %) | 12 (9,7 %) |
| Размена на информации, искуства, совети | 41 (40,2 %) | 29 (37,2 %) | 37 (29,8 %) |
| Разговори на други теми | 44 (43,1 %) | 29 (37,2 %) | 52 (41,9 %) |
| Играње компјутерски игри | 22 (21,6 %) | 21 (26,9 %) | 31 (25 %) |
| Читање книги | 52 (51 %) | 36 (46,2 %) | 50 (40,3 %) |
| Гледање ТВ, филмови, серии | 62 (60,8 %) | 50 (64,1 %) | 94 (75,8 %) |

Овие резултати ги анализиравме во согласност со BASIC Ph, интегративен мултидимензионален модел на соочување на Lahad, кој претходно го објаснивме. Кај нашите испитаници се присутни сите 6

модалитети за справување со стресот: верувања (вредносен систем); афективност (чувства и расположенија) социјабилност (односи со другите); имагинативност и креативност; когнитивност (решавање на конкретни проблеми) и физичките и физиолошките активности.

Ако ги анализираме начините на кои испитаниците се справуваат со стресот, ќе забележиме дека застапеноста на физичка активност, активности во домот и домаќинството, креативни активности, се едни од најмногу наведуваните. Активната ориентација во однос на справување со стресот вклучува преземање одговорност, активно барање на релевантни информации, барање и проценување на алтернативни решенија.

Зошто активноста помага во справување со стресот? Активноста сама по себе има лекувачко дејство, бидејќи преку определен тип на активност се остварува вклучување на индивидуата како целина, нејзините емоции, мислење и поведение и во исто време помага да се одржи позитивна слика за себеси. Активноста овозможува непосредно празнење и редукција на постојната вознемиреност и напнатост, го намалува чувството на беспомошност, така што на личноста и овозможува да овладее со себе и својата околина и непосредно да го намали или отстрани загрозувачкиот ефект од стресниот настан. „Важно е и тоа што активноста значи и структурирање на времето, што само по себе претставува надминување на хаосот за кој се смета дека е во основа на настаните кои имаат трауматогени ефекти" (Ayalon, 1992).

Значи, повеќето луѓе, во за нив кризни ситуации продолжуваат да бидат активни и ангажирани. „Ангажираноста се дефинира како постојана, сеприсутна и позитивна афективно-мотивациска состојба на исполнетост кај индивидуите кои реагираат на стресни околности" (Schaufeli, 2002, spored Hobfol, 2016). Таа претставува производ на три димензии: енергичност (се однесува на високи нивоа на енергија и ментална резилиентност при соочување со предизвици во животот), посветеност (на семејството, работата, организацијата, општеството, како и зачувување на себеси) и апсорпција (чувство на целосно вклучување во животните задачи). Средините кои даваат поддршка на ангажираноста се семејствата, училиштата и соседствата.

Физичките и физиолошките активности вклучуваат и методи на релаксација, десензитизација, физички вежби и активност, кои луѓето ги преземаат за да го намалат стресот, што спаѓа во модалитет наречен физичко и физиолошко (Ph).

Креативните активности кои го намалуваат стресот, а за кои известуваат нашите испитаници, ги обединуваат емоциите и имагинацијата (А и I), овозможуваат експресија на емоции и

расположенија преку хумор, цртање, играње, пеење; тука спаѓаат и гледање тв, филмови, серии, читање книги и играње компјутерски игри.

Мал дел од испитаниците се справуваат со стресот користејќи ја религијата и религиозните ритуали, но добар дел од нив веруваат дека пандемијата ќе помине, што има позитивен ефект во справувањето со стресот, бидејќи е ориентиран кон градење на самодоверба и позитивни очекувања (надеж). Ова спаѓа во модалитетот на справување кој е наречен верување, а кој во себе не вклучува само религиозност (B).

Користењето на когнитивното (C), како модел на справување со стресот подразбира решавање на конкретни проблеми, вклучува собирање на информации, самонасочување, внатрешна конверзација. Барањето на информации доаѓа од потребата за повторно воспоставување на контрола над ситуацијата со можност за предвидување на идните настани. Добивањето на прави информации го намалува стресот, но преплавеноста и окупираноста со информации може да влијае врз зголемувањето на вознемиреноста.

Комуникацијата со другите овозможува размена, взаемност, поддршка и сето тоа има лекувачко дејство. Разговорите на други теми во голема мера се присутни кај нашите испитаници. Имено, односите со другите, добивањето на поддршка од групата, вршењето на задачи, преземањето на улоги спаѓаат во социјабилност (S), кој луѓето го користат како модалитет за да се справат со стресот. Тука спаѓа дружењето со луѓето, со децата, па и со домашните миленичиња. Од голема важност е и поддршката и подготвеноста на заедницата за дејствување во ситуации како оваа.

Негативните начини за справување како што е пушењето, консумирањето на алкохол и лекарства за смирување се присутни, но во значајно помала мера.

Повеќето од наведените позитивни начини на справување, всушност, поттикнуваат доживување на позитивни емоции. Тие се од голема важност во процесот на закрепнување после траумата или во процесот на справување со хроничниот стрес. Луѓето спонтано го прават она што им е пријатно, што им дава можност да чувствуваат позитивни емоции, за да можат да „здивнат“ од непријатните емоции како резултат на стресот. „Позитивниот афект може да обезбеди психолошка „пауза“ од вознемиреноста поврзана со хроничниот стрес и да помогне да се одржат тековните напори за справување со негативните влијанија на хроничниот стрес“ (Lazarus, Kanner, Folkman, 1980). Позитивен афект му помага на поединецот да погледне подалеку од актуелниот стрес и полесно да дојде до креативни решенија.

Во последните децении се применуваат интервенции за кои се смета дека ќе доведат до подобрување на резилиентноста. Имено, овие

интервенции го пренасочуваат фокусот од негативната состојба на индивидуата кон поттикнување на личните способности, вештини и силни страни. Истражувањата на ефектите на интервенции од различен вид (вежбање на „зголемување на среќата“, насочување кон позитивните страни на настаните преку различни техники, медитација, вежбање), покажале импресивни резултати. ( Moskowic, 2016). Затоа е важно за сите луѓе превентивно, а особено за оние кои се во стресна ситуација да не се оставаат сами, спонтано да наоѓаат решенија, туку да се работи со нив, применувајќи одредени техники во процесот на закрепнување. Ова е особено значајно за професионалците, за што подоцна ќе стане збор.

Нашите резултати се слични со студијата на Zerbiniи cop 2020. Имено, здравствените работници одговориле дека најчести причини за психосоцијално страдање се оптоварувањето на работното место - зголемен обем на работа, организациски промени во работниот тим, конфликти со колегите) и неизвесност за иднината (здравствен систем и економска криза), загриженост за својата безбедност и безбедноста на семејството, како и извештаите за смртност од инфекција со Ковид-19.

На прашањето: **Кој се грижи за Вас?,** повеќето испитаници наведуваат дека самите се грижат за себе, како и дека за нив се грижат членовите на нивните семејства, но ги споменуваат и здравствените работници, матичните лекари, психијатрите, психолозите.

На прашањето: **Дали сметате дека во време на оваа ситуација, некој води сметка за Вас како професионалци, за вашето физичко здравје?,** со **да** одговориле 27,6 %, а со **не** 51,3 % и **не сум информиран** 21,1 % од испитаниците.

На прашањето: **Дали сметате дека во време на оваа ситуација, некој води сметка за Вас како професионалци, за вашето ментално здравје?,** со **да** одговориле 25,7 %, а со **не** 61,3 % и **не сум информиран** 13,2 % од испитаниците.

На прашањето: **Дали сте информирани дека доколку Ви е потребна психолошка помош и поддршка има објавено телефони на кои можете да се јавите**?, дури 80,6 % одговориле **потврдно**, а на прашањето дали се јавиле, само 1,6 % одговориле со **да,** а со **не** 95,7 % а **сакав ама ми беше незгодно** 2,3 %.

Ако ги погледнеме овие резултати, иако се работи само за процентуални пресметки, можеме да заклучиме дека професионалците не се чувствуваат поддржани од своите организации и од државата во поглед на заштитата на своето физичко, а уште повеќе во однос на своето ментално здравје. Само нешто повеќе од една четвртина одговориле дека имаат чувство дека некој се грижи за нивното здравје, додека повеќе од половината не ја чувствува таа поддршка. Така, еден испитаник, здравствен работник вели:

*„Без разлика на ситуацијава, јас како здравствен работник, ниту еднаш не сум бил на team building, ниту некој ме прашал и ми давал психолошка поддршка за да се справам со какви било ситуации и никој некогаш не организирал некакви настани за физичка активност. Јас не сум запознаен дека некаде во здравството има тим на човечки ресурси. Тоа е нешто што е мисловна именка во здравството. И ако некој рече дека постои тоа е само на хартија“.*

Што се однесува до јавување на телефонска линија за барање помош, јасно е дека повеќето од испитаниците, дури 80 % се информирани за тоа. Но, исклучително мал број од нив одлучиле да се јават, а еден мал број не се осудиле бидејќи „им било незгодно“. Ова укажува дека заживувањето на културата на психолошка помош е процес, бидејќи луѓето (барем нашите испитаници) немаат навика да побараат помош, не знаат на кого ќе наидат, дури кога тоа е анонимно и по телефон. Исто така, ова може да биде резултат и на ставот дека самите можат да се справат со ситуацијата.

Што се однесува до професионалците, сметаме дека ваквиот начин на нудење на психолошка поддршка не е доволен и затоа е важно, да постои служба која ќе им ја понуди психосоцијалната поддршка.

Нашите испитаници наведуваат и некои добри страни на целата ситуација:

Во однос на меѓучовечките односи: *„Короната направи да видиме со кого живееме бидејќи во турбо општество претходно не можевме ни во огледало да се погледнеме“.*

*.....„Другарство, дружење во семејството, љубов, друштво од партнерот“.*

Во однос на грижа за себе: *слушање музика, спорт, учење јазик.*

Во однос на природата: *почист воздух, шпекулациите дека озонот ќе се регенерира брзо, мирот, тишината...*

## Стрес и психосоцијална поддршка на професионалците

Професионалци кои се исправени пред катастрофи од кој било вид најчесто се медицинскиот кадар, пожарникарите, полициските службеници, професионалните војници, волонтерите на Црвениот крст, професионалците од помагачки професии и други, во зависност од ситуацијата. Се покажа дека во борбата со вирусот најистакната и најзагрозена група се медицинските работници, и во прв план ја истакна нивната безбедност, како физичката така и психичката. И додека тие, особено по првиот период, физички беа заштитени, тоа не би можело да се каже во однос на нивното ментално здравје. Иако се дадоа телефони за поддршка на професионалците и тоа од страна на нивните колеги од

Клиниката за психијатрија, како и насоки наменети за зачувување на ментално здравје во ситуација на пандемијата, еден добар дел од медицинскиот кадар, сепак, не  чувствуваат дека се води грижа за нивното ментално здравје. Слично е и со полициските службеници.

Во медицинската професија, вообичаено е професионалците да се соочуваат со болест, смрт, со свесноста дека и самите се ранливи и дека понекогаш не можат да ја контролираат и излекуваат болеста. Но, во услови на пандемија, сето ова станува уште посложено, при што им се менува погледот на себеси во насока на менување на уверувањето во сопствената сигурност и неранливост, менување на доживувањето на светот како релативно предвидлив и разбирлив, што се води кон преиспитување на сликата за себе.

Нашите организации (здравствените, МВР, пожарникарските станици), за жал, го губат од вид фактот дека луѓето кои се професионалци се ранливи човечки битија со вообичаени реакции на стрес, и дека им треба поддршка за да се заштити нивното ментално здравје. Составен дел од нивната работа, која претставува сложен, интерактивен и динамичен процес, е работата со луѓе кои се во стрес и на кои им е загрозен животот. и

Во услови на поголеми несреќи и итни ситуации, една од најнеповолните последици е согорување на работа. „Согорување на работа (burnout) е последица на неразрешен и траен работен стрес со висок интензитет кој се манифестира како состојба на физичка, емоционална и ментална исцрпеност, како резултат на долготрајна вклученост во сложени ситуации“ (Maslach, Jackson, 1981). Се карактеризира со исцрпување на енергија, губење на ентузијазам, губење на самодоверба, депресивен афект, незаинтересираност, телесни знаци на стресот (хроничен замор, чести главоболки, болки во стомакот), нарушен сон, тешкотиите во справување со гнев, фрустрација и губење на трпението како и избегнувањето да се биде во друштво со луѓе, сменет однос кон колегите и претпоставените. Сето ова се одразува врз приватниот живот.

Одговорноста за менталното здравје на своите вработени воопшто, а особено во услови на кризна и вонредна состојба, која пред нив поставува поголеми барања од вообичаено, секако, ја има организацијата во која работат. Освен транспарентното раководење, осигурување на двосмерна комуникација, осигурување на сигурни и адекватни работни услови, расподелба на задачи и работно оптоварување за да им се обезбеди одмор, организацијата мора да ги подготви психолошки за стресните настани за кои се знае дека ќе се соочуваат и во текот на кризата да им понуди психосоцијална поддршка. Целите на поддршката се „да се спречи влошување на психичката

состојба на вработените, да се ублажат и намалат долгорочните психички, социјални и физички последици и да се забрза закрепнувањето, за да се воспостави вообичаеното ниво на работното функционирање на поединецот, групата или организацијата“ (Ајдуковиќ, Бакиќ, Ајдуковиќ, 2016).

## Грижата за професионалците - препораки

Што недостасува во нашиот систем на менаџирање со стрес во вонредни услови, во организации кои се справуваат со пандемијата?

Тоа е ,пред сè, занемарувањето на фактот дека луѓето на одредени ситуации реагираат со стрес. Ова се однесува на секојдневните работни задачи, што особено стана очигледно во ситуации како што е пандемијата. Всушност, неподготвеноста на организациите за занимавање со проблематиката на менталното здравје на своите вработени сега дојде до полн израз. Затоа, сметаме дека е вистинско време да се востанови систем на психосоцијална помош и поддршка кој ќе ги подготвува вработените пред да дојде до криза, и ќе им пружа психосоцијална поддршка за време на кризата и после кризата. Освен запознавање со работните околности и организациските прашања, во новите услови значајно е вработените да се информираат за одредени психолошки реакции на стрес. Добро е да се обезбедат однапред пишани информации за тоа што е стрес, неговото влијание и стратегиите за справување со стресот, како и со знаците на стрес, видови на стрес, причини за стрес во овие професии. Исто така, би требало да научат и интервенции кои треба да помогнат за: минимизирање на негативните ефекти од работата; зајакнување на индивидуалните разбирања без повторно доживување на траума; препознавање и оддавање признание за сопствениот придонес; нормализирање на реакции и овозможување на безбедност; објаснување на позитивни функции на реакции и позитивни стратегии за справување; промовирање на рано закрепнување и однесување кое наложува потреба од помош; процена на потреби; покажување дека организацијата се грижи за луѓето.

За да можат да бидат достапни на другите, овие професионалци треба да знаат како да се грижат за себе. Тоа значи дека треба постојано да водат грижа за работите кои ќе ги одржуваат физички и ментално здрави на дневна основа. Покрај тоа, директорите и раководителите во овие институции мора да го сфатат значењето на обезбедување поддршка за вработените во однос на практикување на самогрижа; ако не внимаваат на својот сопствен стрес и ако не знаат да се грижат за својата психосоцијална добросостојба, тогаш тешко ќе можат да се

справат со сложените ситуации кои се поставуваат пред нив. Тие, пред сѐ, треба добро да се грижат за себе, како и за другите, да се грижат за своето тело и ум, да се одмораат доволно, да практикуваат техники за намалување на стресот, да вежбаат, да остваруваат контакти со најблиските, да зборуваат за своите искуства и чувства со колегите, да се забавуваат.

Во оваа прилика, ќе ја парафразираме Ен Мастен, која вели дека работите кои помагаат во развивање на резилиентност се некои обични работи на секојдневниот живот како што се: да најдат време да се одморат, да се олабават и да се чувствуваат смирено; да разговараат со некој во кој имаат доверба доколку се чувствуваат презаситени од настаните; да побараат поддршка од поискусни колеги; соодветно да спијат, да се хранат и редовно да вежбаат; да управуваат со своите емоции на позитивен начин; да бидат во контакт со семејството, пријателите и најблиските; да практикуваат активности за смирување и освежување, како што се медитација, молитва или релаксација за да ја обноват својата енергија.

## Врсничка (колегијална) поддршка

Обезбедување на врсничка (колегијална) поддршка е ефективен пристап кој им помага на вработените да се справат со стресни ситуации. Врсничка или поддршка од колеги се дефинира како нудење помош на некого кој е на исто ниво со лицето кое обезбедува поддршка. Лицата кои ќе бидат избрани и ќе согласат да ја даваат врсничката поддршка треба да поминат низ обука за психолошка прва помош и психосоцијална поддршка. Принципите за врсничка поддршка, генерално, се исти како и кај психосоцијалната поддршка. Предноста на поддршката од колегите е дека доаѓа од некој што ја знае ситуацијата и може брзо да обезбеди помош. На луѓето под стрес може да им биде потребна само краткорочна помош за да спречат појава на други проблеми. Поддршката од колегите, исто така, им помага на луѓето да развијат свои способности за справување. Заради тоа, важно е професионалците (медицинскиот кадар, полициските службеници и други) да добијат обука за стрес и справување со стресот, за да можат да си помогнат на себеси и на другите.

За споделување помеѓу колегите, во услови на помагање во вонредни ситуации, се препорачува таканаречен ***оперативен дебрифинг*** кој е дефиниран како дискусија којашто се одвива после настанот од оперативен карактер, каде што главна цел е да се утврдат фактите. Оперативниот дебрифинг е важен за елиминирање на фактички прашања (факти за да се добие целокупна слика) и да се избегне повторување на

грешки во иднина. Понатаму, помага за зајакнување на групната кохезија и взаемната поддршка како и разбирање на настанот. Многу е важно колегите да ги споделат настаните помеѓу себе, да поразговараат за дилемите, да го изнесат сопственото мислење, па и емоциите. Оперативниот дебрифинг треба да се нуди на дневна основа, на пример, на крајот на смената пред одење дома.

За сите вработени не е потребно исто ниво на поддршка, но на нив треба да им се овозможи соодветна поддршка доколку постои потреба од тоа. На некои ќе им претставува доволна поддршка и редовното присуство на тимските состаноци или работна средина која- што им овозможува поддршка. На други може да им треба поддршка од колеги, супервизија или упатување до стручна институција. Раководителот е одговорен да ги процени потребите на вработените и да види дали има соодветна поддршка на располагање.

Оваа програма за поддршка постојано треба да се промовира во организацијата, за да се подигне свеста и да се има јасна претстава што значи поддршка од колегите. Задачата на организираната колегијална поддршка е да се поддржат колегите кои поминале низ одреден настан кој предизвикал шок**.** Притоа, мора да се има предвид следново: обезбедување на практична помош; стимулирање на здрав процес на закрепнување; рана идентификација на можни психосоцијални проблеми и навремено упатување за добивање професионална помош; следење на процесот на закрепнување; активирање на социјални мрежи и ублажување на негативните реакции од опкружувањето.

Постоењето на средина која обезбедува поддршка е еден од клучните фактори за минимизирање на стресот. Ова може да се постигне на следниве начини: преку обезбедување на пристапни упатства и поддршка од менаџерите и колегите; преку создавање на организациска култура каде што луѓето можат отворено да разговараат и да споделуваат проблеми без да се плашат од последици; преку организирање на редовни состаноци на кои присуствуваат сите вработени и/или волонтери за градење на тимски дух; преку почитување на принципот на доверливост, така што луѓето ќе се чувствуваат безбедни да зборуваат за стресот и да побараат помош доколку им е потребна.

Супервизорите играат важна улога како лица кои треба да им обезбедуваат поддршка на помагателите во однос на обезбедување на дополнителни насоки во нивната работа или решавање на нивните проблеми кои се појавуваат во текот на работата.

Многу организации кои работат во кризни ситуации развиле или почнуваат да развиваат програми за поддршка на вработените и волонтерите базирани на врсничка поддршка. Препорачливо е сите да поминат обука и да организираат групи за врсничка поддршка, кои ќе се

состануваат еднаш неделно, а по потреба и почесто. Многу е важно помагателите да станат свесни за сопствените емоционални реакции и да ги споделат во групата.

## Модел за психолошка прва помош и психосоцијална поддршка

Светската здравствена организација неодамна констатира дека со пандемијата Ковид-19, покрај физичкото е загрозено и менталното здравје. Знаејќи го ова, државата мора, во ситуации каква што е сегашната, покрај грижата за телесното здравје да понуди и грижа за менталното здравје на своите граѓани. Со оглед на тоа дека пандемијата се појави одненадеж, повеќето држави во светот не беа добро подготвени за епидемија од ваков размер. Во нашата држава години наназад изостануваат планирани активности во однос на психосоцијалната поддршка на населението во услови на големи несреќи и катастрофи. Така, кога ќе се појави некоја несреќа од локален карактер, психосоцијалната поддршка се пружа, но, по завршувањето, и понатаму нема планирани активности, и така сѐ до наредната несреќа...

Со оглед на ваквата ситуација, во услови на вонредна состојба, професионалците од областа на менталното здравје брзо се мобилизираа и од самиот почеток нудат активности кои имаат за цел помош и поддршка на општото население, но и на ранливите групи како што се децата, адолесцентите, лицата со онколошки заболувања, лицата со посебни потреби, лицата во карантин и изолација. Помошта се нуди, главно, преку телефон, поретко преку онлајн платформите, а преку социјалните мрежи се постираат текстови, видеа, препораки кои имаат за цел да ги едуцираат граѓаните и да им помогнат што полесно да ја пребродат кризата. Тоа го прават јавните институции, приватните психолошки советувалишта, како и професионалните здруженија (комора на психолози). Секој нуди по нешто, но, во сите овие активности изостанува координацијата.

Она што во сегашната ситуација, а и во сите други кризни ситуации, кои се јавуваат во државата, недостасува, е планирањето на психосоцијалната поддршка која треба да биде вградена во општиот план за дејствување во услови на криза, вонредна или воена состојба. Недостасува и психосоцијална поддршка (со некои исклучоци), односно грижата за менталното здравје на работното место, особено во оние институции кои се во првите редови во борбата против пандемијата, пред сѐ, медицинскиот персонал, полицијата, војската, новинарите, продавачите во маркетите и многу други професии кои се постојано на

своите работни места во служба на граѓаните. Прашањето кое се поставува е и кој се грижи за менталното здравје на луѓето од власта, од кои зависат одлуките кои се однесуваат на сите граѓани.

Во законската регулатива во државата, како што се Закон за социјална заштита, Закон за ментално здравје, Закон за црвен крст, не постои јасно дефинирање на различните нивоа на обезбедување на психолошка прва помош и психосоцијална помош и поддршка, во ситуации на катастрофи и кризи од големи размери, но и после локални несреќи. Според нас, моделот на психосоцијална помош мора да најде свое место во определени документи и закони (како што се Закон за кризни ситуации, Закон за вонредна состојба, Закон за црвен крст, Закон за социјална заштита, Закон за ментално здравје), со кои ќе се дефинираат улогите, одговорностите и заедничките работни планови на повеќето од јавните служби во пружањето на психосоцијална помош во кризни, вонредни и воени состојби. Потребна е соработка и координација помеѓу сите расположливи капацитети за да се обезбеди ефективност во работата.

Во разговор со водечките луѓе од власта, во рамките на ова истражување, во однос на прашањето на потребата на психосоцијална поддршка на граѓаните, професионалците кои се најистурени во борбата против пандемијата (медицинските работници, полицијата, војската, новинарите итн.), па и политичарите и луѓето од власта, начелно добивме потврда и за значењето на менталното здравје во услови на криза и поддршка за потребата од моделот на психосоцијална поддршка кој би се применил доследно во нашата држава во сите кризни и вонредни ситуации.

Со оглед на улогата на Црвениот крст, како најголема хуманитарна организација во светот, која обезбедува помош при хуманитарни и други катастрофи, а особено е насочена кон подобрување на животот на ранливите групи, во рамките на своите активности, психосоцијалната поддршка е препознаена како активност од витално значење, за која има повеќе докази дека е ефективна и полезна.

Затоа, во овој период, во рамките на проектот за поддршка на Црвен крст на Република Северна Македонија за итен одговор на Ковид-19, поддржан од УСАИД –Иницијатива за поддршка на Република Северна Македонија, по углед на моделите од западните држави, но применлив во наши услови, се подготви ***Модел на пружање на психолошка прва помош и психсоцијална поддршка во кризни и вонредни состојби, како и при несреќи од локални размери за вработените, волонтерите и ранливото население***, како и прирачник за негова имплементација (Пачовска, Н., Батиќ, Д., 2020). Овој документ ја дефинира улогата на Црвениот крст, структурата, организацијата и

работните планови за пружање на психолошка прва помош (ППП) и психосоцијална поддршка (ПСП) во катастрофи и кризни случувања од големи размери, како и помали (локални) размери и несреќи. Прирачникот претставува пошироко објаснување и прецизирање на сите точки на моделот за пружање на ППП и ПСП, и има за цел да помогне за негова имплементација на национално ниво во градење на стратегии на справување со идни кризи и катастрофи.

Заради потребата од тело кое ќе ги осмислува, раководи, спроведува и координира првата психолошка помош и психосоцијалната поддршка, предложено е централната канцеларија на Црвен крст да формира ***Центар за психолошка прва помош и психосоцијална поддршка,*** со цел да се воспостават и развијат психосоцијални служби и услуги во ситуации на кризи кои ќе пружаат психолошка прва помош и психосоцијална поддршка. Центарот ќе се состои од: лидерски тим од 3 лица; национален тим за развивање на политики и стратегии на национално ниво и национален оперативен тим.

Националниот тим за развивање на политики и стратегии на национално ниво ќе биде задолжен за формирање на соодветна мрежа пред случувањето на кризата, бидејќи тоа претставува ефективен начин на координирање и соработка со други институции кои се клучни за реагирање на катастрофи, кризни случувања и несреќи од големи и помали размери. Во националното тело треба да членуваат вработените во ЦК, претставници од повеќе релевантни институции, експерти во својата област, кои истовремено ќе бидат лица за соработка со институциите од кои доаѓаат. Експертите треба да се од областа на менталното здравје, Министерството за здравство, од безбедносните структури (МВР, АРСМ и пожарникари) од МТСП (центрите за социјална работа), МНР, локалната самоуправа, претставници од верските заедници, претставници од невладиниот сектор и медиумите. Националниот тим за градење на политики и стратегии се јавува како фактор на поврзување и одржување на ефективни мрежи. Тие постојано треба да работат на валидирање на изворите, селекција на соодветни експерти и унапредување на односите со сите фактори.

Националниот оперативен тим би бил составен од два поттима: едниот за развивање, унапредување и спроведување на обуки а другиот за спроведување на психолошка прва помош ( и психосоцијална поддршка на терен за време и после кризен настан, катастрофа или несреќи. Тоа значи дека професионалците би биле подготвени да дејствуваат веднаш штом ќе се појави потребата за тоа. Во рамките на овој проект, веќе се спроведени обуките на претставници на волонтери на Црвен крст за прва психолошка помош и поддршка, која освен

општиот дел, вклучува и психосоцијална поддршка преку телефон, заради сегашните специфични услови.

Во моделот се препорачува Центарот за психолошка прва помош и психосоцијална поддршка да потпише меморандум за соработка со професионални здруженија како што се Комора на психолози, Лекарска комора, установи за ментално здравје, кои би ги третирале лицата кои покажуваат поблаги и потешки психолошки тешкотии и социјални дисфункционалности после претрпениот стрес.

При вонредни состојби, катастрофи и кризни случувања, Центарот за психолошка прва помош и психосоцијална поддршка (како посебно тело составено од професионалци), би функционирал како посредник меѓу погоденото население и властите и би имал за задача да отвори канал за комуникација помеѓу засегнатите лица и властите. На тој начин, државата би се подготвила и би била спремна за некоја нова кризна ситуација. Со добро организирана структура на Центарот за психолошка прва помош и поддршка, каде точно се определени задачите на секој поединец и тим на професионалци, државата би можела да планира активности пред да се случи некоја криза. Се надеваме дека овој модел бргу ќе профункционира, за да биде државата подготвена не само за сегашната, туку и за сите идни кризи.

## Заклучок

Пандемијата на Ковид-19, рестриктивните мерки, социјалната изолација, стравот да не се заразат лично и нивните блиски, зголемениот обем на работа се некои од факторите кои негативно влијаат врз менталното здравје на здравствените работници. Се чини дека полициските и армиските сили се справуваат со ситуацијата со помалку влошување на нивното ментално здравје, можеби поради обуката за справување со стресни и насилни ситуации. Здравствените работници, од друга страна, страдаат многу, битката со пандемијата е нивен терен, а влијанието на пандемијата најмногу го нарушува нивниот личен, социјален и професионален амбиент.

Резултатите укажуваат на потребата за организирање на масовна психосоцијална поддршка, пред сè, на здравствените работници, кои и пред пандемијата ја немале, барем кај нас, но и на другите служби и професионалци кои работат на терен.

Во однос на индивидуален одговор на стрес, врз основа на ова истражување, поаѓајќи од теоретските концепти на стрес, справувањето и резилиентноста, сметаме дека, сепак, повеќето луѓе добро се справуваат со стресорите предизвикани од пандемијата. Продолжуваат со својот живот, со улогите и обврските што ги имаат и се обидуваат да

користат позитивни начини за справување како што се: физички активности, работат, креативните активности, дружење, грижа за децата, односно покажуваат високо ниво на резилиентност. Еден помал процент има присуство на анксиозност, трауматизираност и депресивност и важно е да им се понуди психолшка поддршка.

Самопомош е нужна, но не е доволна за да се заштити менталното здравје на населението. Нужно е да постои систем за психосоцијална помош и поддршка вградени во соодветни закони.

За помагателите (пред сè, медицинските работници), односно за сите оние кои работат на терен, во справувањето со кризата, тоа е неопходно заради зачувување на нивното ментално здравје и задржување на високото нивото на функционирањето. Исто така, не постои јасно дефинирање на различните нивоа на обезбедување на психолошка прва помош и психосоцијална помош и поддршка, во ситуации на катастрофи и кризи од големи размери, но и после локални несреќи. Во услови на пандемија, многу е важно да им се понуди психолошка прва помош на погодените семејства, отпуштени пациенти и други погодени членови на заедницата. Формирање и осмислување активности за погодените семејства, кои ќе поттикнат враќање во нормалата, како што се игра и рекреативни активности за децата, групи за поддршка за возрасни, ритуали и слично, додека се обезбедува контрола на пандемијата. Во таа смисла значајно е да се намали стигматизацијата на заболените и нивните семејства и да се обезбеди поддршка за реинтеграцијата во заедниците.

Предложениот модел на психолошка прва помош и поддршка за целокупното население е неопходен и би требало под итно да се работи на неговата имплементација. Секако, овој модел мора да се најде во законската регулатива, со што за првпат законски би се регулирала областа на психосоцијалната поддршка.

Имплементацијата на модел на пружање на психолошка прва помош и псисхоцијална поддршка во кризни и вонредни состојби, како и при несреќи од локални размери за вработените, волонтерите и ранливото население, кој го предлага Црвениот крст и за кој погоре веќе зборувавме, би овозможила системско дејствување во оваа сфера, што би обезбедило подготвеност на државата и за оваа и за секоја наредна криза, преку вмрежување и дејствување на сите релевантни институции.

# ГРАЃАНСКИ ОДГОВОР НА КРИЗАТА

Фокусот на анализата е **начинот на кој општествениот и политичкиот систем** на земјата одговори, односно како се справуваше со здравствената криза настаната со прогласувањето на пандемија од вирусот Ковид-19[*].

**Како одговоривме на кризата?**

Ако ја набљудуваме кризата од аспект на граѓаните и нивниот одговор, би можело да се констатира дека таа во основа добива преодна оценка, како во однос на прифаќањето на репресивните мерки, така и во однос на подготвеноста да се даде придонес во нејзиното справување. Основниот впечаток е дека **граѓаните одговорно ѝ пристапија и ја прифатија загриженоста на државата за нивното здравје!** Тие доминантно ги почитуваа **препораките** на здравствените власти и **одлуките** на **власта.**

Пандемијата со вирусот Ковид-19 на површина ги изнесе, слабостите, недоволната кондиција и капацитет на бројни институционални решенија, но е и индикатор за политиките во областите здравство, образование, социјала и слично. Таа го загрози јавното здравје и ги нагласи опасностите по човечкиот живот што, вирусот и болеста ги предизвикува. Високите бројки на заразени со Ковид-19, зголемената стапка на смртност, како и крахирањето на здравствените системи, во земји кои имаат подолга историја и традиција и историја на демократски развој, ја покажа сложеноста, но и неопходноста од мобилизација на општествените материјалните и другите ресурси, особено на човечките потенцијали. Брзиот и лесен начин на пренесување на вирусот Ковид-19 предизвика несигурност и претставува сериозна закана за човештвото по неговата егзистенција. Таквата потенцијална опасност по животот и здравјето на значаен дел од населението, ја определува неговата опасност, тој не е само здравствен, но, според опфатот, брзината на ширењето и ургентноста е сериозен безбедносен проблем. Лоцирањето на овој проблем во сферата на безбедноста претпоставува и соодветен одговор изразен преку воспоставувањето на системи и практики за кризен менаџмент. Тоа услови во бројни држави да се преземат строги административни мерки, преку прогласување на кризна или вонредна состојба, проследени со рестриктивни мерки кои се на штета на слободите и правата на граѓаните. Таквите практики и политики ја покажаа сложеноста на односите во современото општество и на

[*] Текст на професор д-р Цане Т. Мојаноски.

брзината на адаптацијата на граѓаните на новите услови на живеење и работа. Во одделни земји со подолга демократска традиција се појавија и определени форми на несогласување и отпор кон рестриктивните мерки и кризниот менаџмент и јавно се спротивставија на опасноста тие да постанат правило и стандард за функционирање во иднина или во некој продолжен период.

**Што е пандемијата?**

Светската здравствена организација ја прогласи епидемијата на вирусот Ковид-19 за пандемија. Што се подразбира под пандемија?

Терминот „пандемија“ (од старогрчките παν (сите) и δήμος (народ)) означува епидемија на заразна болест која се шири меѓу луѓето од една област, континент или во целиот свет. Според Светската здравствена организација, за определена болест да се прогласи за пандемија треба да се исполнат три услови:

- во некоја популација да се појави дотогаш непознато заболување,

- причинителите за инфицирање на луѓето да се непознати и да предизвикуваат тешки последици,

- причинителите на болеста да се шират брзо и да се задржуваат меѓу луѓето.

Тоа не значи дека секоја болест којашто е широко распространета или предизвикува смрт на огромен број поединци, се нарекува пандемија, за да го добие тоа име таа мора да биде и заразна. Ако определена ендемска болест е фреквентна и стабилна, во смисла колку поединци се разболуваат од неа, таа болест не се нарекува пандемија. На пример, ракот предизвикува голем број смртни случаи, насекаде во светот, но, сепак, тој не се смета за пандемија затоа што не е заразен.

(„Current WHO phase of pandemic alert“, World Health Organization 2009);(https://www.nationalgeographic.rs/vesti/14905-sta-je-pandemija.html [пристапено на 16.5.2020]; Објавено на 12.3.2020).

Практиките во многу системи афирмираа алтернативни мерки и правила во справувањето со вирусот Ковид-19, кој сè повеќе е и безбедносен проблем, односно опасност која е директно насочена против поединецот. Всушност, сè повеќе е јасна свеста дека Ковид-19 не е само здравствен проблем, туку тој е и својевиден нов колективен безбедносен проблем. Затоа, пристапот до здравствени услуги, не се третира само како инструмент на социјалната политика во настојувањето да се

обезбеди еднаквост, туку пристапот кон здравствените услуги сè повеќе станува инструмент за колективна заштита. Значи, пандемијата со вирусот Ковид-19 придонесува да се менува свеста за функцијата на јавното здравство и приоритетот што го има во креирањето на јавните политики, во секоја земја одделно, а особено во земјите од транзицискиот и посттранзицискиот период. Пандемијата има разорно дејство по функционирањето на економијата. Физичката дистанца меѓу поединците и ограничувањата на движењето кои се во функција на запирање на ширењето на вирусот, особено ограничувањето на движењата и групирањето, негативно се рефлектираат по начинот на организацијата на производството и другите стопански дејности. Пандемијата ги ограничи физичките и другите социјални интеракции, што негативно се одразува на економијата, на активностите на деловните субјекти, но и на начинот на кој можат да се остваруваат економските ефекти на глобално ниво и во секоја национална економија. Тоа ќе доведе до рецесија, ќе значи осиромашување, губење на работни места и влошување на состојбата на сиромашните и ранливите групи и поединци. Рецесијата го отвора проблемот со зголемување на невработеноста на социјално исклучени лица, како и зголемување на социјалната депривација. Во такви услови социјалните нееднаквости и општествените конфликти и тензии стануваат позасилени. Рецесијата ги зајакнува постојните и ги поттикнува латентните тензии, но, пред сè, колективната несигурност и стравот што го предизвикува неизвесноста и неодговорените прашања поврзани со карактерот и начинот на превенција и лекување на вирусот Ковид-19, што условува да се појават облици на психоза и немир како деривати на зачестените и продолжени рестриктивни мерки. Рецесијата, административните мерки во комбинација со растот на социјалните нееднаквости заради економските последици, ја усложнува општествената и безбедносната состојба на земјата и ја зајакнува потребата од соодветна подготовка и одговор на институционалниот капацитет на земјата. Неизвесноста, осиромашувањето, како и тромавоста во решавањето на акутните проблеми на поединци се погодна почва за манифестирањето на протести, други облици на немири и конфликти што дополнително може да влијае на усложнувањето на состојбите, но и на барањето соодветни решенија за излез од постојната кризна состојба. Затоа, една од задачите на државните органи и на субјектите на општествениот систем е да работат заедно, на единствена платформа, за намалување на негативните ефекти и да се стремат да го поттикнуваат економскиот развој не само за овозможување на подобар живот, туку и за одржување на стабилноста на општествениот, економскиот и демократскиот систем во Република Северна Македонија.

## Пандемијата и економскиот развој

Во епидемиите, според Владимир Глигоров, како и во другите природни катастрофи, прво, се намалува активноста, освен она што е неопходно за зачувување на животот, а потоа е неопходно да се обноват економијата и општеството и да се продолжи со развојот.

Влијанието предизвикано од епидемијата треба да биде привремено, треба да се стави под контрола или со нејзино повлекување или со стекнување имунитет на вирусот што го предизвикува. За време на епидемијата, од друга страна, потребно е да се приспособи социјалниот и економскиот живот за да се намалат што е можно повеќе негативните последици врз јавното здравство и да се зачува можноста за брзо закрепнување. Тоа, делумно, е политички предизвик, бидејќи негативните последици од епидемиите треба да се намалат, а социјалните и економските односи што се неопходни за да се обезбеди нормализација кога епидемијата ќе заврши, не треба да се уриваат понатаму (Глигоров, 2020, стр. 34).

Како стојат нештата на економски план? Според податоците на Државниот завод за статистика, индексот на трошоците на животот во септември 2020 година, во однос на претходниот месец, изнесува 99,8, а индексот на цените на мало изнесува 98,9. Забележано е намалување на индексите на трошоците на животот во септември 2020 година, во споредба со претходниот месец. Исто така, во овој период забележан е пораст на индексите на трошоците на животот (во септември 2020 година), во споредба со претходниот месец. Индексот на трошоците на животот во септември 2020 година, во однос на септември 2019 година, бележи зголемување од 1,9 %, а индексот на цените на мало бележи зголемување од 1,0 % (ДСЗ 7.10.2020 година/Year LVIII број/No: 4.1.20.89 http://www.stat.gov.mk/PrikaziSoopstenie.aspx?rbrtxt=39 [пристапено на 10.10.2020];).

Индексот на цените на угостителските услуги во септември 2020 година, во споредба со август 2020 година, е зголемен за 0,1 %. Кумулативниот индекс на цените на угостителските услуги за периодот јануари - септември 2020 година, во однос на истиот период од минатата година, е зголемен за 0,4 %, додека во однос на декември 2019 година е зголемен за 0,4 % (ДСЗ 05.10.2020 година/Year LVIII број/No: 4.1.20.88).

Просечната месечна исплатена бруто-плата по вработен во јули 2020 година, во однос на јули 2019 година, изнесува 109,0. Ваквото зголемување се должи, пред сѐ, на зголемувањето на просечната месечна исплатена бруто-плата по вработен во секторите: Образование (13,8 %), Дејности на здравствена и социјална заштита (12,6 %) и Информации и комуникации (12,2 %). Просечната месечна исплатена бруто-плата по

вработен, во јули 2020 година, изнесува 40.640 денари. (ДСЗ 21.9.2020 година/Year LVIII број/No: 4.1.20.84).

Според претходните податоци, вкупната вредност на извозот на стоки од Република Северна Македонија, во периодот јануари – август 2020 година, изнесува 213 958 811 илјади денари и бележи пад од 17,6 % во однос на истиот период од претходната година. Вредноста на увезената стока, во периодот јануари – август 2020 година, изнесува 287 721 653 илјади денари, што е за 14,9 % помалку во споредба со истиот период од претходната година.

Трговскиот дефицит, во периодот јануари – август 2020 година, изнесува 73 762 842 илјади денари.

Покриеноста на увозот со извоз, во периодот јануари – август 2020 година, изнесува 74,4 %.

Трговската размена по производи покажува дека во извозот е најголемо учеството на катализаторите на носачи со благородни метали или нивни соединенија. Во периодот јануари – август 2020 година, според вкупниот обем на надворешнотрговската размена, Република Северна Македонија најмногу тргувала со Германија, Велика Британија, Србија, Грција и Кина. Изразено во евра, во периодот јануари – август 2020 година, изнесува 3 469 893 илјади евра и бележи пад од 17,8 % во однос на истиот период од претходната година. Вредноста на увезената стока, во истиот период, изнесува 4 666 167 илјади евра, што е за 15,1 % помалку во споредба со истиот период од претходната година. Трговскиот дефицит, во периодот јануари – август 2020 година, изнесува 1 196 274 илјади евра. (ДЗС 6.10.2020 година/Year LVIII број/No: 7.1.20.12, http://www.stat.gov.mk/PrikaziSoopstenie.aspx?rbrtxt=78 [пристапено на 10.10.2020];).

## Ставовите на испитаниците за пандемијата

Во рамките на истражувачките активности, во согласност со новонастанатата состојба беше организирана онлајн анкета на платформата GoogleForms. Истражувачкиот инструмент беше поставен (линкуван) до определен број на е-маил адреси, беше поставен на социјалните мрежи Facebook и Viber, што обезбеди претпоставки за собирање на податоците. Вака поставената анкета ја пополнија 465 испитаници од 54 општини (Скопје, Аеродром, Бутел, Гази Баба, Ѓорче Петров, Карпош, Кисела Вода, Центар, Чаир, Берово, Битола, Богданци, Брвеница, Валандово, Василево, Велес, Виница, Гевгелија, Гостивар, Дебар, Делчево, Демир Капија, Дојран, Илинден, Кавадарци, Кичево, Кочани, Крива Паланка, Кривогаштани, Крушево, Лозово, Македонска

Каменица, Македонски Брод, Неготино, Ново Село, Охрид, Петровец, Прилеп, Пробиштип, Радовиш, Ранковце, Ресен, Свети Николе, Сопиште, Струга, Струмица, Тетово, Центар Жупа, Чучер Сандево, Штип и Куманово). Понудената дистрибуција укажува дека во истражувањето се вклучени значителен број на општини што укажува на тоа дека е обезбедена определена територијална вклученост на испитаниците од сите делови во земјата.

***Табела број 19. Испитаници според регионална припадност***

| | *f* | *%* |
|---|---|---|
| Скопски плански Регион | 240 | 51,61 |
| Пелагониски плански Регион | 47 | 10,11 |
| Североисточен плански Регион | 38 | 8,17 |
| Полошки плански Регион | 16 | 3,44 |
| Вардарски плански Регион | 32 | 6,88 |
| Источен плански Регион | 27 | 5,81 |
| Југоисточен плански Регион | 37 | 7,96 |
| Југозападен плански Регион | 28 | 6,02 |
| **Вкупно:** | **465** | **100,00** |

На таквиот заклучок упатуваат и податоците од дистрибуцијата на регионалната распространетост на испитаниците. Првата констатација е дека во примерокот се вклучени испитаници од сите плански региони. Бидејќи собирањето на податоците е вршено преку интернет, а во основа е пополнувано од испитаници од социјалните мрежи може да укажеме дека во него е обезбедена определена територијална вклученост на испитаниците од сите плански региони. Може да се забележи дека е нешто повисок, или нешто повеќе од половината од испитаниците се од Скопскиот плански Регион, што упатува на тоа дека овој дел од испитаниците позначително е присутен на медиумите на кои беше поставена онлајн анкетата.

***Табела број 20. Испитаници според степенот на образование***

| | *F* | *%* |
|---|---|---|
| средно | 116 | 24,95 |
| високо (и мастер) | 325 | 69,89 |
| д-р на науки | 17 | 3,66 |
| нешто друго | 7 | 1,51 |
| **Вкупно:** | **465** | **100,00** |

Според степенот на образование, меѓу испитаниците доминираат оние што имаат завршено високо образование, потоа доаѓаат испитаниците со средно образование, што е една од слабостите на овој начин на собирање на податоците. Таквата дистрибуција упатува на тоа дека во користењето на интернет-медиумите, позначително се вклучени во нивното користење.

И следното обележје на испитаниците укажува на тоа кои возрасни групи изразиле подготвеност и го пополниле соодветниот онлајн инструмент. Имено, од следната табела можеме да констатираме дека меѓу испитаниците доминираат, поточно во значително мнозинство се испитаниците на возраст до 50 години.

***Табела број 21. Испитаници според возраст***

| | *f* | % |
|---|---|---|
| од 18 до 30 години | 208 | 44,73 |
| од 31 до 50 години | 203 | 43,66 |
| од 51 до 80 години | 54 | 11,61 |
| **Вкупно:** | **465** | **100,00** |

Меѓу возрасните групи е обезбедена релативна воедначеност на возрасната група до 50 години, но нешто по неповолно е возрасната група над 51 година. И овој податок укажува дека во користењето на социјалните мрежи, е-маил и интернет-комуникацијата оваа старосна група е помалку присутна. Но, тоа може да значи дека таа група испитаници нема доверба во онлајн анкетите и не ги прифаќа поканите за учество во нив.

Податоците од онлајн анкетата се индикатор кој е во функција на актуализирање на дел од прашањата, проблемите и дилемите поврзани со однесувањето на граѓаните и институциите, во начинот на превенирање и решавање на проблемите поврзани со пандемијата.

Од посебно значење за анализата се отворените одговори и советите што ги добивме како одговор на таквата замолница во онлајн анкетата.

На испитаниците им понудивме сет од прашања во врска со тоа колку подготвено се следат состојбите и каков е одговорот кон нив. Имено, на прашањето - Дали и колку можела да се предвиди и превенира пандемијата Ковид-19, на два можни одговора одделно им понудивме скала на ставови - од **воопшто не се согласувам** до **целосно се согласувам**. Од понудениот преглед (табела бр.21).

***Табела број 22. Според Ваше мислење, дали и колку пандемијата со вирусот Ковид- 19 можеше да се предвиди и превенира?***

| | Да, можеше | | Не, не можеше | |
|---|---|---|---|---|
| | *f* | % | *f* | % |
| 1. Воопшто не се согласувам | 75 | 16,13 | 112 | 24,09 |
| 2. Не се согласувам | 103 | 22,15 | 144 | 30,97 |
| 3. Не можам да оценам | 79 | 16,99 | 73 | 15,70 |
| 4. Се согласувам | 137 | 29,46 | 104 | 22,37 |
| 5. Целосно се согласувам | 71 | 15,27 | 32 | 6,88 |
| **Вкупно:** | **465** | **100,00** | **465** | **100,00** |

**Што може да се воочи од понудените податоци?** Ако се погледне прашањето и степенот на согласување со него може да се констатира дека тие, на потврдното прашање, („се согласувам" и „целосно се согласувам" – натаму позитивни одговори) во прифаќањето на констатацијата „да, можеше" е 44,73 %, а истите испитаници, на констатацијата „не, не можеше", негативно одговориле („целосно не се согласувам" и „не се согласувам" – натаму негативни одговори) 55,05 %. Ако се погледнат позитивните одговори во прашањето со позитивна конотација и одговорите на прашањето со негативна конотација, тогаш може да се воочи дека постои разлика 10,46 %. Степенот на согласувањето на испитаниците со констатацијата „не, не можеше") изразени како позитивни одговори е 29,25 %, а негативните одговори, кај констатацијата „да, можеше" изнесува 38,28 %, односно постои разлика од 9,03 %. Ако на ова се додадат и податоците од одговорот не можам да оценам (кој во првиот случај изнесуваше „да, можеше" со 16,99 %, а во вториот став „не, не можеше" изнесува 15,70 %), тогаш, разликата меѓу негативните одговори во првото прашање и позитивните одговори во второто прашање (заедно со неопределените) изнесува, 9,03 %. Во тој случај негативните ставови (вклучени и испитаниците без одговор) е 55,27 %, односно 44,95 % во вториот случај. Ваквите резултати во ставовите на испитаниците треба да се набљудуваат како реакција на испитаниците, поточно, очекување за дејствувањето на институциите. Овде треба да се напомни, дека институциите, во еден временски период не ги извршуваат обврските и не дејствуваат во согласност со нормативната поставеност, што за последица имаше земјата да биде оценувана како „заробена држава", како друг израз за недоволна функционалност на системот, но и израз кој упатува на отсуство на демократски капацитет и потенцијал во исполнувањето на општествено доверените функции и задачи. Ваквата дистрибуција укажува и на тоа, дека испитаниците немаат јасна претстава за тоа што е Ковид-19 и дали тој воопшто може да се предвиди и да се превенира. Имено, 44,46 % од испитаниците имаат претстава дека пандемијата можеше да се предвиди

и превенира, што индиректно упатува на тоа дека „изненадувањето“ од нејзината појава, во основа е недоволно следење или непознавање на подрачјето на извршување на задачите што им се доделени на институциите, организациите и поединците. Најчесто претставите за функционирањето на институциите и организациите се формираат врз основа на медиумскиот пристап кон нив, кој во основа се темели на сознанија стекнати за пропусти, недоследности или криминално поведение.

***Табела број* 23. *Оценки на испитаниците за можноста да се превиди пандемијата со вирусот Ковид 19***

% within **1.2. Не, не можеше**

| | | **1.1. - Да можеше** | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Воопшто не се согласувам | Не се согласувам | Не можам да оценам | Се согласувам | Целосно се согласувам | Вкупно: |
| **1.2. Не, не можеше** | Воопшто не се се согласувам | 8,93 | 6,25 | 2,68 | 38,39 | **43,75** | **112** |
| | Не се согласувам | 9,72 | 11,11 | 12,50 | **55,56** | 11,11 | **144** |
| | Не можам да оценам | 5,48 | 12,33 | **65,75** | 15,07 | 1,37 | **73** |
| | Се согласувам | 23,08 | **63,46** | 8,65 | 2,88 | 1,92 | **104** |
| | Целосно се согласувам | **71,88** | 15,63 | 3,13 | | 9,38 | **32** |
| **Вкупно:** | | 16,13 | 22,15 | 16,99 | 29,46 | 15,27 | **465** |

Но, каков и колкав е степенот на согласност на испитаниците по однос на оценките за понудените ставови. Дали тие се разликуваат и во која насока се движат. Ако се погледнат пропорциите на вкрстените одговори на оценките „можеше“ и „не, не можеше“, ќе воочиме дека 71,88 % од испитаниците на прашањето „не, не можеше“ има спротивен одговор. Слично е со оценките „се согласувам“ и „не се согласувам“ со 64,36 %, 65,75 % од оценките по двете прашања се согласуваат во одговорот „не можам да оценам“. Всушност, спротивставеноста на насоката на прашањето претпоставува дека разликите во оценките се значајни. Ако погледнеме каква е асоцијацијата на овие ставови, одговорот го бараме во Пирсоновиот $\chi^2$ тест (Pearson Chi-Square), кој со Yestes-овата корекција изнесува 466,085[a]. Сигнификантната вредност (Asymp. Sig. (2-sided) =0,000) е помала од 0,05 што значи дека во ставовите постојат сигнификантни разлики, дека тие разлики покажуваат висок степен на заситеност, односно Крамеровиот коефициент V (Cramer's V) изнесува 0,501, или 50,10 % што значи дека врската меѓу овие два става е значајна. Сличен показател е и коефициентот на контингенција (Contingency Coefficient) кој смета дека врската меѓу овие

два става е објаснета со 0,708, односно дека е објаснета со 78,80 %. Врз основа на досегашните показатели можеме да констатираме дека разликата во насоката на оценките на ставовите во однос на прашањето дали можеше да се предвиди постојната криза е значаен и дека тоа во основа го изразува ставот на испитаниците кон понудениот одговор од новонастанатата ситуација.

Во тој контекст се поставени и две други прашања, кои се во функција да обезбедат основи за идентификувањето на ставот на испитаниците. На ставот дека ваквите појави, (како што е пандемијата со Ковид-19) тешко се: а) предвидуваат и б) превенираат одговорите се дадени во претходната табела. Од податоците може да се воочи дека 137 или 26,46 % од испитаниците се согласуваат, односно заедно со тие што целосно се согласуваат нивниот скор изнесува 49,03 %, додека негативниот скор е 36,77 %. Ако на тоа се приклучат и испитаниците со неопределен одговор, тогаш може да се констатира дека 50,97 % од нив сметаат дека не е тешко да се предвидат ваквите појави. И на прашањето за превенирањето доминираат одговорите кои не се согласуваат со таквиот став. Имено, 157 или 33,76 % од испитаниците не се согласуваат со констатацијата дека таквите состојби тешко се превенираат. Заедно со оние што целосно не се согласуваат и со неопределените по овој став, може да се констатира дека (46,88+16,99=63,87 %) речиси две третини не се согласуваат, односно сметаат дека превенирањето на пандемијата со вирусот Ковид-19 тешко се превенира, односно тоа мнозинство смета  дека таа можеше да се превенира. Нешто повеќе од една третина или 36,87 % од испитаниците, се согласуваат со понудената констатација.

***Табела број 24. Ставови на испитаниците, колку состојбите со појавата на пандемијата можат да се предвидуваат и превенираат?***

| | ***Вакви појави тешко се:*** | | | |
|---|---|---|---|---|
| | ***предвидуваат*** | | ***превенираат*** | |
| | *f* | *%* | *f* | *%* |
| Воопшто не се согласувам | 52 | 11,18 | 61 | 13,12 |
| Не се согласувам | 119 | 25,59 | **157** | **33,76** |
| Не можам да оценам | 66 | 14,19 | 79 | 16,99 |
| Се согласувам | **137** | **29,46** | 120 | 25,81 |
| Целосно се согласувам | 91 | 19,57 | 48 | 10,32 |
| **Вкупно:** | **465** | **100,0** | **465** | **100,00** |

Во таа смисла би можеле да се набљудуваат и податоците од следната табела, во која побаравме да го искажат степенот на согласување дали и колку во справувањето со пандемијата Ковид-19, навреме се преземени мерките.

Од понудената дистрибуција можеме да констатираме дека негативен одговор за ставот „навреме преземавме мерки“ е 46,41 %, односно според нив мерките се ненавремени, а за 36,38 % имаат позитивен став и речиси една шестина се неопределени.

*Табела број* 25. ***Навреме преземавме мерки***

| | *f* | % |
|---|---|---|
| 1. Воопшто не се согласувам | 56 | 12,20 |
| 2. Не се согласувам | 97 | 21,13 |
| 3. Не можам да оценам | 74 | 16,12 |
| 4. Се согласувам | 145 | **31,59** |
| 5. Целосно се согласувам | 87 | **18,95** |
| **Вкупно:** | **459** | **100,00** |

Ако се вкрстат оценките на прашањата со кои се тврди дека можеше да се предвиди пандемијата и оние според кои се искажува согласност за навремените преземени мерки, тогаш можат да се воочат следните релации:

***Табела број* 26. *Вкрстени одговори на испитаниците на прашањата: дали и колку пандемијата со вирусот Ковид-19, можеше да се предвиди и и дали навреме преземавме мерки***

| | | 1.3. **Навреме преземавме мерки** | | | | | Вкупно % (N) |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Воопшто не се согласувам | Не се согласувам | Не можам да оценам | Се согласувам | Целосно се согласувам | |
| 1.1. Според Ваше мислење дали и колку пандемијата со вирусот Ковид-19 можеше да се предвиди? **- Да можеше** | Воопшто не се согласувам | 10,67 | 9,33 | 18,67 | **33,33** | **28,00** | **100,0** (75) |
| | Не се согласувам | 5,83 | 17,48 | 14,56 | 34,95 | 27,18 | **100,0** (103) |
| | Не можам да оценам | 6,33 | 13,92 | 15,19 | **45,57** | 18,99 | **100,0** (79) |
| | Се согласувам | 12,41 | **31,39** | 19,71 | 27,74 | 8,76 | **100,00** (137) |
| | Целосно се согласувам | **29,58** | **28,17** | 8,45 | 18,31 | 15,49 | **100,0** (71) |
| Вкупно: | | **57** | **99** | **74** | **148** | **87** | **465** |

Повеќе, речиси половина или 45,57 % од испитаниците кои одговориле со „не можам да оценам“, се определиле дека навреме се преземени мерките. И кај оние испитаници кои на оценката - Дали можеше да се предвиди пандемијата со коронавирусот Ковид -19, одговараат крајно негативно („воопшто не се согласувам“), 33,33 % изразиле согласност дека се преземени навремени мерки. Потоа следуваат оние кои се согласуваат дека пандемијата можеше да предвиди

со 31,39 %, но дека не се согласуваат со оценката дека „навреме преземавме мерки“.

Дали оценките од овие две дистрибуции покажуваат определени асоцијации? Дали постојат значајни разлики меѓу нив? Одговорот може да се претпочита во $\chi^2$ - тестот (Pearson Chi-Square) чија вредност е 68,304[a,] со сигнификантна вредност p=(sig)=0,000, што упатува на тоа, дека постојат значителни разлики во оценките на ставовите. Кон таквиот став се приклучуваат и индикаторите како што се $\phi$-коефициентот чија вредност е 0,383 и Approx. Sig =0,000, потоа , Cramer's V со вредност од 0,192 и *p*= 0,000 и Contingency Coefficient со вредност од 0,358 и *p*=,000. Од нив може да се воочи дека Крамеровиот-V коефициент упатува на тоа, дека, сепак, таа врска не е значајна, односно можеме да претпоставиме дека станува збор за случајна врска.

Прашање кое влијае на општествената ангажираност, на мотивираноста и содржините на активностите на граѓаните е и начинот и опфатот на информациите, сознанијата и знаењата за справување со вирусот Ковид -19. Овде две димензии се особено значајни. Првата се однесува на тоа, кои средства (инструменти), медиуми ги користат испитаниците за да се информирани доволно, да имаат сознанија и знаења, а втората димензија кој е одговорот на институциите ги подготвиле граѓаните за предизвиците, ризиците и опасностите и дали и на кој начин ги подготвиле. Колку граѓаните беа подготвени да се справат со опасност од ваков вид. Едно од прашањата на кое треба да се одговори е кој во институционалната структура има надлежност, обврска и одговорност да ги оспособува граѓаните за подготвен одговор на криза, кризна состојба или катастрофа.

**Можеби добра илустрација е следниот пример:**

**КОРОНАВИРУС: КОИ РЕЗЕРВИ ВИ СЕ ПОТРЕБНИ ВО КРИЗНИ СИТУАЦИИ**

Пред четири години, Сојузната служба за цивилна заштита и помош при катастрофи (ББК) објави листа на долготрајна храна која ја препорачува за складирање во случај на криза. Од ББК му препорачаа на населението за такви случаи да се складираат храна и пијалаци за околу десет дена.

**Подгответе се за криза**

Германската влада во 2016 година изработи нов план за цивилна заштита со листа на неопходни производи кои во меѓувреме се ажурирани. Германците добија препорака да направат резерви на храна за 10 дена и питка вода за пет дена. Идејата е луѓето да имаат сѐ што им е потребно, вклучително готовина и лекови, за да ја надминат кризната состојба.

**Доволно течности**

Листата со препораки опфаќа и список на резерви за период од 14 дена. Најважната работа на листата е водата - 28 литри по човек за период од 14 дена, или два литра дневно. Луѓето можат да преживеат неколку недели без храна, но без течности само четири дена.

**Потребни резерви**

Германското министерство нуди и онлајн „калкулатор" со кој можете да пресметате каква храна да имате во резерва. Се препорачуваат 4,9 килограми ориз, леб и тестенини по човек за две недели. Потоа, 5,6 килограми зеленчук по човек, по 3,7 килограми млечни производи, овошје и јатки и 2 килограма риба и месо. Водете сметка храната да трае и без ладење. По избор, снабдете се и со масло, шеќер и сол.

**Хигиената е витална**

Иако храната и водата се клучни во вакви ситуации, хигиената е исто толку важна за превенција од болести. Имајте на располагање доволно сапун, детергент, паста за заби, влажни марамчиња, кеси за смет и тоалетна хартија.

**Лекови**

Се препорачува да имате снабдено медицинско шкафче доколку се случи да не бидете во состојба да отидете до аптека или болница. Меѓу другото, тоа предвидува комплет за прва помош, неопходни лекови на рецепт, лекови за настинка, против болка, антидијареја лекови и електролити, како и термометар и средство за дезинфекција.

**Доколку снема струја**
Не е честа појава, но може да се случи да снема струја на неколку часа или на подолго. Тоа значи дека ќе нема светлина, мобилни телефони и греење. За да се подготвите за таква евентуалност, чувајте во резерва батериска светилка и свеќи, како и кибрит или запалка.

**Торба за итни ситуации**

Создавањето резерви претпоставува дека мора да останете во домот, но некоја кризна ситуација може да ве натера и итно да заминете. Затоа е мудро да се има подготвена патна торба. Германската влада советува во неа да сместите: комплет за прва помош, храна за два дена, најважни лични документи, шише вода, вреќа за спиење, неопходна гардероба и дел од нештата кои беа наведени во претходната листа.
Според: https://www.dw.com/mk/без-паника-овие-резерви-ви-се-потребни-во-кризна-ситуација-52781977 [пристапено на 7.4.2020];

Прашањето овде е: кој државен орган има ваква надлежност? Зошто имате толку институции поврзани со управување, заштита, справување со кризи и катастрофи, ако граѓаните, едноставно, се

оставени сами на себе? Анализата и следењето на настаните за време на пандемијата со Ковид -19 покажува дека приоритетна задача е да се редефинираат институциите, да се одвојат надлежностите и функциите кои се преклопуваат или меѓу себе се сопираат и претставуваат пречка за ефикасна и ефективна акција. Во таа насока, треба да се размисли, дали концептот на информирање на граѓаните преку летоци, електронски или и други медиуми повеќе е финансиски привлечно решение отколку модел кој дава резултати. Треба да се размисли, да се воведат облици на непосредно оспособување на граѓаните, преку специјализирани обуки и курсеви, во месните заедници, за справување со кризни состојби и други посложени предизвици за, тие, да можат да реагираат организирано и осмислено. Во таа насока треба да се преоцени, како и да се искористат искуствата од другите држави од активирањето на цивилната заштита, како облик преку кој ќе се оспособува населението за справување со кризи и катастрофи.

## Пандемијата и информирањето

**Што покажуваат резултатите од истражувањето?** Положбата, работата и дејствувањето на медиумите е предмет на натамошна анализа, овде ова прашање се актуализира во контекст на перцепциите на граѓаните, за тоа дали се доволно достапни информациите, сознанијата и знаењата за справување со вирусот Ковид -19.

***Табела број 27. Дали имате доволно информации (сознанија, знаења) за справување со вирусот Ковид-19? - сум информиран/а од: -***

| | **радио медиумите** | | **прес на министерот** | | **порталите** | | **телевизиите** | | **пријателите** | | **други извори** | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | *f* | % | *f* | % | *f* | % | *f* | % | *f* | % | *f* | % |
| Немам одговор | 13 | 2,80 | 4 | 0,86 | 9 | 1,94 | 6 | 1,29 | 14 | 3,01 | 45 | 9,68 |
| Немам потреба | 27 | 5,81 | 7 | 1,51 | 12 | 2,58 | 10 | 2,15 | 30 | 6,45 | 32 | 6,88 |
| Никогаш | 117 | 25,16 | 18 | 3,87 | 34 | 7,31 | 28 | 6,02 | 56 | 12,04 | 74 | 15,91 |
| Понекогаш | 167 | **35,91** | 97 | 20,86 | 171 | **36,77** | 135 | 29,03 | 226 | **48,60** | 189 | **40,65** |
| Редовно | 96 | 20,65 | 147 | 31,61 | 143 | **30,75** | 180 | **38,71** | 93 | 20,00 | 71 | 15,27 |
| Секогаш | 45 | 9,68 | 192 | **41,29** | 96 | 20,65 | 106 | 22,80 | 46 | 9,89 | 54 | 11,61 |
| **Вкупно:** | **465** | **100,00** | **465** | **100,00** | **465** | **100,00** | **465** | **100,00** | **465** | **100,00** | **465** | **100,00** |

Податоците упатуваат на тоа дека, испитаниците стекнуваат доволно информации, сознанија и знаење за справувањето со вирусот Ковид-19 од прес-конференциите на министерот за здравство, а редовно од телевизиите.

***Графикон број 2. Дали имате доволно информации (сознанија, знаења) за справување со вирусот Ковид-19? - сум информиран/а од:***




Податоците укажуваат дека испитаниците, понекогаш, за овие прашања се информираат и стекнуваат информации од радиомедиумите. Потоа, следи групата одговори дека испитаникот никогаш не го користи овој медиум за информирање и стекнување на нови знаења и сознанија, односно 25,16 %. Всушност, една четвртина од испитаниците одговориле со одговорот „никогаш“ и уште 5,81 % со „немам потреба“. Треба да се укаже дека оние кои редовно го користат овој медиум за информирање и стекнување на нови сознанија и знаења за справување со вирусот Ковид -19 е 20,65 %, односно една петтина и речиси една десеттина, или 9,68 % одговориле дека овој медиум секогаш го користат. Најзачестен одговор е дека информациите, сознанијата и знаењата со справувањето со вирусот Ковид-19 испитаниците секогаш ги добиваат од прес-конференциите на министерот за здравство. Редовно се информираат 36,61 %, а секогаш се информираат 41,29 %. Може да се констатира дека 72,90 % од испитаниците редовно и секогаш се информираат од прес-конференциите. Ако кон оваа група ги додадеме и одговорите понекогаш, тогаш можеме да констатираме дека 93,76 % од испитаниците информациите, сознанијата и знаењата за справувањето со вирусот Ковид -19, секогаш, редовно и понекогаш ги добиваат од прес-конференциите на министерот за здравство. Од порталите, значи новите интернет-медиуми редовно се информираат 30,75 %.

Од резултатите во табелата број 27 може да се воочи дека испитаниците во 48,60 % понекогаш добиваат доволно информации, сознанија и знаења од пријателите, потоа 40,65 % од други извори, 36,77

% од порталите и 35,91 % од радио и медиумите. Редовно од телевизиите се информираат 38,71 %, а секогаш 41,29 % од прес- конференциите на министерот за здравство. Според тоа, може да се констатира дека еден значителен број на испитаници редовно ги следи прес-конференциите на министерот и Министерството за здравство, но за справувањето со вирусот Ковид-19 се користат и други канали за информации, сознанија и знаења, како што се пријателите и другите извори.

***Табела број 28. Дали имате доволно информации (сознанија, знаења) за справување со вирусот Ковид-19? - сум информиран/а од: -***

**Inter-Item Correlation Matrix**

| | Радио-медиумите | 2.2. Прес-конференциите на министерот за здравство | 2.3. Порталите | 2.4. Телевизиите | 2.5.Пријателите | 2.6. Други извори |
|---|---|---|---|---|---|---|
| - радио медиумите | 1,000 | | | | | |
| 2.2. Прес-конференциите на министерот за здравство | **,314** | 1,000 | | | | |
| 2.3. Порталите | ,218 | ,271 | 1,000 | | | |
| 2.4. Телевизиите | ,301 | **,389** | **,568** | 1,000 | | |
| 2.5.Пријателите | ,327 | ,181 | **,412** | **,357** | 1,000 | |
| 2.6. Други извори | ,281 | ,091 | ,212 | ,189 | **,386** | 1,000 |

Кога станува збор за навременоста на преземањето на мерките за спречување и превенирање на последиците од Ковид-19 покажуваат дека постои значајна поврзаност (асоцијација) меѓу ставовите на испитаниците дека сознанијата, знаењата и информациите ги добиваат од телевизиите и порталите, потоа умерен е односот меѓу ставовите дека сознанијата ги црпат од пријателите и порталите. Останатите облици на интеракција меѓу коефициентите меѓу одделни ставови имаат определено значење. Овде ќе напомниме дека мерките на поврзаност меѓу варијаблите претставува начин на сумирање на силината на врската меѓу две или повеќе варијабли. За две варијабли се вели дека се поврзани тогаш кога познавањето на информациите за едната варијабла може да помогне во предвидувањето на вредноста на другата. Освен силината, некои мерки на поврзаност можат да ја откријат и насоката на врската меѓу варијаблите. Исто така, кога ги употребуваме термините корелација и поврзаност, да укажеме дека тие обично се користат како синоними, но некои автори прават разлика меѓу нив. Според нив, поврзаноста е поширок поим и опфаќа каков било вид на врска меѓу варијаблите, додека под корелација обично се подразбира само линеарна врска меѓу варијаблите. Бројни автори анализата на поврзаност на варијаблите ја

групираат во дескриптивната статистика, а не во статистиката на заклучување. Токму затоа и во интерпретацијата на резултатите се задржуваме само на основните сознанија што можат да се дедукуваат од податоците што се предмет на разгледување и анализа.

## Пандемијата и социјалната исклученост

Појавата на пандемијата, отвори нови, дотогаш недоволно практикувани облици на начинот на живеење кај населението. Станува збор за воведувањето на мерките на социјална исклученост изразена преку барањето да се одржува определена дистанца, да се исклучат облиците на изразување на блискост и други облици на комуникација во кои се нарушува дистанцата. На општ план беа воведени рестриктивни мерки и ограничена слободата на движење, со нагласена употреба на инструментите на државна принуда, како што се полицијата и армијата, која според официјалните интерпретации беше вклучена како испомош на полицијата. Инаку, задачата на армиските структури не е поврзана со внатрешната безбедност, што во дел од стручната и другата јавност предизвика дебата за нејзината улога во справувањето со здравствената криза. Критиките беа особено нагласени во ситуациите кога армиските потенцијали беа користени за редарски задачи на определени приватни стопански субјекти – како што се банките. Употребата на Армијата и нејзините човечки потенцијали во премостувањето на определени состојби, со кои се нарушуваат правилата на дистанцата, е индикатор за нефункционирањето на другите (со закон определени) институции, посебно во заштитата на граѓаните од опасностите на заканата, како и во недоволните знаења и вештини на граѓаните за постапување. Токму затоа се наметнува потребата од реафирмација на цивилната заштита како организациски облик, но особено како содржина во која граѓаните стекнуваа вештини насочени кон нивната самозаштита.

Во таа насока треба да се набљудуваат и одговорите и оценките на испитаниците во врска со прашањето: Како ја поднесувате состојбата на социјална исклученост (изолираност)? За да ја доловиме слоевитоста на таа состојба на испитаниците им понудивме четири модалитети со потпрашањето, односно констатацијата: „Таквата состојба за мене е: .1. Очекувана (така треба да биде); 2. Претерана е (треба да се намалат ограничувањата); 3. Олабавена - треба да се заострат (зголемат) рестрикциите (движењата); 4. Индикатор за грижата на граѓаните“. Распонот на степенот на согласноста е обезбеден со Ликертовата скала на одговори. Одговорите на прашањата се дадени во табелата број 29.

Значителен број на испитаници 69,29 % имаат позитивен став за тоа дека состојбата на социјална исклученост во услови на пандемија е

очекувана, односно „така треба да биде“, а 21,57 % изразуваат негативен став дека таа состојба не е очекувана. Но, за таквата свест за неопходноста од воведувањето на социјалната исклученост, постојат дијаметрални оценки за нејзините димензии. Со ставот дека таа состојба е „претерана“, односно дека треба да се намалат ограничувањата има негативна насока на одговорите кај 34,84 % од испитаниците. Негативна насока на одговорите („воопшто“ и „не се согласувам“) изразиле 62,80 % од испитаниците. Антиподот на ваквото тврдење е дека 62,80 % од испитаниците сметаат дека состојбата со социјалната изолираност е очекувана и нормална (односно, како тие сметаат не е претерана), односно дека нема потреба од намалување на ограничувањата.

***Табела број* 29. *Како ја поднесувате состојбата на социјална исклученост (изолираност)?***

| | *Таквата состојба за мене е:* | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 3.1. Очекувана | | 3.2. Претерана | | 3.3. Олабавена | | 3.4. Грижа за... | |
| | *f* | *%* | *f* | *%* | *f* | *%* | *f* | *%* |
| Воопшто не се согласувам | 51 | 10,97 | 130 | 27,96 | 97 | 20,86 | 44 | 9,46 |
| Не се согласувам | 49 | 10,54 | 162 | **34,84** | 133 | **28,60** | 47 | 10,11 |
| Не можам да оценам | 43 | 9,25 | 44 | 9,46 | 78 | 16,77 | 118 | 25,38 |
| Се согласувам | 171 | **36,77** | 72 | 15,48 | 105 | 22,58 | 168 | **36,13** |
| Целосно се согласувам | 151 | 32,47 | 57 | 12,26 | 52 | 11,18 | 88 | 18,92 |
| **Вкупно:** | **465** | **100,00** | **465** | **100,00** | **465** | **100,00** | **465** | **100,00** |

**Легенда**: **3.1. Очекувана** (така треба да биде); **3.2. Претерана** е (треба да се намалат ограничувањата); **3.3. Олабавена** - треба да се заострат (зголемат) рестрикциите (движењата); 3.4. Индикатор за **грижата** на граѓаните.

Во тој контекст треба да се набљудуваат и оценките на потпрашањето дека состојбата со социјална исклученост е олабавена, односно дека треба да се заострат (зголемат) рестрикциите, посебно движењата, при што 33,76% се согласуваат, односно имаат позитивен став, а 49,46 % имаат негативен став, односно воопшто и не се согласуваат. Во оваа група одговори треба да се подвлече дека една шестина од испитаниците (16,77 %) се определуваат за одговорот „не можам да оценам“, што заедно со оние кои имаат степен на несогласност изнесува 66,24 %, односно две третини. Оттука може да се претпостави дека две третини од испитаниците сметаат дека нема потреба да се заоструваат, односно зголемуваат рестрикциите, посебно во однос на ограничувањата на слободата на движење.

***Графикон број 3. Како ја поднесувате состојбата на социјална исклученост (изолираност)?***




Интересни се оценките на прашањето дека мерките на социјална исклученост се индикатор за грижата за граѓаните. Имено, 55,05 % од испитаниците имаат позитивен став кон понудената оценка, односно целосно и се согласуваат, а 19,57 % имаат негативен став, односно воопшто и не се согласуваат. Во одговорите на ова прашање една четвртина (25,38 %) се определуваат за одговорот „не можам да оценам", што заедно со негативно насочените ставови чини 44,95 % од испитаниците. Овде повеќе од две петтини од испитаниците сметаат дека преземените мерки за социјална исклученост, не можат да се набљудуваат како индикатор за грижата кон граѓаните. Веројатно таквите мерки ги набљудуваат како составен дел од нужниот одговор на организираното општество за заштита на здравјето на луѓето.

Во тој контекст беше поставено и прашањето за тоа - Дали воведувањето на вонредната состојба ги оправда очекувањата? Од одговорите на ова прашање можеме да констатираме дека 35,48 % оцениле дека таа ги оправда очекувањата, а 14,19 % имаат став дека таа не ги оправда нивните очекувања.

***Табела број* 30. *Според Вас, дали воведувањето на вонредната состојба ги оправда очекувањата?***

| | *f* | % |
|---|---|---|
| Да | 165 | **35,48** |
| Не | 66 | 14,19 |
| Многу е рано за таква оценка | 142 | 30,54 |
| Задоцнета е | 57 | 12,26 |
| Не можам да оценам | 35 | 7,53 |
| **Вкупно:** | **465** | **100,00** |

Од натамошната анализа на одговорите на ова прашање можеме да констатираме дека речиси една третина од испитаниците

или 30,54 % сметаат дека е „многу рано за таква оценка“, а 12,26 % сметаат дека е задоцнета. Во оваа група се и 7,53 % испитаници кои ја прифатиле оценката „не можам да оценам“. Слоевитоста на одговорите на ова прашање упатуваат на тоа дека во структурата на испитаниците постојат определени нејаснотии или недоволно сознанија за тоа какви ефекти треба да се очекуваат од вонредната состојба. Структурата на одговорите, може да укажува и на постоење на определени разлики. Според податоците со кои располагаме во истражувањето вкрстувањата можат да се вршат според неколку показатели, како што се полот, возраста, образованието и регионалната припадност.

Меѓугрупните разлики ќе ги утврдиме со помош на Анализата на варијансата (ANOVA). Називот „анализа на варијансата“ значи дека со неа се споредува променливоста на резултатите меѓу различни групи (за кои се верува дека ја причинуваат, односно условуваат независната променлива), а со тоа и варијабилноста во рамките на секоја група (за која се смета дека е последица на веројатноста). Показателот на таквиот соодност F, претставува варијанса меѓу групите поделен со варијансата во рамките на групата. **Суштината на** *анализата на варијансата* е во тоа што овој тест се користи за проверка на статистичката значајност на разликите меѓу средините на одделните групи. Тој се потпира врз „варијабилитетот“ или варијансата на примероците. Слична е постапката и кај t-тестот. Но, за разлика од t-тестот, кога се набљудува само варијабилитетот во рамките на самите примероци, преку стандардните девијации на примероците, со анализата на варијансата (ANOVA) се земаат предвид два вида на варијабилитет: првиот е варијабилитетот на секој примерок одделно (се вели дека се утврдува *варијансата во рамките на групата),* при што се пресметува колку *средно* или *во просек* се разликува вредноста на секоја опсервација од средината на примерокот; вториот е варијабилитетот меѓу групите (се вели дека се утврдува *варијансата меѓу групите)* (Марјановиќ-Момирска, 2002, стр. 280), (Guilford, 1968, стр. 370). Со неа се мери износот до кој средината од секоја група (примерок) во просек се разликува од средините на другите групи. Оваа варијанса се пресметува како разлика меѓу средините на групите (примероците) и „големата средина“ (Мојаноски, 2015).

***Табела број* 31. *Меѓугрупните разлики за оценките на прашањето: Според Вас, дали воведувањето на вонредната состојба, ги оправда очекувањата? - Multiple Comparisons***

LSD

| (I) 14. Степен на образование? | (J) 14. Степен на образование? | Mean Difference (I-J) | Std. Error | Sig. | 95 % Confidence Interval | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | Lower Bound | Upper Bound |
| средно | високо (и мастер) | -,041) | ,139 | ,769 | -,31) | ,23 |
| | д-р на науки | ,229 | ,335 | ,495 | -,43) | ,89 |
| | нешто друго | ,262 | ,502 | ,601 | -,72) | 1,25 |
| високо (и мастер) | средно | ,041 | ,139 | ,769 | -,23) | ,31 |
| | д-р на науки | ,270 | ,321 | ,401 | -,36) | ,90 |
| | нешто друго | ,303 | ,492 | ,538 | -,66) | 1,27 |
| д-р на науки | средно | -,229) | ,335 | ,495 | -,89) | ,43 |
| | високо (и мастер) | -,270) | ,321 | ,401 | -,90) | ,36 |
| | нешто друго | ,034 | ,579 | ,954 | -1,10) | 1,17 |
| нешто друго | средно | -,262) | ,502 | ,601 | -1,25) | ,72 |
| | високо (и мастер) | -,303) | ,492 | ,538 | -1,27) | ,66 |
| | д-р на науки | -,034) | ,579 | ,954 | -1,17) | 1,10 |

Ако ја погледнеме дистрибуцијата на одговорите според степенот на образование, ќе констатираме дека разликите во групите и меѓу групите (ANOVA=0,598; F= ,360; *p* (sig.)=0,782 ) не покажуваат значителни разлики. Но каква е структурата на одговорите меѓу образовните групи. Патем да споменеме, во нашето истражување тие беа: основно, средно, високо (и мастер), д-р на науки и нешто друго. Во истражувањето доминираа испитаници со високо образование 69,89 %, потоа испитаниците со средно образование 24,95 %, д-р на науки 3,66 % и нешто друго 1,51 %. Откако утврдивме дека не постојат значајни разлики меѓу групите и во групите, нѐ интересираше каква е разликата кај секоја група одделно споредена со другите групи. За да примениме соодветен тест, претходно ја утврдивме хомогеноста со помош на Левеновиот тест на хомогеност (Levene Statistic= 0,074; p (sig)= 0,974), што не упати на тоа дека треба да го примениме LSD – тестот. Овде да потсетиме - Доколку кај Левеновоиот тест *Sig*. е поголемо од 0,05 нема да се отфрла нултата хипотеза и *t*- тестот ќе се толкува дека варијан- сите се еднакви (*equal variances assumed)*; односно, доколку *Sig*. е помал од 0,05 се отфрла нултата хипотеза и *t*- тестот се пресметува (се толкува) со претпоставка дека станува збор за нееднакви варијанси (equal variances not assumed) (Мојаноски, 2015) .

Податоците од понудената табела број 31 укажуваат дека постојат определени разлики во ставовите, но општиот заклучок е дека образованието не влијае на насоката на ставот на испитаникот, односно дали очекувањата од вонредната состојба се очекувани или не, не се условени, односно асоцирани од тоа какво образование има испитаникот.

Следното прашање е, Дали таквите разлики се резултанта на некои други фактори, на пример, Дали испитаниците според возраста се разликуваат во оценувањето на ефектите од вонредната состојба? Во табелата број 32.

***Табела број 32. Според Вас, дали воведувањето на вонредната состојба ги оправда очекувањата? * Возраст (три групи) Crosstabulation***

% within Возраст (три групи)

| | | Возраст (три групи) | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | од 18 до 30 години | од 31 до 50 години | од 51 до 80 години | Вкупно |
| 4. Дали, според Вас воведувањето на вонредната состојба, ги оправда очекувањата? | да | **23,56 %** | **40,89 %** | **61,11 %** | 35,48 % |
| | не | 20,19 % | 11,33 % | 1,85 % | 14,19 % |
| | многу е рано за таква оценка | 29,81 % | 32,51 % | 25,93 % | 30,54 % |
| | задоцнета е | 17,79 % | 8,87 % | 3,70 % | 12,26 % |
| | не можам да оценам | 8,65 % | 6,40 % | 7,41 % | 7,53 % |
| **Вкупно:** | | **100,00 %** | **100,00 %** | **100,00 %** | **100,00 %** |

Од вкрстените податоци може да воочиме дека најниски се позитивните очекувања кај испитаниците на возраст од 18 до 30 години и таа изнесува 23,56 %, а највисока кај испитаниците од возрасната група (од 51до80 години) со 61,11 %. Забележително е дека кај трите групи испитаници високо е учеството на одговорот „многу е рано за таква оценка" и се движи од 25,93 %, кај возрасната група испитаници, 29,81 % кај младата возрасна група и 32,51 % кај средовечната возрасна група.

За да утврдиме какви се и меѓу кои групи се разликите, ја применивме анализата на варијансата (ANOVA) која е показател за тие разлики (ANOVA=14,852; F= 9,302; *p* (sig.)=0,00 ). Од податоците може да констатираме дека разликите се сигнификантни, односно дека возраста на испитаниците влијае на ставот на оценката за вонредната состојба.

Но, какви се разликите меѓу одделни групи, се утврдува со други тестови. За да примениме соодветен тест, претходно ја утврдивме хомогеноста на групите, со помош на Левеновиот тест на хомогеност (Levene Statistic= 0,618; p (sig)= 0,540), што не упати на тоа дека треба да го примениме LSD – тестот на најмалата значајна разлика. Со овој тест може да се утврди колкава е средната вредност, особено разликата по контрастите и врз основа на нив да се оцени, како се однесува секоја група кон останатите (Мојаноски, 2015).

***Табела број* 33. *Меѓугрупните разлики за оценките на прашањето: Според Вас, дали воведувањето на вонредната состојба ги оправда очекувањата? - Multiple Comparisons***

4. Според Вас, дали воведувањето на вонредната состојба ги оправда очекувањата?
LSD

| (I) Возраст (три групи) | (J) Возраст (три групи) | Mean Difference (I-J) | Std. Error | Sig. | 95 % Confidence Interval | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | Lower Bound | Upper Bound |
| од 18 до 30 години | од 31 до 50 години | ,392* | ,125 | **,002** | ,15 | ,64 |
| | од 51 до 80 години | ,733* | ,193 | **,000** | ,35 | 1,11 |
| од 31 до 50 години | од 18 до 30 години | -,392)* | ,125 | **,002** | -,64) | -,15) |
| | од 51 до 80 години | ,341 | ,193 | ,078 | -,04) | ,72 |
| од 51 до 80 години | од 18 до 30 години | -,733)* | ,193 | **,000** | -1,11) | -,35) |
| | од 31 до 50 години | -,341) | ,193 | ,078 | -,72) | ,04 |

*. The mean difference is significant at the 0.05 level.

Од понудениот преглед во претходната табела можеме да констатираме дека постојат разлики во оценките кај испитаниците на млада возраст (од 18 до 30 години) со останатите две групи, односно дека разликите во оценките меѓу средовечната и возрасната група не се изразени. Според тоа, можеме да констатираме дека возраста е фактор кој влијае на насоката и интензитетот за оправданоста на очекувањата од вонредната ситуација. Притоа, испитаниците од младата возрасна група значително се разликуваат од останатите возрасни групи, што може да се набљудува во фактот дека тие како таргет група непосредно ги чувствуваат последиците од воведувањето на вонредната состојба, која директно влијае или поточно ја условува социјалната исклученост, а таа сама по себе е во спротивност со интересите и потребите на поединците од млада возраст.

Во услови на справување со пандемијата од вирусот Ковид-19 значајно е да се погледнат ставовите и оценките на граѓаните за начинот на кој тие ги извршуваа поставените задачи. Предмет на оценување беа: 1. претседателот на Републиката, 2. Владата, 3. Министерството за здравство, 4. МВР- полицијата, 5. МО – Армијата, 6. Центарот за управување со кризи и 7. Дирекцијата за заштита и спасување. Овие институции беа посочени затоа што преовладуваше оценката дека тие на непосреден и посреден начин се директно задолжени за извршување на задачите поврзани со заканите, кризите и другите состојби, со справувањето со заканите и катастрофите. Според податоците во табела број 33 може да се констатира дека испитаниците имаат изнијансирани оценки, за секоја институција одделно. Најзачестени, највисоки позитивни оценки одлично (5) се за Министерството за здравство или 53,00 од испитаниците, што е резултанта на зголемените ангажирања на здравствените работници за одговорот на сложеноста на кризата, како и за постојаната присутност на функционерите и другите одговорни работници од ова Министерство на прес-конференции на кои се

информира и се пласираат сознанија и знаења за начинот на справување со вирусот Ковид-19.

***Табела број 34. Оценете која од посочените институции, како ги извршува задачите за време на вонредната состојба? (со 1 слабо, со 5 одлично):***

| | 1. Претседателот | | 2. Владата | | 3. Минстерството за здравство | | 4. МВР- полиција | | 5. МО- Армијата | | 6. ЦУК | | 7. ДЗС | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | *f* | % | *f* | % | *f* | % | *f* | % | *f* | % | *f* | % | *f* | % |
| не можам да оценам | 37 | 7,00 | 14 | 3,01 | 10 | 2,00 | 23 | 4,00 | 47 | 10,00 | 52 | 11,00 | 62 | 13,00 |
| 1 | 77 | 16,00 | 49 | 10,00 | 24 | 5,00 | 36 | 7,00 | 26 | 5,00 | 54 | 11,00 | 70 | 15,05 |
| 2 | 59 | 12,00 | 78 | 16,00 | 31 | 6,00 | 35 | 7,00 | 25 | 5,00 | 62 | 13,00 | 60 | 12,00 |
| 3 | 83 | 17,00 | 109 | 23,00 | 50 | 10,00 | 90 | 19,00 | 82 | 17,00 | 93 | 20,00 | 91 | 19,00 |
| 4 | 82 | 17,00 | 93 | 20,00 | 99 | 21,00 | 115 | 24,00 | 111 | 23,00 | 95 | 20,00 | 82 | 17,00 |
| 5 | 127 | 27,00 | 122 | 26,00 | 251 | **53,00** | 166 | **35,00** | 174 | **37,00** | 109 | 23,00 | 100 | 21,00 |
| **Вкупно:** | **465** | **100,00** | **465** | **100,00** | **465** | **100,00** | **465** | **100,00** | **465** | **100,00** | **465** | **100,00** | **465** | **100,00** |

Ако се погледнат просечните оценки на испитаниците за посочените институции, за тоа како ги извршуваа задачите за време на вонредната состојба, тогаш ќе констатираме дека со највисока просечна оценка (многу добар) од 4,06 е оценето Министерството за здравство. Таа, веројатно, се должи на медиумското третирање на активностите на здравствените работници и на дневните прес- конференции на министерот за здравство, подготвеноста да се комуницира со медиумите и да се одговара на поставените прашања.

***Графикон број 4. Оценете која од посочените институции, како ги извршува задачите за време на вонредната состојба? (со 1 слабо, со 5 одлично):***




Нешто пониска оценка, но во распонот на многу добар се и оценките за работата на Полицијата и Армијата. Првата е оценета со просечна оценка 3,58, а втората со 3,52. Висината на оценките е во

согласност со зголемениот број на активности и медиумски третман на таквите активности, што на еден или друг начин значи доближување до претставите на граѓаните за ангажираноста и придонесот на овие две структури во реализацијата на безбедносните политики.

***Табела број 35. Просечни оценки на одговорите која од посочените институции, како ги извршува задачите за време на вонредната состојба?***

| | просек |
|---|---|
| 5.3. Минстерството за здравство | 4,06 |
| 5.4. МВР- полицијата | 3,58 |
| 5.5. МО - Армијата | 3,52 |
| 5.2. Владата | 3,26 |
| 5.1. Претседателот на Републиката | 3,03 |
| 5.6. Центарот за управување со кризи | 2,97 |
| 5.7. Дирекцијата за заштита и спасување | 2,78 |

Во вториот дел од оценките се оние што се однесуваат на претседателот и Владата. Вредноста на овие оценки е добар со нешто повисока оценка за претседателот на Републиката со просечна оценка 3,26 и на Владата со просечна оценка 3,03.

Многу послаби се оценките за државните институции кои имаат специфична надлежност и задачи поврзани непосредно со настаните, како што е пандемијата Ковид-19. Имено, граѓаните нивната работа ја оценуваат со оценка *добар*, но нешто послаба од претседателот и Владата. Така Центарот за управување со кризи е оценет со просечна оценка од 2,97, а Дирекцијата за заштита и спасување со просечна оценка 2,78.

Дали меѓу оценките на испитаниците за одделни државни органи постои поврзаност, односно асоцијација? Одговорот го бараме преку анализа на коефициентите на корелација во следната корелациона матрица (табела број 36.).

***Табела број 36. Оценете која од посочените институции, како ги извршува задачите за време на вонредната состојба? (со оценка 1 слабо, со 5 одлично) -Inter-Item Correlation Matrix***

| | 5. 1. | 5.2. | 5.3. | 5.4. | 5.5. | 5.6. | 5.7. |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 5. 1. Претседателот на Републиката | 1,000 | | | | | | |
| 5.2. Владата | **,628** | 1,000 | | | | | |
| 5.3. Минстерството за здравство | **,505** | **,644** | 1,000 | | | | |
| 5.4. МВР- полицијата | ,214 | ,336 | **,477** | 1,000 | | | |
| 5.5. МО - Армијата | ,368 | ,391 | **,477** | **,589** | 1,000 | | |
| 5.6. Центарот за управување со кризи | ,282 | ,403 | ,456 | ,329 | ,515 | 1,000 | |
| 5.7. Дирекцијата за заштита и спасување | ,291 | ,389 | ,412 | ,359 | **,554** | **,872** | 1,000 |

**Легенда**: 5. 1. претседателот на Републиката; 5.2. Владата; 5.3. Минстерството за здравство; 5.4. МВР-полицијата; 5.5. МО – Армијата; 5.6. Центарот за управување со кризи и 5.7. Дирекцијата за заштита и спасување.

Може да се констатира дека највисок степен на поврзаност на оценките постои меѓу оние на Центарот за управување со кризи и Дирекцијата за заштита и спасување, со 0,872, следуваат оценките за: претседателот и Владата 0,628, меѓу Владата и Министерството за здравство со коефициент на корелација од 0,644, па меѓу МВР (односно полицијата) и Министерството за одбрана (односно Армијата). Коефициентите упатуваат на тоа дека насоката на оценката за една институција е правопропорционална со оценката за другата институција. Во таа смисла може да се констатира дека оценките на испитаниците за функционирањето на одделни институции во време на вонредната состојба во основа е позитивно со значително пониски оценки за Центарот за управување со кризи (ЦУК) и Дирекцијата за заштита и спасување (ДЗС), што е во корелација со ангажираноста и медиумскиот третман на истите во заедницата.

Вака изнијансираните оценки за државните институции, во основа ги изразува перцепциите на испитаниците за нивното постапување, што најчесто е поврзано со количеството на сознанија, вести и информации што се пласираат преку медиумите. Но, оценките треба да се набљудуваат и во контекст на содржините кои се непосредно поврзани со секојдневните активности, но и со загриженоста на граѓаните за опасностите, последиците, неизвесноста но и за начинот на решавањето на актуелните општествени проблеми поврзани со пандемијата и нејзините размери.

***Табела број 37. Како ги оценувате ефектите од досегашното справување со вирусот Ковид- 19?***

| оценки | f | % |
|---|---|---|
| 1 | 26 | 5,59 |
| 2 | 14 | 3,01 |
| 3 | 44 | 9,46 |
| 4 | 37 | 7,96 |
| 5 | 66 | 14,19 |
| 6 | 50 | 10,75 |
| 7 | 71 | 15,27 |
| 8 | 67 | 14,41 |
| 9 | 46 | 9,89 |
| 10 | 44 | 9,46 |
| **Вкупно;** | **465** | **100,00** |

Бидејќи истражувањето е вршено во периодот кога се преземаа почетните активности за справувањето со пандемијата предизвикана од вирусот Ковид-19, ги замоливме испитаниците со оценка од 1 до 10 да ги оценат ефектите од дотогашното справување со вирусот Ковид-19. Одговорите се претставени во следната табела.

Просечната оценка за справувањето со кризата е 6,13 и е избалансирана оценка. Имено, меѓу една шестина и една десеттина се движат оценките од 5 до 8, што укажува на диференцијациите во оценувањето меѓу испитаниците. Оценувањето на ефикасноста во справувањето е во соодност со

количеството информации и сознанија за начинот на задржување на експанзијата на болеста, како и во создавањето на капацитети за успешно болничко справување со неа. Оценките повеќе или помалку се одраз на индивидуалните перцепции на испитаниците, за тоа што прават надлежните институции на полето за решавање на справувањето со вирусот Ковид-19 и за обидите пандемијата да се стави во подносливи рамки, кои ќе можат да се координираат и превенираат.

Дали ваквите оценки се поврзани со возраста на испитаниците? Дали меѓу возрасните групи постојат разлики во оценките? Одговорот на тоа прашање ќе го побараме во следниот табеларен приказ (табела број 38).

Од структурата на оценките на испитаниците прикажани во возрасните групи се гледа дека испитаниците кои припаѓаат на возраста од 18 до 30 години или млада возрасна група, оценките ги нијансираат од 2 до 8 и тие се движат околу десеттина од вкупниот број за секоја оценка одделно, со тоа што оценката 7 е речиси кај една петтина од оваа група и нешто помалку оценката 5. Кај возрасната група од 31 до 50 години, средовечни испитаници, значително повисоки се оценките од 5 до 10 и тие се движат околу една десеттина за секоја оценка, до една шестина за оценката 8. Највисоки оценки меѓу 8 и 10 дале испитаниците од возрасната група од 51до 80 години, односно возрасните.

***Табела број 38. Како ги оценувате ефектите од досегашното справувањето со вирусот Ковид-19? * Возраст*** (три групи) Crosstabulation во %

% within 7.1. Како ги оценувате ефектите од досегашното справувањето со вирусот Ковид- 19?

| | | Возраст (три групи) | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | од 18 до 30 години | од 31 до 50 години | од 51 до 80 години | Вкупно |
| 7.1. Како ги оценувате ефектите од досегашното справувањето со вирусот Ковид-19? | 1 | 4,81 | 7,39 | 1,85 | 5,59 |
| | 2 | 2,88 | 3,45 | 1,85 | 3,01 |
| | 3 | 10,58 | 8,37 | 9,26 | 9,46 |
| | 4 | 11,06 | 4,93 | 7,41 | 7,96 |
| | 5 | 18,75 | 11,82 | 5,56 | 14,19 |
| | 6 | 10,58 | 12,32 | 5,56 | 10,75 |
| | 7 | 19,23 | 12,81 | 9,26 | 15,27 |
| | 8 | 11,54 | 16,26 | 18,52 | 14,41 |
| | 9 | 4,81 | 11,82 | 22,22 | 9,89 |
| | 10 | 5,77 | 10,84 | 18,52 | 9,46 |
| **Вкупно:** | | **100,00** | **100,00** | **100,00** | **100,00** |

За да одговориме дали постојат значајни разлики во оценките на испитаниците според возрасната група, ги тестиравме просечните вредности со Анализа на варијансата (ANOVA) и утврдивме дека постои сигнификантна разлика на вредностите во групите и меѓу нив дека F=8,472, а p(sig.)=0,000.

***Табела број 39. ANOVA - Како ги оценувате ефектите од досегашното справувањето со вирусот Ковид- 19?***

| | Sum of Squares | df | Mean Square | F | Sig. |
|---|---|---|---|---|---|
| Between Groups | 103,765 | 2 | 51,882 | 8,472 | ,000 |
| Within Groups | 2.829,233 | 462 | 6,124 | | |
| Total | 2.932,998 | 464 | | | |

За да утврдиме какви сѐ разлики меѓу кои групи се присутни, постапката ја продолживме со тестирање на мултиплата корелација. Но, за да утврдиме каква е хомогеноста меѓу групите и кој вид на тест да примениме пресметавме дека Левеновиот коефициент (Levene Statistic = 2,827, *p*(sig.)=0,060) е нешто повисок и затоа ќе употребиме LSD тест.

Што може да се воочи од претходната табела? Дека разликите меѓу аритметичките средини значајно се разликуваат меѓу возрасната група и младите (од 18 до 31 година), со средовечните и возрасните испитаници и дека тие разлики се значајни. Односно, колку испитаникот е помлад, толку се поголеми разликите во нивото на оценката за ефектите од дотогашното справување со вирусот Ковид-19. Значи, постои обратнопропорционално движење на асоцијацијата. Колку испитаникот е повозрасен, толку се повисоки оценките за ефектите од справувањето со вирусот. Може да констатираме дека оценките за дотогашните ефекти од справувањето се обратнопропорционални на возраста. Како возраста расте, така растат и позитивните оценки, односно како возраста опаѓа висината на оценките за нејзината ефикасност опаѓаат.

***Табела број 40. Меѓугрупните разлики за оценките на прашањето: Како ги оценувате ефектите од досегашното справување со вирусот Ковид- 19? -*** *Multiple Comparisons*

7.1. Како ги оценувате ефектите од досегашното справување со вирусот Ковид- 19?
LSD

| (I) Возраст (три групи) | (J) Возраст (три групи) | Mean Difference (I-J) | Std. Error | Sig. | 95 % Confidence Interval Lower Bound | Upper Bound |
|---|---|---|---|---|---|---|
| од 18 до 30 години | од 31 до 50 години | -,550)* | ,244 | ,025 | -1,03) | -,07) |
| | од 51 до 80 години | -1,506)* | ,378 | ,000 | -2,25) | -,76) |
| од 31 до 50 години | од 18 до- 30 години | ,550* | ,244 | ,025 | ,07 | 1,03 |
| | од 51 до 80 години | -,956)* | ,379 | ,012 | -1,70) | -,21) |
| од 51 до 80 години | од 18 до 30 години | 1,506* | ,378 | ,000 | ,76 | 2,25 |
| | од 31 до 50 година | ,956* | ,379 | ,012 | ,21 | 1,70 |

*. The mean difference is significant at the 0.05 level.

Разликите во оценките за ефикасноста е поврзано со непосредното искуство. Имено, младите, сѐ повеќе се сведоци дека мерките што се преземаат како средство за колективно ограничување на

определени слободи и права, не ги даваат ефектите и дека постојат значителен број на настани кои укажуваат на нивното непочитување, што е во основата на вака диференцираните оценки.

## Пандемијата и партиските субјекти

Испитаниците го оценуваа и придонесот на определен број на политички, верски и невладини субјекти. Од политичките субјекти посебно беше оценуван придонесот на политичките партии во справувањето со вирусот. И тоа одделно, придонесот на политичките парти од позицијата, опозицијата и новосоздадените субјекти. Оценките на испитаниците се прикажани во следниот табеларен преглед (Види табела број 41.) .

***Табела број 41. Како го оценувате однесувањето и придонесот во справувањето со вирусот Ковид-19, на следните субјекти? - Посебно на:***

| | 1. Политичките партии од власта | | 8.2.2. Политичките партии од опозицијата | | 8.3.3. Вонпарламентарните партии | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | *F* | *%* | *f* | *%* | *f* | *%* |
| Многу слабо | 163 | **35,05** | 268 | **57,63** | 214 | **46,02** |
| Задоволително | 67 | 14,41 | 70 | 15,05 | 84 | 18,06 |
| Добро | 84 | 18,06 | 40 | 8,60 | 52 | 11,18 |
| Многу добро | 48 | 10,32 | 15 | 3,23 | 11 | 2,37 |
| Одлично | 61 | 13,12 | 8 | 1,72 | 6 | 1,29 |
| Не се снаоѓаат | 20 | 4,30 | 41 | 8,82 | 30 | 6,45 |
| Не можам да оценам | 22 | 4,73 | 23 | 4,95 | 68 | 14,62 |
| **Вкупно:** | **465** | **100,00** | **465** | **100,00** | **465** | **100,00** |

Општата оценка на испитаниците е дека политичките партии од власта, опозицијата и вонпарламентарните партии имаат многу слаб придонес во справувањето со вирусот Ковид-19. Испитаниците оценуваат дека е многу слаб придонесот на политичките партии од опозицијата во борбата со справувањето со вирусот Ковид-19. Ваков став имаат 57,63 %. Слаба оценка за придонесот во борбата со коранавирусот им е дадена и новосоздадените партии. Таква оценка дале 46,02 % од испитаниците. Нешто пониска, но слаба оценка, за придонесот на партиите од власта дале 35,05 % од испитаниците.

***Графикон број 5. Како го оценувате однесувањето и придонесот во справувањето со вирусот Ковид-19, на следните субјекти? - Посебно на:***




Останатите оценки се значително пониски од 4,73 % (не можам да оценам) кај оценките за политичките партии од власта до 18,06 % (добро) кај политичките партии од власта и 18,06 % (задоволително) во оценките кај вонпарламентарните политички партии.

***Табела број 42. Просечни оценки за однесувањето и придонесот во справувањето со вирусот Ковид-19, на следните субјекти? - Посебно на:***

| | просек |
|---|---|
| 8 1. политичките партии од власта | 2,84 |
| 8.3. вонпарламентарните партии | 2,73 |
| 8.2. политичките партии од опозицијата | 2,23 |

За тоа каков е доминантниот став на испитаниците во оценувањето на придонесот во справувањето со коронавирусот, може да се воочи дека највисок придонес имаат политичките партии од власта, потоа следуваат вонпарламентарните партии и на крајот се политичките партии од опозицијата со просечна оценка од 2,23. Општите оценки за придонесот на политичките партии покажува дека се движи од добар до доволен, што повеќе упатува на тоа дека тие не покажуваат некој изразен интерес за партиципација, нивната активност е свртена, пред сè, кон изборите и изборната кампања. Така, тие секој успех или неуспех го пласираат како прилог кон идните избори.

Но, дали постои асоцијација меѓу одговорите на испитаниците за придонесот на партиите во справувањето со вирусот Ковид-19?

***Табела број 43. Како го оценувате однесувањето и придонесот во справувањето со вирусот Ковид-19, на следните субјекти? - Inter-Item Correlation Matrix***

| | Посебно на: | | |
|---|---|---|---|
| | 1. Политичките партии од власта | 2. Политичките партии од опозицијата | 3. Вонпарламентарните партии |
| 1. Политичките партии од власта | 1,000 | | |
| 2. Политичките партии од опозицијата | **,542** | 1,000 | |
| 3. Вонпарламентарните партии | ,539 | **,568** | 1,000 |

Од приказот во табела број 43 може да се констатира дека постои значителна корелациска врска меѓу одговорите на испитаниците дека е слаб придонесот на опозициските и вонпарламентарните партии во справувањето со вирусот. Коефициентот на корелација покажува дека постои умерена корелација меѓу оценките на тие два субјекта, односно со коефициентот на детерминација укажува дека врската меѓу тие појави е објаснета 32,26 %, односно необјаснета врска или коефициентот на алиенација изнесува 0,6774, односно 67,74 % од таа врска е необјаснета.

Од досегашното излагање може да се оцени дека однесувањето и придонесот на политичките партии во основа е насочен кон освојувањето на симпатиите на избирачите. Така опозициските партии и вонпарламентарните партии, во основа и кризната и вонредната состојба ја восприемаат како можност да им укажат на избирачите дека тие се вистинската опција и дека избирачите погрешиле што избрале таква власт. Истражувањето беше спроведено кога на сила беше вонредната состојба во земјата, па така една од „шлагер темите“ предвремените парламентарни избори беше одложена за во еден период, посебно околу утврдувањето на датумот за изборите на сцена се дебати и концепти според кој централен интерес на овие политички субјекти е додворувањето на избирачите преку постојано сатанизирање и ширење на дезинформации („лажни вести“).

За политичките партии од власта специфично беше тоа што тие со постојано истакнување на позитивните примери или „глорификувањето“ на одделни политики, настојуваа на избирачите да им „доловат“, дека тие се вистинскиот избор, со постојано изнесување на „валканиот багаж“ на политичките партии од опозицијата и сатанизирање на предлозите и идеите кои на кој било начин можат да се поврзат со претходните искуства. Овде треба да се подвлече дека во

изминативе години толку се зборува за потребата од расчистување со корупцијата и коруптивните активности, особено на високата корупција, а толку малку чекори се прават во општеството, така што, објективниот набљудувач и аналитичар останува недоречен, односно нејасен, дали намерите за пресметка со високата корупција се пропагандна флоскула или јасно утврдена државна политика. Определени институционални процеси на утврдување на одговорноста за корупцијата и коруптивните зафати укажуваат дека, одговорноста се движи по некои патеки од кои се исклучуваат определени субјекти и поединци кои во јавната презентација, особено, преку работата на Специјалното јавно обвинителство, останаа надвор од тие процеси, или процесите се одлагаат до недоглед. Затоа, општата оцена е дека корупцијата е тема на политичкиот фолклор, а не на осмислена и организирана акција.

Всушност, на партискиот простор не можеше да се забележи каков било видлив напор на позициските, опозициските и вонпарламентарните партии околу трагањето по заеднички основи кои справувањето со вирусот Ковид-19 ќе го направат поенергично и поемпатично, во кое грижата и заедничкиот интерес ќе се пред партиската самобендисаност и себезаситеност. На таквите појави им годеа и уште неколку факти. Имено, тоа е период кога беше распуштено Собранието и дејствуваше техничката влада во која партиципираа и носителите на власта од опозицијата. Забележително беше дека вршењето на функциите беше фокусирано кон предизборната кампања, па тешко можеше да се утврдат границите на положбата и надлежностите на носителите на државните функции и потребите на партиските структури од кои доаѓаат. Во определени случаи, владините функционери се препознаваа како партиски претставници, со нагласено изразени партиски интереси. Таквите состојби, несомнено, придонесуваа дека во општеството не постои енергија и подготвеност за градење на заеднички стратегии и трагање по најефективни решенија.

**Како се поставија клучните партиски субјекти во справувањето со кризата?** Корона кризата покажа **дека во реформирањето** на партиските субјекти во земјата **не е поместено ниту милиметар**. Прашањата за неединството, **немањето политичка култура на дијалог**, нејасната позиција, односно одвоеноста на партијата и владата, како и сатанизирачката меѓупартиска пресметка **покажува дека** духот на „политичкиот Цезар“  сè уште е присутен, тешко се ослободуваме од неговите „приноси“ во политиката и демократскиот исчекор. На сцена, особено на електронските платформи, е „рововската“ дебата која е потисната со **политичка некултура** и ниските страсти.

На планот на „демократската“ меѓупартиска дебата доминира **сатанизацијата на противникот.** Партиите со нагласена патетика и практикување на популистички пристапи ја (зло)употребуваат несреќата на поединецот. Партиските активисти се сликаат со последиците од лошото владеење на нивните партиски елити. Се сликаат со бедните и гладните, со пакет со кој можат да преживеат ден или два.

Партиските активисти дејствуваат како дисциплинирани ешалони на партискиот лидер и Комитетот, беспоговорно ги извршуваат недоволно осмислените, најчесто, волунтаристички одлуки и акции, манифестираат безгрешност и пожртвуваност, искажуваат нетолерантност и анатемисување на секој кој ќе се обиде да ја помати „розовата“ слика на успехот и на безгрешноста на лидерот. За наша несреќа ѝ **новопојавените партиски субјекти**, кои немаат ниту еден парламентарен мандат ги манифестираат истите манири.

Во Македонија доминира партиска структура која е без јасна идеолошка матрица и дистинкција, со нагласени елементи на колективна свест и подготвеност да се „гине“ на партиското „војувалиште“, во кои централната улога ја имаат партиските лидери и нивните комитети следени од „фанфарите“ на партиските медиуми.

Најдобар индикатор за тоа Ви е дебатата за изборите и „загриженоста“ за демократијата и демократските процеси.

## Пандемијата и верските заедници

Коронавирусот ги напаѓа сите луѓе, без разлика дали се верски определени или не. Верските заедници, како дел од заедницата, имаат обврска и одговорност да се грижат за луѓето, а тоа значи и обврска да преземаат мерки, да се приспособат на овие услови или да остават во мирување некои од верските обреди и ритуали. Така се случи, папата Франциск ја водеше единствената службена миса во Италија без присуство на верници во храмот. Бискупи и црковни водачи од различни националности и конфесии ги откажуваа конференциите. Бројни синагоги во Соединетите Американски Држави биле затворени. Еврејскиот Пурим-фестивал, кој е, всушност, шарен спектакл кој наликува на карневал, во одделни места бил организиран скромно, а во бројни други места не е одржан. И живописниот Холи-фестивал на Индусите во Индија не беше прославен толку масовно како обично. Така Централниот совет на муслиманите во Германија на својата интернет-страница објавил дека во духот на исламот „ локалната џамија ќе откаже петочна молитва поради здравствена заштита или сомневање за можна зараза“. Затворена е и Кааба во Мека, тоа ја покажува сериозноста на ситуацијата, но и огромната одговорност на надлежните.

Верата се темели на принципите на заедништво и духовност, проткаена со обреди и ритуали што ја изразуваат специфичноста на определено верување. Во верските заедници се манифестира приспособување на новите услови – се практикува воздржување. Така, базиликата „Свети Петар“ во Рим беше целосно затворена, а беше ограничен пристапот до важни цркви. Во Израел е намален бројот на присутните верници во синагогите во земјата и се воздржуваат од верските ритуали кон светите предмети и реликвии.

На почетокот на воведувањето на вонредната состојба, во верските заедници, посебно во Македонската православна црква – Охридска архиепископија и во Исламската верска заедница имаше однесувања и активности кои укажуваа на две можни претпоставки. Првата е дека кај верските субјекти, особено кај побројните и подоминантни со верници во Македонија, не постои подготвеност да се приспособат на новите услови и со манифестираното поведение се противречи на државните авторитети. Втората претпоставка е дека високите претставници на верските субјекти не можат да влијаат на осамостоените, односно автономните структури и колку од догматски, толку и од други причини не се во состојба да влијаат на однесувањето на истите. Во овој период, особено со воведувањето на вонредната состојба и ограничувањето на слободата на движење, се отворија дебатите за практикување на верските обреди. Тоа беше период кога христијанските верници се подготвуваа за велигденските празници, а припадниците на исламската вероисповед за рамазанските празници.

Јавноста особено реагираше на појавите на непочитување на полицискиот час, особено во одделни делови на Скопје и во внатрешноста, а беше поврзана со рамазанските пости и организирањето на заеднички трпези, познати како „ифтар“, но и на организирањето на богослужби, пренесувани преку телевизиските екрани, поврзани со празнувањето на верскиот празник „Велигден“, како и со јавно организираната „Литија“ во Струга, во која од медиумските презентации можеше да се утврди дека се манифестира непочитување на државните авторитети, посебно на важењето на Законот. На тоа им годеа и поведенијата на државните органи, односно носителите на државни одговорни функции, кои организираа прослава на Денот на полицијата без доволно почитување на утврдените правила.

Тоа е период кога еден верски лидер изјави во јавноста, „Коронавирусот го прогласувам за мртов“ и се впушти во непречено извршување на верските обреди, спротивно на законските одредби. Овде треба да нагласиме дека кај останатите верски субјект, како што се Католичката црква, Евангелско-методистичката црква и Еврејската заедница, не беа забележани активности или отстапувања, кои се во

колизија со препораките на надлежните власти. Тоа само по себе отвора бројни прашања, за кои нема доволно аргументирани одговори.

Пандемијата покажа дека изостана или не беше доволно видлива улогата и насочувачката и во некоја мерка координативната функција на Комисијата за односи со верските заедници и религиозни групи. Дефинирањето на нејзината положба и функции, посебно во законските решенија со кои се дефинираат криза, кризна, вонредна и воена состојба, треба да овозможи премостување на различните практики и со цел да се придонесува кон остварување на зацртаните политики и активности на надлежните здравствени и државни власти.

Во такви услови, во истражувањето побаравме од испитаниците да го оценат однесувањето и придонесот во справувањето со вирусот Ковид-19, посебно на: (а) невладините организации, (б) Македонската православна црква – Охридска архиепископија (МПЦ-ОА), (в) Исламската верска заедница и (г) на другите верски субјекти. Оценките на испитаниците за нив се прикажани во следната табела (табела бр.44.).

***Табела број 44. Како го оценувате однесувањето и придонесот во справувањето со вирусот Ковид-19, на следните субјекти? - Посебно на:***

| | 4. Невладините организации | | 5. МПЦ-ОА | | 6. Исламската верска заедница | | 7. Другите верски субјекти | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | *f* | % | *f* | % | *f* | % | *f* | % |
| Многу слабо | 139 | **29,89** | 253 | **54,41** | 274 | **58,92** | 237 | **50,97** |
| Задоволително | 95 | 20,43 | 65 | 13,98 | 62 | 13,33 | 61 | 13,12 |
| Добро | 100 | 21,51 | 54 | 11,61 | 40 | 8,60 | 35 | 7,53 |
| Многу добро | 44 | 9,46 | 17 | 3,66 | 11 | 2,37 | 9 | 1,94 |
| Одлично | 27 | 5,81 | 14 | 3,01 | 9 | 1,94 | 10 | 2,15 |
| Не се снаоѓаат | 13 | 2,80 | 23 | 4,95 | 21 | 4,52 | 14 | 3,01 |
| Не можам да оценам | 47 | 10,11 | 39 | 8,39 | 48 | 10,32 | 99 | 21,29 |
| **Вкупно:** | **465** | **100,00** | **465** | **100,00** | **465** | **100,00** | **465** | **100,00** |

Што може да се воочи во одговорите за однесувањето на овие субјекти во целина. Освен за невладините организации, за верските заедници доминираат оценките „многу слабо“ и понекаде „задоволително“.

***Графикон број 6. Како го оценувате однесувањето и придонесот во справувањето со вирусот Ковид-19, на следните субјекти? - Посебно на:***




Имено, повеќе од половината испитаници 58,92 % сметаат дека однесувањето и придонесот во справувањето со коронавирусот на Исламската верска заедница е многу слаб. Слични се оценките и за МПЦ-ОА, со нешто помал интензитет, но над половината или 54,41 % ја имаат истата оценка „многу слабо“. Нешто пониска од претходните два верски субјекта, но нешто повисока од половината испитаници или 50,97 % со таква оценка „многу слабо“, ги оценуваат и останатите верски субјекти во земјата.

## Пандемијата и невладините организации

Во македонското општество, значаен партнер и субјект во интеракциите со институционалната структура, но и со партиската, се невладините организации. Конституирани на принципот на парцијалните интереси, тие се позиционираат и промовираат, во одделни случаи се и креатор на политики, кои постануваат составен дел на процесот на донесувањето на одлуки. Во последните децении, тие се позиционираат како сериозен партнер на Владата и другите државни институции, посебно во јакнењето на транспарентноста на работата на државните органи, особено во креирањето на јавното мислење во земјата. Во јавниот дискурс тие се субјекти кои промовираат ново знаење и свест за потребата од определена акција. Тие доминантно се финансирани од странски извори. Владината програма подразбира определени средства кои се доделуваат за проекти на невладините организации. Надвор од овој систем на невладините организации се

универзитетите. Во светот ореолот на новото знаење го имаат универзитетите и академските средини.

***Графикон број 7. Како го оценувате однесувањето и придонесот во справувањето со вирусот Ковид-19, на следните субјекти? - Посебно на:***




Во истражувањето настојувавме да ги согледаме оценките на испитаниците за придонесот на невладините организации во справувањето со пандемијата предизвикана од вирусот Ковид-19. Од податоците можеме да констатираме дека оценките за невладините организации се поиздиференцирани. Повеќе од четвртина или 29,89 % од испитаниците оценуваат дека однесувањето и придонесот во справувањето со вирусот Ковид-19 на невладините организации е „многу слабо“. Со оценка „задоволително“ се 20,43 % и со оценка „добро“ 21,51 % од испитаниците. Значи по една петтина од испитаниците се определиле за оценките „задоволително“ и „добро“, што на определен начин ја нијансира претставата дека на самиот почеток новосоздадената состојба не предизвика брза и навремена акција на овие субјекти.

Појавата на пандемијата го отвори прашањето за самоорганизираност на невладиниот сектор, посебно на јакнењето на иницијативите за волонтирање и помагање во одделни подрачја, како што се здравствените организации, помагање во намалувањето на сиромаштијата и другите аспекти на социјално загрозените и ранливите групи. Во третиот месец од воведувањето се забележа определена иницијатива и активност на невладините организации. Но, активностите беа само на планот на јавниот дискурс и подигањето на свеста за одговорност во услови на пандемија. Во овој период, наместо непосредни акции на теренот, во

јавноста беа креирани онлајн настани и се нудеа облици на policy paper или стратегии за тоа како да се решава пандемијата со вирусот Ковид-19. Тоа, повеќе или помалку ги направи видливи некои од слабостите на невладините организации и нивното дејствување.

Овде треба да потсетиме дека Владата донесе посебна Одлука и вложи средства за финансирање на 549 пристигнати во рокот предвиден во Огласот (11.6.2020 година до 12:00 часот) и утврди предлог-одлука за распределба на финансиски средства наменети за финансиска поддршка на здруженија и фондации за мерките за справување со Ковид-19 кризата, со која се предлага доделување на 40 гранта на здруженија и фондации, во вкупна вредност од 29.647.474 денари. Содржината на проектите е ориентирана на „едукација на населението за подигање на свеста за справување со пандемијата предизвикана со коронавирусот“, за „програма за психосоцијална помош и поддршка на жртви на трговија со луѓе и сексуално насилство“, за „подигање на свеста за опасноста од Ковид-19 преку квалитетно новинарство“, „биди одговорен за себе и за нашата животна средина и во услови на пандемија“, „превенција и заштита од Ковид-19 во Тетовскиот Регион“, „информирај се, едуцирај се, солидаризирај се - стоп Ковид-19“, „со грижа до намалување на глад, стрес и образовни потреби за време на Ковид-19“, за „заедно за безбедно лето – информации и насоки за предизвиците и безбедносните протоколи за заштита од Ковид-19“, за „психосоцијална помош на трансродовите лица за време на Ковид-19“, „фронт против Ковид-19 во рурален Сарај“, „борба против говорот на омраза и криминалот од омраза“, за „бесплатна правна и психолошка помош за минимизирање на последиците од Ковид-19 кај граѓаните“.

Можеби, овде од аспект на упатеност неминовно е да укажеме дека академските институции и нивните истражувачки институции, центри и кадри, финансирани од државата, се надвор од интересот и политиките на Владата (високо образование и наука) и може да упатува на тоа дека државните институции нив не ги перципираат како структури кои создаваат ново знаење или ќе обезбедат докази засновани на научно-истражувачка основа. Можеби ова истражување треба да биде поттик за менувањето на таквата свест и практика.

## Како се однесуваа граѓаните?

Дел од граѓанството, посебно во средините во кои се живее во индивидуални живеалишта во градовите, по викенд населбите и по селата покажаа незабележлива разлика во „непослушноста“. Тука, треба да се укаже дека во перцепциите за граѓанскиот одговор присутни се и одделни „сомнежи“ за недоследности, кои се исцртуваа по религиски и

етнички основи. Постојано беа посочувани незабележливи разлики, недоволно одречните ставови на верските субјекти околу верските обреди и врз таа основа идентификуваните облици на „граѓанска непослушност“, изразени преку собирања поврзани со верските празници и обредите околу нив. Бевме сведоци дека се организираа собири, како оној за прославата на Денот на полицијата, како што беше Литијата во Струга, или ноќните дружења за ифтарските вечери, играњето на фудбал и бројните случаи на прекршување на полицискиот час и слични активности на тоа. Групирањето, неносењето заштитни маски, како и непочитувањето на утврдените здравствени протоколи, беа манифестирани и практикувани и поведенија кои укажуваат дека во целина отсуствува основниот однос и почитување на авторитетот, во овој случај авторитетот на здравствените власти. Присутни се гледишта дека кризата и кризната состојба е измислена и насочена кон создавање на нови профити.

**Несовесни граѓани: молчела дека била на роденден каде што имало позитивен на коронавирус, па заразила 10 лекари и медицински сестри**

Неверојатни сцени во Хрватска – една жена (65) не им кажала на лекарите дека била на роденден каде гостинка била заразена со коронавирус, па кога дошла на преглед заразила десет лекари и медицински сестри.
Дури десет медицински работници од подрачјето на Крижевац во Хрватска морале да одат во изолација под сомнение дека добиле симптоми на коронавирус од еден пациент,
„Хероината“ на приказната, стара 65 години, била на роденденска забава каде имало заразен дефектолог од Загреб. Пациентката се заразила во тоа време и кога отишла на рутински преглед кај својот матичен лекар пријавила дека има само болка во градите и кашлица, но не кажала дека била на фаталниот роденден.
На 26 март, жената повикала брза помош затоа што била болна и се сомневала за пневмонија. Брзата помош интервенирала и ја пренеле во болница во Копривница. Бидејќи премолчела дека била во контакт со сомнително лице, таа била испратена дома само со терапија. Четири дена подоцна нејзината состојба се влошила и тогаш било откриено дека има коронавирус.

(https://lokalno.mk/nesovesni-gragani-molchela-deka-bila-na-rodenden-kade-shto-imalo-pozitiven-na-koronavirus-pa-zarazila-10-lekari-i-meditsinski-sestri/ [пристапено на 3.4.2020];)

## Граѓанските погледи за справување со Ковид-19

Во натамошната анализа на резултатите од истражувањето ќе ги прикажеме ставовите на испитаниците што беа добиени на прашањето **„15. Ако побараме да нè посоветувате, кој совет ќе го добиеме од Вас?“**

Испитаниците со видлива заинтересираност ни соопштија бројни погледи, ставови, сугестии и мислења за состојбите, субјектите, за начинот на разрешување на истите, како и погледи, размислувања и ставови, но и предлози до државните органи и до нас како истражувачи за покренатите прашања и за начинот на нивното покренување. Значителен број од испитаниците 407 или 88,67 % на прашањето: **Ако побараме да нè посоветувате, кој совет ќе го добиеме од Вас,** запишале некаков одговор од обликот: „не знам“, „немам совет“, „без коментар“, „чувајте се“, „останете дома“, „седете дома и внимавајте“, „седете дома носете маски и мијте раце“, „седете дома спасете живот“, „седете дома“, „седете дома, заштитете се вие и сите околу вас“, „седете дома, грижете се за своето здравје и за здравјето на другите“, седете дома, здравјето пред сè“, „седете дома - почитувајте мерки“, „внимавајте“; „внимавајте на необразованите“; „во врска со што“; „во моментот немам одговор“; „чувајте го здравјето“; „чувајте се“; „чувајте се и продолжете да работите како до сега“; „сугестиите на граѓаните ретко се усвојуваат“. „И ова ќе помине!“. „Дисциплина“. „Дисциплина и почитување на препораките од стручните лица“. „Добра мисла и почитувајте ги препораките за заштита“ и обраќања: „Господ да ни помогне“ и слични одговори.

Останатите одговори ги прикажуваме во оригинална форма. Нив ги групиравме во следните групи совети:

а) поврзани со начинот на справувањето со вирусот Ковид-19;

б) поврзани со задачите на државните органи;

в) поврзани со општите совети и задачи како да се постапува;

г) поврзани со идеите како да се надминат конкретни прашања;

д) поврзани со личните впечатоци и искуства;

ѓ) поврзани со анкетата, нејзините слабости и предлози во врска со неа.

## а) Совети поврзани со начинот на справувањето со вирусот Ковид-19

Во оваа група ставови ги групиравме оние кои се залагаат за заострување на рестриктивните мерки, ставовите со спротивна насока – за олабавување на мерките и совети од таква природа.

Во врска со потребата од заострување на мерките, испитаниците најчесто советуваат дека е потребно: „14 дена целосна изолација за да се преживее до лето“; „24/7 полициски час“; „24 часа карантин“; „да се зголеми полицискиот час“; „еден месец карантин“; „да се зголеми полицискиот час за да се намали излезеноста на граѓаните“; „две недели карантин на целата држава“. „Зголемен полициски час низ целата недела не само за викенд, поради менталитетот и однесувањето на одредени личности, мора да се стегне движењето на луѓето“. „Зголемени рестрикции“. „Зголемување на полицискиот час почнувајќи од 16:00“. „Мој совет е воведување на полициски час 24 часа 14 дена“. „ Казни за тие што не почитуваат“. „Дефинитивно построги мерки!“

„Бадијала полициски час, пред тоа по маркетите е турканица“. „Барајте построги мерки и поголема ангажираност“. „Да се спроведат построги мерки“. „Да се заострат мерките и да се продолжи со изолацијата на граѓаните применувајќи целосна забрана за движење на целата територија на Република Северна Македонија во наредниот месец “. „Да се зголеми нивото на безбедност од страна на Министерството за внатрешни работи посебно во Дојран“.

Определени мерки, покрај ставот имаа и определени пораки Така е изразено мислењето според кое треба „да бидете во согласност со народот до одреден степен, зашто се чувствувате како во домашен притвор, без никакво право на глас“. „Најголемата грешка според мене е забраната на движење на широки површини, и исто мислам дека треба да се вратат мерките за полициски час преку недела до 09:00, а за викенд до 16:00 часот“. „Барем за мене најбитно е шумите и парковите да се отворат, тоа најмногу ме иритира“. „Во маркетите поголема солидарност на граѓаните“. „Влез во маркети, банки, аптеки во период од 10:00 до 12:00 часот исклучително за лица над 67 години а забрана за сите останати, учество на Армијата на Република Северна Македонија во спроведување на полицискиот час, контрола на издадените дозволи за движење од злоупотреба“. „Најстроги мерки на безбедност“. „Намалување или укинување на полицискиот час, затворање на сите фирми кои имаат поголем број на вработени со цел намалување на ширењето на болеста“. „Намалување на мерките и полицискиот час“.

Една група испитаници се залагаат за ублажување или укинување на строгите мерки. Така тие советуваат: „Да се намали полицискиот час“.

„Да се обезбедат средства за граѓаните кои останале без работа или со ниски примања“. „Да се олабават мерките“. „Да се олабават мерките бидејќи, секако, немаат ефект и да припазиме на психолошките и менталните последици што не очекуваат“. „Да се намалат рестрикциите“. „Да се намали излегувањето на граѓаните од дома без потреба“. „Да не се затвораат луѓето дома -Да нема полициски час“.

Во оваа група можат да се посочат и залагањата или протестот за случувањата, како што се пораките - „Доследно почитување на мерките кои се навремено донесени“. „Доста веќе со драмиве, си ја сакам слободата назад“. „Држете социјална дистанца“. „Комплетно да се укинат сите мерки и да си продолжи животот во нормала заедно со вирусот“. „Контрола на движење и собирање по завршување на полициски час“. „Контрола на лица од руралните средини“. „Купување тестови скафандери, Н99 маски за докторите и одземање на лиценците за докторска работа на Цаца и сите доктори - снобови што се кријат по кабинетите“. „Максимално почитување на мерките донесени од надлежните органи. Масовно тестирање како во Германија“. „Матичните лекари да ги ставите во спрега со целиот здравствен систем за да не бидат „англиски кралици“ во целата ситуација, а за граѓаните кои не ги почитуваат мерките уште подраконски казни“. „Огромни казни за оние што ги прекршуваат мерките на Владата и зголемување на полицискиот час во државата“.

„Поголема контрола и укажување кон граѓаните за опасноста од пренесување на заразата“. „Има неодговорни и млади и стари“. „Поголема контрола на лицата во самоизолација“.

„Поголема контрола по однос на почитување на мерките“. „Поголема репресија, поголема ефективност“. „Поголеми казни“. „Поголемо учество, вклученост во сите збиднувања во државата, како во редовната така и во вонредната состојба“. „Позаострени и поодлучни мерки, Министерството за внатрешни работи построго да се однесува кон сите граѓани, да не се менуваат ставови кои веќе еднаш се кажани (на пример: Забраната за шуми и паркови треба да се однесува и за Водно и Градскиот парк во Скопје)“. „Поодлучно да се дејствува кон фејк вестите“.

„Да се затворат сите верски објекти и активности“. „Построга казна за религиски собири“. „Построги мерки“. „Построгите мерки секогаш се најдобри!“ „Потемелна анализа на состојбите во другите земји“.

Потоа следува една група залагања за надминување на воочени слабости. Испитаник се залага со порака: „Апелирајте никој дома да не се лекува од коронавирусот“. „Апелирајте професорската фела повеќе да е вклучена во креирањето на стручното мислење било како членови на

комисии или преку излагања во медиумите и дебатните емисии". Или совет од типот: „Кај нас кривата е линеарна и треба советување за дистанца, а не драстичен полициски час".

„Полицијата, поквалитетно да си ја врши работата и во рамките на дозволеното културно однесување. Потребна им е културно-социјална едукација".

„Полицискиот час според мене треба да се спроведува во текот на денот бидејќи тогаш е најраздвижено по улиците додека навечер сите се во своите домови".

„Помалку тензии повеќе позитивна мисла. Стравот е убиец на организмот..." „Помасовно тестирање на населението". „Поработете малку на свеста и чувството на сигурност на граѓаните". „Послушајте го Венко!" „Читајте информации од релевантни медиуми, повеќе факти, помалку дезинформации". „Грижете се за своето, здравјето на вашите блиски, животните и животната средина секогаш". „Чувајте се и следете ги препораките на Владата".

„Прекинете со полицискиот час што побрзо, ова е хаос што се случува по маркетите!" „Препораките кои се даваат во медиумите како интервјуа од некои професори, доктори и слично, како да се заштитат граѓаните, често ги збунуваа. Барем во тој домен да имаат исти препораки, претходно елаборирани, испитани и договорени". „Придржувајте се на мерките и препораките на државните органи. „Придржување кон дадените препораки од Владата и Министерството за здравство и други институции". „Пропишување на стандарди, протоколи и почитување на истите, како и строги санкции за нивното непочитување". „Самозаштита, задолжително носење на маска и ракавици, при најмало почувствување на некои од симптомите или нешто што не е вообичаено, да се јавувате на лекар, кој соодветно ќе ве третира или испрати каде што е потребно". „Самосвеста, самодисциплината и информираност од релевантни институции ќе помогнат за превенирање на состојбите. Да не се креираат здравствени политики под притисок на јавноста, но исклучително да се базираат на искуството и знаењето на здравствената фела". „Сè е добро од мерките ама мора и да се смисли нешто за економските прашања бидејќи многу луѓе ќе останат без основните и потребни продукти за домаќинството, за да не биде така мора да се смисли нешто во врска со тоа, и многу ми е жал што граѓаните на Република Северна Македонија доследно не ги почитуваат мерките, навистина разочарувачки, јас ги следам сите мерки и ви посакувам успех во оваа борба со вирусот".

Има и советувања од типот: „За време на полициски час да се пуштат авиони со дезинфекција и со камиони да се дезинфицираат

улиците и таканаречените махали“. „За непочитувачите на мерките, строги казни“. „За поефикасно справување со корона невирусот“.

## б) Совети поврзани со задачите на државните органи

Еден број испитаници упатуваат непосредни или посредни пораки до надлежните државни органи за нивно постапување. Дел од тие пораки пренесени во изворна форма се наведуваат во продолжение.

„Единствено експертска влада во нашата држава ќе обезбеди подобар живот дури и при пандемија со ковид-19 и релевантност на вакви анкети кои „вклучуваат“. Значи технократија ве молам ....“

„Да се сконцентрирате на потребите на граѓаните и во овие моменти на страна да се остави дневната политика“. „Да се седи дома додека е вонредната состојба, да се врши дезинфекција во целата држава, да се помогне на загрозените семејства и да се помогне на медицинските лица коишто се први изложени на ризик“. „Да предложите до Владата да обезбедат ваучери за бесплатен интернет за студентите кои се од социјално загрозени семејства, лица со посебни потреби, лица без два родитела до 18 години и слично (по примерот на мерката за основците и средношколците), со цел почесно следење на онлајн наставата на факултетите“.

„Да се слушаат повеќе стручните лица од оваа област. Тие најдобро знаат со што си имаат работа и знаат како тие вируси функционираат. Политичките партии помалку да се обидуваат да се здобијат со предизборни поени од оваа криза“.

„Да се стави акцент на микропретпријатијата, малите и средните претпријатија како и на занаетчиите како најзагрозени од пандемијата“. „Мерки треба да има, но треба и да се заживее ако ништо друго барем поради економијата“.

„Да се тестираат што е можно повеќе луѓе затоа што состојбата и бројот на заразени допрва ќе се зголемува“.

„Советот е до политичките партии (опозиција-власт) да не ја користат ситуацијава за меѓусебно „препукување“, туку да функционираат заедно, и да придонесат во справување со кризата.

„ПС: концептот на колективна безбедност потфрли во целост, па државите веднаш се свртеа кон традиционалната национална безбедност, односно кон својот двор“.

„Иницирајте изработка на национална безбедносна стратегија како и изградба на единствен национален систем за управување со кризни и вонредни состојби. ДЗС и ЦУК не функционираат“.

„Предлог до Владата за построги мерки за граѓаните кои се враќаат во државата, не само на карантин, подоцна да продолжат во

самоизолација, со редовна контрола посебно до шоферите кои имаат дозволи за движење да не излегуваат од домовите додека се слободни, исто така, кога се доаѓа од места кои се со висок степен на ризик, да има контролирано движење од полициските службеници и од фирмите за обезбедување, затоа што немаат никаква заштитна опрема..“

„Прекинете со навредлив однос кон народот. Покажете водство со трпение и едукација на долги патеки а не со екстремни мерки. Ова ќе трае ќе ни го смени живеењето на сите така што мора да се размислува и реагира долгорочно. Не може да се препишуваат само мерки од странство без анализа на нашата ситуација, менталитет итн. Пристапот е погрешен, агресивен и фокусот веќе се сврти од почетната верба во системот кон незадоволство, тоа ужасно ќе ја влоши ситуацијата и послушноста на граѓаните“.

„Потребни се поблаги мерки а повеќе контроли. Градови кај што нема случаи не ги ставајте во ист кош со Куманово и Скопје, таму не треба карантин, тие треба да ја тераат економијата додека другите се дома. Сопрете меѓуградски движења со полициски контроли на патиштата. За Куманово веќе е доцна ама требаше да се реши како Дебар. Под најитно да се дадат препораки за децата да бидат во природа и на сонце без групирања. Водно не смее да е забрането! Полицискиот час да почнува подоцна, минимум во 19:00 часот за да се разредат гужвите“.

„Да се повика стручна помош во однос на лекари и опрема од искусна земја. Да бидеме реални ние немаме доволен кадар, способност и капацитет на кадарот за вакво нешто. Доволен пример е Кумановската болница и претходно Охридската болница -неспособност на сите страни и сè како по обичај е сконцентрирано во Скопје на клиника. Нема да издржи системот вака“.

„Не чекајте народот да ве притиска и да чека од вас одговори во последен миг. Држава се води, а не народот да ве води, бидете од акција. Големите земји одат напред зошто сè им е планирано однапред. Пред да помисли народот дека тоа треба или не. Тоа е водење на држава. И не се премислувајте како некои баби, не изгледате сериозно“.

„Конкретно јас до пред пет дена сметав дека Владата и Министерството за здравство одлично се справуваа. Но, не преземањето мерки за да се забрани собирањето во цркви и примитивниот чин на причестување, има огромно негативно влијание на моето мислење“.

„Престанете со популизам, крајно време е“! „Работете си ја работата за која сте надлежни, ништо повеќе“. „Работодавците да ги ослободат работниците од работа без целосно да ја укинат нивната плата освен ако работното место кое го работат е неопходно за справување со вирусот“. „Разграничување на мерките според област (полициски, економски, социјални, образовни, итн...)“. „Реални во бројките и што

помасовно тестирање!!!“ „Само бидете внимателни и доволно претпазливи. Не паничите. Дозволете луѓето да функционираат“.

## в) Совети поврзани со тоа како да се постапува

Меѓу испитаниците постојат бројни сугестии и идеи, кои заслужуваат изворно да бидат претставени. Советите изгледаат вака: - „Без грижи! Позитивна мисла! Надлежните си го прават своето! Јавното здравје е заедничка одговорност!“ „Вирусот го спречува социјална дистанца и хигиена, а не полициски час и пензионери во два часа збиени. Работете на зајакнување на здравствениот систем на државата што поинтензивно и едукација за социјална дистанца и потоа тргнете ги мерките и дајте ѝ шанса на економијата. Дури пандемијата да не ја сузбиеме целосно, сепак, јак здравствен систем и едуциран и дисциплиниран народ ќе го решат долгорочно проблемот, притоа нема да осиромашиме“. „Откако се појави, сè си мислам - вирусов се однесува како 60-70 % од луѓево! Сè е фино, па кога ќе осознаеш дека ти забивале ножеви од сите страни, не можеш да дишеш! Најтешко поминуваат постарите кои нели треба да се мудри, искусни паметни и така натаму. Споредбата со тоа кои се најчести жртви на гореспоменатите невидливи непријатели, не е потребна“. „Епа јас вирусов некако го доживувам како последна опомена што направивме и во меѓусебните односи но и на планетата! Присилата да останеме дома, да не потсети дека треба да забавиме и ни дава време да се свртиме први кон самите себе, да се видиме повторно кои сме, но и да подработиме на односите со другите. Да се потсетиме како да комуницираме прво со тие дома, па потоа и со другите на кои им треба поддршка. Да сфатиме конечно дека колку и да сме 'јаки', немоќни сме против природата! Да не потсети дека сите сме подеднакво важни и дека колку и да мислиме дека сме безначајни, нашето однесување влијае на животите на сите и сè што не опкружува. И да, дека материјалното не е гаранција за заштита од зараза, а борбата за материјални добра ги направи луѓето подли, како вирусов!“ „Се надевам на будење на колективната свест и полесно справување со сè што ќе дојде!“

„Во Општина Куманово не се преземени навремени мерки и професионалниот кадар се однесуваше непрофесионално и затоа состојбата ескалираше. Како најлош пример ја посочувам Болницата во Куманово. Директорката на Болницата на самиот почеток на кризата не ги почитуваше препораките и замина на осмомартовско празнување во Италија која во тој период беше зафатена со вирусот. По нејзиното враќање наместо да следи нејзина оставка или смена, таа замина во изолација и практично Болницата ја остави обезглавена. Ова

резултираше со најголем број заразен медицински персонал и Болницата наместо решение, се претвори во центар од каде што се шири вирусот. Инаку директорката во овој момент по втор пат е во изолација.“

Една група испитаници се залагаат за „итна набавка на скафандери и обука за користење на истите и ангажирање на што поголем број на психотерапевти за работа со граѓаните“, сметаат дека „колку поголеми рестрикции толку поголеми шанси да не бидеме заразени!“ и мислат дека „колку посовесни граѓани, толку побрзо до решавање на случајот“. „Носењето маски и ракавици да е задолжително и доколку не се носат да има парична казна, со тоа ќе се заштитиме од понатамошно ширење на вирусот“. „Носете заштитна опрема“. „Носете храбри, а не популистички одлуки. Таргетирајте групи и региони, не притискајте врз основните човекови слободи и права. Како, на пример, тоа на слобода на движење. Следете примери како Шведска. Таму не постојат вака драконски ограничувања, односно државата е во еден вид на менаџиран карантин“. „Огледајте се на Швајцарија, Јужна Кореја и ним слични како се справуваат со состојбата“. „Да се вклучуваат онлајн странски доктори и министри за здравство за да стекнат увид граѓаните за ситуацијата и во другите земји, бидејќи граѓаните не се однесуваат сериозно гледајќи ја Шведска и други земји каде уште не се построги мерките. „Поодлучно дејствување кон фејк вестите“. „Политичарите да им бидат поголем пример на граѓаните да не излегуваат после 7 дена карантин“.

„Повеќе да се посвети внимание да не се стигматизираат заболените. Јавно да не се кажуваат имињата на заболените. Не ми се допадна начинот на кој се изнесе информацијата со д-р Цаца Николовска“.

„Не паничите, почитувајте ги мерките, не верувајте во сѐ што ќе прочитате и сѐ ќе се среди“. „Не престанувај да работиш на себе“. „Радувај се на животот зашто е краток ние сите сме гости на овој свет“.

„Како лекар би ве советувал да ги почитувате доследно препораките и мерките на Министерството за здравство“.

„Гледајте ги азиските земји како се справуваат, со ред дисциплина и хигиена доста го обвинувате народот како виновен!“

„Враќање во нормала а со тоа стекнување на колективен имунитет“.

„Во секое лошо има нешто добро и во секое добро нешто лошо“.

„Внимавајте на печатни грешки во прашањата, ми пречи. Ако вистинската порака моментално е „Останете дома“, Вие најдобро си знаете, ама оваа ќе потрае...“ „Мијте раце, држете социјална дистанца (ама не затворени дома!) и чувајте си ги нервите“. „Мислам дека е потребен целосен карантин на цела држава за да се спречи ширењето и

побрзо да заврши оваа тортура“. „Мислам дека си ја знаат работата одговорните“. „Јади зеленчук и овошје!!“ „Кој е проблемот и од каде извира?“ и „Колку ќе платите за советување“.

Има и залагања, коко, на пример, „Да се преселите во Шведска“. Па сѐ до оние кои имаат саркастичен и шеговит предлог: „Мачкајте се со кал, за да се навикнете на земја“.

## г) Совети поврзани со идеи како да се надминат конкретни прашања

Меѓу испитаниците присутни се гледишта за тоа како треба или како може да се разрешуваат определени општи или посебни прашања и дилеми. Така, ќе се сретне залагање според кое треба „да се почитува трудот на здравствените работници, да се вложат пари во здравството и тоа да биде бесплатно за сите и треба да се инвестира во изнаоѓање нови лекарства“. Потоа „да се почитуваат мерките со високо ниво на сериозност од страна на сите државјани“. „Да се придржуваме до мерките и доколку е можно на некој начин да придонесеме за подигање на свеста“. „Да се придржуваме кон мерките на Владата и да го ограничиме движењето за побрзо да се избориме со вирусот“. „Да се прифати состојбата, издадените препораки. Да се грижиме за сопственото здравје, како на телесен така и на ментален план и да се настапи со поголемо разбирање на состојбата“. „Да се сфати сериозно состојбата со вирусот“.

„Дали со капацитетите со кои располагаат најангажираните (Здравство, АРСМ и Полиција) ќе можат да ја издржат посветеноста во работењето со оглед на должината на периодот на преземање на мерки против Ковид-19, може да се размислува некои од активностите да се префрлат на други субјекти (на пример, обезбедување на карантин да се префрли на агенциите за обезбедување, дезинфекција на објекти и простории на приватни фирми кои се занимаваат со дезинфекција, дезинсекција и дератизација и слично)“.

„Детектирање и следење на заболените со лесни симптоми, како и подрастично казнување на оние кои ги прекршуваат ограничувањата“. „Дистанца од 2 метра и дружење на социјалните мрежи, внимавајте на менталното здравје, пронајдете ново хоби во домот, уживајте, животот е убав!“ „Да создадете подобар кадар кој ќе биде обучен во вакви ситуации да реагира и интервенира!“ „Навремено преземање на мерки. Имавме доволно време да се заштитиме, но нашата држава доцна ги презема мерките“. „Најдобар совет за сите е: дисциплина, дистанца и хигиена“. „Најстроги мерки за несовесни граѓани и за несовесни здравствени работници кои не ја исполнуваат нивната задача одговорно“.

„Да учите од грешките на другите земји, да бидете решителни и истрајни во оваа борба, затоа што нашата верба наоѓа поткрепа токму во делата на најангажираните“.

„Доволно се создаваше притисок со оваа ситуација, сепак, секој ќе мора да се избори со овој вирус и затоа време е државата да започне да се враќа во нормала“.

„Избегнувајте директни контакти и размислувајте како ќе ја надминете економската криза која ни е на прагот“.

„Искористете ги сите стручни лица од областа на медицината за полесно справување со пандемијата“. „Повеќе учество во справување со пандемијата да дадат стручни лица, а не партиски лица на челни позиции, кои го гледаат сопствениот интерес“. „Повеќе на дело“. „Повеќе насмевки дневно, сѐ поминува“. „Повеќе тестирања и почитување на ограничувањата“. „Поголема активност од вас и од другата научна фела“. „Крајно време е да се подигне свеста на граѓаните да размислуваат, како да се однесуваат и да одлучуваат за општото добро за нив како и за другите околу себе“.

„Од умот не се делете и редовно мијте раце“. „Одговорност, солидарност, дисциплина“. „Олабавете со ограничување на движењето, форсирајте ги другите мерки за изолација“. „Останете силни, тешкото само што доаѓа“. „ Секој сам да се чува, сите други мерки се бескорисни“.

„Перманентен и сеопфатен пристап и работа за надминување на епидемијата“. „Построг полициски час“. „Прашајте паталец, а не гаталец“.

„Солидарност и почит кон нашиот кадар! Да им помогнеме, да останеме дома!“ „Седете дома, грижете се за своето здравје и за здравјето на другите“. „Седете дома, здравјето пред сѐ“.

„Слушајте ги искуствата на другите и мудрите луѓе кои се способни да ги предвидат последиците“. „Слушајте надлежни и почитувајте препораки“.

„Документирајте ја кризата, извлечете лекции, предложете решенија, бидете проактивни и никако сервилни кон власта.“ „Затворете ги границите“. „Заштити се и седи дома“.

## д) Совети поврзани со лични впечатоци и искуства

Во оваа група совети вклучени се определен број на гледишта кои ги изразуваат личните оцени, очекувања и погледи за состојбата со справувањето со вирусот Ковид-19, со работата на одделни државни органи или гледишта од поширок карактер.

„Можеби за првпат во мојот живот се чувствувам безбедно и заштитено во мојата држава пред ваков здравствен предизвик,

благодарение на навремените и стручни реакции на сите субјекти задолжени за контролирање на оваа здравствена криза. Силно чувствувам дека сите владини субјекти навистина работат за доброто на граѓаните. Оттука, мој единствен совет би бил само да продолжат да дејствуваат според нивните професионални компетенции, а не по волјата на неуките и нетрпеливите".

Друг испитаник советува „Да ја проследите вашата анализа до субјектите опфатени во анкетата, може некој ќе го коригира својот придонес". „Во уставот на државата да се вметне, како и на државно ниво мора да се направи стандардна оперативна процедура(СОП) за секоја можна ситуација (пандемии, болести, елементарни непогоди) и да се прецизира кои мерки и постапки се преземаат".

Заложбите „да останеме смирени и да не се плашиме, иако во вакви ситуации тоа е речиси невозможно", и оценките: „сметам дека станува збор за добро осмислена политичка игра со цел предизвикување на криза, некоја висока политика на светско ниво". „Процена на ризик и процена на ефикасност на јавната политика да се врши поквалитетно. Лесно можеше да се предвиди за Куманово дека ако се соопштеше четири часа пред стапувањето на сила мерката за ограничување на движењето за цел викенд, тогаш сите граѓани ќе излезеа да купат резерви од храна и други потреби. Катастрофа".

„Процесот на глобализација и желбата на македонскиот граѓанин за брз напредок и влегување во клубот на воспоставените норми може да нè доведе до личен пропаст. Тоа го мислам со оглед на сите досегашни не/однесувања и колективната свест каде 100 % ние демократијата ја поистоветуваме со анархијата, изразувањето на довербата преку измамата и фрустрациите кон општествена стигматизација на поединецот пресликувајќи го овој факт кон вината на другиот или државниот апарат (иако и поединецот и сите ние сме дел од ваквиот реален - виртуелен свет и разбирање). Во Република Северна Македонија ова не се создава а помалку се учи, бидејќи кога нешто создаваме ние тоа го правиме на начин како тоа да го користиме за лични потреби и интереси истакнати преку образованието во закрила на неопходната политика која е присутна кај нас без пардон и општествената одговорност, притоа расклатувајќи ги сите системи кои и онака одамна ги нема".

„Се чувствувам одговорно што не можам да влијаам и да помогнам да се подигне свеста кај сите за оваа ситуација. Посакувам да не дојдеме во ситуација на колапс на здравството, но ми се чини дека се води кон тоа". „Слушајте совети од стручни лица, читајте статии од проверени и веродостојни извори базирани на научни истражувања. Не верувајте на сè што се пишува по порталите. Мерките и начинот на

комуникација, кои самите ќе си ги поставиме, се најважни, без оглед дали некој се лути време е да бидеме одговорни“.

„Сметам дека определени лица треба да се изолираат и полициските службеници да вршат почести контроли и да преземаат мерки за луѓето што не ги почитуваат тие мерки наместо сите лица да се во изолација, со ограничени можности за движење“.

„Треба да се мери дали мерките што се преземаат за корона ќе придонесат за поголем морбидитет и морталитет од другите болести со оглед на тоа што здравството е стопирано за сѐ останато“.

„Треба добра анализа на секојдневното живеење и вклучување на повеќе професионалци во организацијата. На пример, ви фалат психолози на прес-конференции, не само да им кажуваат на луѓето како да се справат со стресот, туку да манифестираат надеж при самиот говор. Слушаме само информации од кои 99 % се страшни. Потребна е нега по медиумите, некој да го олабави народот, консултирајте психолози, сигурно ќе имаат идеи како да се намали стресот а да се подигне надежта, топлите емоции и контактот меѓу луѓето и во вакви услови, значи не само на интернет туку и на ТВ, на прес-конференции“.

„Чувајте се и мислете на утре!“ „Чувајте се од прости и неинформирани луѓе!“ „Чувајте си го здравјето, на никого не му е гајле за народот во оваа наша бедна држава!!!“ „Џабе е, младината избега од државата од овие несовесни партии. Изреволтиран сум“. „Што помалку движење“.

„Да се бориме заедно против дезинформациите за подобро здравје на сите“.

„Бирајте го изворот на информации според релевантноста на содржината и според компетентноста на луѓето кои дале изјава за тоа. Проверете го кредибилитетот на луѓето кои ги шират теориите на заговор во однос на ситуацијава. Повеќето од нив немаат никакво научно звање, а оние кои имаат се самопрогласени експерти кои се со години исфрлени од научната заедница или се наоѓаат на маргините на истата“.

„Совет се бара од компетентни лица во областа која ве интересира“.

И едно непосредно обраќање: „Да се ангажирате повеќе околу нас студентите и полагањата/испитите кои ни се ближат. Да ни помогнете и на нас со тоа што ќе го скратите материјалот кој треба да го учиме, да ни олесните и да се потрудите да се одржи некаков вид на полагање, за подоцна кога ќе заврши пандемијата да не ни ги натрупате полагањата сите одеднаш“. „Ангажирајте се во делот на онлајн колоквиумите, кои ни се многу потребни за да продолжиме нормално и полесно да го пребродиме периодот поминат дома“.

## ѓ) Ставови за анкетата, нејзините слабости и предлози во врска со неа

На крајот ќе презентираме определен број на ставови кои се однесуваат на онлајн анкетата, чии резултати се предмет на анализа.

Еден испитаник не прекорува „Да не поставувате глупави прашања како ова“. Друг вели „Да се научите да составувате прашања“. Потоа ни укажуваат - „Проверете го правописот и дадете повеќе опции во демографските прашања или барем опција „друго“ и предлагаат: „Да се поставаат прашањата: Колку верувате во реалната бројка на заболени, лечени, оздравени и починати од овој вирус Ковид-19? Чие производство се и колку се веродостојни тестовите за Ковид-19?“ Потоа следуваат сугестиите како што се: „Прашањето со број 8, за последниот одговор, се скрило десно што значи не ги собира во прозорчето сите опции, можеби треба да се намали текстот. Исто така, мислам дека ви фали некое прашање од аспект на психичка позиција. Дали и како влијаат овие мерки кон менталното здравје, така нешто.  Главно, ми се допаѓа идејата и иницијативата“. Сè укажува на тоа дека „првото прашање, односно понудените одговори не се методолошки најадекватно поставени“, а некои и предлагаат: „во прашалникот би додал и прашања околу времетраењето на кризата, загриженоста за работното место, економските последици, причината (теориите на заговор?)...“ а друг испитаник констатира дека „фали прашањето како се однесуваат граѓаните во справување со вирусот Ковид-19, посебно целните групи „пензионери“ и  „родители со деца...“ Во тој контекст други испитаници предлагаат: „направете анкета за подготвеноста на граѓаните за нови ограничувања на слободата на движење“, потоа „направете анкета за оние што шират  лажни вести така што мора да ги одвоиме од здравото ткиво на државата“. Или констатираат „почести анкети и за други прашања од безбедноста, како, на пример, анкета за Диво насеље, 27 април, лажни вести“. „Што повеќе анкети... добра анализа на самите анкети.... но и фидбек кон граѓаните. Повеќе вакви анкети и прибирање мислења и идеи од граѓаните“. „Од обработка на анкетата да произлезат мерки кои ќе бидат корисни за справување со пандемијата“. „Истражувањето да се направи во краток временски интервал бидејќи зависи од појави кои брзо се променливи (на пример, нови мерки, раст или пад на бројот на заболени и/или починати...)“. „Практикувајте вакви анкети и по однос на други општествени состојби“, како и залагањето: „Да продолжите со ваквите анкетни прашалници!“

„Без политика, употребувајте ја науката“. „Бидете внимателни“. „Бидете објективни. Вистината, пред сè друго“. „Бидете професионални и транспарентни“.

„Борбата за подобро утре доаѓа од образовните институции, за жал, вашето работење  сѐ уште е на нивото „во транзиција сме“, затоа и децата не ни се прогресивни и излегуваат од факултет со желбата да направат повеќе уништувања“.

„Вие не барате совет бидејќи сѐ си знаете! Само престанете да глумите дека нешто правите демек... будно ја следиме состојбата, преземаме мерки, дезинфицираме улици и тротоари, забрана за излегување во шума, пензионерите сите јуриш во банка во 10:00 часот, апсиме деца со кучиња... Какво време дојде и какви сѐ идиоти не дојдоа до функција, само Господ да не чува..“

И на крајот дел од ставовите кои ги поддржуваат напорите за истражување. Ставовите на испитаниците во изворна форма се следните: „чесно пренесете ги информациите од оваа анкета од почит кон тие што се охрабрија да ја пополнат“. „Да објавите резултати од анкетава“. „Немам што да додадам освен тоа дека анкетата е супер идеја“. „Одлична анкета“. „Одлично сработена анкета“. „Продолжете со вакви анкети“. „Продолжете со вакви истражувања, потребни се“. „Продолжете така“. „Продолжете успешно да работите и истражувате“. „Потребни се почести истражувања“. „Почесто вакви анкети за јавно мислење“

Имаше и по некоја клетва како оваа на испитаникот: „Еден да не остане од вас сите што се изредивте на фотелји до сега.“

*

*  *

Пандемијата покажа дека **кај дел од населението** е присутен еден вид на **супкултура** изразена како самобендисаност, проткаена со неодговорност како индивидуален бунт, отсуство на верба во авторитет, што можеби е **последица на културата на неодговорност** – која се изразува во воспоставената практика на неказнивост на криминалот и корупцијата. Пропаѓањето на главната заложба на „Шарената револуција“, односно заобиколувањето на казнивоста, во општеството ги засилува основите за формирање на **супкултурата на неказнивост и неодговорност**. Да се надеваме дека идентификуваните облици на прекршување на законите ќе резултираат со правно уреден одговор и дека ќе се создаде основа за јакнење на правната свест и одговорност.

Пандемијата донесе и воведување на неопходни рестриктивни мерки за слободата на движење, во однос на затворање на границите и воспоставување нови гранични режими кои значително ја намалија мобилноста на луѓето и меѓународното поврзување и соработка. Од аспект на безбедноста, тоа, веројатно, носи краткорочни позитивни ефекти за меѓународната безбедност, во однос на намалување на нелегалната миграција и обезбедување на поголема заштита од

терористички закани и меѓународен организиран криминал. Но, долгорочно гледано, можно е по пандемијата да дојде до зголемување на заканите од биолошка природа и развивање на нови форми на терористички закани.

Во целина, може да констатираме дека за време на пандемијата беше забележан процес на локална и привремена имиграција град-село.

Дали сегашниот концепт на креирање на политики обезбедува изградба на општество „еднакво за сите“, односно колку моделот на „социјална држава“ е етаблиран и организиран од аспект на државните политики и врз таа основа колку се развива свеста и уверувањето за промоција и примена на принципите на солидарност, поднесување на товарот на кризата според економските и други реални можности, посебно принципот на одговорност за спроведување на поставените мерки. Такви согледувања, освен фрагментарни сознанија, нема.

И овде уште една цртичка, поврзана со тоа каков е одговорот на **локалната самоуправа** на оваа криза? Со чест на исклучоците и придонесот на одделни средини, на сцена се појави паѓурскиот облик на култура, со „организирање на концерти од кровови на згради или трговски центри, па сè до обидот да се организираат „маалски концерти“, со пуштање гласна музика, без концепт дали можат да се доживеат музичките и естетските вредности на изведуваното дело.

## Односот меѓу науката и политиката

Коронакризата укажа дека односот меѓу науката и политиката е амбивалентен. Политиката има интерес само доколку науката е нејзина слугинка. Науката, особено општествените и дел од хуманистичките науки како да „уживаат“ во сенката на политиката.

Или, зошто владините институции преферираат анализи и експертизи од невладиниот сектор во облик на Policy paper, а не се подготвени да сослушаат или поддржат критичка анализа или гледиште на научните институции што тие ги финансираат?

Погледнете ја експертизата која им се дава на владините структури. Таа личи на изјавата на еден верски поглавар: „го прогласувам вирусот за мртов“.

## Програма за унапредување на улогата на науката во општеството во Западен Балкан

Програмата за унапредување на улогата на науката има за цел да придонесе за издржливост на државите, заедниците и граѓаните низ регионот на Западен Балкан кон пандемијата со Ковид-19 и нејзините неповолни влијанија, преку промовирање на науката и користење на научните докази. Тематскиот фокус на програмата е околу пандемијата со Ковид-19 и нејзините неповолни влијанија и прави пресек на различни сектори и теми, како што се животната средина, здравството, образованието, родовите студии итн.

Програмата ќе **изгради капацитети на млади истражувачи во нивната рана кариера за ефикасно комуницирање на научни теми со јавноста**, како и за вклучување во политиките на одлучување. Ова ќе се постигне преку две одделни програми за онлајн обука кои ќе траат до три месеци. Вкупно, во секоја од земјите на Западен Балкан ќе бидат обучени до 50 истражувачи кои се на почетокот на нивната кариера.

Програмата ќе **обедини жени од академската заедница и ќе создаде мрежа** што ќе служи како извор на поддршка, информации, инспирација и заедничко дејствување сега и во периодот по пандемијата. Платформата ќе функционира преку низа онлајн разговори и вебинари со цел да се разговара за предизвиците со кои се соочуваа жените во науката и истражувањето за време на пандемијата, да се проценат можните негативни влијанија на пандемијата врз родовата еднаквост и да се дебатираат мерки за Ковид-19 кои се родово-чувствителни.

Програмата ќе ги мобилизира и инспирира студентите на додипломски и постдипломски студии да ги применат своите знаења и користењето на научни докази врз проблемите во реалниот свет. Ова ќе се направи преку **Предизвикот за Ковид-19 за студенти** – со кој тие ќе креираат решенија за политики засновани на докази поврзани со предизвиците на Ковид-19, ќе ги развиваат нивните вештини за критичко размислување, решавање проблеми и комуникација и ќе имаат пристап до можности за онлајн обука во Велика Британија.

Понатаму, програмата ќе овозможи гласовите на младите да бидат слушнати во акциите и одговорите на политиките за пандемијата Ковид-19, преку **Анкета за отпорност на Ковид-19, предводена од младите**. Ова ќе се направи со помош на пристапот „граѓанска наука“, со целосно и активно вклучување на младите во раните фази на процесот на истражување, од дизајнирање на прашалник, преку потврдување на резултатите од истражувањето, до презентирање на наодите од истражувањето. Анкетата ќе претставува силен доказ што младинските активисти треба да го користат пред креаторите на политиките, лидерите на невладините организации и донаторите, кога

се залагаат своите проблеми и потреби, особено на младите жени, да ги стават, во центарот на напорите за справување со Ковид-19 ширум целиот регион.

Конечно, програмата ќе има за цел да ја подигне свеста кај креаторите на политики, донаторите, невладините организации за важноста на науката и користењето на научните докази во процесот на донесување одлуки.

(https://www.britishcouncil.mk/programmes/education/sep [пристапено на 24.10.2020];

Ако поставите прашање зошто не ја објавуваме македонската промоција на Програмата за унапредување на науката во општеството ќе одговориме – нема таква програма. Всушност, основна идеја е да се укаже дека треба да се менуваат утврдените обрасци, ново сознание, новото знаење исклучително да доаѓа од истражувачките центри и лаборатории на невладините организации. Нивните сознанија можат да се извор на сознанија, но оставањето на науката и научните институции иднината да ја таргетираат во сојузништво со невладините организации или да се потпираат на центри за финансирање од странство, нема да има долгорочни, квалитетни, теоретски и методолошки издржани знаења. Можеби е добро да се потсети дека академските научно-истражувачки пристапи треба да се темелат на стандардизиран теориско-методолошки пристап, на сознанија кои ќе обезбедуваат повисок степен на доверба и ќе ја зајакнат вербата во важноста на науката и користењето на научните докази во процесот на донесување на одлуки.

## Научивме ли нешто од коронакризата?

Сегашната здравствена криза, влијае и го обликува личниот, групниот, економскиот, политичкиот и вкупниот општествен живот. Таа условува и полека обликува нов ракурс на поимање, толкување и постапување за работи од секојдневниот живот. Влијае и на нашите размислувања, свест и постапки. Тоа не значи дека сите граѓани ги почитуваат пропишаните правила и норми на однесување. Сè уште има голем број на граѓани кои сметаат дека заканата од Ковид-19 е лажна, дека таа е свртена, пред сè, кон бизнис-интересите, дека е во интерес на одделни структури во современиот свет и дека тоа е завера, па сè до тврдењата дека таа е во функција на изборите и изборните процеси. Сепак, можеме да констатираме дека за повеќето граѓани иднината и развојот (на здравствен, економски, социјален и вкупен развој) зависат од тоа колку ќе се придржуваме и ќе ги применуваме плановите и правилата донесени од надлежните институции.

Во однесувањето на поединците и прифаќањето на мерките за заштита од пандемијата, можеше да се воочат определени карактеристики на општествено-политичката состојба, која по многу нешта е специфична, а во прв ред доаѓа до израз отсуството во верба и почит на авторитет (човечки, институционален, верски и слично), поделеноста, сомневањата и недовербата кон намерите и политичките потези на власта, што резултираше со одговорен однос кај еден дел на населението, но и со однесувања на непочитување, сомневање и постојано барање на „скриени намери“ во мерките на Владата за справување со пандемијата, пред сè, во истакнување на „политичката заднина“ на тие мерки, на нивната насоченост кон скратувањето на слободите и правата, посебно, ограничување на слободата на движење, па и сомнежите дека станува збор за други цели, или некакво политичко калкулантство. Кога на таквите состојби ќе се додаде и менталитетот на непочитување на мерките и недисциплината, тогаш се оформува сликата за степенот на прифаќање на новата ситуација поврзана со опасноста по здравјето на населението. Вонредната состојба беше шок и за граѓаните, за тоа како функционираат институциите, како се прифаќаат мерките за карантин но и другите препораки. Во овој период беа манифестирани определени однесувања на грубо прекршување на забраната за движење: на пример, во населбата Ченто, на 13 април, кога интервенираа локалните власти, како што беше велигденското оро во Гевгелија, играњето фудбал и оро во Чаир, ифтарските прослави и други активности, што беа проследени со медиумско проследување и со интервенција со репресивни мерки.

Во овој период, граѓанинот е оставен сам на себе, посебно во справувањето со разните облици на страв и психоза. Стравот од коронавирусот не е елиминиран. Тој може да се репродуцира и да произведе нов страв или нови облици.

Справувањето со вирусот Ковид-19 услови на преден план да се издиференцираат значителен број на различни искуства и поведенија, но и на испреплетеност на односите меѓу институциите, но и на неопходната поддршка и лојалност што треба да ја искажуваат граѓаните кон нив. Меѓуинституционалните недоразбирања, посебно појавата на неисполнување на задачите со полн институционален капацитет, на преден план влијаеше определен број на институционални решенија, кои преку мобилизацијата на граѓаните, но и на другите ресурси во општеството, да поттикнат определени процеси на градење на култура на одговорност и почитување на мерките и се создадоа претпоставки за напредок или поточно за почеток за градење на култура на одговорност и лојалност.

Ако ја набљудуваме кризата од аспект на граѓаните и нивниот одговор, би можело да се констатира дека таа во основа добива преодна оценка, како во однос на прифаќањето на репресивните мерки, така и во однос на подготвеноста да се даде придонес во нејзиното справување. Основната констатација е дека **граѓаните одговорно ѝ пристапија и ја прифатија загриженоста на државата за нивното здравје.** Тие доминантно ги почитуваа **препораките** на здравствените власти и **одлуките** на **власта.**

Дел од граѓанството, посебно во средините во кои се живее во индивидуални живеалишта во градовите, по викенд населбите и по селата покажаа незабележливи разлики во „непослушноста“. Постојано беа посочувани разликите, недоволно одречните ставови на верските субјекти околу верските обреди и врз таа основа идентификуваните облици на „граѓанска непослушност“, изразени преку собирања поврзани со верските празници и обредите околу нив. Групирањето, неносењето заштитни маски, како и непочитувањето на утврдените здравствени протоколи, исто така, беа манифестирани и практикувани и поведенија кои укажуваат дека отсуствува основниот однос и почитувањето на авторитетот во целина, во овој случај авторитетот на здравствените власти.

Во истражувањето е констатирано дека пандемијата со вирусот Ковид-19 на површина ги изнесе слабостите, недоволната кондиција и капацитет на бројни институционални решенија, но е и индикатор за политиките во областите здравство, образование, социјала и слично. Таа го загрози јавното здравје и ги нагласи опасностите по човечкиот живот што вирусот и болеста ги предизвикува. Високите бројки на заразени со Ковид-19, зголемената стапка на смртност, како и крахирањето на здравствените системи во земји кои имаат подолга историја и традиција и историја на демократски развој, ја покажа сложеноста, но и неопходноста од мобилизација на општествените, материјалните и другите ресурси, особено на човечките потенцијали.

Брзиот и лесен начин на пренесување на вирусот Ковид-19 предизвика несигурност и претставува сериозна закана за човештвото по неговата егзистенција. Таквата потенцијална опасност по животот и здравјето на значаен дел од населението ја определува неговата опасност, тој не е само здравствен, но, според опфатот и брзината на ширење и ургентноста, е сериозен безбедносен проблем.

Лоцирањето на овој проблем во сферата на безбедноста претпоставува и соодветен одговор изразен преку воспоставувањето на системи и практики за кризен менаџмент. Тоа услови во бројни држави да се преземат строги административни мерки, преку прогласување на

кризна или вонредна состојба, проследени со рестриктивни мерки кои се на штета на слободите и правата на граѓаните. Таквите практики и политики ја покажаа сложеноста на односите во современото општество и на брзината на адаптација на граѓаните на новите услови на живеење и работа. Во одделни земји, со подолга демократска традиција, се појавија и определени форми на несогласување и отпор кон рестриктивните мерки и кризниот менаџмент и јавно се спротивставија на опасноста тие да постанат правило и стандард за функционирање во иднина или во некој продолжен период.

Практиките во многу системи афирмираа алтернативни мерки и правила во справувањето со вирусот Ковид-19, кој сѐ повеќе е и безбедносен проблем, односно опасност која е директно насочена против поединецот. Всушност, сѐ повеќе е јасна свеста дека Ковид-19 не е само здравствен проблем, туку тој е и своевиден нов колективен безбедносен проблем. Затоа, пристапот до здравствени услуги не се третира само како инструмент на социјалната политика во настојувањето да се обезбеди еднаквост, туку, пристапот кон здравствените услуги сѐ повеќе постанува инструмент за колективна заштита. Значи, пандемијата со вирусот Ковид-19 придонесува да се менува свеста за функцијата на јавното здравство и приоритетот што го има во креирањето на јавните политики, во секоја земја одделно, а особено во земјите од транзицискиот и посттранзицискиот период.

Пандемијата има разорно дејство по функционирањето на економијата. Физичката дистанца меѓу поединците и ограничувањата на движењето, кои се во функција на запирање на ширење на вирусот, посебно ограничувањето на движењата и групирањето, негативно се рефлектираат по начинот на организација на производството и другите стопански дејности. Пандемијата ги ограничи физичките и другите социјални интеракции, што негативно се одразува на економијата, на активностите на деловните субјекти, но и на начинот на кој можат да се остваруваат економските ефекти, на глобално ниво и во секоја национална економија. Тоа ќе доведе до рецесија. Тоа ќе значи осиромашување, губење на работни места и влошување на состојбата на сиромашните и ранливите групи и поединци.

Рецесијата ги зајакнува постојните и ги поттикнува латентните тензии, но, пред сѐ, колективната несигурност и стравот што го предизвикува неизвесноста и неодговорените прашања поврзани со карактерот и начинот на превенција и лекување на вирусот Ковид-19, што условува да се појават облици на психоза и немир како деривати на зачестените и продолжени рестриктивни мерки.

Рецесијата, административните мерки во комбинација со растот на социјалните нееднаквости заради економските последици, ја

усложнува општествената и безбедносната состојба на земјата и ја зајакнува потребата од соодветна подготовка и одговор на институционалниот капацитет на земјата. Неизвесноста, осиромашувањето како и тромавоста во решавањето на акутните проблеми на поединците се погодна почва за манифестирање на протести, други облици на немири и конфликти што дополнително може да влијае на усложнувањето на состојбите, но и на барањето соодветни решенија за излез од постојната кризна состојба. Затоа една од задачите на државните органи и на субјектите на општествениот систем е да работат заедно, на единствена платформа, за намалување на негативните ефекти и да се стремат да го поттикнуваат економскиот развој не само за овозможување на подобар живот, туку и за одржување на стабилноста на општествениот, економскиот и демократскиот систем во Република Северна Македонија.

Истражувањето укажа дека испитаниците немаат јасна претстава за тоа што е Ковид -19 и дали тој воопшто може да се предвиди и да се превенира. Имено, 44,46 % од нив имаат претстава дека пандемијата можеше да се предвиди и превенира, што индиректно упатува на тоа дека „изненадувањето" од нејзината појава во основа е недоволно следење или непознавање на подрачјето на извршување на задачите што им се доделени на институциите, организациите и поединците. Најчесто, претставите за функционирање на институциите и организациите кај испитаниците се формираат врз основа на медиумскиот пристап кон нив, кој во основа се темели на сознанија стекнати за пропусти, недоследности или криминално поведение.

Прашање кое влијае на општествената ангажираност, на мотивираноста и содржините на активностите на граѓаните е и начинот и опфатот на информациите, сознанијата и знаењата за справување со вирусот Ковид -19. Овде две димензии се особено значајни. Првата се однесува на тоа, кои средства (инструменти), медиуми ги користат испитаниците за да се информираат доволно, да имаат сознанија и знаења, а втората димензија кој е одговорот на институциите кои ги подготвиле граѓаните за предизвиците, ризиците и опасностите и дали и на кој начин ги подготвиле. Колку граѓаните беа подготвени да се справат со опасност од ваков вид. Едно од прашањата на кое треба да се одговори е кој во институционалната структура има надлежност, обврска и одговорност да ги оспособува граѓаните за подготвен одговор на криза, кризна состојба или катастрофа.

Анализата и следењето на настаните за време на пандемијата со Ковид -19 покажува дека приоритетна задача е да се редефинираат институциите, да се одвојат надлежностите и функциите кои се преклопуваат или меѓу себе се сопираат и претставуваат пречка за

ефикасна и ефектива акција. Во таа насока, треба да се оцени, дали концептот на информирање на граѓаните преку летоци, електронски или и други медиуми повеќе е финансиски привлечно решение отколку модел кој дава резултати. Добро е да се воведат облици на непосредно оспособување на граѓаните, преку специјализирани обуки и курсеви во месните заедници, за справување со кризните состојби и други посложени предизвици за, да можат тие да реагираат организирано и осмислено. Во таа насока треба да се преоцени, како да се искористат и искуствата од другите држави од активирањето на **цивилната заштита**, како облик преку кој ќе се оспособува населението за справување со кризи и катастрофи.

Истражувањето потврди дека меѓу спречувањето и превенирањето на последиците од Ковид -19 постои значајна поврзаност (асоцијација) меѓу сознанијата, знаењата и информациите и дека тие доминантно ги добиваат од телевизиите и порталите, потоа, делумно и од пријателите и порталите.

Во истражувањето се констатира дека во услови на справување со пандемија од вирусот Ковид -19 испитаниците имаат изнијансирани оценки, за секоја институција одделно. Најзачестени, највисоки позитивни оценки одлично (5) се за Министерството за здравство или 53,00 %, што е резултанта на зголемените ангажирања на здравствените работници за одговорот на сложеноста на кризата, како и за постојаната присутност на функционерите и другите одговорни работници од ова Министерство на прес-конференции на кои се информира и се пласираат сознанија и знаења за начинот на справување со вирусот Ковид -19.

Анализата на ставовите на испитаниците укажува дека кај нив преовладува оценката дека политичките партии во целина (од власта, опозицијата и вонпарламентарните) слабо придонесуваат во справувањето со вирусот Ковид -19.

Од досегашното излагање може да се оцени дека однесувањето и придонесот на политичките партии во основа е насочен кон освојувањето на симпатиите на избирачите. Така опозициските партии и вонпарламентарните партии, во основа и кризната и вонредната состојба ја восприемаат како можност да им укажат на избирачите дека тие се вистинската опција и дека избирачите погрешиле што избрале таква власт. Истражувањето беше спроведено кога на сила беше вонредната состојба во земјата, па така една од „шлагер темите“ - предвремените парламентарни избори, беше одложена за еден период. Посебно околу утврдувањето на датумот за изборите на сцена беа дебати и концепти според кои централен интерес на овие политички субјекти е

додворувањето на избирачите преку постојано сатанизирање и ширење на дезинформации („лажни вести“).

Истражувањето покажа дека во партискиот простор не можеше да се забележи каков било видлив напор на позициските, опозициските и вонпарламентарните партии околу трагањето по заеднички основи кои справувањето со вирусот Ковид -19 ќе го направат поенергично и поемпатично, при што грижата и заедничкиот интерес ќе бидат пред партиската самобендисаност и себезаситеност. На таквите појави им годеа и уште неколку факти. Имено, тоа е период кога беше распуштено Собранието и дејствуваше техничка влада во која партиципираа и носители на власта од опозицијата. Забележително беше дека вршењето на функциите беше фокусирано кон предизборната кампања, па тешко можеше да се утврдат границите на положбата и надлежностите на носителите на државни функции и потребите на партиските структури од кои доаѓаат. Во определени случаи, владините функционери се препознаваа како партиски претставници, со нагласено изразени партиски интереси. Таквите состојби, несомнено, придонесуваа во општеството да не постои енергија и подготвеност за градење на заеднички стратегии и трагање по најефективни решенија.

Партиските активисти дејствуваат како дисциплинирани ешалони на партискиот лидер и Комитетот, беспоговорно ги извршуваат недоволно осмислените, најчесто, волунтаристички одлуки и акции, манифестираат безгрешност и пожртвуваност, искажуваат нетолерантност и анатемисување на секој кој ќе се обиде да ја помати „розовата“ слика на успехот и на безгрешноста на лидерот. За наша несреќа и **новопојавените партиски субјекти**, кои немаат ниту еден парламентарен мандат ги манифестираат истите манири.

Во верските заедници, посебно во Македонската православна црква – Охридска архиепископија и во Исламската верска заедница, на почетокот не постоеше доволна видлива, за разлика од вербалната, подготвеност да се приспособат на новите услови и со манифестирано поведение да се противречи на државните авторитети. Одделни високи претставници на верските субјекти не можеа да влијаат на осамостоените, односно автономните структури и што од догматски, што од други причини. Во периодот на воведувањето на вонредната состојба и ограничувањето на слободата на движење, се отворија дебати за практикување на верските обреди. Тоа беше период кога христијанските верници се подготвуваа за велигденските празници, а припадниците на исламската вероисповед за рамазанските празници.

Истражувањето констатира дека јавноста, особено, реагираше на појавите на непочитување на полицискиот час, особено, во одделни делови на Скопје и во внатрешноста. Тоа беше поврзано со рамазанските

пости и организирањето на заеднички трпези, познати како „ифтар“, но и на организирањето на богослужби, пренесувани преку телевизиските екрани, поврзани со празнувањето на верскиот празник „Велигден“, како и со јавно организираната „Литија“ во Струга, како и на организираната прослава на Денот на полицијата, во кои беше видливо непочитувањето на утврдените правила.

Во истражувањето се констатира дека појавата на пандемијата го отвори прашањето за самоорганизираност на невладиниот сектор, посебно, на јакнењето на иницијативите за волонтирање и помагање во одделни подрачја, како што се здравствените организации, помагање во намалувањето на сиромаштијата и другите аспекти на социјалнозагрозените и ранливите групи.

Можеби, овде е упатно да укажеме дека академските институции и нивните истражувачки институции, центри и кадри, финансирани од државата, се надвор од интересот и политиките на Владата (високо образование и наука) и може да упатува на тоа дека државните институции нив не ги перципираат како структури кои создаваат ново знаење или ќе обезбедат докази засновани на научно-истражувачка основа.

# ЗАКЛУЧОЦИ И ПРЕПОРАКИ

1. Република Северна Македонија поминува низ најголемото искушение во поновата историја, впрочем како и сите земји во регионот, во Европа и во светот. Развојот на болеста директно ќе влијае на развојот на општеството, на економските текови, на капацитетите на безбедносниот систем во државата. Од вистински интерес за науката, но и за струката, е да се следи работата на институциите кои работат на справување со последиците од Ковид-19. Првенствено, станува збор за здравствениот систем, безбедносниот сектор и економските и финансиски институции.

Факултетот за безбедност се вклучи во следењето на активностите поврзани со работата на органите на безбедносен план, се следеа и анализираа одлуките и активностите на Главниот штаб формиран при Владата на Република Северна Македонија, Министерството за внатрешни работи, Министерството за одбрана и останатите безбедносни институции. Целта да се предложи текст кој ќе послужи како четиво со статистички податоци и анализи на реализираните активности и постигнатите резултати, делумно е остварен со истражувачкиот извештај за функционирањето на безбедносниот систем во услови на вонредна состојба.

Главниот штаб за справување со Ковид-19 формиран на почетокот на пандемијата значително придонесе за координација на активностите на државните институции, помогна за соодветен одговор на почетокот на вонредната состојба, ги одржуваше контактите со властите од регионот и Европа, особено во првите неколку недели кога беше неопходно да се вклучат политичките фактори за да се организираат хуманитарните летови и конвои за враќање на нашите државјани од странство.

Министерството за внатрешни работи и полицијата покажаа дека имаат институционален капацитет да се справат со предизвиците на пандемијата од безбедносен аспект. Иако Министерството за внатрешни работи функционираше во сложени услови, раководено од министер кој доаѓаше од редовите на опозицијата (поради избраната Влада за спроведување на предвремените избори), внатре во Министерството и во Бирото за јавна безбедност беше забележано високо ниво на соработка и координација. Истото може да се каже и за активностите и учеството на Министерството и во Владата, како и во работата на Главниот штаб. Не беа забележани поголеми отстапувања кои негативно би влијаеле на функционирањето на Главниот штаб во МВР и на институцијата во целина.

Полицискиот час, за првпат прогласен на територијата на целата држава, беше сериозен предизвик и непознаница, како за граѓаните, така и за полициските службеници. Едноставно, ова се ситуации за кои полициските службеници ретко или никогаш не се подготвуваат ниту

имаат обука како да постапуваат. Сите полициски службеници активно се вклучија во справувањето со последиците од пандемијата, со минимални последици по личното здравје и здравјето на граѓаните, ги преземаа сите неопходни мерки за заштита на здравјето. И самите изложени на непозната опасност, на многу високо професионално ниво ги извршуваа задачите и овозможија исполнување на плановите на безбедносните власти. Малиот број на поплаки на работата на полициските службеници говори за фактот дека почитувањето на законите, прописите за заштита на населението и човековите права и слободи не било доведено во прашање. Овој податок е од особено значење за севкупната состојба со одговорот на кризата, затоа што во вакви услови многу лесно може да се загрозат интересите на граѓаните и на институциите, токму од оние кои се најповикани да ги спроведуваат законите и прописите за заштита на здравјето.

2. **Истражувачките резултати упатуваат на констатцијата дека, ПОСТОИ ПРАВЕН ВАКУУМ** ВО ДЕФИНИРАЊЕ НА ФУНКЦИОНИРАЊЕТО НА ИНСТИТУЦИИТЕ ВО УСЛОВИ НА ВОНРЕДНА И КРИЗНА СОСТОЈБА. Со оглед на фактот дека не постојат позитивни законски прописи за регулирање на функционирањето на институциите во вонредна состојба, донесена е Уредба со законска сила од страна на Владата за важење на Законот за заштита и спасување, со што се премостува проблемот на законскиот вакуум. Овие факти укажуваат дека **е потребно подготвување на долгорочно законско решение за функционирање на институциите во услови на прогласена вонредна состојба,** каде прецизно ќе се одредат надлежностите на секоја институција на централно и локално ниво како и подреденост-надреденост и координација на истите со што би се подобрила ефикасноста на системот на функционирање на институциите во услови на вонредна состојба. Во самото законско решение би се предвиделе поšироки овластувања на безбедносните институции со што ќе се овозможи поголема ефикасност на институциите во справување со опасноста која довела до прогласување на вонредна состојба.

Резултатите од истражувањето укажуваат дека при една ваква сериозна закана предизивикана од епидемијата со Ковид-19, недостасува **интегриран систем на управување со институциите**. На локално ниво координацијата меѓу членовите на Општинскиот штаб врз основа на спроведеното истражување е оценета како добра. Соодветно е евидентирана одговорноста и иницијативата на членовите на Општинскиот штаб за преземање на повеќе мерки како одговор на кризната состојба. Потребно е сите институции да бидат насочени со сите ресурси кон надминување на заканата која е заедничка цел на сите.

Во конкретниот случај максимално се исцрпени материјалните и финансиските ресурси на локалната самоуправа, додека одредени државни институции учествуваат, единствено, со физичко присуство на активностите на Штабот. Студијата на случај укажува на дискоординираност меѓу самите институции, префрлување на одговорност, **непостоење на интегриран систем на управување** со епидемијата, локалниот ШЗС предлага едни мерки, Централниот штаб не ги прифаќа и предлага други мерки. Задачите на локалните штабови треба да бидат егзекутивни, реално да ја скенираат состојбата и да ги пренесуваат информациите до Централниот штаб кој треба реално да биде информиран со навремени и точни информации, на дневна, односно на часовна основа, затоа што состојбата се менува од час во час, како би можел Главниот штаб да донесува реални егзекутивни предлози и одлуки кои би имале ефект во дадениот момент. Доколку институциите не функционираат координирано, се овозможува ширење на вирусот а цената е рапидно зголемување на новоинфицирани како и починати лица.

**На локално ниво нема јасно утврдени процедури и протоколи за дејствување** со вклученост на институции и ресурси, освен акциски планови (кои со години не се ажурирани) за дејствување во кризна состојба. Во здравствениот систем се преведуваат протоколи од Светската здравствена организација кои се покажаа дека се неприменливи спрема нашите капацитети. Сето ова ја наметнува потребата од изработка на адекватни протоколи за дејствување на здравствениот систем и здравствените установи во Република Северна Македонија во согласност со протоколите на СЗО. Исто така, неопходна е и едукација од експерти од сите области, симулациски вежби на локално ниво во зависност од видот на кризата како и протоколи за заемно дејствување и координирање на сите релевантни институции.

3.Истражувањето кое се однесува на психосоцијалните последици од Ковид-19, се состоеше од два дела: едниот, кој се темели на онлајн прашалник (кој се состоеше од психолошки инструменти за процена) и се занимава со индивидуален одговор на стрес, и вториот, кој се темели на опсервација и интервјуа со вработените во институциите (државни и невладини), како и политичарите од власта, а се однесува на општествен одговор на стрес и зачувување на менталното здравје на населението и професионалците кои се директно вклучени во справувањето со пандемијата.

Целта на првиот дел од истражувањето беше да се процени зачестеноста на психолошките проблеми и нивото на резилиентноста (отпорноста) на граѓаните, а особено на професионалците: здравствените работници и вработените во полицијата/армијата, кои за време на

пандемијата се наоѓаа на првата линија во борбата со оваа болест, и да се споредат со резултатите на општата популација. Резултатите покажаа дека најзагрозена група се здравствените работници во однос на нивното ментално здравје, со оглед на тоа што најмногу се вклучени во ситуацијата на пандемија, што го нарушува нивниот личен, социјален и професионален амбиент. Во споредба со нив, полициските и армиските сили се справуваат со ситуацијата со помалку влошување на нивното ментално здравје, можеби поради тоа што не се соочуваат толку директно со последиците од болеста како здравствените работници. Резултатите покажаа дека, сепак, повеќето од нив добро се справуваат со стресорите предизвикани од пандемијата, во што им помагаат позитивните начини за справување, односно покажуваат високо ниво на резилиентност. Еден помал процент има присуство на анксиозност, трауматизираност и депресивност и важно е да им се понуди психолшка поддршка.

Во однос на вториот дел од истражувањето, кој се однесува на подготвеноста на државата да реагира во кризни и вонредни состојби, во однос на менталното здравје, се покажа дека не постои систем на психосоцијалната поддршка, однапред планиран и подготвен. Тоа особено доаѓа до израз во организациите кои се справуваат со пандемијата, како што се здравствените установи, полицијата, војската, политичарите и други, од кои непосредно зависи каков ќе биде резултатот од справувањето на државата. Личната перцепција на овие професионалци е дека нема грижа за нивното ментално здравје.

Резултатите укажуваат на потребата за организирање на масовна психосоцијална поддршка, пред сè, на здравствените работници, кои и пред пандемијата ја немале, барем кај нас, но и на другите служби и професионалци кои работат на терен.

Во законската регулатива на Република Северна Македонија, досега не постои јасно дефинирање на различните нивоа на обезбедување на психолошка прва помош и психосоцијална помош и поддршка во ситуации на катастрофи и кризи од големи размери, но и за локални несреќи, односно не постои систем на организирано дејствување во случај на масовни и индивидуални несреќи.

Неодамна, по углед на моделите од западните држави, но применлив во наши услови, во рамките на проектот за поддршка за итен одговор на Ковид-19, се подготви „Модел на пружање на психолошка прва помош и психосоцијална поддршка во кризни и вонредни состојби, како и при несреќи од локални размери за вработените**,** волонтерите и ранливото население за ЦКРСМ" (Пачовска, Н., Батиќ, Д., 2020), како и прирачник за негова имплементација. Црвен крст во моментот е најпогодна организација да ја воспостави, планира и координира психосоцијалната помош и поддршка на граѓаните преку отворање на

Центар за психолошка прва помош и поддршка и психосоцијална помош и поддршка, чија главна функција е да им помага на поединците и заедниците да ги надминат психолошките трауми и да ги обноват социјалните релации по некоја вонредна состојба или кризни настани преку ППП (психолошка прва помош) и ПСП (психосоцијална поддршка), каде спаѓаат сите активности кои помагаат во нормализација на општествено, семејно и индивидуално психосоцијално функционирање во заедницата погодена од несреќа, како и на поединците погодени од некоја индивидуална криза. Сето ова ќе придонесе за зачувување на менталното здравје на населението. За таа цел, предлагаме овој модел да се вгради во законската регулатива, со што за првпат законски би се регулирала областа на психосоцијалната поддршка. Тоа би овозможило навремено планирање на психосоцијалната поддршка, која треба да биде дел од општиот план за дејствување во услови на криза, вонредна или воена состојба.

4. Истражувачките резултати упатуваат на констатацијата дека пандемијата со вирусот Ковид-19 ги изнесе на површина слабостите, недоволната кондиција и капацитет на бројните институционални решенија, но е и индикатор за тоа дека во областите здравство, образование, социјала и слично не е вложувано и дека тие се особено ранливи на шоковите што ги предизвикуваат кризните состојби. Високите бројки на заразени со Ковид-19, зголемената стапка на смртност, како и крахирањето на здравствените системи, во земји кои имаат подолга историја, традиција и демократски развој, ја покажаа сложеноста, но и неопходноста од мобилизација на општествените, материјалните и другите ресурси, особено на човечките потенцијали.

Брзиот и лесен начин на пренесувањето на вирусот Ковид-19 предизвика несигурност и претставува сериозна закана за човештвото по неговата егзистенција. Тоа услови во бројни држави да се преземаат строги административни мерки, преку прогласување на кризна или вонредна состојба, проследени со рестриктивни мерки кои се на штета на слободите и правата на граѓаните. Таквите практики и политики ја покажаа сложеноста на односите во современото општество и на брзината на адаптацијата на граѓаните на новите услови на живеење и работа. Во одделни земји со подолга демократска традиција се појавија и определени форми на несогласување и отпор кон рестриктивните мерки и кризниот менаџмент и јавно се спротивставија на опасноста тие да постанат правило и стандард за функционирање во иднина или во некој продолжен период.

Пандемијата имаше и има разорно дејство по функционирањето на економијата. Физичката дистанца меѓу поединците и ограничувањата на движењето, кои се во функција на запирање на ширењето на вирусот,

посебно, ограничувањето на движењата и групирањето, негативно се рефлектираат по начинот на организација на производството и другите стопански дејности.

Пандемијата ги ограничи физичките и другите социјални интеракции, што негативно се одразува на економијата, на активностите на деловните субјекти, но и на начинот на кој можат да се остваруваат економските ефекти на глобално ниво и во секоја национална економија.

Рецесијата ги зајакнува постојните и ги поттикнува латентните тензии, но, пред сѐ, колективната несигурност и стравот што го предизвикува неизвесноста и неодговорените прашања поврзани со карактерот и начинот на превенција и лекување на вирусот Ковид-19, што условува да се појават облици на психоза и немир како деривати на зачестените и продолжени рестриктивни мерки.

Рецесијата, административните мерки во комбинација со растот на социјалните нееднаквости заради економските последици, ја усложнува општествената и безбедносната состојба на земјата и ја зајакнува потребата од соодветна подготовка и одговор на институционалниот капацитет на земјата.

Истражувањето укажаа дека испитаниците немаат јасна претстава за тоа што е Ковид-19 и дали тој воопшто може да се предвиди и да се превенира. Имено, 44,46 % од нив имаат претстава дека пандемијата можеше да се предвиди и превенира, што индиректно упатува на тоа дека „изненадувањето" од нејзината појава, во основа е недоволно следење или непознавање на подрачјето на извршување на задачите што им се доделени на институциите, организациите и поединците. Најчесто претставите за функционирањето на институциите и организациите, кај испитаниците се формираат врз основа на медиумскиот пристап кон нив, кој во основа се темели на сознанија стекнати за пропусти, недоследности или криминално поведение.

Анализата и следењето на настаните за време на пандемијата со Ковид-19 покажува дека приоритетна задача е да се редефинираат институциите, да се одвојат надлежностите и функциите кои се преклопуваат или меѓу себе се сопираат и претставуваат пречка за ефикасна и ефектива акција. Во таа насока треба да се оцени, дали концептот на информирањето на граѓаните преку летоци, електронски или и други медиуми повеќе е финансиски привлечно решение отколку модел кој дава резултати. Добро е да се воведат облици на непосредно оспособување на граѓаните, преку специјализирани обуки и курсеви, во месните заедници, за справување со кризни состојби и други посложени предизвици за да можат тие да реагираат организирано и осмислено. Во таа насока треба да се преоцени, како да се искористат искуствата од другите држави од активирањето на **цивилната заштита**, како облик

преку кој ќе се оспособува населението за справување со кризи и катастрофи.

Истражувањето потврди дека меѓу спречувањето и превенирањето на последиците од Ковид-19 постои значајна поврзаност (асоцијација) меѓу сознанијата, знаењата и информациите и дека тие доминантно ги добиваат од телевизиите и порталите, потоа, делумно и од пријателите и порталите.

Општата оцена на испитаниците е дека политичките партии од власта, опозицијата и вонпарламентарните партии имаат многу слаб придонес во справувањето со вирусот Ковид-19. Испитаниците оценуваат дека е многу слаб придонесот на политичките партии од опозицијата во борбата со справувањето со вирусот Ковид-19. Ваков став имаат 57,63 %. Слаба оценка за придонесот во борбата со Ковид-19 им е дадена и на новосоздадените партии. Таква оценка дале 46,02 % од испитаниците. Нешто пониска, но слаба оценка, за придонесот на партиите од власта дале 35,05 % од испитаниците. Останатите оценки се значително пониски од 4,73 %.

# БИБЛИОГРАФИЈА


1. Ajdukovic, D., Bakic, H., Ajdukovic, M.: Psihosocijalna podrska u kriznim situacijama velikih razmjera, Hrvatski crven kriz, Zagreb, 2016.
2. Ajdukovic, D.: (1995): Programi psihosocijalne pomoci prognanoj i izbegloj deci, UNICEF, Drustvo za piholosku pomoc, Zagreb.
3. Ayalon, O. (1992): Rescue,C.O.P.E. Handbook, Helping children cope with stress, Guided group activities, Chevron, Haifa.
4. Chew NWS, Lee GKH, Tan BYQ, Jing M, Goh Y, Ngiam NJH, Yeo LLL, Ahmad A, Ahmed Khan F, Napolean Shanmugam G, Sharma AK, Komalkumar RN, Meenakshi PV, Shah K, Patel B, Chan BPL, Sunny S, Chandra B, Ong JJY, Paliwal PR, Wong LYH, Sagayanathan R, Chen JT, Ying Ng AY, Teoh HL, Tsivgoulis G, Ho CS, Ho RC, Sharma VK. A multinational, multicentre study on the psychological outcomes and associated physical symptoms amongst healthcare workers during COVID-19 outbreak. Brain Behav Immun. 2020 Aug;88:559-565.
5. Connor KM, Davidson JR. SPRINT: a brief global assessment of post-traumatic stress disorder. Int Clin Psychopharmacol. 2001;16(5):279-284.
6. Cuiyan Wang 1 , Riyu Pan , Xiaoyang Wan , Yilin Tan, Linkang Xu , Cyrus S. Ho 2,3 andRoger C. Ho 1,3,4,: Immediate Psychological Responses and AssociatedFactors during the Initial Stage of the 2019Coronavirus Disease (COVID-19) Epidemic amongthe General Population in China.
7. Đorđevič Ivica. (2007), *Bezbednosna arhitektura u uslovima globalizacije*, Beograd: Fakultet bezbednosti.
8. Đorđevič Obren. (1986), *Leksikon bezbednosti*, Beograd: Partizanska knjiga.
9. Đurić, S. (2013). *Iistraživanje bezbednosti- kvalitativni pristup.* Beograd: Fakultet bezbednosti.
10. ECheng, C., Dong, D., He, J., Zhong, X., Yao, S. Psychometric properties of the 10-item Connor-Davidson Resilience Scale (CD-RISC-10) in Chinese undergraduates and depressive patients. J Affect Disord. 2020;261:211-220.
11. Guilford, J. P. (1968). *Osnovi psihološke i pedagoške statistike.* Beograd: Savremena administracija.

12. Intervjua. (n.d.). *www.efair4u.com/.../vf.../DocumentHandler.ashx?... [пристапено на 31.12.2011]*. Retrieved 12 31, 2011, from www.efair4u.com/.../vf.../DocumentHandler.ashx?... [пристапено на 31.12.2011].
13. Kekič Dalibor. (2004), „Kultura bezbednosti u savremenim shvatanjima bezbednosti“, u *Bezbednost*, Vol. 56, Br. 2-3, ss. 1-22.
14. Kekovič Zoran i Kešetovič Želimir. (2006), *Krizni menađment i prevencija krize-hrestomatija*, Beograd: Fakultet bezbednosti.
15. Kroenke, K., Spitzer, RL., Williams, JB. The PHQ-9: validity of a brief depression severity measure. J Gen Intern Med. 2001;16(9):606-613.
16. Lahad, M., Shacham, M., Ayalon, O.: The „Basic Ph“ Model of coping and Resiliency, Theory, Research and Cross-Cultural Application, JessicaKingsly *Publisher* London and Filadelphia.
17. Lauren, A. Rutter, M.A. and Timothy, A. Brown, Psy.D.. Psychometric Properties of the Generalized Anxiety Disorder Scale-7 (GAD-7) in Outpatients with Anxiety and Mood Disorders. JPsychopathol Behav Assess. 2017 March ; 39(1): 140–146.
18. Lazarus, R.S., Folkman, S.: Stres, procena i suocavanje, Naklada Slap, 2004.
19. Löwe, B., Decker, O., Müller, S., Brähler, E., Schellberg, D., Herzog, W., Herzberg, PY. Validation and standardization of the Generalized Anxiety Disorder Screener (GAD-7) in the general population. Medical Care. 2008; 46:266–274
20. Luo, M., Guo, L., Yu, M., Jiang, W., Wang, H., 2020. The psychological and mental impact of coronavirus disease 2019 (COVID-19) on medical staff and general public - A systematic review and meta-analysis. Psychiatry research, 291, 113190. Advance online publication.
21. Manea, L., Gilbody, S., McMillan, D. A diagnostic meta-analysis of the Patient Health Questionnaire-9 (PHQ-9) algorithm scoring method as a screen for depression. Gen Hosp Psychiatry. 2015;37(1):67-75. doi:10.1016/j.genhosppsych.2014.09.009.
22. Mental health and psychosocial considerations during theCOVID-19 outbreak, World Health Organization (WHO), 2020WHO/2019-nCoV/MentalHealth/2020.1.
23. Ristevska-Dimitrovska, G., Stefanovski, P., Smichkoska, S., Raleva, M., Dejanova, B. Depression and Resilience in Breast Cancer Patients. OA Maced J Med Sci. 2015 Dec 15; 3(4):661-665.

24. Spitzer, RL., Kroenke, K., Williams, Williams, JBW, Löwe, B. A brief measure for assessing generalized anxiety disorder. Archives of Internal Medicine. 2006; 166:1092–1097.
25. Supek, R. (1981). *Ispitivanje javnog mnenja.* Zagreb: SNL.
26. Talevi, D., Socci, V., Carai, M., Carnaghi, G., Faleri, S., Trebbi, E., di Bernardo, A., Capelli, F., Pacitti, F.2020. Mental health outcomes of the CoViD-19 pandemic. Riv Psichiatr.May-Jun;55(3):137-144.
27. Tominac, Coslovich, S. (2012). Diskursne strategije kojima voditelji ostvaruju nepristranost u intervjuima na hrvatskome jeziku. *Fluminensia*, *24*(2), 71-84.
28. Zerbini, G., Ebigbo, A., Reicherts, P., Kunz, M., Messman, H. Psychosocial burden of healthcare professionals in times of COVID-19 - a survey conducted at the University Hospital Augsburg. Ger Med Sci. 2020 Jun 22.
29. Бајагић Младен. (2003), „Стратегија националне и унутрашње безбедности - одговор Сједињених Држава на глобалне изазове и претње безбедности“, у *Безбедност*, бр. 2.
30. Бакрески, О. „Безбедносни системи-компаративна анализа“, Филозофски факултет – Скопје, 2018.
31. Бакрески, О.. Милошевиќ, М. „Современи безбедносни системи“, Филозофски факултет, Скопје, 2010.
32. Бакрески Оливер. (2006), *Координација на безбедносниот сектор*, Скопје: Филозофски факултет.
33. Бакрески Оливер. (2008), *Контрола на безбедносниот сектор*, Скопје: Филозофски факултет.
34. Батковски Томе. (2008), *Тактика на работа на разузнавачката служба и на службата за безбедност и контраразузнавање*, Скопје: Јофи скен.
35. Бошковиќ Мило. (1999), *Криминолошки лексикон*, Нови Сад: Матица Српска - Универзитет у Новом Саду.
36. Влајковиќ, Ј.: Од жртве до преживелог, психолошка помоћ у несрећама, Жарко Абуљ, Београд, 2009.
37. Галбрајт Хон Кенет. (1995), *Анатомија на моќта*, Скопје: Култура.
38. Гелнер Ернест. (2003), *Услови за слобода: цивилното општество и неговите противници*, Скопје: Магор.
39. Генон Рене. (2005), *Кризата на модерниот свет*, Скопје: Книгоиздателство МИ-АН.

40. Георгиева Лидија. (2004), *Творење на мирот: мирот, безбедноста и конфликтите по Студената војна*, Скопје: Виладорф.
41. Георгиева Лидија. (2006), *Менаџирање на ризици*, Скопје: Филозофски факултет.
42. Глигоров, В. (2020). Закрепнување по пандемијата: три сценарија. (М. Манчо, Ed.) *Предизвици, II*(6), 34-51.
43. Гоцевски Трајан, Ортаковски Владимир, Георгиева Лидија (1999), *Разрешување и трансформација на конфликтите,* Куманово, Македонска ризница.
44. Дончев Александар. (2007), *Современи безбедносни системи,* Скопје-Куманово: ГРАФОС.
45. Котовчевски, М. „Современи разузнавачки служби", Македонска цивилизација, Скопје, 2002.
46. Котовчевски, Митко. (2000), *Национална безбедност на Република Македонија*, Скопје: Македонска цивилизација.
47. Лазаревски Панде, Милосавлевски Славко, Катарџиев Тодор, Сасајковски Славејко, Донев Јован (2001), *Аспекти на националната безбедност на Република Македонија*, Скопје: Институт за социолошки и политичко-правни истражувања, 1997.
48. Лан, Фонг Јоу. (2003), *Кратка историја на кинеската филозофија*, Скопје: Култура.
49. Марјановиќ - Момирска, М. (2002). *Статистика на криминалитетот.* Скопје: Просветено дело.
50. Милашиновиќ Срѓан, Кешетовиќ Желимир, Јевтовиќ Зоран, Лаковиќ Војо (2009), „Влијанието на медиумите врз преобликувањето на војната и тероризмот во глобалниот поредок", во *Годишник на Факултетот за безбедност*, Скопје, год. 4, бр. 1, сс. 371-383.
51. Мицов-Влахов, Стефан. (2007), *Филозофскиот клуч за македонскиот идентитет*, Скопје: Матица Македонска.
52. Мојаноски, Ц. Т. (2012). *Методологија на безбедносните науки - истражувачка постапка* (Vol. Книга II). Скопје: Факултет за безбедност.
53. Мојаноски, Ц. Т. (2015). *Методологија на безбедносните науки - истражувачка постапка, Книга III* (2 ed.). Скопје: Коста Абраш - Охрид.
54. Мојаноски, Ц. Т. (2015). *Методологија на безбедносните науки - основи, Книга I* (2 ed.). Скопје: Факултет за безбедност - Скопје.

55. Пачоска, Н., Батиќ, Д.: Модел за пружање на психолошка прва помош и психосоцијална поддршка во кризни и вонредни состојби, како и при несреќи од помали, локални размери за вработените, волонтерите и ранливото население, Црвен крст на Република Северна Македонија, Скопје, 2020.
56. Пачоска, Н., Батиќ, Д.: Прирачник за имплементација на моделот за пружање на психолошка прва помош и психосоцијална поддршка во кризни и вонредни состојби, како и при несреќи од помали, локални размери за вработените, волонтерите и ранливото население, Црвен крст на Република Северна Македонија, Скопје, 2020.
57. Рачев, В. (2003), „*Поуки от реформите на Секторот за безбедност на Бугарија“*, София: Воено дело, 3.
58. Савић Андреја, Делић Милан, Бајагић Младен (2002), *Безбедност света: од тајности до јавности*, прво издање, Београд: Полицијска академија, Институт безбедности, ВШУП.
59. Спасески, Ј., Николовски, М., Герасимоски, С. „Безбедносни сиситеми - прилог кон учењето за националните безбедносни системи“, Факултет за безбедност, Скопје, 2010.
60. Спасески Јордан. (2007), „За потребата од полициска превенција на социопатолошките појави“, во *Годишник на Полициската академија*, Скопје, год.2., бр.2.
61. Спасески Јордан. (2008), „Безбедносна политика во услови на светски процес на глобализација“, во *Годишник на Полициската академија*, Скопје, год.3., бр.3, стр. 365-372.
62. Стојановски Трпе. (1997), *Полицијата и демократското општество*, Штип: 2. Август С.
63. Фолкман, С.: Прирачник за стрес, здравје и справување со стрес, Арс студио, Скопје, 2016.

# Од Рецензијата

(објавена во Билтенот на Универзитетот број 481 од 1.04.2021)

**2. Приказ на податоци**

Текстот е уреден на тој начин што прегледно се прикажуваат содржините, со цел да добијат повеќе прегледност. Во таа смисла преовладува поделбата на наслови и поднаслови во методолошки коректна и содржинска логична целина.

**3. Констатации и оценки**

**Оригиналност на трудот.** Извештајот под наслов: „Функционирањето на безбедносниот систем на Република Северна Македонија во услови на вонредна и кризна состојба - студија на случај" од авторите проф. д-р Цане Т. Мојаноски, проф. д-р Марјан Николовски, проф. д-р Драгана Батиќ, проф. д-р Никола Дујовски, проф. д-р Марјан Ѓуровски, проф. д-р Гордана Ристевска-Димитровска, д-р Агим Нухиу, д-р Ајтен Рамадани е самостоен истражувачки проект кој има мултидисциплинарен карактер. Тој е методолошки коректно поставен труд кој применува повеќе методи, техники и инструменти на истражување, кои зафаќаат прашања од повеќе општествени науки: безбедност, одбрана, организациски науки, психологија, криминологија, политикологија и други, кој е исклучително податлив со оригинални податоци кои се прегледно претставени, а истовремено на чија анализа авторите мошне аналитички прават и првично теоретска анализа на предметот на истражување „застанувајќи на рамената на претходните сознанија" нижејќи нови научни редови кои имаат особено значење за општеството, особено во поглед на негово подобрување. Во оваа смисла Извештајот, несомнено, претставува оригинален научен труд.

За изработката на овој истражувачки извештај е консултирана научно-релевантна домашна и странска литература (63 библиографски единици).

Посебна вредност на ракописот е тоа што тој за првпат анализира вонредна состојба од различни аспекти.

**4. Мислење и предлог**

Врз основа на изложениот преглед и ставови во овој Извештај, како рецензенти се стекнавме со уверување дека ракописот:

„Функционирањето на безбедносниот систем на Република Северна Македонија во услови на вонредна и кризна состојба - студија на случај“ од авторите проф. д-р Цане Т. Мојаноски, проф. д-р Марјан Николовски, проф. д-р Драгана Батиќ, проф. д-р Никола Дујовски, проф. д-р Марјан Ѓуровски, проф. д-р Гордана Ристевска-Димитровска, д-р Агим Нухиу и д-р Ајтен Рамадани е оригинален научен труд и има теоретска и апликативна вредност.

Рецензенти:
проф. д-р Томе Батковски,
вонреден проф. д-р Александар Иванов

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека "Св. Климент Охридски", Скопје

614.8:355.45(497.7)(047.31)
614.8:[616.98:578.834(497.7)(047.31)

ФУНКЦИОНИРАЊЕТО на безбедносниот систем на Република Северна Македонија во услови на вонредна и кризна состојба - студија на случај : (научноистражувачки извештај) / Цане Т. Мојаноски ... [и др.]. - Скопје : Факултет за безбедност, 2021. - 211 стр. : илустр. ; 25 см

Фусноти кон текстот. - Други автори: Марјан Николовски, Драгана Батиќ, Никола Дујовски, Марјан Ѓуровски, Гордана Ристевска -Димитровска, Агим Нухиу, Ајтен Рамадани. - Библиографија: стр. 205-209

ISBN 978-608-4828-58-7

1. Мојаноски, Цане Т. [автор] 2. Николовски, Марјан [автор] 3. Батиќ, Драгана [автор] 4. Дујовски, Никола [автор] 5. Ѓуровски, Марјан [автор]
а) Безбедносен систем -- Кризен менаџмент -- Ковид-19 -- Македонија -- Научно-истражувачки проекти

COBISS.MK-ID 53764101

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека "Св. Климент Охридски", Скопје

614.8:355.45(497.7)(047.31)
614.8:[616.98:578.834(497.7)(047.31)

ФУНКЦИОНИРАЊЕТО на безбедносниот систем на Република Северна Македонија во услови на вонредна и кризна состојба - студија на случај [Електронски извор] : (научноистражувачки извештај) / Цане Т. Мојаноски ... [и др.]. - Скопје : Факултет за безбедност, 2021

Начин на пристапување (URL): http://www.fb.uklo.edu.mk/. - Текст во PDF формат, содржи 211 стр., илустр. - Наслов преземен од екранот. - Опис на изворот на ден 27.04.2021. - Фусноти кон текстот. - Други автори: Марјан Николовски, Драгана Батиќ, Никола Дујовски, Марјан Ѓуровски, Гордана Ристевска -Димитровска, Агим Нухиу, Ајтен Рамадани. - Библиографија: стр. 205-209

ISBN 978-608-4828-57-0

1. Мојаноски, Цане Т. [автор] 2. Николовски, Марјан [автор] 3. Батиќ, Драгана [автор] 4. Дујовски, Никола [автор] 5. Ѓуровски, Марјан [автор]
а) Безбедносен систем -- Кризен менаџмент -- Ковид-19 -- Македонија -- Научно-истражувачки проекти

COBISS.MK-ID 53764357